<tr><td>Приоритетно подрачје на промени<br><br>2. Подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците</td><td colspan="5">3. Професионален развој и обуки за наставниот кадар и стручната служба</td></tr>
<tr><td colspan="6">Цели 2.3.1 Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар (обуки на наставниците по соодветни премети<br><br>Очекувани исходи: Поквалитетна настава преку следење на новитетите од областа на образованието и науката, Зголемување на квалитетот на наставата, Градење на тимски дух, Позитивна клима меѓу вработените.<br><br>Задача: Да се обучат сите наставници по соодветните предмети за нови методи и техники за реализирање на наставните содржини како и обуки за т.н „меки вештини“ во пристапот и работа со деца</td></tr>
<tr><td>Активности</td><td>Индикатори за успех</td><td>Носители на активностите</td><td>Временска рамка за имплементација</td><td>Ресурси</td><td>Тим за следење на реализа-цијата на</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **актив-ностите** |
| Анкетитање на наставниците за потребите од обуки за нивно усовршување,<br><br>Спроведување обуки,<br><br>Дисеминација на стекнатите знаењеа во наставата и работата со учениците. | Професионални досиеа на наставници и стручни соработници,<br><br>Записници од увид на час и протоколи за следење за примена на стекнатите знаења и вештини | Директор,<br><br>Стручни соработници,<br>Наставници<br><br>Акредитирани обучувачи | Септември 2026-август 2027 | Финансиски, физички и човечки ресурси | Директор, |

| **Приоритетно подрачје на промени**<br><br>**3.** Поголема вклученост на родителите во животот и работата на училиштето | 1. Зголемување на соработката меѓу училиштето и родителите преку активно вклучување во воспитно-образовниот процес и заеднички активности за подобрување на успехот и однесувањето на учениците. |
|---|---|

**Цели 3.1.**1 Анализа на состојбата и изготвување Програма за вклученост на родителите во училишниот живот (редовна настава и воннаставни и вонучилишни активности)

**Очекувани исходи:**

- Зголемена вклученост на родителите во училишниот живот
- Подобрена комуникација помеѓу родители и наставници
- Поддршка на учениците во учењето и однесувањето
- Намалени проблеми и подобра соработка во решавање на истите

**Задача:**

- Организирање родителски средби и работилници
- Индивидуални консултации со родители
- Вклучување на родителите во училишни активности и проекти
- Спроведување анкети и комуникациски канали за повратна информација

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Ресурси** | **Тим за следење** |
|---|---|---|---|---|---|
| Родителски средби и работилници<br><br>Индивидуални консултации<br><br>Вклучување во активности<br><br>Анкети и повратна информација | Број на средби и присуство<br><br>Број на консултацииБрој на вклучени родители<br><br>Број на анкети и анализи | директор, стручни соработници, наставници | Септември-мај 2027 | Училишни простории, материјали<br><br>Време, комуникациски средства<br><br>Материјали за активности | Директор, педагог,психолог<br><br>Наставници |
| Изготвување извештај за состојбата со вклученост на родителите во училиштето | Извештај за состојбата со вклученоста на родителите | директор, стручни соработници, наставници | Јануари 2027 | хартија, компјутер | Директор |
| Планирање на активности за вклучување на родителите | Планирани активности | директор, стручни соработници, наставници | Јануари/февруари 2027 | хартија, компјутер | Директор<br><br>Наставнички совет |
| Формирање на работна група која ќе ја изготвува програмата и ќе ги планира и креира активностите | Изготвен предлог план<br><br>за вклучување на<br><br>родителите во<br><br>училишниот живот | стручни<br><br>соработници,<br><br>4 наставници,<br><br>3 родители и<br><br>3 ученици | Март/април | хартија, компјутер | Директор |
| Прибирање информации и стручна литература за креирање на програмата | Анализа | Работна група | Април 2027 | Хартија,<br><br>компјутер | Директор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Подготвување на предлог-програма за вклучување на родителите | / | Работна група | Април/мај 2027 | Хартија,<br>компјутер | Директор |
| Промовирање на програмата пред сите структури во училиштето | Изготвена програма на ниво на училиште | Работна група | Мај/јуни 2027 | / | Директор |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

| Оговорни за следење | Критериуми за успех | Инструменти | Индикатори за успешност | Повратна информација | цели |
|---|---|---|---|---|---|
| Директор<br>Наставници<br>Тим за јавни набавки | Реализиран проект – Функционално уредена и пренаменета библиотека | Записници од состаноци | Изготвен предлог буџет | Состаноци<br>Записници | Пренамена и уредување на училница во „Литературно катче“ |
| Директор<br>Наставници<br>Тим за јавни набавки | Реализиран проект- Реконструирана внатрешна ограда и под | Записници од состаноци | Изготвен предлог буџет | Состаноци<br>Записници | Реконструкција и модернизација на внатрешното скалиште со поставување нова метална ограда и нелизгачки гранитни плочки |
| Директор<br>Наставници<br>Тим за јавни набавки | Реализиран проект – задоволени потребите на наставниците за изведување на квалитетна настава | Записници од состаноци, анализа на состојбата | Изготвен предлог буџет | Состаноци<br>Записници | Набавка на нагледни средства |
| Директор<br>Наставници | Функционално изградена и опремена летна | Записници од состаноци | Изготвен предлог буџет | Состаноци<br>Записници | Изградба и уредување на летна |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тим за јавни набавки | училница која овозможува реализација на настава на отворен простор | | | | училница (летниковец) во училишниот двор |
| Директор<br><br>Наставници<br><br>Тим за јавни набавки<br><br>библиотекар | Реализиран проект – набавени доволно ЛЦД проектори според потребите на наставниците и наставата | Записници од состаноци, анализа на состојбата<br><br>анкетирање | Изготвен предлог буџет | Состаноци<br><br>Записници | Набавка на ЛЦД проектори и телевизори за потребите на наставниот кадар |
| Директор<br><br>Наставници<br><br>Стручна служба | Подобрување на постигањата на учениците за 20% | Анализа на состојбата<br><br>Правилник за наградување и педагошки мерки | Зголемен интерес на учениците за наставните и воннаставните активности | Состаноци<br><br>Записници<br><br>Анализа (квартална) | Подобрување на постигањата на учениците |
| Директор<br><br>Наставници<br><br>Стручна служба | Континуиран развој на воспитно образовниот кадар | Анализа на состојбата<br><br>анкетирање | Изготвен предлог буџет | Состаноци<br><br>Записници | Континуирана едукација на наставниците и стручните соработници на обуки |

# 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

## 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Наставата ќе се организира врз основа на Календар за организација на наставните денови, донесен од Министерството за образование и наука.

Учебната година започнува на 1–ви септември, а завршува на 31 август наредната година. Наставата во учебната година се остварува во 180 наставни дена.

## ООУ „Пере Тошев" Росоман

## ГОДИШЕН КАЛЕНДАР 2026–2027

| Седмица | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2026/2027** | **I полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | Септември | | | | | Октомври | | | | | Ноември | | | | | Декември | | | | | вкупно |
| понеделник | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 16 |
| Вторник | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 16 |
| Среда | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 18 |
| Четврток | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 18 |
| Петок | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 16 |
| вкупно денови | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **84** |

| Седмица | 21 | 22 | | 23 | 24 | 25 | 26 | | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | 42 | 43 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2026/2027** | **II полугодие** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | јануари | | | февруари | | | | | март | | | | | април | | | | | мај | | | | | јуни | | | вкупно |
| Понеделник | | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | | 18 |
| Вторник | | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | | 19 |
| Среда | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | | 21 |
| Четврток | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | | 21 |
| Петок | 22 | 29 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | | | 18 |
| вкупно денови | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | **97** |

4 Мај- Денот на училиштето (Патрониот празник). На овој ден во училиштето се изведува настава со посебна програма.

**Неработни денови и државни празници (01.09.2026 – 10.06.2027)**

| Датум | Празник | Важи за |
|---|---|---|
| 08.09.2026 (Вт) | Ден на независноста | за сите |
| 11.10.2026 (Нед) | Ден на народното востание | за сите (неработен 12.10 пон) |
| 23.10.2026 (Пет) | Ден на маке. револуционерна борба | за сите |
| 08.12.2026 (Вт) | Св. Климент Охридски | за сите |
| 01.01.2027 – 19.01.2027 | **Зимски распуст** | |
| 01.01.2027 (Пет) | Нова година | за сите |
| 07.01.2027 (Чет) | Божик | за сите |
| 19.01.2027 (Вт) | Богојавление (Водици) | православна вероисповед |
| 09.03.2027 (Вт) | Рамазан Бајрам | за сите |
| 30.04.2027 (Пет) | Велики Петок | православна вероисповед |
| 03.05.2027 (Пон) | Втор ден Велигден | за сите |
| 24.05.2027 (Пон) | Св. Кирил и Методиј | за сите |

## 8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

*Распоредот на часови е во изработка*, истиот ќе биде приложен кон Годишната програма за работа како Анкес кон Прилозите.

Наставата се изведува преку наставни часови утврдени во распоредот на наставни часови. Распоредот за часови е подготвен за првиот училишен ден за учебната 2026/27 год.Во него се опфатени:

- Задолжителна настава;
- Изборна настава;
- Дополнителна настава;
- Додатна настава;
- Воннаставни активности.

## ПРЕГЛЕД НА ЧАСОВИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 година ПО НАСТАВНИЦИ

**- Предметна настава**

| | Наставник | Предмет | Одделенија | Бр. Час |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Мирјана Јошева | Македонски јазик | VIII а VIII б | 8 |
| | | | IXа IXб | 8 |
| | | | VI а | 4 |
| | | Класен | IX а | 1 |
| | | Вкупно: | | 20 + 1 |
| 2 | Данча Давчева | Македонски јазик | VIIа VII б | 8 |
| | | | VI б | 4 |
| | | | VI и VII Сирково | 4 |
| | | | СИП VII одд | 4 |
| | | Класен | VII б Росоман | 1 |
| | | Вкупно: | | 20 + 1 |
| 3 | Андриана Николова | Македонски јазик | VII и VIII Сирково | 4 |
| | | Слободен изб.предмет | IV V Манастирец<br>IV и V Сирково | 4 |
| | | Иновации | IX а, IX б Росоман | 2 |
| | | | IX Сирково | 1 |
| | | Општествено хуманитарна работа | 8 одд | 2 |
| | | Вкупно: | | 13 |
| 4 | Сања Панарин-Малинков | Англиски јазик | IXа IXб | 6 |
| | | | VIIа VIIб | 6 |
| | | | VI /VII - Сирково | 3 |
| | | | VIII / IX - Сирково | 3 |
| | | СИП | IXа | 2 |
| | | Класен | VII а Росоман | 1 |
| | | Вкупно: | | 20 + 1 |
| 5 | Александра Касапинова | Англиски јазик | VIIIа VIIIб | 6 |
| | | | IVа IVб | 6 |
| | | | I II | 4 |
| | | СИП | IV а IVб | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Класен | VIII a | 1 |
| | | Вкупно: | | 20 + 1 |
| 6 | Стрилка Кузманова | Англиски јазик | VIa VIб | 6 |
| | | | IIIa III б | 4 |
| | | | Va Vб | 6 |
| | | | СИП Va Vб | |
| | | | Класен VI б | 1 |
| | | Вкупно | | 20+1+21 |
| 7 | Катерина Димеска | Германски јазик | VI a VI б | 4 |
| | | | VII a VII б | 4 |
| | | | VIII a VIII б | 4 |
| | | | IXa IXб | 4 |
| | | | VI VII Сирково | 2 |
| | | | VII VIII Сирково | 2 |
| | | Вкупно: | | 20 |
| 8 | Бетка Ристова | Математика | VIa VI б | 10 |
| | | | VIIIa VIII б | 8 |
| | | Физика | VIII a VIII б | 4 |
| | | Класен | VIII б | 1 |
| | | Вкупно: | | 22 + 1 |
| 9 | Малинка Пеливанова | Математика | VII a VII б | 8 |
| | | | IX a IX б | 8 |
| | | Физика | IXa Ixб | 4 |
| | | | VIIa VIIб | 2 |
| | | Класен | IX б | 1 |
| | | Вкупно: | | 22 + 1 |
| 10 | | Математика Сирково | VI VII | 5 |
| | | | VIII IX | 4 |
| | | Физика Сирково | VII | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | VIII IX | 2 |
| | | Вкупно: | | 12 |
| 11 | Марија Николова | Географија Росоман | VIa VI б ИО-географија | 2 |
| | | | VII а VII б | 4 |
| | | | VIII а VIII б | 4 |
| | | | IX а IX б | 4 |
| | | Географија Сирково | VI ИО-географија<br>VII географија | 2 |
| | | | VIII IX | 2 |
| | | СИП | IX б | 2 |
| | | Класен | Сирково VI VII | 1 |
| | | Вкупно | | 20+1 |
| 12 | Елена Петкова | Историја Росоман | VII а VII б | 4 |
| | | | VIII а VIII б | 4 |
| | | | IX а IX б | 4 |
| | | Историја Сирково | VII | 2 |
| | | | VIII IX | 2 |
| | | Вкупно: | | 16 |
| 13 | Светлана Јосифова | Историја и Граѓанско – Сирково<br>Граѓанско образование | VI VII | 2 |
| | | Граѓанско образование- Сирково | VIII IX | 1 |
| | | Граѓанскообразование | VIIa VII б | 2 |
| | | | VIII а VIII б | 2 |
| | | | IX а IX б | 2 |
| | | Историја и општество -историја и граѓанско образование | Росоман | 4 |
| | | Вкупно: | | 13 |
| 14 | Весна Окардова | Природни науки<br>Хемија –Сирково | VI VII | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Хемија | VIII IX | 2 |
| | | Хемија -Росоман | VII а VII б | 2 |
| | | | VIII а VIII б | 2 |
| | | | IX а IX б | 4 |
| | | Природни науки | V Сирково | 2 |
| | | | VI а VI б | 6 |
| | | Вкупно: | | 21 |
| 15 | Јана Шепендиева | Биологија | VII а VII б Росоман | 4 |
| | | | VIII а VIII б | 4 |
| | | | IX а IX б | 4 |
| | | | VII Сирково | 2 |
| | | | VIII IX Сирково | 2 |
| | | | IX | 2 |
| | | Природни науки | Va Vb Росоман | 2 |
| | | Класна | Сирково VII и VIII | |
| | | Вкупно: | | 20+1 |
| 16 | Наќо Бошков | Техничко образование | Va Vb Росоман | 4 |
| | | | V Манастирец, Паликура , Трстеник | 6 |
| | | | V Сирково | 2 |
| | | Слободен изб.предмет | VI VII Сирково | 2 |
| | | | VIII. IX Сирково | 2 |
| | | Раководител | Сирково | 4 |
| | | Вкупно: | | 20 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17 | АнитаКолева | Техничко образование и информатика | VI а VI б Росоман | 4 |
| | | | VII а VII б | 4 |
| | | | VIIIа VIII б | 4 |
| | | Техничко образование и информатика | VI VII Сирково | 2 |
| | | | VIII IX -Сиркоово | 2 |
| | | СИП | VIII б Росоман | 2 |
| | | ЕМИС | | 3 |
| | | Класен | VI а | 1 |
| | | Вкупно: | | 21 + 1 |
| 18 | Митко Дамјановски | Ликовно образование | VI а VI б Росоман | 2 |
| | | | VII а VII б | 2 |
| | | | VIII а VIII б | 2 |
| | | | IX а IX б | 2 |
| | | | VI VII Сирково | 1 |
| | | | VIII IX | 1 |
| | | Вкупно: | | 10 |
| 19 | Јасмина Симоновиќ | Музичко образование | VI а VI б Росоман | 2 |
| | | | VII а VII б | 2 |
| | | | VIII а VIII б | 2 |
| | | | IX а IX б | 2 |
| | | | VI VII Сирково | 1 |
| | | | VIII IX | 1 |
| | | Хор и оркестар | Хор - Росоман | 3 |
| | | | Оркестар - Росоман | 3 |
| | | | Оркестар - с.Сирково | 3 |
| | | ОХР | Сирково | 1 |
| | | Вкупно: | | 20 |
| 20 | Трајче Орешков | Физичко и здравствено образование | VII а VII б | 6 |
| | | | VIII а VIII б | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | IXa IX б | 6 |
| | | | VI а | 3 |
| | | Вкупно: | | 21 |
| 21 | Душко Јошев | Физичко и здравствено образование | IIIa IIIб | 6 |
| | | | IVa IVб | 6 |
| | | | VI б | 3 |
| | | | Va Vб | 6 |
| | | | | |
| | | Вкупно: | | 21 |
| 22 | Весна Ѓорѓиева | Етика во религиите + Мултикултурни работилници Изборен | VI а VI б Росоман | 4 |
| | | | | |
| | | Вкупно: | | 6 |
| 23 | Силвија Велков | Англиски јазик | Трстеник | 3 |
| | | | Манастирец | 3 |
| | | | Паликура | 3 |
| | | | Сирково I,II,II | 2 |
| | | | Сирково IV ,V | 3 |
| | | | СИП –Трстеник и Паликура | 4 |
| | | | ОХР во 7одд | 2 |
| | | | Вкупно: | 20 |
| 24 | Душко Миловановиќ | Физичко и здравствено образование-тандем настава | I Росоман | 3 |
| | | | II Росоман | 3 |
| | | | VI VII Ссирково | 3 |
| | | | VIII IX Сирково | 3 |
| | | | ПУ с.Манастирец | 3 |
| | | | Трстеник | 3 |
| | | | Паликура | 3 |
| | | Вкупно: | | 21 |
| 25 | Марко Миловановиќ | Физичко и здравствено образование-тандем настава | I,II,III | 3 |
| | | | IV ,V | 3 |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | Вкупно | | 6 |
| 26 | Тања Сами | Француски јазик 8 одд. | | 2 |
| | | СИП во VIII а одд | | 2 |
| | | Вкупно | | 4 |
| 28 | Слободан Печевски | Библиотекар | | |

**Забелешка: Прегледот на часови може да претрпи измени.**

**Одделенска настава:**

| Р.б | Име и презиме | место | одделение |
|---|---|---|---|
| 1 | Жаклина Василева Ѓорѓиева – Весна Настовска | Росоман | I |
| 2 | Анита Пешова –Лидија Јовановска | Росоман | II |
| 3 | Мирјана Димова | Росоман | III а |
| 4 | Лидија Филипова | Росоман | III б |
| 5 | Анета Јоновска Љубенова | Росоман | IV а |
| 6 | Симона Соколова | Росоман | IV б |
| 7 | Катарина Димова | Росоман | V а |
| 8 | Гордана Димитриева | Росоман | V б |
| 9 | Анета Колева | с.Сирково | I,II, III |
| 10 | Блажо Тасев | с.Сирково | IV,V |
| 11 | Драгана Темова Славов | с.Манастирец | II, IV,V |
| 12 | Татјана Ичев | с. Трстеник | I,III,IV,V |
| 13 | Македонка Јанева | с.Паликура | III, IV, V |
| 14 | Милован Андонов | Росоман | Продолжен престој |
| 15 | Стојна Кавазова | Росоман | Продолжен престој |
| | | | |

Забелешка: Прегледот на часови може да претрпи измени.

## 8.3. Работа во смени

Наставата во ООУ „Пере Тошев“ - Росоман се изведува **во една смена**. Часовите започнуваат во 7.30:00 часот, а наставниот час трае 40 минути. Помеѓу часовите има мали одмори од по 5 минути и еден голем одмор. Прифаќањето на учениците е од 07:00 часот.

### 8.4. Јазик на кој се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски Јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 23 | | | | |
| **Број на ученици** | 288 | | | | |
| **Број на наставници** | 43 | | | | |

### 8.5. Проширена програма

Согласно Концепцијата за основно образование и Моделот на проширена програма за основните училишта кои работат во една смена (МОН, нацрт-документ, мај 2026), училиштето организира проширена програма за учениците. Според нацртот, во учебната 2026/2027 година, програмата се пилотира за учениците од прво до седмо одделение, во согласност со постапноста предвидена со Моделот, но согласно насоките добиени на обука организирана од МОН,  целосно мора да ги опфати сите одделенија (I–IX).

Проширената програма претставува педагошко продолжување и збогатување на редовната настава, а не нејзино дополнување, и опфаќа задачи за самостојно учење на ученикот, дополнителна настава, додатна настава, превентивни програми и воннаставни активности, насочени кон поддршка на когнитивниот, социо-емоционалниот и моторичкиот развој на учениците.

**Избран модалитет на имплементација**

Врз основа на спроведената самопроцена на просторните, кадровските, транспортните и финансиските капацитети, училиштето го избира Модалитет Б – Модуларен/Флексибилен за реализација на проширената програма. Изборот произлегува од просторните и логистичките услови на училиштето и се темели на флексибилен, ротирачки распоред на активностите по денови.

Прифаќањето на учениците е од 07:00 часот, половина час пред почетокот на редовната настава. По завршувањето на редовната претпладневна настава, проширената програма се реализира во времетраење од 2 до 3 часа, со флексибилен распоред на активностите во текот на неделата, при што блокот за задачи за самостојно учење е задолжителен секој ден, додека блокот за дополнителна/додатна настава и воннаставни активности/клубови и/или превентивни програми ротира по денови (на пример, дополнителна и додатна настава – два дена во неделата, воннаставни активности – два дена во неделата, превентивни програми еден ден во неделата).

Учеството во проширената програма е задолжително за сите ученици опфатени со неа. Согласноста на училишните тела се остварува преку усвојувањето на оваа Годишна програма (која го содржи планот за проширена програма) од страна на

Училишниот одбор, преку задолжителните информативни средби со родителите пред почетокот на реализацијата (на кои се презентираат содржината, распоредот, исхраната и превозот), и преку вклученоста на Советот на родители во планирањето и евалуацијата на програмата.

**Организациски прашања во тек на решавање**

Во моментот на изготвување на оваа Годишна програма, прашањата за организиран превоз и обезбедување оброк во рамки на проширената програма се во постапка на усогласување со Општина Росоман. Конечната динамика на реализација (точни термини на блоковите, обезбедување исхрана и услови за транспорт на учениците) ќе биде утврдена дополнително и усогласена преку анекс/измена на овој дел од Годишната програма, откако ќе биде постигнат договор со Општината.

**Структура на проширената програма (Модалитет Б)**

| Блок | Активност | Времетраење |
|---|---|---|
| 1 | Одмор и оброк | ~30 мин (во зависност од решението за исхрана) |
| 2 | Задачи за самостојно учење на ученикот | 40 мин |
| — | Одмор | 10 мин |
| 3 | Дополнителна/додатна настава, воннаставна активност/клуб, превентивни програми (ротација по денови) | 40 мин |

**Одговорности за реализација**

Одговорни за реализација на проширената програма се одделенските и предметните наставници, во рамки на петте дополнителни неделни часови предвидени за дополнителна, додатна настава и воннаставни активности. Распоредот на ангажман на кадарот се изготвува од страна на директорот на почетокот на учебната година (Годишен план за ангажман на кадарот) и тековно се ажурира.

Стручната служба (педагог/психолог/специјален едукатор и рехабилитатор) учествува во:

- иницијалната проценка на образовните потреби на учениците со посебни образовни потреби и нивно распределување во соодветни активности;
- следењето и документирањето на инклузивноста на програмата;
- координацијата и реализацијата на превентивните програми во рамки на проширената програма, во согласност со Годишната програма за превенција од насилство;

- реагирање во случаи на исклучување, дискриминација или вознемирување за време на реализацијата.

**Активности по блокови**

Блок 1 — Одмор и оброк: организирано прифаќање и слободно време; исхраната ќе биде обезбедена согласно решението што ќе се утврди со Општината.

Блок 2 — Задачи за самостојно учење: поддршка при изработка на задачи и утврдување на материјата, со водечка, но не-доминантна улога на наставникот; развој на самостојност, истрајност и самонасочено учење.

Блок 3 — Дополнителна и додатна настава / Превентивни програми / Воннаставни активности: ротирачки по денови – ремедијација за ученици со тешкотии, збогатување за напредни ученици, реализација на превентивните програми (согласно приоритетите на стручната служба), и клубови избрани според интерес на учениците (спортски, уметнички, СТЕМ, еколошки, јазични/медиумски и др.), организирани во мешани групи независно од паралелка.

**Родители**

Родителите се информираат за содржината, распоредот и организацијата на проширената програма на првата родителска средба и по потреба во текот на годината, вклучувајќи и информации за исхрана и транспорт штом истите бидат утврдени. Советот на родители дава предлози за подобрување на програмата и учествува во годишната евалуација.

**Следење и евалуација**

Наставниците водат евиденција за учеството, редовноста и постигањата на учениците. На крајот на учебната година, директорот изготвува извештај за реализацијата на проширената програма, кој е составен дел на годишниот извештај на училиштето.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во подрачните училишта кои се дел од ООУ „Пере Тошев“ наставата во одделенска настава се изведува претежно комбинирано. Во училиштето има 7 комбинирани паралелки, и тоа:

- Четири комбинирани паралелки во ПУ Сирково: 1 комбинирана паралелка составена од ученици од I, II и III одделение, 1 комбинирана паралелка составена од ученици од IV и V одделение, 1 комбинирана паралелка од ученици од VI и VII, и една комбинирана паралелка од ученици од VIII и IX одделение.
- Една комбинирана паралелка во ПУ Паликура, составена од ученици од III, IV и V одделение.
- Една комбинирана паралелка во ПУ Манастирец, составена од ученици од II, IV и V одделение.
- Една комбинирана паралелки во ПУ Трстеник: составена од ученици од I,III, IV и V одделение .

## 8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во ООУ „Пере Тошев“ како втор странски јазик во учебната 2026/27 година во VI, VII, VIII и IX одделение ќе се изучува Германски јазик, Француски јазик во паралелките а во ПУ Сирково се изучува Француски јазик како втор странски јазик во VIII, а во VI, VII и IX одделение се изучува Германски јазик.

| Странски јазик | Број на паралелки | Ученици |
|---|---|---|
| **Англиски јазик** | 23 | 288 |
| **Француски јазик** | 1 | 3 |
| **Германски јазик** | 8 | 96 |

## 8.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Според Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161 од 5.8.2019 година), се реализира тандем настава по физичко и здравствено образование. Во ООУ „Пере Тошев“ Росоман, тандем настава по физичко и здравствено образование во одделенска настава во учебната 2026/27 ќе реализираат наставниците: Душко Миловановиќ, Душко Јошев и Марко Миловановиќ.

| **Име и презиме на наставници (тандем настава) Росоман** |
|---|
| Лидија Јовановска, Татјана Ичев, Катерина Димова, **одделенски наставници** |
| Душко Миловановиќ - **наставник по ФЗО** |
| **Росоман** |
| Анета Јоновска Љубенова, Мирјана Димова, Лидија Филипова, Жаклина Василевска Ѓорѓиева, Весна Настовска, - **одделенски наставници** |
| Душко Јошев - **наставник по ФЗО** |
| **Манастирец** |
| Гордана Димитриева, Драгана Темова Славов- **одделенски наставници** |
| Душко Миловановиќ-**наставник по ФЗО** |
| **Трстеник** |
| Татјана Ичев -**одделенски наставник** |
| Душко Миловановиќ - **наставник по ФЗО** |
| **Паликура** |
| Симона Кареова- **одделенски наставник** |
| Душко Миловановиќ **- наставник по ФЗО** |
| **Сирково** |
| Блажо Тасев, Анета Колева, Даниела Ѓорѓиова – Марко Миловановиќ |

## 8.9 Изборна настава

Во зависност од интересите учениците изучуваат изборни предмети, со кои ги надградуваат, продлабочуваат и систематизираат знаењата од одредени подрачја.

Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети. Од анкетирањето на родителите изборна настава ќе се изведува по следните предмети во следните одделенија:

Изборни предмети кои ќе се изучуваат во оваа учебна година во третиот период се:

| Изборна настава | Одделение | Број на паралелки | Годишен фонд на часови | Вкупен број на часови |
|---|---|---|---|---|
| Жените низ историјата<br><br>Уметноста и емоциите | Росоман VII а VII б и VII Сирково | 3 | 72 | 216 |
| Финансиско образование<br><br>Истражување на родниот крај | Росоман VIII а VIII б и VIII Сирково | 3 | 72 | 216 |
| Паметни зелени простори<br><br>Гласот на традицијата | Росоман IX а IX б и IX Сирково | 3 | 72 | 216 |

## Слободни изборни предмети во IV , V, VI, VII и VIII одд.

Според новата концепција за деветгодишно основно образование во текот на месец мај им беа понудени изборни предмети на родителите на учениците од третодо осмо одделение одделение. Според насоките во Водичот за изведување на воннаставни активности донесен од БРО, новите насоки и можностите на е-дневник, на родителите им беа понудени анкетни листи во рамки на системот за образование и беа избрани следните предмети:

| Одд. | СИП1 | Број на часови | наставник | СИП 2 | Број на часови | наставник |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **IVa** | Образование за животни вештини | 2 | Александра Касапинова | Готвење | 2 | Александра Касапинова |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **IVб** | Образование за животни вештини | 2 | Александра Касапинова | Готвење | 2 | Александра Касапинова |
| **Vа** | Природните убавини на мојата татковина | 2 | Стрилка Кузманова | Учам за моето здравје | 2 | Стрилка Кузманова |
| **V б** | Природните убавини на мојата татковина | 2 | Стрилка Кузманова | Учам за моето здравје | 2 | Стрилка Кузманова |
| **VI а** | Етика на религии | 2 | Весна Ѓорѓиева | Игри за разрешување конфликти | 2 | Весна Ѓорѓиева |
| **VI б** | Етика на религии | 2 | Весна Ѓорѓиева | Игри за разрешување конфликти | 2 | Весна Ѓорѓиева |
| **IV V Трстеник** | Природните убавини на мојата татковина | 2 | Силвија Велков | Учам за моето здравје | 2 | Силвија Велков |
| **IV V Паликура** | Природните убавини на мојата татковина | 2 | Силвија Велков | Учам за моето здравје | 2 | Силвија Велков |
| **IV V Манастирец** | Природните убавини на мојата татковина | 2 | Андриана Николова | Учам за моето здравје | 2 | Андриана Николова |
| **IV V Сирково** | Гласот на традицијата | 2 | Андриана Николова | Танци и народни ора | 2 | Андриана Николова |

## 8.10 Дополнителна настава

Дополнителната настава ќе се организира за учениците кои имаат потешкотии во учењето и заостануваат по одделни наставни предмети или од оправдани причини подолго време отсуствувале од редовната настава. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX оддление.

За успешно организирање на дополнителната настава неопходно е континуирано следење и вреднување на успехот и напредокот на секој ученик, како и постојана контрола на неговите развојни особености и потреби. За дополнителна настава, образовните групи ќе се формираат во различни периоди, во зависност од времето кога се појавуваат одредени потешкотии кај поедини ученици.

Содржините за оваа настава се специфични за секој ученик и затоа ќе се применуваат пред сè индивидуална форма на работа, работа во групи, а ќе се користи и фронтална работа со учениците од секоја од групите.

За реализацијата на дополнителна настава се изготвува распоред кој е истакнат на огласна табла во училиштето, се евидентира во одделенскиот дневник и е дел од годишниот глобален план на секој наставник поединечно. Истиот ќе биде додаден како Анекс кон оваа Годишна програма по изработка на Распоредот на часови.

### ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

| Активност | Целна група | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Планирање на дополнителната настава, материјално-техничките услови, соодветните дидактички материјали** | Наставници, ученици,стручно-раководна служба | Одделенски и предметни наставници | Август, Септември | Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителна настава |
| **Детектирање на учениците кои имаат потреба од дополнителна настава** | Ученици | Одделенски и предметни наставници | Септември | Давање на соодветна поддршка на учениците преку дополнителна настава |
| **Информирање на родителите на учениците кои се упатени на дополнителна настава** | Родители | Одделенски и предметни наставници | Септември | Зајакнување на соработката со родителот со цел да се постигне подобар успех кај учениците |
| **Изработување на програма соодветна на потребите на учениците и распоред за дополнителна настава** | Наставници, ученици | Одделенски , предметни наставници | Септември | Соодветен план и програма за реализација на дополнителната настава со цел за постигнување подобри резултати |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Организирање и реализирање на дополнителната настава** | Ученици со послаб успех и потешкотии во учењето | Одделенски и предметни наставници | Континуирано преку цела година | Обезбедување поддршка во редовната настава на ученици кои послабо напредуваат или имаат потешкотии во учењето |
| **Следење на напредокот на ученикот и информирање на родителите ( изготвување на ученичко портфолио)** | Наставници, ученици, родители | Одделенски и предметни наставници | Континуирано преку целата година | Зголемени и подобрени постигнувања во совладување на материјалот кај учениците со послаб успех |
| **Водење на педагошка евиденција за дополнителна настава** | Наставници , ученици, стручно-раководна служба | Одделенски и предметни наставници | Континуирано преку цела година | Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава |

## 8.11. Додатна настава

Додатната настава се организира за ученици кои покажуваат повисоки постигнувања, посебен интерес и афинитет кон одделни наставни предмети, како и за ученици кои учествуваат на натпревари. Целта е продлабочување и проширување на знаењата, поттикнување на истражувачка работа, развој на креативноста и поддршка на надарени и талентирани ученици.

Додатната настава ја реализираат одделенските и предметните наставници, според годишно планиран распоред изработен од училиштето. Наставата се изведува континуирано во текот на учебната година, во мали групи или индивидуално, во зависност од потребите на учениците.

Учениците се вклучуваат на предлог на наставник, со согласност на родител/старател. Се следи нивниот напредок и се води соодветна педагошка евиденција. Наставата се реализира преку современи методи на работа (истражувачки задачи, проблемско учење, практична примена и подготовка за натпревари).

Училиштето изготвува распоред за изведување на додатна настава на почетокот на учебната година, и истиот ќе биде додаден како Анекс кон оваа Годишна програма.

### ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОДАТНА НАСТАВА

| Активност | Целна група | Реализатори | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Идентификација на ученици и планирање** | Ученици, наставници | Одделенски и предметни наставници | Септември | Определување на ученици за додатна настава |
| **Изработка на план и програма** | Ученици, наставници | Наставници | Септември | Јасен план за работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реализација на додатна настава** | Ученици | Наставници | Цела учебна година | Продлабочени знаења и вештини |
| **Следење на напредок** | Ученици, родители | Наставници | Цела година | Подобрување на постигнувањата |
| **Евиденција и известување** | Наставници | Наставници | Цела година | Систематско следење на напредок |

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Знаењата и вештините можат да се научат, но талентот ученикот го носи во себе, а наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој, како и да го развива талентираниот ученик. Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем.

Акцентот во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон оспособување на учениците за самостојно учење, развивање на критичкото мислење и креативните способности, како и нивно оспособување за користење методи и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија за проблемски ситуации.

Надарени ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и лична евиденција на секој наставник одделно. Селекцијата на овие деца се врши и преку индентификациони листи за логичко математичка, ликовна, јазична и музичка надареност.

Работата со надарени и талентирани ученици во нашето училиште се реализира преку:
-индивидуализација во наставата со учениците;
-групна настава за учениците со приближно исти способности ;
-додатна настава;
-проектни активности;
-слободни ученички активности;
-организирање натпревари,конкурси и истражувачки активности;
-организирање креативни работилници .
Програмата за работа со талентирани и надарени ученици е дадена во делот со Прилози.

| АКТИВНОСТ | ПЕРИОД | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на Училишен тим за работа со надарени и талентирани ученици; изготвување на годишна програма за работа на тимот | Август | Психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, одделенски раководители | Состанок, договор за поделба на задачи | Функционален тим со јасни улоги и одговорности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Идентификација — I фаза: Номинација од наставници и родители; прибирање информации за ученици кои покажуваат исклучителен интерес/успех | Септември / Октомври | Психолог, наставници, родители | Разговори со наставници и одделенски раководители; прашалник за родители; педагошка документација | Прелиминарна листа на кандидати по области |
| Идентификација — II фаза: Стандардизирано тестирање со ПРОНАЛ Скала (Корен, 1989) — четири подскали: Особини на учење, Мотивациони особини, Креативни особини, Особини за водство | Октомври / Ноември | Училишен психолог | ПРОНАЛ Скала; опсервација на однесувањето во наставата и воннаставните активности | Потврда или отфрлање на номинираните ученици; диференцијација: надарен vs. талентиран |
| Идентификација — III фаза: Индивидуален разговор со идентификуваните ученици и нивните родители за интересите, мотивацијата и потребите | Ноември / Декември | Училишен психолог | Полуструктурирано интервју со ученик; разговор со родител | Комплетна слика за ученикот; согласност на родителот за понатамошна работа |
| Изработка на Индивидуален план за развој (ИПР) за секој идентификуван ученик — со конкретни цели по области, форми на работа и временска рамка | Декември | Психолог + предметен наставник-ментор | Консултации, педагошка документација; образец за ИПР | Персонализиран пристап; јасни очекувања за ученикот, наставникот и родителот |
| Вклучување во додатна настава и збогатување на наставата: диференцирани задачи, | Континуирано (јануари – јуни) | Предметни наставници / ментори | Современи наставни методи; проектна работа; диференцирани материјали; | Развиен потенцијал; видливи постигања; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| истражувачки проекти, напредна литература, менторска работа со наставникот | | | натпревари и конкурси | учество на натпревари |
| Следење на редовноста, мотивираноста и напредокот на идентификуваните ученици; советување при потреба | Февруари и Април | Психолог | Увид во педагошка документација; разговор со наставник и ученик; ажурирање на ИПР | Навремено забележување на промени во мотивацијата; корекција на пристапот |
| Советодавна работа со родителите на идентификуваните ученици — информирање, поддршка, насоки за работа дома | Континуирано | Психолог | Индивидуални разговори; отворени денови; писмени информации | Вклучен и информиран родител; поддржувачка домашна средина |
| Евиденција на постигањата: учество на натпревари, конкурси, изложби, настапи и сл.; портфолио на ученикот | Мај / Јуни | Психолог + наставник-ментор | Преглед на педагошка документација; портфолио; разговор со наставник | Документирани резултати; основа за планирање во следната учебна година |
| Евалуација на програмата: анализа на постигнатото — колку ученици идентификувани, во кои области, какви резултати, препораки за наредната учебна година | Јуни | Психолог + тим | Анализа на документација; тимски состанок; пишан извештај | Подобрена програма за следната учебна година; видлив напредок на учениците |

## 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Според Законот за основно образование (Сл.Весник на РСМ бр. 161/19) Директорот на училиштето формира Училишен инклузивен тим за учениците со посебни образовни потреби кои можат да ја следат наставата во редовните училишта и Инклузивен тим за секој ученик кој треба да изготви индивидуален образовен план (ИОП). Улогата на училишниот инклузивен тим е систематски да работи на прашања поврзани со

инклузијата во училиштето. Индивидуален образовен план (ИОП) како официјален пишан документ е потребен за индивидуализирање на програмата тимот смета дека на ученикот му е потребна дополнителна поддршка во учењето, преку редовни подготовки за прилагодување и користење на различни методи, видови на работа, визуелни помагала и слични приспособувања, кои го олеснуваат и ги отстрануваат бариерите за учење и учество во класот. ИОП е инструмент за планирање и следење, кој треба да го олесни учењето и напредокот на секој ученик.

Во ООУ „Пере Тошев“ Росоман има неколку ученици кои според МКФ проценката ја изучуваат наставната програма прилагодена според нивните особености, а за еден ученик е обезбедена поддршка од образовен асистент од училиштето – ресурсен центар Маца Овчарова од Велес.

Во делот со Прилози е содржана програмата за работа со ученици со потешкотии, како и планот за работа на инклузивниот тим.

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

Според член 36 од Закон за основно образование (Сл.весник на РСМ, бр.161 од 5.8.2019 година), учениците кои ќе имаат потреба од дополнителна помош во совладувањето на одредени наставни содржини и предмети ќе се ангажира дополнителна поддршка, по претходно добиена писмена согласност од родителот која ја реализира тутор-волонтер.Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер утврдени со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование.

Имајќи ги предвид потребите и придобивките од ангажманите од ваков тип, училиштето прифаќа и очекува доброволно вклучување на тутори – волонтери во периодот што следи.

## 8.15. План на образовниот медијатор

Во ООУ „Пере Тошев“ – Росоман нема назначено образовен мадијатор.

# 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Вонаставните активности претставуваат значаен дел од воспитно-образовниот процес и придонесуваат за когнитивниот, социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците. Тие овозможуваат стекнување и проширување на знаења, вештини, вредности и ставови согласно Националните стандарди за основното образование.

Во училиштето се реализираат краткотрајни воннаставни активности (излети, екскурзии, еднократни работилници и училишни акции) и долготрајни активности (секции и клубови).

*Цели на воннаставните активности*

- Развивање на љубопитноста, креативноста и истражувачките способности на учениците.
- Оспособување на учениците за самостојна работа и решавање проблеми.
- Развивање на истрајност, одговорност и доследност во извршување на обврските.
- Користење на слободното време на квалитетен и продуктивен начин.

*Видови воннаставни активности*

Воннаставните активности се организираат како:

- Секции за проширување на знаењата по наставни предмети
- Културно-уметнички секции
- Спортско-рекреативни активности

***Секции на ниво на училиште (2026/27)***

| Секција | Одговорни наставници | Локација | Фонд на часови (годишно) |
|---|---|---|---|
| Драмска секција | Мирјана Јошева | Росоман | 36 |
| Литературно-рецитаторска | Данча Давчева / Андријана Николова | Росоман / Сирково | 36 / 24 |
| Љубители на странски јазици | Стрилка Кузманова<br>Александра Касапинова<br>Сања Панарин-Малинков | Росоман / Сирково | 36 |
| Секција по германски јазик | Катерина Димеска | Росоман/Сирково | 36 |
| Новинарска секција | Елена Петкова | Росоман | 36 |
| Историска секција | Елена Петкова | Росоман / Сирково | 36 |
| Млади географи | Марија Николова | Росоман / Сирково | 36 |
| Млади биолози – еколози | Јана Шепендиева | Росоман | 36 |
| Математичка секција | Малинка Пеливанова<br>Бетка Ристова | Росоман | 36 |
| Информатичка секција | Анита Колева | Росоман | 36 |
| Ликовна секција | Митко Дамјановски | Росоман | 18 |
| Музичка секција | Јасмина Симоновиќ | Росоман / Сирково | 36 / 24 |
| Спортски активности | Трајче Орешков / Марко Миловановиќ | Росоман / Сирково | 36 |

Организација на реализацијата

- Учениците се анкетираат за избор на секции до средината на септември.
- Обработката на податоците ја врши стручната служба.
- Секциите се реализираат според годишен план и програма.
- Наставниците водат евиденција за присуство и активности на учениците.

**Воннаставни активности во одделенска настава (I–V одделение)**

| Активност | Цел | Организација |
|---|---|---|
| Ликовна секција | Развивање креативно и естетско изразување | 1 час неделно |
| Спортско-игровни активности | Развој на моторика и тимска работа | 1 час неделно |
| Ритмичка секција | Развој на ритам и движење | 1 час неделно |
| Литературно-рецитаторска | Развој на усно изразување | 1 час неделно |

*Заклучок*

Воннаставните активности се составен дел од воспитно-образовниот процес и овозможуваат сеопфатен развој на учениците преку нивно активно учество, креативно изразување и развој на индивидуалните способности.

## 9.1. Училишни спортски клубови

Врз основа на одредбите на Законот за здруженија и фондации на Р.С.М како и статутот и целите на своето дејствување, училишниот спортски клуб „Пере Тошев“ (во понатамошниот текст на програмата со назив: УСК), ќе реализира активности од областа на спортот и спортските активности во ООУ „Пере Тошев“ според афинитетите на учениците и условите за реализација на истите.

За остварување на задачите и целите кои произлегуваат од програмата за работа на УСК, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар во училиштето, раководните структури и родителите на учениците како и други релевантни фактори во општината.

**Планирање и развој**

Глобалниот план за развој на УСК и спортски активности во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачја :

**ОБЈЕКТИ :**

- Користење на училишни сали и терени за спорт и рекреација на учениците.
- Користење на други терени и објекти за спорт и рекреација во општината.

**АКТИВНОСТИ :**

- **<u>СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ</u>**

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, УСК ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се во: кошарка, одбојка, фудбал, ракомет, пливање, планинарство, теннис, пинг-понг и други спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриват своите спортски склоности и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции на Р.С.Македонија.

За таа цел, ќе бидат изготвени стручни програми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзите и натпреварите на секциите.

- **<u>НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ</u>**

Покрај редовните тренинзи, спортските секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветните училишните спортски асоцијации. Со учеството и настапите на натпревари, младите спортисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

| **Ред. бр.** | **Спортска дисциплина** | **Машки Женски** | **Д а т у м** | **Место на одржување** | **Вид на натпреварување** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ф У Т С А Л | Машки и женски | X,III-2026/27г. | Спортска сала-Кавадарци | **Општински натпревар** |
| 2. | Ф У Д Б А Л | Машки и женски | IV-2027г. | Спортски центар Кавадарци | **Општински натпревар** |
| 3. | К О Ш А Р КА | Машки и женски | XI,IV-2026/27г. | Спортска сала-Кавадарци | **Општински натпревар** |
| 4. | РАКОМЕТ | Машки и женски | X,IV-2026/27г. | Спортска сала-Кавадарци | **Општински натпревар** |
| 5. | ОДБОЈКА | Машки и женски | X,IV-2026/27 г. | Спортска сала-Кавадарци | **Општински натпревар** |
| 6. | ДРЖАВНИ СПОРТСКИ ИГРИ | Машки и женски | V-2027 г. | ////////////////////// | **Државни спортски игри (ДСИ)** |

- **<u>МЕДИЦИНСКО-ЗДРАВСТВЕНИ АКТИВНОСТИ</u>**

УСК сите свои ученици кои учествуваат во спортските секциите на Училишниот спорски клуб ќе бидат лекарски прегледани на секои четири месеци кај доктор специјалист по спортска медицина.

- **<u>СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ</u>**

За успешна реализација на програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература во вид на стручни книги и видео материјали, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви, како во земјата така и во странство.

**МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

**СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ**

- Членарина од учесниците во спортските школи
- Спонзори и донатори
- Самофинансирање од страна на родителите

**ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТ**

- Средства од буџетот на општината
- Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

**СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ**

- Периодични барања до стопанските и нестопанските организации
- Изготвување на проект-програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствени акции и манфиестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

- **ОДГОВОРНИ НАСТАВНИЦИ** за реализација на активностите на УСК „Пере Тошев“ Росоман се наставниците по предметот Физичко и здравствено образование: Трајче Орешков, Душко Јошев, Душко Миловановиќ и Марко Миловановиќ.

## 9.2. Ученички акции

Училиштето согласно Концепцијата за вонннаставни активности за учебната 2026/27 година ќе планира низа на акции (еколошки, хуманитарни) базари и хепенинзи.

Согласно програмата ќе се организираат низа на **еколошки акции** по повод Денот на пролетта, Денот на планетата земја и др. со цел развивање на еколошката свест кај учениците. Ќе се преземат и акции за покренување на свеста за потребата од чист и незагаден воздух.

Согласно програмата ќе се организираат низа на **хуманитарни акции** за собирање на храна и облека по повод Детската недела, Недела на солидарност и Денот на гладта. Училиштето традиционално и оваа година ги планира Ново годишниот и Велигденскиот базар кој е од продажен карактер, но и можност за дружење и вклучување на родителите во животот на училиштето.За средствата добиени од базарите се известени Наставничкиот совет и Советот на родители и се користат правилно и наменски за разни потреби.

И во текот на оваа учебна година се планираат вонаставни активности како Одбележување на 8 ми Март, Светскиот ден на поезијата, Месец на книгата, Денот на вљубените, европскиот ден на јазиците,и др.но и активности кои ќе бидат во насока на промоција и зајакнување за демократската клима во училиштето.

Преку ученички иницијативи учениците ќе детектираат и идентификуваат проблеми од нивната непосредна околина (училиштето и местото на живеење) и соодветно на тоа ќе иницираат акции за воведување промени во училиштето и околината. Ќе се преземат еколошки акции за уредување на училишниот двор и покренување на еколошката свест кај учениците но и околното население.

Во ООУ „Пере Тошев“ секоја учебна година е исполнета со многу содржини и настани, кои се организираат по повод значајни празници, патрониот празник, собирни акции, хуманитарни акции, еколошки акции, базари, отворени денови и сл.

За учебната 2026/27 година, планирани се следните активности:

| Акции | Време на реализација | Содржина | Реализатори | Опфатеност на ученици | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пречек и прием на првачиња во новата учебна година | 1. 9. 2026 г. | Кратка приредба; Свечен говор од директорот на училиште; Свечен говор од Градоначалник от на општината; Соодветни скромни подароци за првачињата; | Наставници од одделенска настава кои ќе ги преземат првачињата; Наставникот по музичко образование; Наставник по македонски јазик; Директор; Ученици. | 30 | Директор, стручна служба,<br><br>Наставници од одделенска настава |
| Одбележување на Недела на детето и Денот на учителот | Прва недела од октомври | Организирање училишен (интерен) литературно-ликовен конкурс на соодветна тема ; Учество на други (екстерни) литературно-ликовни конкурси; Лепење маркички (собирна акција на парични средства); Свечено обраќање кон наставниците и учениците. | Наставниците по македонски јазик; Наставникот по ликовно образование; Ученици. | 30-50 | Директорот на училиштето |
| Одбележување на празникот Нова година | Декември 2026 | Украсување на училниците; Изработување новогодишни украси во рамки на одделението и во соработка со родителите; Организирање новогодишен базар од изработените украси и декорации и училишна | Сите наставници од одделенска настава; Наставникот по ликовно образование; Одделенските раководители; Ученици. | 288 | Директор,<br><br>Тим за подготовка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | приредба од сите одделенија | | | |
| Одбележување на 21 Март Ден на еколошката акција на младите во Р.Македонија | Март 2027 | Собирни акции на стара хартија и пласика, селекција и подготовка за рециклирање; Чистење на училниците и училишните простории; Чистење на училишниот двор; Можност за засадување млади садници. | Сите наставници од одделенска и предметна настава; Еко – одборот на училиштето; Помошниот персонал на училиштето; Ученици. | 288 | Директор |
| Одбележување на верскиот празник Велигден | април 2027 | Организирање работилници во рамките на секое одделение; Изработување велигденски украси; Организирање велигденски базар од изработените украси и декоративни велигденски јајца. | Сите наставници од одделенска и предметна настава; Стручните соработници на училиштето; Ученици. | 288 | Директор |
| Одбележување на Денот на училиштето | 4.5.2027 | Положување свежо цвеќе пред бистата на патронот Пере Тошев; Спортски игри – класно првенство финални натпревари; Културно уметничка програма; Наградување на ученици; Коктел; | Тим за организација, ученици, Директор, | 50 | Директор |

*Забелешка:* Училиштето ќе организира и дополнителни активности, хуманитарни акции и акции од еколошки карактер во зависност од потребите на училиштето (Реализатори: наставниците и учениците, еколошките друштва, општината и сл.).

## Акционен план за општествено – хуманитарна работа

| **цели** | **содржини и активности** | **реализатори** | **Време** | **очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Креирање политика за спроведување активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето | -Формирање тим за општествено-хуманитарна работа; Изготвување годишна програма за работа на тимот | Одд. Наставници; Одд.раководители ; Стручна служба; родители | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Откривање и грижа за учениците од социјално загрозените семејства | Соработка со релевантни институции (Центар за Социјални работи, Советодавниот центар за родители и деца-Кавадарци , социјални патролни работници,<br>Црвен Крст на Р. М.) | Одд.раководители Стручни соработници; | Октомври | Преглед и евиденција на учениците од социјално загрозените семејства |
| Континуирана поддршка на учениците од социјално загрозените семејства | Организирање собирни хуманитарни акции за учениците од социјално загрозените семејства (облека и парични средства) | Директор; Стручни соработници; Одд. Наставници; Одд.раководители | Во тек на годината | Подобрување на личниот, социјалниот и емоционалниот статус на учениците |
| Вклучување на сите вработени и ученици во активностите за одржување и уредување на просторот во училиштето и училишниот двор | Садење садници;<br>Отстранување на сметот;<br>Собирање стара хартија, пластика... | Директор;<br>Одд. Наставници;<br>Одд.раководители Стручни соработници;<br>Ученици | Во тек на годината | Чиста и здрава околина;<br>Поголем интерес за собирање на материјали за рециклирање |
| Вклучување на локалната заедница, стопанските и производствени субјекти; родителите на учениците | Учество на локалната заедница, компаниите и родителите во активностите од општествен и хуманитарен карактер | Директор;<br>Стручни соработници;<br>Одд. Наставници | Во тек на годината | Почит кон општествената сопственост;<br>Развиени чувства за одговорност и солидарност |
| Одбележување значајни настани, празници и јубилеи; организирање хуманитарни акции | Организирање манифестации и хепенинзи | Директор;<br>Одд. Наставници;<br>Одд.раководители ;<br>Стручни соработници;<br>Ученици | Во тек на годината | Развиена свест за значењето на општествено хуманитарната работа |

Деталното планирање за секоја акција го прават одговорните наставници за акцијата во соработка со ученици претставници на ученичките тела.

Одговорните наставници во соработка со другите вклучени реализатори го бележат учеството на секој ученик во акцијата, регистрирајќи го на претходно подготвениот список на учесници. Од учебната 2026/27 година со новиот наставен план, во VII и VIII одделение е задолжителен предметот Општествено хуманитарна работа со застапеност од 20 саати годишно.

| Акции | Содржина | Време на реализација | Реализатори | Опфатеност на ученици | Тим за следење |
|---|---|---|---|---|---|
| Базари | Организирање базари по повод Нова година, Велигден во кои се вклучени учениците, родителите и наставниците. | Декември<br>април | - одделенските раководители<br>- одделенските наставници | Од I-IX одделение | Претставник од Совет на родители, наставници, стручни соработници, директор |
| Хепенинзи | Ликовен хепенинг по повод Патрониот празник на училиштето<br>Ликовен хепенинг во рамките на проектот МИМО | мај<br>Во текот на учебната година | - одделенските раководители<br>- одделенските наставници | Од I-IX одделение | Наставници |
| Хуманитарни акции | -Денот на гладот<br>-Хуманитарна новогодишнаакција на ниво на училиштето<br>-Хуманитарни акции доколку се создаде потреба | 16 октомври<br>декември<br>Во текот на учебната година | стручни соработници, одделенски наставници, членови од Советот на родители. | Од I-IX одделение | Претставник од Совет на родители,стручни соработници, |
| Еколошки акции | Активности по повод:<br>* Светски ден на планетатаЗемја,<br>*по повод Денот на пролетта,<br>*активности во соработка со општината<br>*Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) | 22 април<br>Во текот на учебната година | Еко секција,наставниците | Од I-IX одделение | наставници, родители, стручни соработници |

## 10. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Согласно член 68 од Законот за основно образование (ЗОО), училиштето ги поттикнува и овозможува учениците демократски да се организираат и активно да учествуваат во донесувањето одлуки за прашања кои директно ги засегаат. Учениците се организираат преку:

- Заедница на паралелка – сите ученици на одделението, предводени од демократски избран претседател;
- Ученички парламент (УП) – составен од претседателите на сите паралелки; претседателот се избира со тајно гласање со мнозинство гласови;
- Ученички правобранител – го заштитува и унапредува остварувањето на правата на учениците (чл. 68, ст. 8 ЗОО); избран со тајно гласање од ученици VII–IX одд.

### 10.1. Програма за работа на Ученичкиот парламент

***Организација и начин на работа***

Ученичкиот парламент работи согласно усвоен годишен план и одржува редовни месечни седници. Координативното тело ги вклучува координаторите на одделенија и двајца наставници именувани од директорот (без право на глас). Координатор-наставник е наставникот по историја/граѓанско образование.

***Надлежности на Ученичкиот парламент***

- Застапување и промовирање на правата и интересите на учениците;
- Давање предлози за годишна програма, екскурзии и воннаставни активности;
- Учество во евалуацијата на работата на училиштето и во развојното планирање;
- Учество преку претставници во Советот на родители и Наставничкиот совет;
- Организирање хуманитарни, еколошки и општествено корисни акции;
- Промовирање отчетност и транспарентност пред учениците.

***Програма по месеци***

| Бр. | Период | Активност | Учесници |
|---|---|---|---|
| 1 | Септември | Конститутивна седница: избор на претседател на УП, ученички правобранител и претставници во Училишен одбор | Ученици, координатор, стручна служба |
| 2 | Октомври | Активности за прифаќање на различностите и инклузија | Ученици, координатор, стручна служба |
| 3 | Ноември | Светски ден на детето – права и одговорности на учениците | Ученици, координатор, стручна служба |
| 4 | Ноември | Еко акција | Ученици, координатор, стручна служба |
| 5 | Декември | Хуманитарна акција | Ученици, координатор, стручна служба |

| Бр. | Период | Активност | Учесници |
|---|---|---|---|
| 6 | Јануари | Дебата: Прашања кои не засегаат | Ученици, координатор, стручна служба |
| 7 | Февруари | Активности за Меѓународниот ден на жената | Ученици, координатор, стручна служба |
| 8 | Март | Еко акција | Ученици, координатор, стручна служба |
| 9 | Април | Светски ден на книгата – промоција на читање | Ученици, координатор, стручна служба |
| 10 | Мај | Дискусија за ученичкиот стандард и предлози за подобрувања | Ученици, координатор, стручна служба |
| 11 | Јуни | Изготвување на годишен извештај за работата на УП | Ученици, координатор, стручна служба |
| 12 | Континуирано | Учество на седниците на Училишниот одбор | Претставници на УП |

*Финансирањето на активностите се обезбедува од буџетот на општината, донации од бизнис заедницата и други извори.*

## 10.2. Програма за работа на Ученичкиот правобранител

***Надлежност и избор***

Ученичкиот правобранител е ученичка функција утврдена со чл. 68, ст. 8 од ЗОО. Право на кандидирање имаат ученици од VII, VIII или IX одделение; за заменик – ученици од VI, VII и VIII одделение. Може да се изберат најмалку двајца заменици за поширока застапеност.

***Примарни компоненти на функцијата***

**А) Промовирање на детските права**

- Едукативни работилници, дебати и инфо-денови за правата на учениците;
- Изготвување полугодишен и годишен извештај за состојбата со правата во училиштето.

**Б) Заштита на детските права**

- Прибирање поплаки од ученици и нивно доставување до стручната служба;
- Поднесување приговори до директорот и Училишниот одбор при повреди на правата;
- Редовна координација со стручната служба и учество во работата на УП.

*Во реализацијата на програмите активно учествуваат учениците, директорот, наставниот кадар и стручната служба на ООУ Пере Тошев - Росоман.*

# 11. ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии и излети се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување, рекреација и други видови на педагошко организирање на слободното време на учениците.

Целта на наставните екскурзии и излети е проширување на ученичките знаења и умеења од природните, општествените и другите наставно научни дисциплини како и развивање на љубов и почит кон татковината, запознавање на духовните и материјалните богатства.

Наставните екскурзии и излети се изведуваат во задолжителни наставни денови што треба да ги исполни училиштето во текот на учебната година.

На ниво на училиште оваа учебна година ќе бидат организирани наставно-научни екскурзии во III, VI  и завршното одделение според Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, излети и настава во природа.

Сите програми се изработени врз основа на член 42  од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година ),  Концепција за воннаставни активности во основното образование  и  Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 19.11.2019 г.

Други слободни активности на учениците во сновните училишта:

1.**Излети и екскурзии кои се планираат во првото полугодие:**

**-**есенски излет за учениците од I, II,III,IV,V,VI,VII,VIII и IX одделение

2. **Излети и екскурзии кои се планираат во второто полугодие:**

**-**пролетен излет за учениците I, II, IV,V, VII и VIII одделение

-еднодневна екскурзија за учениците од III

- дводневна екскурзија за учениците VI одделение

-тридневна екскурзија за учениците од IX одделение

3. **Посети** на Природонаучен музеј, Саем на книга, Планетариум, детски фестивали, театар и кино, Археошки локалитет „Стоби“, посета на собрание на РСМ , ХЕЦ „Тиквеш“, индустриски капацитети и сл. ( посети според интересот и можностите).

| **Бр.** | **Одделение** | **Вид на активност** | **Место** | **Време на реализација** | **Времетраење** | **Наставник** | **Финанси-рање** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **I-IX** | Есенски излет | Блиска околина | октомври/ноември 2026 | еднодневен | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор | / |
| **2.** | **I, II,  IV и V** | Излет | Демир Капија | мај/јуни 2027 | еднодневен | Одделенски наставници | Родители |
| **3.** | **VII и VIII** | Излет | Моклиште | мај/јуни 2027 | еднодневен | Класни раководители | Родители |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | **III** | Екскурзија | Росоман- Скопје-Росоман | мај/јуни 2027 | еднодневна | Одделенски наставници | Родители |
| **5.** | **VI** | Екскурзија | Струмица: „Пресвета Богородица“ с.Вељуса, Св.Леонтиј“ с. Водоча, Колешински водопади, Комплекс Лебедово Езеро Дојран: Вардарски рид, Дојранско Езеро | мај/јуни 2027 | дводневна | Класни раководители | Родители |
| **6.** | **I-IX** | Пролетен ден | Блиска околина | март/ април 2027 | еднодневен | Наставници<br>Стручна служба<br>Директор | / |
| **7.** | **IX** | Екскурзија | Росоман-Скопје-Маврово - Манастир Рајчица –Св. Јован Бигорски –- Струга - Охрид – Вевчански извори - Заливот на коските - Свети Наум - Битола - Росоман | мај/јуни 2027 | тридневна | Мирјана Јошева<br>Малинка Пеливанова<br>Бетка Ристова | Родители |

## 11.2 Податоци за учениците вклучени во вонучилишните активности

Во вонучилишните активности ќе бидат вклучени сите 288 ученици распределени во 23 паралелки. Учениците ќе бидат дел од низа на манифестации, посета на кино и театар, посета на археолошки објект СТОБИ, Златно Славејче, Саем на книга, Планетариум, посета на Парламент на РСМ, Влада на РСМ, Општина Росоман, производствени капацитети, хидроцентрала Тиквеш и други согласно потребите на наставната програма.

# 12. НАТПРЕВАРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Ученички натпревари се составен дел од вон - наставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството, како и остварување контакти со учениците од други средини. Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот.

Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари и квизови на знаења по различни предмети, технички и спортски натпревари. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари.

Во ООУ „Пере Тошев“ - Росоман  во текот на учебната 2026/27 год. ќе се организират и ќе се учествува на училишни, регионални и државни натпревари по следните наставни предмети: македонски јазик, математика, англиски јазик, географија, историја, физичко и здравствено образование, техничко образование, биологија, математика во одделенска настава, француски јазик, информатика.

Воедно учениците ќе земат учество на распишани конкурси и други форми на натпревари по повод државни празници, јубилејни прослави со свои творби по одделни предмети и области.

Начинот на организирање и изведување на натпреварите е прикажан во табелата:

| **Ученички натпревари** | **Вид на натпревар** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Опфатеност на ученици** |
|---|---|---|---|---|
| Општински натпревари | Математика, природни науки, географија, македонски јазик, историја, физика, хемија, англиски јазик, германски, биологија, техничко образование, ликовно, физичко образование | Март/април | Предметни и одделенски наставници | IV-IX одд. |
| Регионални натпревари | Математика, природни науки, географија, македонски јазик, германски јазик, историја, физика, хемија, англиски јазик, француски, биологија, техничко образование. | Април | Предметни и одделенски наставници | IV-IX одд. |
| Државни натпревари | Според добиена кфалификација од даден предмет | Мај | Предметни и одделенски наставници | IV-IX одд. |
| Меѓународни натпревари | Hippo натпревар по англиски јазик, Кенгур, Битолски монмартер, Дабар | | Предметни и одделенски наставници | V-IX одд. |
| Училишни натпревари | Математика, природни науки, географија, македонски јазик,германски јазик, историја,физика,хемија,англиски јазик,француски,биологија,техничко образование,ликовно,физичко образование | Февруари/ март | Предметни и одделенски наставници | III-IX одд. |
| Училишни натпревари по повод патронен празник | Ликовна уметност, македонски јазик,спорт | Мај | Предметни и одделенски наставници | I-IX одд. |
| хор и оркестар | Музичко образование | Април | Предметен наставник | VI-IX одд. |

Според динамиката во изминатите учебни години, предвидено е да се организираат и спроведат следните натпревари:

| Ре дб р. | Наставен Предмет и одговорен наставник | Училишен натпревар и Ориентационо временски | Општински натпревар и ориентационо временски | Државен натпревар и ориентационо временски |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Македонски јазик : Данча Давчева Мирјана Јошева Андриана Николова | Март 2027 | Април 2027 | Мај 2027 |
| **2.** | Математика: Малинка Пеливанова Бетка Ристова | Од VI до IX одд. февруари 2027 | Март/ април 2027- општински Април 2027 - регионален | Мај 2027 |
| **3.** | Англиски јазик: Александра Касапинова Стрилка Кузманова Сања Панарин - Малинков | Од V до IX одд, февруари 2027 | Март 2027 - општински Април 2027 - регионален | Мај 2027 |
| **4.** | Германски јазик | Од V до IX одд, февруари 2027 | Март 2027 - општински Април 2027 - регионален | Мај 2027 |
| **5.** | Географија: Марија Николова | Од V – IX Март 2027 | Април 2027 | Април/мај 2027 |
| **6.** | Историја: Елена Петкова | Од VI – IX | / | прва половина на мај 2027 |
| **7.** | Физичко и здравствено образование: Трајче Орешков Душко Јошев Душко Миловановиќ Марко Миловановиќ | Футсал- машки Мај 2027 Кошарка-машки и женски Април/мај 2027 | Футсал – машки и женски во октомври/ноември 2026 Фудбал - машки април 2027г. Кошарка - машки и женски Април 2027 Ракомет – машки и женски март 2027 Истите дисциплини учествуваат регионални натпревари но во градови во зона – запад | Пинх-понг –м.ж Ноември 2026 Спортска сала Карате м.и ж. Декември – спортска сала Сите спортови машки и женски Мај месец 2027 – ДСИ – град во Р.Македонија – Државни спортски Игри |
| **8.** | Музичко образование (хор и оркестар): Јасмина Симоновиќ | Од VI,VII,VIII, IX Февруари 2027 | / | Ако се освои прво место |
| **9.** | Информатика: Анита Колева | Дабар меѓународен натпревар Ученици од VI до IX одделение- ноември 2026 | / | / |
| **10.** | Биологија и природни науки: Јана Шепендиева | Јануари 2027 | Март 2027 | Мај 2027 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Весна Окардова<br>Марија Николов<br>-одделенски наставници во IV одд.(природни науки) | | | |
| 11. | Наставници од одделенска настава | Ученици од I до V одделение | / | Меѓународен натпревар по Кенгур |

## 13. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

Мултикултурализмот во образованието претставува основа за меѓусебното разбирање и градење кохезивно општество. Согласно Законот за основно образование и целите на МИО проектот, ООУ „Пере Тошев" активно работи на промовирање на толеранција, почитување на различностите и меѓуетничка соработка — преку наставни активности, воннаставни содржини и соработка со родители и локална заедница.

Во учебната 2026/2027 година, за прв пат, ООУ „Пере Тошев“ – Росоман ќе воспостави формализирана партнерска соработка со ООУ „Гоце Делчев“ – Тетово, училиште со настава на албански јазик. Соработката ќе биде воспоставена со потпишување на Меморандум за соработка и ќе се спроведе согласно заеднички акционен план изработен на состанок на директорите и стручните служби на двете училишта.

Во учебната 2026/27 година ќе се изведуваат активности од проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, според следниот план:

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Имплементирани работилници од ОЖВ во годишните планирања на одделенскиот раководител** | септември-јуни | одделенски /класни раководители | индивидуално | Сензитивизација на учениците за концептот на МИО |
| **Потпишување меморандум за соработка со партнерското училиште – дефинирање на заеднички цели, активности и обврски за учебната 2026/27 година** | Септември 2026 | Директор, стручна служба | Подготовка на нацрт-меморандум; состанок на директорите и стручните служби; потпишување на меморандумот | Формализирана соработка; јасно дефинирани улоги и обврски; план за реализација |
| **Воведна дружба со ученици и наставници од партнерското училиште – запознавање и** | Октомври 2026 | Директор, стручна служба, одделенски раководители | Тимски; посета и заеднички неформални активности | Воспоставување на лично познанство и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **размена на добри практики** | | | (игри, претставување на училиштата) | меѓусебна доверба помеѓу учениците и наставницит е |
| **Активности по повод 21 февруари – меѓународен ден на мајчиниот јазик во Росоман (посета од страна на партнерското училиште и заеднички активности)** | 21 февруари 2027 | Наставници од одделенска настава | Тимски; запознавање со основите на двете азбуки, дружење, интерактивни игри и размена на традиции | Запознавањ е со основните елементи на двете азбуки; градење на пријателства преку заедничко учење |
| **Активности со наставници/ ученици/ родители од партнерското училиште – спортски активности/ликовни работилници/конкурси** | Мај 2027 | Наставници/ ученици/ родители | тимски | Успешно реализирани активности според однапред креиран акционен план и договор со партнерското училиште |

## 14. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата.

**Меѓуетничка интеграција во образованието (МИО)**

ООУ „Пере Тошев" – Росоман активно учествува во проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, а од оваа учебна година и целосно со партнер училиште со доминантен јазик на некоја од јазиците на заедниците, односно планирано е партнерство со ООУ „Гоце Делчев“ од Тетово каде наставата се изведува на албански јазик. Целта на проектот е интегрирање на мултикултурното учење и меѓуетничката соработка во образовниот процес, преку активности кои ги вклучуваат учениците, наставниците, родителите и локалната заедница. Во учебната 2026/27 планирани се заеднички посети, работилници, ликовни и спортски активности со учениците од партнерското училиште, со акцент на запознавање со јазичното и културното наследство. Деталниот план за реализација е содржан во Глава 13 од оваа програма, како и во делот со прилози.

**Поврзување на еколошката програма со редовната настава**

Училиштето е дел од Програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем и има изработено еко-програма со сопствен еко-кодекс. Наставниците од одделенска и предметна настава до 25.09.2026 ќе изработат план за поврзување на еколошките содржини со наставата во своето одделение односно предмет. Активностите опфаќаат еко-акции, собирање отпад за рециклирање, пошумување и уредување на училишниот двор, а се реализираат во соработка со еко-одборот, Ученичкиот парламент и локалната заедница.

# 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 15.1. Постигнување на учениците

Средниот успех на учениците во ООУ „Пере Тошев“ – Росоман на крајот од учебната 2025/26 година, од одделенска и предметна настава кои бројчано се оценуваат по предмети е прикажан во следната табела:

| Предмет | IV | V | VI | VII | VIII | IX | просечнаоцена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонскијазик** | 3,75 | 4,08 | 3,70 | 3,34 | 3,61 | 4,30 | **3,79** |
| **Математика** | 3,71 | 3,97 | 3,13 | 3,39 | 2,70 | 3,64 | **3,42** |
| **Англискијазик** | 3,58 | 3,86 | 3,81 | 3,23 | 3,14 | 4,19 | **3,63** |
| **Францускијазик** | / | / | | / | / | 4,53 | **4,53** |
| **Германски јазик** | / | / | 3,56 | 3,65 | 3,25 | / | **3,48** |
| **Ликовнообразование** | 4,17 | 4,52 | 4,76 | 4,51 | 3,88 | 4,49 | **4,38** |
| **Музичкообразование** | 4,23 | 4,59 | 4,98 | 4,81 | 4,65 | 4,74 | **4,66** |
| **Техничкообразование** | 3,92 | 4,50 | 3,32 | / | / | / | **3,91** |
| **Информатика** | / | / | 3,72 | 3,88 | / | / | **3,8** |
| **Историја и општество** | 3,69 | 4,15 | / | / | / | / | **3,92** |
| **Географија** | / | / | 2,69 | 3,70 | 3,88 | 4,18 | **3,61** |
| **Историја** | / | / | 3,73 | 3,82 | 3,90 | 4,12 | **3,89** |
| **Етика** | | | | 4,35 | | | **4,35** |
| **Граѓанскообразование** | / | / | 3,32 | / | 3,55 | 4,20 | **3,69** |
| **Природнинауки** | 3,77 | 4,61 | 3,53 | / | / | / | **3,97** |
| **Биологија** | / | / | / | 4,04 | 3,53 | 4,00 | **3,85** |
| **Физика** | / | / | / | 3,49 | 3,24 | 3,91 | **3,54** |
| **Хемија** | / | / | / | 3,40 | 2,93 | 3,65 | **3,32** |
| **Физичко и здравственовоспитание** | 4,66 | 4,61 | 4,83 | 4,70 | 4,82 | 4,72 | **4,72** |
| **Иновации** | / | / | / | / | / | 4,36 | **4,36** |
| **Готвење** | 4,52 | 4,63 | | | | | **4,57** |
| **Мултикулт.работилн.** | 4,52 | 4,51 | 4,56 | / | / | / | **4,53** |
| **Етиканарелигиите** | / | / | 3,86 | / | / | / | **3,86** |
| **Вештинизаживеење** | 4,47 | 4,54 | / | 4,83 | / | / | **4,61** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Справување со природни катастрофи** | | | | | 4,76 | | **4,76** |
| **Програмирање** | | | | | | 4,47 | **4,47** |
| **Среденуспех** | **4,07** | **4,29** | **3,97** | **3,92** | **3,84** | **4,35** | **4.07** |

На крајот од 2025/26 година, од вкупно од вкупно 210 ученици кои се бројчано оценети, 92 се одлични, 59 се многу добри, 51 добри, 9доволни.

| **Одд.** | **Крај на учебна 2020/21** | **Крај на учебна 2021/22** | **Крај на учебна 2022/23** | **Крај на учебна 2023/24** | **Крај на учебна 2024/25** | **Крај на учебна 2025/26** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **IV** | 4.33 | 3,51 | 3,96 | 3,64 | 4,02 | 4,07 |
| **V** | 4.25 | 4,47 | 3,59 | 4,13 | 4,07 | 4,29 |
| **VI** | 4.18 | 4,03 | 4,27 | 3,66 | 3,85 | 3,97 |
| **VII** | 4.21 | 4,14 | 4,10 | 4,16 | 3,92 | 3,92 |
| **VIII** | 3.90 | 4,08 | 4,07 | 3,86 | 4,11 | 3,84 |
| **IX** | 4.35 | 4,17 | 4,22 | 4,14 | 4,17 | 4,35 |
| **Просек** | 4.21 | 4,01 | 4,04 | 3,94 | 4,02 | 4,07 |

## План за поддршка на учениците

| **Цели** | **Активности** | **Одговорни** | **Временска рамска** | **следење** |
|---|---|---|---|---|
| **Идентификување на учениците кои имаат послаби постигања** | Анкетирање/ разговор | Наставници/ стручна служба | Септември - октомври | Стручна служба директор |
| **Утврдување на причините за ниските постигања** | Разговор<br>состанок | Наставници/ стручна служба | Септември-октомври | Стручна служба |
| **Работа за подобрување на успехот** | Дополнителна настава | Наставници | континуирано | директор |
| **Индивидуална поддршка на учениците зависно од причината (од дефектолошка природа)** | Индивидуална работа со учениците | Специјален едукатор и рехабилитатор | Септември-јуни | директор |
| **Индивидуална поддршка на учениците зависно од причината (од педагошка природа)** | Индивидуална работа | Педагог | Септември-јуни | директор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Индивидуална поддршка на учениците зависно од причината (од психолошка природа)** | Индивидуална работа | Психолог | Септември - јуни | директор |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Програмата за професионална ориентација се темели на следните прописи:

- Закон за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) - чл. 50 (надлежности на стручни соработници) и чл. 45 (цели на основното образование);
- Програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение од основните училишта (МОН);
- Правилник за начинот на кариерното советување и избор на кариерен советник на учениците (МОН);
- Програма за советување на ученици во основни училишта и нивните родители/старатели (МОН);
- Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност - чл. 15 (советување за проф. ориентација на учениците од завршните години, во надлежност на Агенцијата за вработување на РСМ - АВР);
- Правилник за основните професионални компетенции по подрачја на стручниот соработник - психолог и педагог (МОН/БРО).

### Цел и целна група

Програмата за професионална ориентација има за цел да им помогне на учениците од VIII и IX одделение правилно да го изберат своето идно образование и занимање, врз основа на сопствените интереси, способности и психофизички можности, усогласени со потребите на пазарот на трудот.

Програмата опфаќа:

- Ученици од VIII и IX одделение (задолжителна целна група согласно МОН програмата);
- Родители/старатели на учениците;
- Одделенски раководители и наставници.

### Носители на програмата

- Психолог - главен носител на активностите за самопознавање и советување и главен координатор за професионална ориентација на учениците;
- Специјален едукатор и рехабилитатор - поддршка во планирањето, реализација и следењето;
- Библиотекар - поддршка во планирањето, реализација и следењето;
- Педагог - поддршка во планирањето, реализација и следењето;
- Одделенски раководители - информирање и поддршка на ниво на паралелка;
- Директор - организациска поддршка и соработка со надворешни институции;
- Агенција за вработување на РСМ (АВР), подрачна единица Кавадарци - советување и информирање за пазарот на трудот (согласно Законот за вработување, чл. 15).
-

## Годишен план на активности

| Бр. | Активност | Опис | Носители | Период | Целна група |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Запознавање со програмата и правата на учениците при избор на средно училиште | Информативна средба со ученици од VIII и IX одд. за постапката на запишување, видовите средни училишта и роковите (со учество на претставник на АВР - подрачна единица Кавадарци) | Психолог, педагог, класни раководители | Октомври 2026 | VIII, IX одд. |
| 2 | Самопознавање: интереси, способности, вредности | Работилници за самопроценка на интереси, вештини и вредности; примена на инструменти за проценка (прашалници за интереси) | Психолог | Ноември 2026 | VIII, IX одд. |
| 3 | Информирање за светот на трудот и пазарот на работна сила | Едукативна средба/трибина; презентации за занимања; анализа на побарувачката на работна сила во регионот (во соработка со АВР) | Психолог, педагог, класни раководители | Декември 2026 | VIII, IX одд. |
| 4 | Посета на средно училиште / Ден на отворени врати | Организирана посета на средно училиште во Кавадарци (гимназија/стручно), запознавање со условите и насоките | Психолог, педагог, директор | Април/мај 2027 | IX одд. |
| 5 | Индивидуално советување при избор на средно училиште | Индивидуални разговори со ученици и родители; спроведување алатки за интереси/способности поддршка при донесување одлука; упатување до АВР при потреба | Психолог, педагог | Февруари - март 2027 | VIII, IX одд. |
| 6 | Информирање на родителите за постапката на запишување | Родителска средба посветена на упатствата за запишување во средно, роковите и критериумите (МОН/ДИЦ) | Психолог, класни раководители, директор | Март 2027 | Родители VIII, IX одд. |

| Бр. | Активност | Опис | Носители | Период | Целна група |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Следење на запишувањето и евалуација на програмата | Следење на резултатите од запишувањето; анализа и извештај; препораки за наредната учебна година | Психолог, педагог | Јуни/јули 2027 | IX одд. |

## Соработка со надворешни институции

Согласно чл. 15 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, советувањето за професионална ориентација на учениците од завршна година на основно образование го врши АВР - подрачна единица на чие подрачје се наоѓа училиштето (Кавадарци). Училиштето активно ќе соработува со АВР во организирањето на информативни средби, предавања и посети поврзани со светот на трудот и изборот на занимање.

## Следење и евалуација

- Психологот и специјалниот едукатор и рехабилитатор водат евиденција за реализираните активности и бројот на советувани ученици;
- На крај на учебната година се изготвува краток извештај со заклучоци и препораки за наредната година;
- Подетална програма е содржана во Прилог бр. 11 кон Годишната програма за работа.

---

*Програмата за професионална ориентација е составен дел на стручната работа на психологот и останатите членови на стручната служба, согласно Правилникот за основните професионални компетенции на стручните соработници во основните и средните училишта (МОН/БРО).*

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

ООУ „Пере Тошев" во учебната 2026/27 година активно ќе работи на создавање на позитивна социо-емоционална клима и промовирање на начелото за воведување на еднакво учество на сите ученици, еднаков статус, еднаков третман во остварувањето на правата и во развојот на нивните индивидуални потенцијали, преку кои тие ќе придонесуваат во општествениот развој.

Во согласност со Законот за основно образование, Правилникот за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (донесен од МОН на 07.07.2025 г.) и насоките за унапредување на училишната клима и безбедноста на учениците, училиштето континуирано спроведува активности насочени кон заштита и унапредување на добросостојбата на учениците.

Оваа програма претставува интегриран пристап кон превенција на ризично однесување, со посебен акцент на употреба на тутун и алкохол, изложеност на игри на среќа, појави на насилство и дискриминација (вклучително и дигитално насилство преку социјалните мрежи), како и јакнење на психосоцијалните компетенции на учениците.

Програмата се базира на принципите на инклузивност, еднаквост, недискриминација и активно учество на учениците, наставниците, родителите и стручната служба. Таа има за цел создавање на безбедна, поддржувачка и поттикнувачка средина во која секое дете ќе може да се развива во согласност со своите потенцијали.

Програмата е усогласена и со насоките на национално ниво за системска превенција на семејно и врсничко насилство преку образовниот систем (МОН, МТСП, МВР), кои поаѓаат од сознанието дека агресивното однесување кај учениците најчесто произлегува од искуства со насилство во домашната средина, поради што училишната превенција ја вклучува и оваа димензија.

ОПШТ ОПИС НА ПРОГРАМАТА

Програмата опфаќа систематски и континуиран сет на превентивни и едукативни активности кои се реализираат во текот на целата учебна година. Активностите се насочени кон рано препознавање и спречување на ризични однесувања кај учениците, како и кон развивање на здрави животни навики, емоционална стабилност и социјални вештини.

Посебен акцент се става на превенцијата од употреба на тутун и алкохол, спречување на вклученост во игри на среќа кај малолетници, како и намалување на појавите на насилство и дискриминација — во непосредна и во дигитална средина. Воедно, програмата ја јакне соработката со родителите и релевантните институции со цел навремена интервенција и поддршка на учениците кои се во ризик, вклучувајќи и рано препознавање знаци на семејно насилство.

| **Бр.** | **Подрачје** | **Опис на активности** | **Носители** | **Време на реализација** | **Очекувани резултати / индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Превенција од насилство | Работилници за препознавање и пријавување насилство. | Тим за заштита од насилство, одделенски раководители, психолог/педагог/специјален едукатор и рехабилитатор | Континуирано | Намалување на насилство и подобри односи; бр. реализирани работилници |
| 2 | Превенција од игри на среќа | Едукација за ризици и финансиска писменост. | Стручна служба, наставници | Текот на учебната година | Заштита на малолетници од коцкање |
| 3 | Превенција од тутун и алкохол | Едукативни работилници и дискусии за штетни последици. | Одделенски раководители, стручна служба | Текот на учебната година | Зголемена свест и намалено ризично однесување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Превенција од дискриминација | Развивање толеранција и почитување различности. | Наставници, стручна служба | Континуирано | Инклузивна училишна клима |
| 5 | Добросостојба и ментално здравје | Активности за емоционална регулација и стрес; интегрирање содржини за животни вештини, емоционална писменост и ненасилна комуникација во часовите на одделенска заедница. | Стручна служба, одделенски наставници | Тековно | Подобрена психолошка добросостојба; бр. реализирани часови/теми |
| 6 | Соработка со родители | Советувања и едукативни средби. | Училиште, стручна служба | Периодично | Зголемена вклученост на родители; бр. одржани средби |
| 7 | Соработка со институции | Соработка со ЦСР, здравствени установи и МВР; размена на информации за навремено препознавање на деца изложени на семејно насилство. | Директор, стручна служба | По потреба | Навремена интервенција |
| 8 | Контакт-лице за пријавување насилство | Именување контакт-лице и заменик од редот на вработените, со обезбедени повеќе канали за пријавување: службен телефон, анонимни кутии поставени во | Директор, контакт-лице и заменик | На почеток на учебната година, континуирано достапно | Достапност и препознатливост на контакт-лицето кај учениците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | училиштето, писмена пријава, е-пошта, QR код за апликација што учениците вообичаено ја користат. Дополнителна можност за пријавување и на prijavinasilstvo@mon.gov.mk. | | | |
| 9 | Проценка на ризик при пријавени случаи | Примена на алатка/чек-листа за проценка на ризик веднаш по секоја пријава на сомнеж за насилство, злоупотреба или занемарување, со цел определување на итноста и потребните следни чекори. | Психолог, педагог, тим за заштита од насилство | При секоја пријава | Навремено и соодветно ниво на интервенција; бр. спроведени проценки |
| 10 | Превенција од дигитално насилство | Работилници за безбедно користење социјални мрежи, препознавање и пријавување сајбер-насилство. | Психолог,специјален едукатор и рехабилитатор, наставник по информатика | Текот на учебната година | Намалена изложеност на дигитално насилство |
| 11 | Евалуација | Следење и извештаи за реализација, вклучувајќи статистички податоци за пријавени случаи согласно Годишната програма за работа на училиштето. | Училишен тим, директор | Крај на година | Подобрување на квалитетот |

Во ООУ „Пере Тошев" Росоман постои тим од наставници кои работат на заштита на учениците од насилство и превенција на истото во училиштата, кој се состои од:

Трајанка Ризова – директор

Виолета Јовановска – педагог

Весна Настовска – одделенски наставник

Жаклина Василевска – Ѓорѓиева – одделенски наставник

Анита Јованова Петрова – психолог

Стојанче Саздов – специјален едукатор и рехабилитатор

Од редот на овој тим, Наставничкиот совет има именувано контакт-лице (Анита Јованова-Петрова) и заменик за пријавување насилство (Стојанче Саздов), согласно Правилникот на МОН од 07.07.2025 г.

Постапувањето при пријавени случаи се спроведува согласно интерниот акт/протокол за заштита од насилство и дискриминација на училиштето, донесен на седница на Наставничкиот совет.

Тимот има за задача да ја планира својата работа; да работи во насока на заштита на учениците од насилство; информирање за формите на злоупотреба, насилство и занемарување; да ги иформира родителите и вработените за планираните активности; да учествува во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција од насилство, организирани и во соработка со различни субјекти; да предлага мерки за превенција и заштита; да организира консултации и учество во проценката на ризик и донесување на одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство, злоупотреба или злоставување; вклучување на родителите во превентивните мерки и активности; следење и проценка на ефектите од превземените мерки за заштита на учениците; соработка со МВР – ПЕ Кавадарци и реализирање на заеднички активности; соработка со други стручни лица и институции со цел остварување на посеопфатна информираност и заштита на учениците од насилство; водење и чување на соодветна документација; известување на стручните тела и органи во училиштето.

Конкретни задачи на членовите од тимот за ненасилство се:

- изготвување на програма за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување,
- информирање на учениците, вработените и родителите за планираните активности и можности за барање поддршка и помош од тимот за заштита;
- учество на обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција од насилство;
- предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката и ризик во донесување на одлуки за постапување во случај на сомнеж или случај на насилство или злоупотреба;
- вклучување и сорабока со родителите и надлежни институции;
-следење и евалуација на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;
- соработка со надворешни стручни лица и институции за посеопфатна заштита на учениците од насилство;
- известување на стучните тела и органи во училиштето.

Програмата за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување во ООУ „Пере Тошев “-Росоман се однесува на **превентивни** и **интервентни** активности.

Оваа година ќе се продолжи со соработката и напорите на училиштето да го искорени насилното однесување, во било која форма, како облик на однесување помеѓу учениците. Одговорен за спроведување на активностите ќе биде тимот од наставници и стручната служба, кој ќе го именува директорот на училиштето, но и сите останати вклучени во воспитно образовната работа. Детектираните облици на насилно однесување ќе бидат пријавени кај членови од тимот.

Деталната програма за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување се содржи во делот со прилози во Годишната програма за работа на ООУ „Пере Тошев“ - Росоман за 2026/27година.

Во соработка со Црвен Крст, МВР Полициска станица од ОН – Кавадарци оддел за превенција, како и други надворешни соработници медицински лица ќе бидат одржани едукативни трибини за опасноста од употреба на droги и алкохол со учениците од третиот период, со цел да се запознаат со негативните последици и да се поттикнат позитивните облици на однесување кај учениците.

Превентивните програми се содржат во делот со Прилози.

# 16. ОЦЕНУВАЊЕ

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Постигнувањата на учениците во ООУ „Пере Тошев“ Росоман се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување кои се применуваат од страна на наставниот кадар. Оценката на ученикот треба да биде одраз на залагањето и постигнувањето на ученикот за време на часот како и надвор од часот. За таа цел начините со кои се оценуваат се разновидни, и тоа:

- Усно оценување (базирано на стандардите за оценување и Блумовата таксономија);
- Писмено оценување (преку објективни тестови);
- Формативно оценување ( за време на самите часови );
- Сумативно оценување ( на полугодие и на крај од годината );
- Описно оценување (од I – III одделение и комбинирано од IV – VI одделение)
- Бројчано оценување (од VII – IX и комбинирано од IV – VI одделение) .

Постигањата на учениците во училиштето се оценуваат описно и бројчано. Во првиот период ( I - III одд.) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI одд.) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди – тромесечја описно, на крајот на првото полугодие и крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период ( VII– IX одд. ) се оценуваат бројчано со оценки од ( 1 ) до ( 5 ).

УСНО ОЦЕНУВАЊЕ: Определувањето на бројчаната оценка треба да ги има во предвид постигнувањата на ученикот во однос на *запомнување и репродуцирање* на наставните содржини, *разбирање и сфаќање* на обработените содржини, односно способност на ученикот нив да ги интерпретира со свои зборови, *примена* на научените содржини во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоките интелектуални способности на *анализа*, *синтеза и вреднување*, што подразбираат способност на ученикот за средување, комбинирање елементи во нови целини и

способност за вреднување на оправданоста или наученоста на некое тврдење или дело.

БРОЈЧАНАТА ОЦЕНКА се утврдува на следниот начин:

Оценка **доволен два** (2) - знаењата на ученикот се однесуваат на запомнување и репродуцирање, ученикот треба да препознава од понуденото, да дефинира, да репродуцира факти, да набројува, да именува одредени поими и да го применува знаењето во наједноставни задачи.

Оценка **добар три** (3) - знаењата на ученикот се однесуваат на разбирање и сфаќање, ученикот е исполнителен во извршување на активностите за време на часовите, способен е да интерпретира факти, да споредува и набројува, да препознава поими и факти и да го применува знаењето во едноставни задачи.

Оценка **многу добар четири** (4) - знаењата на ученикот се однесуваат на примена на задачи од познати и нови елементи, ученикот може да анализира факти и практично да ги применува знаењата, логички да размислува и да има свое мислење, да е постојано активен, исполнителен, редовен во учењето и обврските, да толкува, споредува, да ги разложува и илустрира со конкретни примери стекнатите знаења.

Оценка **одличен пет** (5) - знаењата на ученикот се однесуваат на анализа, синтеза и вреднување, ученикот може да ги применува знаењата за решавање на знаења со познати и нови елементи, да е способен за логично размислување и практично применување на факти, да има изградено сопствени ставови, да е способен да систематизира и генерализира, да истражува и ги применува знаењата, да е способен да ја поврзува теоријата со практиката, да користи дополнителни извори, да поставува и одговара на прашања на разни теми.

ПИСМЕНО ОЦЕНУВАЊЕ: После секоја тематска целина се проверува степенот на стекнати знаења преку објективни тестови (прашања од сите 4 скалила според Блумовата таксономија, прашања со заокружување, со дополнување, со поврзување, со објаснување, со решавање и др.). За таа цел бодирањето е на следниот начин: од 30% до 50% успешност на реализираност на тестот следи оцена два (2), од 50% до 70% следи оцена три (3), од 70% до 85% оцена четири (4) и од 85% до 100% оцена пет (5).

ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ: е процес кој се реализира на самите часови преку кој учениците и наставниците го согледуваат степенот на усвоеност на материјата, проблемите со кои се соочуваат, што треба да изменат и каде треба да се концентрираат повеќе за што поуспешно совладување на споменатото градиво.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ: Следи како резултат на сите горе споменати форми на оценување и се врши на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година.

## 16.2. ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Во училиштето ќе биде формиран тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди. Тимот ќе ја утврди процедурата за поплаки и жалби согласно правилникот за оценување и унапредување на учениците, ќе прави анализи на состојбата на постигнатите резултати и ќе дава подршка на наставници кои покажуваат слаби резултати од работењето.

Тимот за следење се состои од стручни соработници, еден одделенски наставник и еден предметен наставник.

**План на тимот за следење, анализа и поддршка на наставници кои покажуваат послаби резултати во работењето**

| Задачи Активности | Реализатори | Целна група | Ресурси | Инструменти | Следење повратна информац. | Временска рамка | Критериуми за успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на оценувањето на сите нивоа | Директор стручна служба наставници | ученици родители, наставници | стручни материјали | наставни програми и стандарди за оценување | анализа на сите видови планирања | октомври | Подобрен квалитет на планирањата |
| Увид во дневните планирања | директор, педагог, помошник директор, психолог | наставници | дневно оперативни планирања | извештај од увидот | консултација со наставници | континуирано | подобрени дневни планирања |
| Следење на наставни часови | директор, педагог, психолог | ученици наставници | дневно оперативни планирања | евидентен лист за посета на час, | разговор по посетениот час, извештај од извршениот увид | континуирано | реализирани часови со примена на новите методи и форми за оценување |
| Обука на наставници почетници во врска со оценувањето | Наставници ментори | Наставници кои не посетувале семинар за оценување | Материјали од семинарите | Консултативни разговори и нагледни часови | Извештај од посетен час кај наставник почетник | По потреба | Обучени наставници почетници |

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Со цел следење и подобрување на квалитетот на наставата, методите и техниките на поучување, Директорот на училиштето и стручната служба изготвуваат План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар.

Планот е во делот за прилози.

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Според член 129 од Законот за основно образование, по завршувањето на секоја втора учебна година, од месец октомври, основното училиште врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција.

Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор. Во процесот на самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во училиштето, распоредени во тимови поделени по подрачја. Самоевалуацијата се спроведува во четири фази: (1) подготовка, (2) собирање податоци, (3) анализа на податоците и (4) пишување извештај.

| | Активност | Носител | Време на реализација | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување на распоред за посета на часови | Стручен соработник Директор | септември | Изготвен распоред |
| 2 | Посета на часови по различни предмети | Стручен соработник Директор | ноември - март | Успешност во реализација на наставните цели |
| 3 | Посета на часови | Стручен соработник Директор | ноември- март | Примена на современи методи и форми на работа |
| 4 | Посета на часови за дополнителна и додатна настава | Стручен соработник Директор | октомври/април | Примена на индивидуализиран/ диференциран пристап |
| 5 | Обезбедување индивидуална повратна информација до наставниот кадар | Стручен соработник Директор | октомври - април | Евиденција во портфолиото на наставникот |
| **6** | Анализа на посетени часови со акцент на очекувани исходи на часот | Стручен соработник директор | април | Утврдување на недостатоци во реализацијата на очекуваните исходи |
| 7 | Презентација на добиените сознанија Наставнички совет | Стручен соработник Директор | мај | Објективни сознанија за актуелната состојба во наставниот процес |

Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува Програма за развој. Последната смоевалуација е спроведена во октомври  2025 год. Врз основа на анализите од самоевалуацијата се темелат и приоритетите и целите кои се содржат во оваа Годишна програма, изнесени во главниот дел од Годишната програма за работа на училиштето за оваа учебна година.

Самоевалуацијата опфаќа 4 подрачја, а податоците кои се содржат во неа се добиваат од различни извори: главни книги, годишни, полугодишни извештаи, годишна програма за работа на училиштето, одделенски дневници, записници од Училишен одбор, наставнички совети, разговори, интервјуа, анкети за учениците, наставниците и родителите, набљудување и сл.  За секое подрачје се формира и тим за изработка кој детално го обработува своето поле и изнесува слаби и јаки страни, како и анализа на резултатите и идни активности кои ќе бидат спроведени.

Извештајот од самоевалуацијата се разгледува на Наставнички совет и се изнесуваат забелешки, доколку има, и се внесуваат во извештајот. Потоа истата се разгледува и прифаќа на Совет на родители и училишен одбор. Резултатите од самоевалуацијата на основните училишта се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

Подетален план за организирање и спроведување на самоевалуацијата на училиштето е даден во делот со Прилози.

## 17. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес треба во училиштето да се чувствуваат безбедно и сигурно за да можат успешно да ја извршуваат својата работа. За таа цел училиштето ги превзема сите мерки во рамки на своите можности да биде на ниво на задачата.

Во училиштето постои план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, во кој се опфатени голем број на мерки за заштита и начини на справување од природни непогоди и други несреќи. Исто така, во училиштето има и ПП – апарати а вработените имаат посетено обука за безбедност и заштита на работното место. Во училиштето исто така постои  и видео надзор, има обезбедено физичко обезбедување во попладневните и вечерните часови и за време на викенди  и дежурни наставници за време на работното време.

Во делот со прилози се содржат конкретни програми и планови за заштита.

## 18. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

### 18.1. Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.

За да се одржи високото ниво на хигиена во училиштето континуирано се употребуваат високо квалитетни хигиенски средства за дезинфекција. Во однос на начинот на одржување на хигиената во училиштето се врши:секојдневно чистење на сите простории во училиштето,еднаш во неделата се врши темелно чистење на просториите и еднаш во месецот генерално чистење на просториите во училиштето. Покрај тоа два пати во годината (јануари, јули) се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација од служби во Центарот за јавно здравје.

Наставниците во соработка со родителите ќе водат грижа за развивање навики кај учениците за одржување на личната хигиена преку советувања за лична хигиена , предавања за лична хигиена ,препораки од Министерство за здравство и Институтот за Јавно здравје и др.

Хигиената е одговорност и на дежурните ученици во паралелките кои за време на малите и големите одмори водат грижа за хигиената и редот во училницата и соработуваат со дежурните наставници и техничкиот персонал.

Училиштето се подготвува за зголемување на хигиенските услови за учениците преку зголемена хигиена на просториите,набавка на хигиенски средства за дезинфекција за учениците и вработените, следење на хигиената преку водење на Чек листи .

Училиштето има специјализирани канти за селектирање на отпадот. Спроведените Еко-акции значително влијаат на подобрување на хигиената, подигање на еко - свеста кај учениците, формирање хигиенски навики и осознавање за здрава и чиста животна средина.

Хигиената во училиштето ја спроведува помошно-техничкиот персонал. Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства.

Во училиштето се врши:

- ✓ Дезинфекција и дезинсекција и дератизација на училишните простории во август- септември
- ✓ Бришење на прашината на работните површини
- ✓ Бришење и миење на тврди подни површини
- ✓ Собирање на пајажина
- ✓ Бришење на рамки на прозорци и врати
- ✓ Бришење на влезни и внатрешни врати
- ✓ Бришење и миење на стаклени површини
- ✓ Бришење на прашината на надворешен дел од мебелот
- ✓ Бришење на санитарен простор
- ✓ Метење пред влезните врати

Училишниот простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно уреден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

## 18.2. Систематски прегледи

Систематски прегледи во учебната 2026/27 година ќе ги опфатат учениците од I, III, V , VII и IX одделение. Систематските прегледи ќе се реализираат во Здравствен дом Кавадарци, од страна на овластен детски лекар, според нивниот календар на работа.

Наставата за време на систематските прегледи ќе се одвива непречено, односно во втора смена. Секој одделенски раководител го придружува своето одделение, освен учениците од I, III и V кои одат на систематски преглед со своите родители.

Стоматолошките прегледи и едукации се изведуваат од страна на Медицински центар – Кавадарци, оддел за детска и превентивна стоматологија според нивниот распоред за работа.

## 18.3. Вакцинирање

Имунизацијата на учениците од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман се реализира во Здравствен дом – Кавадарци, според нивниот календар на активности.

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат.

Вакцинирањето се врши во ЈЗУ Здраствен дом-Кавадарци во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одд. а за учениците од VI до IX одд. одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.

- I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит) - II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина.

- VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.

- IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на учебната година ќе реализира активности и едукации на тема „Здрава храна за детство без мана“. Истите имаат за цел да ја подигнат свеста и кај учениците и кај родителите за потребата од конзумирање на здрава храна како и создавање свесни генерации кои ќе останат имуни на брзата и нездрава храна.

За вклучување на сите ученици во кампањата предвидени се работилници за изработка на рецепти, презентации, изработување на ликовни и литературни творби на теми за здрава исхрана. Темата е застапена во планирањата на наставниците, особено во одделенска настава.

Во училиштето од учебната 2023/24 година исхраната на учениците во одделенска настава е целосно организирана и субвенционирана од општина Росоман и Градоначалникот на општина Росоман. Во учебната 2026/27 ќе продолжи вака организираната исхрана за учениците.

## 19. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 19.1. Дисциплина

Училиштето е препознатливо по квалитетот на работа и постигања на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата сензитивност и мултикултурализмот, ја поддржува инклузивноста и ја зајакнува партипацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Дисциплината на учениците и вработените е солидна. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни и соработуваат со кадарот и меѓусебно и учтиво се однесуваат. Вработените внимателно и авторитетно се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што нема прекини во учењето и наставата. Во врска со поведението и дисциплината согласно со Правилникот пофалување, наградување и изрекување педагошки мерки и Статутот на училиштето се превземаат и изрекуваат соодветни педагошки мерки.

Планот за подобрување на училишната дисциплина се заснова на редовни дежурства од страна на учениците, наставниците и техничкиот персонал. За дисциплината во училницата се грижат дежурните ученици, а за време на одморите дежурните наставници за што на крајот од работниот ден доставуваат писмен записник до директорот на училиштето.

Дисциплината е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: правила/кодекс за однесување на учениците, куќниот ред училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила.

Тимот за подготовка на програма за подобрување на дисциплината во училиштето изготвува

## Програма за подобрување на дисциплината во училиштето

Програмата за подобрување на дисциплината во училиштето претставува дефиниран збир на активности со определени носители, временска рамка, како и очекувани исходи кои ќе се реализираат во учебната 2026/2027 година.
Имплементацијата на Програмата ќе обезбеди континуирано одржување на дисциплината во училиштето и нејзино значително подобрување со цел непречена реализација на воспитно-образовната дејност во училиштето на највисоко ниво.

| | Планирани активности | Носители | Време | Очекувани исходи |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изготвување распоред за организирано дежурство во училиштето и училишниот двор | Наставници од одделенска и предметна настава | септември 2026 | Намалување на штетите во училиштето од технички и материјален карактер |
| **2.** | Обезбеден мониторинг за заштита на зеленилото во училишниот двор и училишните ходници | Наставници од одделенска и предметна настава Технички персонал | Учебна 2026/2027 | Разубавување на екстериерот и ентериерот во училишната средина |
| **3.** | Писмена евиденција за тековните случувања за време на одморите | Дежурни наставници | секојдневно | -Намалување на конфликтите меѓу учениците<br>-Контролирано внесување на храна во училиштето |
| **4.** | Создавање модел на идентификација наставник-ученик | Наставници | Учебна 2026/2027 | Развивање на морални и етички вредности,комуникациски вештини и високо ниво на културно однесување |
| **5.** | Определување дежурни ученици | Одделенски раководители | Учебна 2026/2027 (седмично) | -Одржување на редот и мирот во училницата за време на одморите<br>-Одржување на хигиената во училницата |
| **6.** | Запознавање на учениците со обврските и задачите на дежурните ученици | Одделенски раководители<br><br>Ученици | Учебна 2026/2027 | Подобрување на дисиплината на учениците во училницата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | за време на одморите<br>- Подобрување на хигиената во училницата |
| **7.** | Следење на состојбата и функционалноста на компјутерската опрема и запис-чување | Дежурни ученици | Учебна 2026/2027 | Намалување на штетата на комјутерската опрема |
| **8.** | Писмено следење на евентуално-настаната штета | Дежурни ученици | Учебна 2026/2027 | Намалување на штетата во училницата |
| **9.** | Почитување на обврските од еколошки карактер | Дежурни ученици | Учебна 2026/2027 | -Чиста училишна средина<br>-Заштеда на електрична енергија и вода |
| **10.** | Почитување на обврска за редовно затворање на прозорците по проветрување | Дежурни ученици | Учебна 2026/2027 | Енергетска ефикасност |

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Развојот на еколошката свест, естетски вредности како и на позитивни ставови кон животната средина и на животни навики што влијаат позитивно врз животната средина е предуслов учениците да станат одговорни и активни граѓани на државата во иднина, кои во своите секојдневен и професионален живот ќе се грижат за зачувување на животната средина. Оттука, еколошкото образование е важна компонента на образовниот процес на учениците во основните училишта.

Училиштето како образовна институција во голема мера ги обликува вредностите што ќе ги водат учениците низ нивниот живот како возрасни и има голема улога во развојот на еколошката свест и однесувањето на идните генерации.

| Цели | Содржини/активности | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Развивање позитивен став кон трудот и чувство за одговорност при работата** | Одржување и уредување на училишната зграда и училиниот двор одржување на хигиената во училницата, училишната зграда, училишниот двор и непосредната околина на училиштето и естетско обликување на просториите во училиштето | Наставници и ученици | Во текот на годината | Почиста и поуредна работна средина |
| **Постигнување истрајност во рабоата, уредно и навремено извршување на задачите** | Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) | Наставници и ученици<br>Еко одбор<br>Ученички парламент | Октомври, Март и Мај | Истрајност во работата и навремено извршување на задачите |
| **Развивање основни работни навики и умеења при ракување со** | Одржување и уредување на културно-историските споменици и одбележување на значајни | Наставници и ученици | Октомври, Декември, Мај | Стекнати работни навики и умеење при ракување со |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **алатот и priborот со кој се извршуваат работните задачи** | историски датуми (уредување на околината на споменикот на паднатите борци, одржување на историски часови) | | | алатот и приборот со кој се извршуваат работните задачи |
| **Стекнување основни знаења за организација на работата, почитување на туѓиот и сопствениот труд и соработка во процесот на работата** | Организирање на собирни акции- собирање на материјални средства од хуманитарен карактер | Одговорни наставници и ученици | Во текот на годината | Развиена свест кај учениците за почитување на туѓиот и сопствениот труд |
| **Развивање љубов кон природата и природните убавини** | Организирање на акции на разни изработки од учениците (најмалку две во текот на учебната година | Наставници и ученици | Ноември,Април и Мај | Развиена свест и љубов кон природата и природните убавини |
| **Негување здрава и чиста околина и развивање работни навики** | Пошумување на голини во непосредната околина (активно учество во организирани акции) | Наставници и ученици<br>Еко одбор | Ноември и Март | Стекнати работни навики за одржување здрава и чиста околина |

## 19.3. Етички кодекси

Училиштето има Кодекс на однесување со кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Во неговата изработка учествувале претставници на сите структури, а при неговото усвојување е спроведена демократска процедура со учество на сите претставници на сите структури.

- **КОДЕКС ЗА УЧЕНИЦИТЕ**
- **КОДЕКС ЗА РОДИТЕЛИТЕ**
- **КОДЕКС ЗА НАСТАВНИЦИТЕ**
- **КОДЕКС НА ДРУГИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ**
**„Однесувај се кон другите како што сакаш тие да се однесуваат кон тебе“**
**- Заедничка визија за напредокот на училиштето;**

- ✓ Континуиран напредок – професионален развој;
- ✓ Колегијалност - ние сме заедно во ова;
- ✓ Соработка – учење на секој од секого;
- ✓ Поддршка – секогаш постои некој кој ќе помогне;
- ✓ Заемено почитување – секој има нешто да понуди;
- ✓ Отвореност – ние можеме да зборуваме за нашите разлики;
- ✓ Заемна доверба – покажете им на луѓето дека верувате на нивните способности. Тие ќе се обидат да ја оправдаат вашата доверба;
- ✓ Заеднички прослави и хумор – тие се музика на душата;
- ✓ Принципиелност:
- ✓ Почитување на времето на започнување и завршување на часот;
- ✓ Почитување на критериуми на самооценување и оценување на учениците

- ✓ Безбедна работна средина во која се учи;
- ✓ Почитување на работното време;
- ✓ Редовно извршување на дежурството;
- ✓ Заедничка грижа за одржување на хигиената и естетското уредување на училишниот простор;
- ✓ Градиме клима на заемна доверба;
- ✓ Одговорно се однесуваме спрема обврските;
- ✓ Нашата сила не е во снагата, туку во умот;
- ✓ Се почитуваме меѓусебно, навредата силно нè боли;
- ✓ Додека јас зборувам сите ме слушаат;
- ✓ Кога викаме, никој не може да нè разбере;
- ✓ Не ми се обраќај со прекар,  јас имам име;
- ✓ Пред да позајмиме нешто, бараме дозвола;
- ✓ Се грижиме за хигиената, отпадоците ги фрламе во корпите;
- ✓ Не газиме по тревните површини – тие се украс на нашето училиште;
- ✓ На облекувањето му посветуваме поголемо внимание;
- ✓ Мобилните телефони за време на часот ни се исклучени;
- ✓ Ги почитуваме принципите: одговорност, истрајност, толерантност, солидарност, хуманост, самокритичност, чесност, точност

Училиштето е дел од Програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем и има изработено еко – програма, а како дел од истата има и свој еко – кодекс кој е истакнат на видно место во училиштето.

**<u>ЕКО – КОДЕКС НА ООУ ПЕРЕ ТОШЕВ РОСОМАН</u>**

- ❖ Господ простува секому, човекот само некому, а природата никому!
- ❖ За пријателите на природата ова е само мал потсетник за она што треба да се направи за нејзината добросостојба, а за оние кои сè уште не станале нејзини пријатели, овие нека бидат основните правила на нивното еко однесување:
- ❖ Планетата Земја е наша мајка! Ја сакаме, ја почитуваме и не ја уништуваме!
- ❖ Колку и даваме на природата денес, толку таа ќе ни врати утре!
- ❖ Расти во природа! Уживај во природата! Живеј во склад со природата!
- ❖ Запомни! Чистиот воздух, чистата вода и чистото тло значат здравје!
- ❖ Чувај ја и не ја уништувај водата за пиење, затоа што еден ден навистина ќе ожеднеш!
- ❖ Собирај го отпадот и класифицирај го, затоа што моѓе да биде корисен!
- ❖ Запомни: помалку отпад – подолга и подобра иднина!
- ❖ Научи ги и другите колку е важно да се заштити околината!
- ❖ Мисли на природата и на нејзината иднина, затоа што тоа е и твоја иднина!
- ❖ Само ако сите ја здружиме нашата добра волја можеме да направиме нешто добро за околината во која живееме!
- ❖ Не фрлајте отпад затоа што тој сам нема да се исчисти!
- ❖ Со фрлањето отпад ги уништуваме нашите природни убавини, ги загадуваме реките и воздухот и со тоа се уништуваме и самите себе си!
- ❖ Во природа не оставај ништо друго освен трагите од своите стапала!
- ❖ Да го рециклираш отпадот, значи да ја чуваш природата!
- ❖ Кога фрлаш ѓубре, прави го тоа во вреќи!
- ❖ Подобро денес да си активен, отколку утре да си радиоактивен!
- ❖ Сè што е во природата е дел од нас, затоа да ја чуваме природата!
- ❖ Дрвјата нè молат: не ја фрлајте хартијата – тоа не е ѓубре!

- За поубав свет – посади еден цвет!
- Ако во природата вложуваш со добро, со добро и ти враќа!
- Не ја загадуваме земјата, затоа што таа не храни!
- Без животните и птиците природата би занемела и би умрела од тага!.
- Ако не го исчистиме просторот околу себе, еден ден ќе се угушиме во сопствениот смет!

**ЕКО ХИМНА**

Биди здрав, здрав живот води
и ако можеш – пеш до школо оди.

Во школо биди cool
биди јак, биди фаца.
не биди клет
и секому речи: не фрлај смет!

Смести го во вреќа,
раздели го за рециклажа,
биди еко тип
тоа е сега in.

Енергија штеди – тоа денес многу вреди!
Кога сонце свети – гаси светло!
Не фрлај ништо што не е ветво!
Кога топло ќумбе гори – ти прозор не отворај!
Штом не пиеш вода – ти чешма затворај!
Училиштето уреди го,
нека биде чисто – ти среди го!

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Директорот и стручната служба во училиштето континуирано работат во насока на создавање и одржување на позитивна клима на соработка и развој во училиштето.

Во училиштето постои традиција на заеднички прослави (новогодишни, 8ми март, екскурзија за завршување на учебна година и сл.) кои се во функција на зближување, позитивна комуникација и зголемување на меѓусебната соработка и почитување помеѓу вработените.

Останатите субјекти (учениците и родителите) преку состаноци, усни и писмени известувања се навремено известени за секое превземање на одредени одлуки поврзани во условите за работа и воопшто воспитно-образовниот процес. Се почитуваат и прифаќаат нивните мислења и предлози, доколку се во согласност со политиката на училиштето, Законот за основно образование и интерните правилници.

Училиштето тековно дава поддршка и внимава на индивидуалните потреби и способности на учениците. Стручната служба преку различни методи на работа врши советувања на родители, чии деца покажуваат социјална неадаптираност, деца со агресивно однесување и деца чие однесување е резултат на нарушени семејни односи, согласно нивните индивидуални потреби.

| Активност | Инструмент | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| **Формирање тим со претставници од сите структури во училиштето** | Состанок | Наставнички совет/ директор | Август/септември |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Идентификување на критични точки во комуникација** | Анкета | тимот | Септември-ноември |
| **Идентификување причини** | анализа | тимот | декември |
| **Работа на отстранување на недостатоците и подобрување на комуникацијата** | Дебати<br>Работилници<br>екскурзии | тимот | Јануари-јуни |

# 20. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Наставниците во текот на својата работа се должни континуирано професионално да се усовршуваат. Професионалниот и кариерниот развој на наставниците и стручните соработници се уредени со Законот за основно образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во РСМ, како и Правилникот за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта.

Основните професионални компетенции и стандарди за наставниците опфќаат знаења, способности и вештини коишто ги поседува наставникот за да може квалитетно да ја обавува наставничката професија. Тие опфаќаат професионални вредности, професионални знаења и разбирања, како и професионални способности и вештини во следниве подрачја:

1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно образовниот систем
2. Поучување и учење
3. Создавање стимулативна средина за учење
4. Социјална и образовна инклузија
5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата
6. Професионален развој и професионална соработка

На сопственото стручно усовршување наставникот е должен да посвети најмалку 60 часа во текот на три учебни години, од кои минимум 40 од учество на акредитирани програми за обука за што средства се обезбедуваат во буџетот на БРО, ЛС и образовни проекти одобрени од МОН. Исто така, секој наставник во рок од три години поминува 20 часови обука за приоритетни програми определени од министерот, за што средства се обезбедуваат од буџетот на БРО. Наставникот прави **личен план за професионален развој** за секоја учебна година. Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој на училиштето, кој се состои од координаторите на стручните активи на наставници, директор и стручен соработник.

Врз основа на увидот во личните планови за професионален развој на наставниците како и претходно извршените разговори, анкети и анализи, тимот при ООУ „Пере Тошев“- Росоман изготви акциски план за потребите и приоритетите од професионално усовршување на наставниот кадар и стручната служба за учебната 2026/2027 год.

| Потреба | Ефекти | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Оценување на учениците** | Познавање современи и различни методи на следење и оценување на учениците, нивните можности и ограничувања, изработка на инструменти за оценување, особено со диференциран пристап | -Тим за професионален развој<br>-Провајдер<br>-Наставници<br>-Директор | Во текот на учебната 2026/2027 |
| **Социјална и образовна инклузија и изготвување индивидуален образовен план** | Познавање различни концепти и модели за инклузивно образование, познавање на различните видови ученици на кои им е потребна помош и изготвување индивидуален образовен план за нив | -Тим за професионален развој<br>-Провајдер<br>-Дефектолог од ресурсен центар | Во текот на учебната 2026/2027 |
| **Примена на современи и креативни методи и техники на учење** | Ефективно и оптимално користење современи и креативни методи и техники на учење, заради подобрување на квалитетот на наставата | -Тим за професионален развој<br>-Провајдер<br>-Наставници<br>- Директор | Во текот на учебната 2026/2027 |
| **Развој на комуникациски вештини** | Јасна и ефективна комуникација со ученици, родители и колеги | -Тим за професионален развој<br>-Наставници, стручни активи<br>-Директор | Во текот на учебната 2026/2027 |
| **Планирање на професионалниот равој** | Познавање на ефективните модели и можности за професионален развој | -Тим за професионален развој<br>-Провајдер<br>-Наставници<br>-Директор | Во текот на учебната 2026/2027 |

Во рамките на професионалниот развој на наставниот кадар приоритетен ќе биде развојот на *меките вештини*, со акцент на ефективна комуникација, тимска работа, емоционална интелигенција, управување со конфликти, организациски вештини, критичко размислување, флексибилност, лидерство и дигитална соработка, со цел унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и создавање позитивна училишна клима.

Тие овозможуваат и ефективно и ефикасно да се користат и тврдите вештини, знаењето и искуството. Овој вид вештини го подобруваат начинот на кој луѓето соработуваат, влијаат навреме и успешно да се завршат работните задачи и поставени цели. Темите на кои кадарот ќе се обучува во следниот период се:

*1. Комуникациски вештини*

- јасна и ефективна комуникација со ученици, родители и колеги;
- активно слушање;
- конструктивно давање повратна информација.

*2. Соработка и тимска работа*
- работа во тимови и стручни активи;
- споделување искуства и добри практики;
- градење позитивни професионални односи.

*3. Емоционална интелигенција*
- препознавање и управување со сопствените емоции;
- емпатија и разбирање на потребите на учениците;
- градење позитивна училишна клима.

*4. Управување со конфликти*
- медијација и мирно разрешување конфликти;
- справување со предизвикувачко однесување;
- ненасилна комуникација.

*5. Организациски и временски вештини*
- планирање и приоритизирање на обврските;
- ефикасно управување со времето;
- организирање на наставниот процес.

*6. Критичко размислување и решавање проблеми*
- анализа на ситуации и донесување одлуки;
- приспособување на наставните стратегии;
- иновативен пристап во наставата.

*7. Флексибилност и приспособливост*
- прифаќање на промени;
- работа во различни услови и со различни потреби на учениците;
- континуирано учење и професионален развој.

*8. Лидерство*
- преземање иницијативи;
- менторство и поддршка на колеги;
- активно учество во развојот на училиштето.

*9. Дигитална комуникација и соработка*
- користење дигитални алатки;
- онлајн комуникација со ученици, родители и колеги;
- дигитална етика.

## 20.2. Активности за професионален развој

**Кариерниот развој** ќе се остварува согласно Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта во РСМ. Доколку наставник сака да напредува во звање, потребно е да се пријави на конкурс што ќе се објави на страницата на МОН. Бодови за напрадување се добиваат од проф.развој, проф.практика и проф.соработка и соработка со семејството и заедницата. Апликантот врз основа на нормативната регулатива ги присобира бараните докази, а училиштето обезбедува мислење за исполнетоста на дел од компетенциите според следниов план:

| Активност | Реализација | Носители на активностите |
|---|---|---|
| **Запознавање на воспитно-образовниот кадар во училиштето со основните професионални компетенции кои треба да ги поседува наставник/,наставник-ментор, наставник-советник** | На почеток на учебната година или по барање на наставник/ стручен соработник | Директор, наставници, стручна служба, ученици, родители |
| **-Увид во доказите<br>-Информации по пат на анкета од:<br>1.Родители<br>2.Ученици<br>3.Наставници<br>4.Увид во училишната документација** | По барање на наставник | Директор, наставници, стручна служба, ученици, родители |
| **Проценка/мислење од страна на училиштето** | По барање на наставник | Директор, наставници, стручна служба, ученици, родители |

## 20.3. Личен професионален развој

За сопствено лично усовршување наставниците и стручните соработници во училиштето прават личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции, а се темелат врз основа на нивните потреби и самопроцена, како и на резултатите од интегралната евалуација, извештаите од посетите од страна на директорот на училиштето и од страна на советниците од БРО. Од учебната 2026/27 година, во училиштето ќе се применува дигиталната алатка за изготвување Личен план за професионален развој (ЛППР), развиена во рамките на проектот EmpowerED, спроведен од СмартАП во соработка со Бирото за развој на образованието (БРО) и Министерството за образование на Република Северна Македонија, со финансиска поддршка од Детската фондација Песталоци. Дигиталната алатка е целосно изработена во согласност со утврдените законски одредби и правилници, а нејзината цел е да го олесни процесот на изготвување ЛППР преку целосна дигитализација. Училишен администратор и координатор на активностите е училишниот психолог.

| Конкретна цел | Активности | Вклучени субјекти | Инструменти и техники кои се користат | Временска рамка | Индикатори на успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Прибирање информација за потребите на наставниците и стручните соработници | Изработување на професионален план од страна на сите наставници и стручни соработници во дигиталната алатка | Стручни соработници, наставници | Чек листа за самопроцена, Анализа по скалата за самопроценка, Личен план за професионален развој на платформа/дигитална алатка | Август/септември | Доставени инструменти од 90% од наставниците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на потребите на наставниците и стручните соработници | Анализа на доставените Лични планови за професионален развој од наставниците и стручните соработници | Директор, стручни соработници | Венов дијаграм | Октомври/ ноември | Определена насока за професионален развој на наставниците и стручните соработници за тековната учебна година |
| Обезбедување на обуки/работилници за задоволување на детектираните потреби за професионален развој на наставниците/ стручните соработници | избор на обука на тема која им е потребна на наставниците и стручните соработници | Директор, тим за професионален развој | / | Ноември/ декември | / |
| Реализација на обука во подрачје кое го навеле наставниците и стручните соработници | Обука на наставниот кадар и стручната служба | Наставници, стручни соработници, директор | / | Јануари или јуни | / |
| Прибирање на извештаи од наставници | Изработување на индивидуален извешта од страна на сите наставници и стручни соработници | Стручни соработници, наставници | Извештај за реализација на личниот план за професионален развој | Јуни/ јули | Доставени инструменти од 90% од наставниците |
| Анализа на извештаите од наставниците и стручните соработници и изготвување на извештај кој ќе биде вклучен во Годишниот извештај од работата на училиштето | Анализа | Директор, тим за професионален развој | Извештај за реализација на личниот план за професионален развој | Јуни/ јули | Изготвен извештај од тимот за професионален развој на ниво на училиште |

## 20.4 Хоризонтално учење

**Хоризонталното учење**, како и досега, ќе се остварува преку размена на искуства и добри практики на наставниците на ниво на училиште, преку стручните активи, отворените часови, дисеминации, работилници и други облици на состаноци и едукации внатре во организацијата, но и преку соработка со колеги од други училишта од земјава и странство.

За успешно имплементирање на ваквиот вид учење неопходно е унапредување на тимската работа.

Тимот за професионален развој ќе изготви **акциски план** како дел од својата програма за работа за учебната 2026/27 год. Хоризонталното учење и размена на искуства, инструменти и знаења се реализира и во рамки на Активите на наставници.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Планот за професионален развој се однесува за подобрување на наставната практика од страна на наставниците со крајна цел подобрување на постигањата на учениците.

За оваа цел во училиштето постои и тим за професионален развој кој што е составен од:

Трајанка Ризова – директор
Анита Јованова-Петрова – психолог
Виолета Јовановска – педагог
Мирјана Димова
Александра Касапинова

Главна цел на овој тим е подобрување на наставната практика и пренесување на искуствата меѓу наставниците кои посетувале семинари и обуки. Доколку во текот на учебната година МОН и БРО достават одредени понуди за посета на обуки и семинари тековно ќе се одредат кои ќе бидат носители на тие обуки.

Во однос на личниот и професионален развој за секој наставник директорот на училиштето и стручната служба во своите годишни програми го планираат поединечното следење и напредување на наставниците преку однапред подготвени интерни критериуми.

Наставниците кои покажуваат афинитети кон одредени подрачја се мотивираат за посета на семинари, обуки, учество на конференции и сл.

За професионалниот развој на наставниците во годишната програма и во програмата на тимот за професионален развој се планира/организира пренесување на знаења и размена на искуства преку организирање на отворени часови и работилници.

Особено акцент ќе се стави на следниве работи:

Соработка и вклучување на родителите во наставни и вонаставни активности;

Подобрување на соработката помеѓу одделенските и предметните наставници (посебно со наставниците во петто одд. и предметните наставници во шесто);

Презентација на проектни задачи од предметна и одделенска настава

Нагледни часови на ниво активи:

Актив на наставници по македонски, англиски, германски и француски јазик
Стручен актив на наставници од општествена група предмети
Стручен актив на наставници по математика, физика и информатика
Стручен актив на наставници од одделенска настава

За подобрување на училишната клима и тимската работа помеѓу наставниците се настојува односите кои се воспоставуваат меѓу наставниците да бидат на високо професионално ниво со искрена меѓусебна соработка и заемна помош.

Продлабочувањето на соработката се остварува низ индивидуалните средби на наставниците во самото училиште, средби на стручните активи како и меѓуучилишна и меѓуопштинска соработка.

Улогата на училишниот тим за професионален развој е: да се почитуваат принципите за работа; континуирана соработка и поддршка; создавање на култура и подигнување на свесноста за потребата од континуиран професионален развој; поттикнување на доживотното учење и креирање на можност за тимска работа и меѓусебна соработка на наставниците. Сето ова ќе биде рализирано преку активностите планирани во годишната програма за работа на училишниот тим за професионален развој. Планот за професионален развој е фокусиран за подобрување на наставната практика од страна на наставниците со крајна цел подобрување на постигањата на учениците. Овој план е интерен и изработен од тимот за професионален развој. Главна и основна цел на овој план е подобрување на пренесување на одредени искуства од наставници кои посетувале семинари. Со професионалниот развој треба да се опфатат сите наставници од предметна и одделенска настава.

Со програмата се опфатени 5 подрачја, од кои произлегуваат главните цели кои се детално разработени подолу:

1. Планирање и реализација на наставата
2. Излегување во пресрет на потребите и оценување на учениците
3. Создавање безбедна и стимулативна средина и клима за учење
4. Социјална и образовна инклузија на учениците и родителите
5. Професионален развој и соработка.

За секој наставник во ООУ „Пере Тошев“ – Росоман стручната служба во договор и соработка со наставникот води Професионално досие, според Правилникот за водење на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник во основното училиште, освен професионалните досиеја на стручните соработници кои ги води директорот на училиштето.

# 21. СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

*- Во животот и работата на училиштето*

Родителите се многу важен фактор во животот и работата на училиштето и како такви во ООУ „Пере Тошев“ се вклучени во сите нивоа на одлучување преку Училишен одбор и Совет на родители.

Со посебно изготвена програма за работа се наведува како да се зајакнат капацитетите на дејствување на родителите; се детектираат состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условитеза работа; се нудат идејни планови за организација на активности во училиштето; се предвидува како родителите да учествуваат во донесување на одлуки и решенија во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите; се организирараспоред за средби со родителите и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласната табла во училиштето. Програмата за соработка со родители е дадена во прилозоите.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонннаставните активности

*- Во процесот на учење*

Подобрувањето на вклученоста на родителите е ветувачка стратегија за подобри резултати на учениците и надминување на образовните слабости. Со имплементацијата на деветгодишното основно образование улогата на родителите станува се поголема во насока на активен фактор во воспитно – образовниот процес. Воведувањето на електронскиот дневник е со цел да се зголеми информираноста и вклученоста на родителите во процесот на учење. Наставниците во ООУ „Пере Тошев“ ќе продолжат со истакнувањето на важноста родителите да го совладаат и да го користат системот за информирање на родители кој го нуди електронскиот дневник.

Преку Советот на родители, секој родител може да придонесе со сопствени сугестии за дополни и измени на секаков вид планирања и активности кои имаат едукативни цели и се важни за развојот на учениците. ООУ „Пере Тошев“ ќе продолжи да го информира Советот на родители за наставниот процес преку континуирана соработка, како и за работата и постигнувањата на учениците, наставниот кадар, стручната служба и директорот на училиштето

Со примена на проектот Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, кој е предложен од МОН, родителите имаат можност да се вклучат директно во процесот на учење, земајќи ја улогата на предавач/едукатор во теми од својата област. Во ООУ „Пере Тошев“ и оваа учебна година активно ќе се реализира овој проект со цел поголема вклученост на родителите во процесот на учење.

*- Во активностите во училиштето*

ООУ „Пере Тошев“ е отворено за соработка и проширување на идеите со помош на родителската партиципација во сите активности. Претседателот на Советот на родители одржува средби со директорот на училиштето заради планирање имплементирање на родителските активности кои треба да се во согласност со училишните програми. Училиштето може да ја охрабри вклученоста на родители со:

- ✓ развивање план за подобрување на партнерството со родителите;
- ✓ дизајнирање прашалник за родители со што ќе се осознаат можностите и ставовите за нивно вклучување;

Родителите преку Совет на родители можат да дадат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите вонннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, промоции и други активности и да учествуваат во планирањето на други манифестации во кои училиштето и учениците ќе бидат вклучени.

| Активност | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|
| Активности во редовна настава – родителот е наставник | Наставници – родители | септември-јуни |
| Активности – новогодишен базар | Наставници – родители | декември |
| Активности – одбележување на Велигден | Наставници – родители<br>ученици | април |

| | | |
|---|---|---|
| Активности – вклучување на родителите во еко акција | Наставници<br>Родители<br>Ученици | март |
| Активности – вклучување на родителите при посета на институции | Наставници<br>Родители<br>ученици | април-мај |

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

За одредени теми кои се актуелни и поврзани со развојниот период на учениците од основно образование во училиштето се организираат едукативни работилници за родителите, работилници и трибини, советодавно индивидуални и групни советувања за одредени проблеми.

Покрај погоренаведените облици на соработка со родителите, училиштето ја спроведува и Програмата за советување на родители која се врши со:

- ✓ Родители чии ученици изостануваат од настава;
- ✓ Родители на ученици кои имаат слаби оцени по три предмети или покажале нагло опаѓање на училишниот успех;
- ✓ Родители на ученици кои манифестираат асоцијални облици на однесување.

Преку ваквото советување на родителите се врши едукација за препознавање на сопствениот стил на родителство во служба на подобрување на комуникацијата помеѓу учениците и родителите и надминувањето на постоечките препреки кои се причина за одредено детектирано однесување.

Проследувајќи ги стручните презентации на училишниот психолог родителите ќе имаат можност од стручен аспект да се здобијат со подобри комуникациски вештини и правилен избор на момент и делување врз своите деца.

За промоција на училиштето активно функционира фејсбук страната на која што постојано се објавуваат фотографии и статуси за активностите на училиштето, како и веб страна на училиштето која редовно се ажурира со актуелни содржини.

| Активност | Носители | Временска рамка |
|---|---|---|
| **Едукација на родителите за редовноста на учениците** | Стручна служба на училиштето | септември |
| **Советување на родители** | Психолог | ноември/по потреба |
| **Едукација на родителите за теми кои се релевантни и актуелни во текот на учебната година** | Стручна служба на училиштето по барање на наставниот кадар или директорот на училиштето или по сопствено | еднаш во полугодие |

| | | |
|---|---|---|
| | увидување за одредена потреба | |

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Меѓусебните односи на училиштето со јавноста се градат врз принципот на заемното влијание, односно училиштето влијае врз јавноста и средината, но прима од истата сé што е позитивно.

Соработката со јавноста се насочува на можноста програмските содржини на одредени институции да послужат за едукација и воспитно делување врз нашите ученици, но и за професионален развој на наставниот кадар.

Преку комуникацијата со јавноста, нашето училиште врши и промоција на целокупните училишни активности. Училиштето континуирано прави маркетинг преку медиумски настапи, училишната web страна, локални весници и сл.

### *-Локална заедница*

Соработката на нашето училиште со локалната средина е од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар.

Воспитно - образовната работа на ова програмско подрачје е планирана со цел да се стават во педагошка функција сите ресурси што може да ги понуди локалната средина за поуспешно остварување на програмските задачи на училиштето.

Преку таа соработка, нашето училиште влијае на подигнување на културно - образовното ниво на локалното население. Значи, односите се градат врз принципот на ваемно влијание, односно училиштето влије врз средината, но и прима од истата се што е позитивно и корисно.

Комуникацијата со локалната заедница се остварува преку усна, пишана и електронска форма.

Преку ова подрачје ги оствaруваме следните задачи:

- искористување на стручни, културни и материјални можности на локалната средина за подобрување на квалитетот на воспитно - образовната дејност на училиштето;
- Размена на знаења, мислења и искуства со наставниот кадар и стручните служби од другите училишта од Општината;
- Организирање прослави на празници и јубилеи, културно - уметнички, образовни, спортски и други манифестации (Априлијада,Праскобер и сл.) со општината и локалното население;
- Информирање на пошириоката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

### *- Институции од областа на културата*

За подигнување на културното живеење и развивање љубов кон уметностите (филмска, балетска, оперска, драмска, ликовна, литературна) се реализираат посети на институции од културата. Исто така задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои учениците земаат активно учество под менторство на наставниците.

Училиштето има постојана и плодна соработка со следниве институции од областа на културата:

- Дом на културата „Иван Мазнов-Климе“- Кавадарци;

- КУД „Росоман“- Росоман;
- Фолклорен ансамбал „Тиквеш“ - Кавадарци;

### *- Институции од областа на образованието*

Училиштето има постојана и плодна соработка со следниве институции од областа на образованието:

- Министерство за образование и наука (МОН);
- Биро за развој на образованието (БРО);
- Државен просветен инспекторат(ДПИ);
- Државен испитен центар (ДИЦ);
- ЕЛС – Сектор за основно образование;
- Директори на општинските основни училишта;
- Детски градинки („Праскичка“, „Рада Поцева“ и др.);
- Основни и средни училишта од Кавадарци;
- Факултети (Педагошки факултет Св. Климент Охридски, Природно – математички факултет, Филозофски факултет при УКИМ и други);
- Агенција за млади и спорт.

Со наведените институции училиштето воспоставува најразлични форми на соработка: советодавна, консултативна и стручна помош, стручно усовршување на наставниот кадар, координирање на работата, размена на искуства на наставниот кадар, училишни натпревари, професионална ориентација на учениците, менторирање на студенти од факултетите, користење на стручна литература.

### *- Невладини организации*

Соработката со невладините организации се заснова на одредени средби, работни состаноци по повод заеднички активности и проекти и сл. Училиштето е отворено за соработка со невладиниот сектор и организациите чија дејност има за цел подобрување на здравјето и условите за учениците. Учениците преку соодветни наставни единици се информираат за задачите на Детската амбасада и СОС центри и се информираат за целта на нивното постоење како и за телефонските броеви. Училиштето соработува со Општинската организација на Црвен крст од Кавадарци и во текот на учебната година се изведуваат повеќе активности.

- Црвен Крст – Кавадарци;
- Црвен Крст на Република Северна Македонија;
- Сојуз за грижа и воспитување на децата;
- Федерација за рекреативен спорт;
- Федераација за училишен спорт;
- Еко-живот,
- Вело училиште и др.
- неформалната младинска иницијатива Rosoman Youth Voice

### *- Спортски друштва*

Учениците од ООУ „Пере Тошев“ учествуваат во СУА по физичко и здравствено образование и наставниците преку селекција формираат групи по повеќе спортски дисциплини (спортови - мал фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, пинг-понг, карате, шах) по интерес на учениците од двата пола машки -женски. Сите овие натпревари се во организација на Федерацијата на училишен спорт кое во соработка на канцелариите на училишен спорт Кавадарци учениците учествуваат на општински натпревари во Кавадарци, на овие натпревари учествуваат сите основни училишта кои што

гравитираат во општината. Преку систем на елиминација на овие натпревари учениците учествуваат потоа на регионални натпревари па на државни кои се организирани од Федерацијата на училишен спорт на Р.Македонија и се одржуваат во месец мај во тековната година.

***-Здраствени организации***

Училиштето и оваа учебна година заради грижата за здравјето на учениците и вработените ќе соработува со здраствените организаци: ЈЗУ - Кавадарци - медицинскиот центар кој што се наоѓа во самата општина, Детска превентивна стоматологија - Кавадарци, центарот за социјални грижи - за советодавна помош на социјално ранливите семејства на ученици од училиштето, фондот за здравство, осигурителна компанија - каде што ќе се врши осигурување на учениците врз доброволна база.

***- Медиуми***

Со цел на промоција и афирмација на училиштето оваа година ќе соработува со следниве локални ТВ и радио станици: КТВ и РТК (за постигањата на учениците од разни натпревари, за првиот училишен ден, при обележување на позначајни празници и активности кои се спроведуваат во училиштето, денот на училиштето, еколошки активности). Формиран е тим од ЕКО одборот кој ќе ги реализира и организира активностите и настаните предвидени од еколошката програма. Претседателот на Еко одборот ќе биде задолжен за комуникација со медиумите и промоција на училишните активности од делот на екологијата.

**План за комуникација и промоција 2026/27**

| Активност | Партнер | Период | Очекуван исход |
|---|---|---|---|
| **Медиумски настап за почеток на учебна година** | КТВ, РТК | Септември 2026 | Промовирана работа на училиштето |
| **Ажурирање на веб-страната со програмски содржини** | / | Континуирано | Информирана јавност |
| **Учество на културни манифестации** | КУД Росоман, Дом на култура Кавадарци | Октомври–Мај | Минимум 2 заеднички настапи |
| **Хуманитарна соработка** | Црвен Крст Кавадарци | Декември, Мај | Реализирани 2 акции |
| **Извештај до јавноста за постигањата на учениците** | Веб, медиуми | Јуни 2027 | Објавен годишен извештај |

## 23. СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/и лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Вовед**<br><br>**Општи податоци за основното училиште** | Проверка на веродостојноста на општите податоци во годишната програма, органите на управување, стручни органи и ученичко организирање за време на изработка на годишната програма; | Стручна служба, секретар | Директор |
| **Податоци за условите за работа на основното училиште** | Следење на податоците за училишниот простор, опремата, нагледни средства, библиотечен фонд и сл. Во текот на учебната година. | Библиотекар<br><br>Комисија за попис | Директор,<br><br>стручна служба |
| **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | Следење на податоците за сите вработени лица во училиштето, промените во вработувања и сл | Секретар<br>Стручна служба | Директор |
| **Материјално финансиско работење** | Извештај за финансиско работење, во текот на година | Претседател и членови на Училишен одбор | Директор, Училишен одбор, Општина Росоман |
| **Мисија и визија,**<br>**Веќе научено /стекнати искуства,**<br>**Подрачје на промени приоритети и цели,**<br>**Евалуација на акциските планови** | Извештај, записници од реализација на целите и евалуација на плановите | Стручни соработници, во текот на годината,<br>Тим за следење на акциските планови | Директор, Училишен одбор, |
| **Програми и организација на работата во основното училиште** | Доставување извештај за реализација на наставните планови и програми, на полугодие и крај на учебната година | Сите наставници и стручни соработници | Директор, Локална самоуправа, УО, Совет на родители |
| **Воннаставни активности,**<br><br>**Ученичко организирање** | Доставување извештај за реализација на воннаставните активности, на полугодие и крај на учебната година | Стручна служба | Директор, стручни соработници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Вонучилишни активности** | Доставување извештај за реализација на вонучилишните активности, на крај на учебната година | Тим за екскурзии | Директор, стручни соработници |
| **Натпревари за учениците** | Доставување извештај за учество на натпревар, во текот на учебната година | Наставниците кои учествуваат на натпревар, поединечно | Директор, стручни соработници |
| **Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција** | Извештај за реализирани активности во насока на развивање на мултикултурализмот и меѓуетничката интеграција | Училишен тим за МИО | Директор, стручни соработници |
| **Проекти кои се реализираат во училиштето** | Извештај за проекти кои се реализирани во училиштето, во текот на учебната година | Индивидуално (наставници) | Директор, стручни соработници, |
| **Поддршка на учениците** | Извештај, записници од постигањата на учениците, професионална ориентација и промоција на добросостојба во училиштето | Стручна служба | Директор |
| **Оценување** | Тимот за следење, и проверка на усогласеноста на оценувањето предвидените стандарди | Стручна служба<br>Сите наставници | Директор |
| **Безбедност и грижа за здравјето на учениците и вработените во училиштето** | Следење на безбедноста во училиштето и здравјето на учениците во текот на учебната година | Директор,<br>Стручна служба,<br>Наставници,<br>Техничка служба | Совет на родители,<br>Училишен одбор, пошироката јавност |
| **Училишна клима** | Следење на дисциплината во училиштето, естетското функционирање и односите меѓу сите структири, во текот на цела учебна година | Директор,<br>Стручна служба | Наставнички совет,<br>Совет на родители,<br>Училишен одбор |
| **Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар** | Следење на потребите на наставниците за професионален развој, преземени активности, личен план за | Тим за проф.развој<br>Стручна служба | Директор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | професионален развој, на почетокот и во текот на учебната година | Наставници | |
| **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | Следење на вклученоста на родителите/старателите во животот и работата на училиштето,<br><br>вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности и едукација на родителите/старателите со записници од средби, и реализирани активности во текот на учебната година | Стручна служба, Наставници | Директор |
| **Комуникација со јавноста и промоција на училиштето** | Следење на соработката со други основни училишта, медиуми, локална заедница, невладини организации и сл. Преку записници од состаноци и извештај од реализирани активности | Директор,<br><br>Наставници,<br><br>Стручни соработници | Родители,<br><br>Училишен одбор, пошироката јавност |
| | | | |

## 24. ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

За да се обезбеди увид во работата на училиштето и исполнување на краткорочните и долгорочните планови неопходен е процесот на евалуација.

Собирањето на докази поврзани со индикаторите или критериумите за успех се на ниво на помошна алатка со која ќе се изврши проценка на ефективноста на планирањата и на реализацијата на целокупната работа на училиштата, идентификација на областите за кои е потребно дополнително подобрување и дополнително оспособување на раководниот кадар за донесување на издржани одлуки за одржување на силните и надминување на слабите страни.

Колоната „Заклучоци и препораки" се пополнува по завршувањето на учебната година, врз основа на собраните докази и анализата на реализацијата.

| План за евалуација на Годишната програма за работа на училиштето | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржини** | **Индикатори за квалитет/критериуми за успех** | **Докази** | **Заклучоци Препораки** |
| **-Табела со општи податоци**<br><br>**-Податоци за условите за работа на основните училишта** | Услови за изведувањена настава според Нормативот,<br><br>Максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности,<br><br>Разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети,<br><br>Утврдување на потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Користење на ИКТ | -Мапа на основното училиште<br><br>Податоци за училиштниот простор | |
| **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | Број на вработени и соодветност на наставниоткадар<br><br>Ефективност и распоредување на кадарот<br><br>Стручната служба како поддршка на наставниот кадар | Податоци за: вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа, за раководните лица, за воспитувачите, за вработените административни работници, вработените помошно-технички лица,<br><br>Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар | |
| **Материјално-финансиско работење на основното училиште** | Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива зафинансиско работење | Годишната програма за работа,<br><br>Планотза развој на училиштето, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Непосредниот увид,<br><br>Записниците од просветната и санитарната инспекција,<br><br>Распоредот на часови; Полугодишниот и годишниот извештај,<br><br>Записниците од работата на стручните активи,<br><br>Интервјуа со наставниците | |
| **Мисија и визија** | Приспособувањена наставните програмина децата со посебни образовни потреби<br><br>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми,<br><br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето; | |
| **LESSONS LEARNED„– Веќе научено/стекнати искуства** | Истражување и споделување на позитивни и предизвик искуства од минатите учебни години кои би придонеле до поуспешна работа во тековната учебна година | Анкета-стручни соработници | |
| **Подрачја на промени, приоритети и цели** | Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br><br>Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br><br>Избор на наставни предмети | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми,<br><br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето,<br><br>Брошурите и интернет | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | страницата на училиштето Програмата за работа на ученичката заедница,<br><br>Записниците од претходните инспекциски увиди | |
| **Програми и организација на работата во основното училиште** | Применувани наставни планови и програми<br><br>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br><br>Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br><br>Избор на наставни предмети<br><br>Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насокиза операционализација на наставните планови и програми,<br><br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците,родителитеи учениците, Интервјуа со директорот,стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето, Поднесени барања, Брошурите и интернет | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | страницата на училиштето<br><br>Програмата за работа на ученичкиот парламент | |
| **Воннаставни активности** | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br><br>Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br><br>Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | Записници, извештаи, листи за присуство/учество, пофалници, благодарници и фотографии и сл. | |
| **Ученичко организирање и искуство** | Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки<br>Соработка со локалната заедница<br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор<br>Учество на натпревари<br>Избор на екскурзии, на изборни предмети сл. | Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности | |
| **Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција** | Познавање на правата на децата<br><br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br><br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | Анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и со учениците<br><br>Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности | |
| **Проекти што се реализираат во основните училишта** | Соработка на училиштето со родителите<br><br>Соработка со локалната заедница<br><br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Извештаи, фотографии, изветувања и сл. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Поддршка на учениците**<br><br>**Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација** | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>Превенција од насилство<br>Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>Квалитет на достапна храна<br>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование,<br>Грижа за учениците со емоционални потешкотии<br>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки | Годишната програма за работа на училиштето, Куќниот ред, Правилникот за организација и систематизација на работата и работните места, Записниците од органите на училиштето, надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата, Увидот во педагошката евиденција и документација, Увидот во училишниот простор | |
| **Оценување** | Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациони периоди и мерки за подобрување во редовната и дополнителната настава<br>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>Следење на постигањата на учениципри премин од еден водруг циклусиод едно до друго ниво на образование, следење на хоризонталнои вертикално движење на учениците | Извештаи од: Тим за следење, анализа и поддршка<br>Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар<br>Самоевалуација на училиштето | |
| **Безбедност во училиштето**<br><br>**Грижа за здравјето** | Реализација на превентивни програми и работилници,<br>Хигиена во училиштето и дворот,<br>Ангажирање на лице за обезбедување на просторото во и околу училиштето<br>Систематски прегледи<br>Вакцинирање | Извештаи од: работилници, Увиди во состојбата | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Едукација за здрава исхрана –оброк во училиштата<br>Училишна клима<br>Дисциплина<br>Естетско и функционално уредување на<br>во училиштето<br>Етички кодекси | | |
| **Односи меѓу сите структури во училиштето** | Углед/имиџ на училиштето<br>Кодекс на однесување<br>Училишна клима<br>Поведение и дисциплина во училиштето<br>Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Евиденција за:<br>Соработка на училиштето со родителите, со локалната заедница,<br>со деловната заедница и невладиниот сектор | |
| **Професионален и кариерен развој на вспитно-образовниот кадар** | Детектирање на потребите и приоритетите<br>Активности за професионален развој<br>Личен професионален развој<br>Хоризонтално учење<br>Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар | Анкетите/интервју атасо наставниците, родителите и со учениците,<br>Педагошката евиденција за изречени педагошки мерки,<br>Правилникот за оценување, напредувањето, полагањето испити, видовите пофалби, наградите и педагошките мерки за учениците,<br>Статутотна училиштето,<br>Куќниот ред на училиштето, пофалбите, наградите, признанијата и др | |
| **Соработка на основното училиште со родителите/старател ите** | Соработка на училиштето со родителите,<br>Вклучување на родителите во давањето предлози и донесувањето на одлуки,<br>Учество во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа (наставни, вонаставни) | Извештаи од родителски средби, советувања, заеднички активности, анкети од Самоевалуација, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Индивидуаплни и групни средби<br>Едукација на родителите/старателите | прашалници, фотографии и сл. | |
| **Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште** | Промовирање на личните постигања на учениците<br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Информирање и соработка со медиуми, владини и невладини организации и сл. | Годишен извештај за работа на училиштето<br>Изложените трудови на учениците<br>Паноата со пофалби, награди<br>Медиумското промовирање на постигањата на учениците<br>Интервјуата со наставниците и со стручните соработници, учениците, родителите | |
| **Следење на на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште** | Редовно евидентирање и увид во реализацијата на сите подрачјаи содржини предвидени со Програмата за работа на училиштето | Извештаи:<br>Полугодишен,<br>Годишен,<br>извештаи за реализирани активности | |
| **Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште** | Извештај за спроведена евалуација на Годишната програма | Евалуација и извештај од Комисија/тим за следење на реализацијата | |

## 25. ЗАКЛУЧОК

Комисијата за изработка на Годишната програма ги опфати сите подрачја наведени во правилникот за изготвување, според насоките дадени од Министерството за образвоание и наука.

Внесени се табелите за основни податоци за основното училиште, наставниот кадар и учениците, како и органите на управување, стручните органи и ученичкото организирање. Во неа содржи и податоци за условите за работа во училиштето, како и потребата од обновување и адаптација.

Наративно е опишано финансиското работење во училиштето. Мисијата и визијата со конкретни стратешки чекори кои ќе донесат развој на училиштето. Интегрирани се сите програми за организација на работата во училиштето, календар за организација, јазици кои ќе се изучуваат, задолжителна и изборна настава, дополнителна и додатна настава, како и работа со надарени и талентирани деца и деца со посебни потреби.

Покрај наставните активности наведени се сите воннаставни и вонучилишни активности кои ќе се реализираат во училиштето. Испланирани се и општинските, регионалните и државните натпревари. Во планот влегува и мултикултурализмот, како и сите други проекти кои се планираат во училиштето. На учениците се дава подршка во учењето и постигнување на резултатите, подршка во професионалната ориентација, како и следење на оценувањето. Се промовираат програми за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство и превенција од болести на зависност. Во училиштето ќе се води грижа за безбедноста на учениците и вработените, со одржување хигиена, редовни ситематски прегледи, следење на вакцинирањето и едукации за здрава храна.

Училиштето има програма за заштита и спасување од елементарни непогоди. Училишната клима и односите помеѓу учениците и вработените се на високо ниво, при што се води грижа за почитување на различностите. Наставниот кадар редовно професионално се усовршува и има план за потребите од професионален развој. Училиштето соработува со сите родители на учениците, преку индивидуални средби, родителски средби и преку советот на родители.

Редовно се соработува со јавноста, а промоција се врши преку веб-стараната и социјалните мрежи. Училиштето има план за следење на имплементацијата на годишната програма, со план за начинот на следење и одговорни лица за следење.

Во евалуацијата на годишната програма посебно ќе се обрне внимание на доказите, односно критериумите за успех, со формирање заклучоци и препораки. Доказите ќе се собираат преку прашалници, документи, записници, увиди и други инструменти.

При изготвувањето на годишната програма комисијата ги зеде предвид планираните, не/реалнизираните активности и содржини од годишната програма за работа од минатата учебна година, ги дополни и доусоврши стратегиите за нивна полесна имплементација во воспитно – образовната работа со што ќе се постигнат идеалите за целисходна работа на училиштето.

## 26. КОМИСИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

Изработка на Годишна програма за работа на основното училиште ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за учебната 2026/27 година:

- Трајанка Ризова - директор
- Анита Јованова-Петрова – училишен психолог
- Стојанче Саздов – специјален едукатор и рехабилитатор
- Анита Пешова –одделенски наставник,
- Жаклина Василевска Ѓорѓиева - одделенски наставник,
- Мирјана Јошева –предметен наставник,
- Александра Касапинова – предметен наставник
- ученички парламент – двајца претставници

## 27. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- Закон за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25)
- Концепција за деветгодишно образование
- Концепција за воннаставни активности во основното образование
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште
- Правилник за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта
-Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта
- Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта
- Самоевалуација од работата на училиштето
- Развојна програма на ООУ „Пере Тошев“ – Росоман
- Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2025/26 год.
- Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2025/26 год.

| ***Директор*** | | ***Претседател на УО*** |
|---|---|---|
| ____________________ | | ____________________ |
| Трајанка Ризова | М.П | ЗагоркаОрданова Златкова |

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА**

**ЗА РАБОТА НА**

**ООУ,,ПЕРЕ ТОШЕВ“- Росоман**

**Учебна 2026/27 година**

**Јули 2026 г.**

**ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

# Содржина


ПРИЛОГ 1. ГОДИШНИ ПРОГРАМИ НА ОРГАНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ........ 5

ПРИЛОГ 1.1 : ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ........ 5

ПРИЛОГ 1.2 ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ........16

ПРИЛОГ 1.3 ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА........23

ПРИЛОГ 1.4 Годишна програма за работа на специјален едукатор и рехабилитатор ........32

ПРИЛОГ 1.5 Годишна програма за работа на библиотекарот........34

ПРИЛОГ 1.6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА На Советот на родители на ниво на училиште за учебната 2026/2027 година при ООУ„Пере Тошев“ – Росоман........36

ПРИЛОГ 1.7 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА На Советот на родители на ниво на паралелка за учебната 2026/27 година при ООУ„Пере Тошев“ – Росоман........38

ПРИЛОГ 1.8 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА на Одделенскиот раководител за учебната 2026/27 година при ООУ„Пере Тошев“ Росоман ........38

ПРИЛОГ 1.9 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА на Училишен одбор при ООУ “Пере Тошев”-Росоман........39

ПРИЛОГ 1.10 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТ НА ОДДЕЛЕНСКИ / ПРЕДМЕТНИ СОВЕТИ........40

ПРИЛОГ 1.11 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ........40

ПРИЛОГ 1. 12 Програма за работа на стручните активи ........43

1.12.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИ ОД ЈАЗИЧНА ГРУПА ПРЕДМЕТИ ........43

1.12.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ОПШТЕСТВЕНА ГРУПА ПРЕДМЕТИ - ВЕШТИНИ........49

1.12.3 ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО........51

ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ 2026/2027 год........51

1.12.4 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИТЕ ПО МАТЕМАТИКА, ФИЗИКА И ИНФОРМАТИКА ........53

1.12.5 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИТЕ ОД ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ........56

1.12.6 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИТЕ БИОЛОГИЈА, ХЕМИЈА, ПРИРОДНИ НАУКИ, ГЕОГРАФИЈА И ИСТОРИЈА........59

Прилог 1.13 Програми за изведување секции/клубови во училиштето........64

1.13.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НОВИНАРСКАТА СЕКЦИЈА ........64

1.13.2 Програма за работа за ЛИТЕРАТУРНО – РЕЦИТАТОРСКА СЕКЦИЈА за учебната 2026/27 година........65

1.13.3 ПРОГРАМА ЗА ЛИТЕРАТУРНО РЕЦИТАТОРСКА СЕКЦИЈА........69

1.13.4 СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ - ДРАМСКА СЕКЦИЈА........70

1.13.5 Програма за Слободни ученички активности – Драмска секција ........70

1.13.6 ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА СЕКЦИЈА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК........72

1.13.7. СЕКЦИЈА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК........74
1.13.8. ПЛАН ЗА РАБОТА НА МАТЕМАТИЧКАТА СЕКЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2026/27ГОД........76
1.13.9 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СЕКЦИЈАТА „МЛАДИ БИОЛОЗИ - ЕКОЛОЗИ“........80
1.13.10 Програма за работа На Клубот на ЦРВЕНИОТ КРСТ во ООУ „Пере Тошев”- Росоман учебна 2026/27 год.........83
1.13.11 План и програма за работа на Информатичка секција во учебната 2026-2027 година........84
1.13.12 ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ ЗА СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ за учебната 2026/27 г.........86
1. 13.13 ПРОГРАМА ЗА секција по англиски јазик........89
ПРИЛОГ 2.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ........102
ПРИЛОГ 2.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПАРАЛЕЛКАТА........107
ПРИЛОГ 3 : РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ........108
ПРИЛОГ 4: ПРОГРАМИ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ........109
ПРИЛОГ 4.1 .ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА........110
ПРИЛОГ 4.2. ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА........111
ПРИЛОГ 5. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ........112
ПРИЛОГ 6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОТЕШКОТИИ........118
6.1 ПРОГРАМА НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ........120
6.2 Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии Учебна 2026/27 година........122
ПРИЛОГ 7. ПРОГРАМИ ЗА ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ........124
ПРИЛОГ 8........142
ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ........142
ПРИЛОГ 9. ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ ИНТЕРКУРТУЛАРИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА........144
ПРИЛОГ 10. ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ И ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ........149
ПРИЛОГ 11. ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ........150
ПРИЛОГ 12. ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ, ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ОД ЗЛОУПОРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА........153
12.1 ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ........153
ПРИЛОГ 13. ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ОЦЕНУВАЊЕТО........162
ПРИЛОГ 14. ПЛАН ЗА СТРУЧНИ ПОСЕТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР........163
ПРИЛОГ 15. ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО........164
ПРИЛОГ 16. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ........166
ПРИЛОГ 17. РАСПОРЕД НА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ........173
ПРИЛОГ 18. ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО........174

ПРИЛОГ 19. ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ (ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР) ....175
ПРИЛОГ 21. ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ ....181
Прилог 21.1 – Програма за советување на родители ....182
ПРИЛОГ 22. ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА СРЕДИНА И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА ....183
ПРИЛОГ 23. ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ....183
прилог 24. ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА ....186
ПРИЛОГ 25. ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО ....189
ПРИЛОГ 26. Програма на Еко одбор ....191
26.1 Вовед ....191
26.2. Правна и програмска основа ....192
26.3. Што е еко-училиште ....192
26.4. Еко-одбор – состав и надлежности ....193
26.4.1 Состав ....193
26.4.2 Надлежности на координаторот ....193
26.4.3 Задачи на Еко-одборот ....193
26.5. Еко-патрола ....193
26.6. Цели на Програмата ....194
26.7. План на активности за учебната 2026/2027 година ....194
Табела 1: План на активности ....195
26.8. Финансирање и ресурси ....198
26.9. Следење, евалуација и известување ....198
26.10. Еколошки календар на значајни датуми (учебна 2026/2027) ....198
Прилог 26.1 – Формулар за членови на Еко-одбор ....199
Податоци за училиштето ....199
Членови на Еко-одбор ....199
Прилог 26.2 – Дневник за работа на Еко-патролата ....201
Еко-патрола 1 (прв кат) ....201
Еко-патрола 2 (втор кат) ....201
Еко-патрола 3 (училишен двор) ....201
Прилог 26.3 – Извештај за реализирана еко-акција ....202
ПРИЛОГ 27. ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 Г. ....202
ПРИЛОГ 28. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ....204
ПРИЛОГ 29. ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ....208

# ПРИЛОГ 1. ГОДИШНИ ПРОГРАМИ НА ОРГАНИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

## ПРИЛОГ 1.1 : ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

**Директор: Трајанка Ризова**

Директорот во училиштето гради култура на доверба и взаемно почитување на вработените, учениците и родителите.Се грижи за потребите на другите и работи на тоа училиштето да биде средина во која сите добро ќе се чуствуваат. Секогаш се труди работата во училиштето да ја организира така што сите ученици да се чуствуваат добредојдени. Настојува кон визијата за современа настава и учење на 21 век.

Директорот секогаш е посветен да работи во интерес на учениците и во прв план го става нивното учење и благосостојба.Секогаш верува дека училиштето може да придонесе максимално да се развијат потенцијалите на учениците.и посветено работи за постигнување на таа цел.Верува дека учениците сакаат да учат и дека учениците кои се заинтересирани,мотивирани, сигурни во себе,прифатени од вработените во училиштето и од соучениците може да постигнат високи резултати.

Директорот секогаш настојува да се почитува Конвенцијата за права на децата и за недискриминација, како и принципите на социјална правда.

Директорот кон сите се однесува пријателски, но истовремено ја држи потребната професионална дистанца. Секогаш се води од начелото за одговорно работење. Практикува транспарентност и интегритет во работењето.

Сложените функции што ги извршува директорот се одразени во структурата на овој документ. Директорот на училиштето треба да поседува и да се води од професионалните принципи и вредности, како и да поседува знаења и вештини кои се манифестираат низ сите аспекти од неговото работење.

Годишната програма за работа на директорот се темели на пет подрачја и подподрачја и тоа:

***1.ВОДСТВО***

***2.РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ***

***3.ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО***

***4.ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ***

***5.ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО***

**Подрачје 1: ВОДСТВО**

| Подподрачје | Активности |
|---|---|
| ***1.1.СТРАТЕШКО ВОДСТВО*** | -Дефинирање на визија на училиштето која ќе е позната и прифатена од сите<br>-Вклучување на вработените во спроведување на визијата на училиштето<br>-Изготвување оперативни планови за операционализирање на визијата<br>-Соработка со наставниот кадар и стручната служба за операционализирање на визијата<br>-Следење на реализацијата на мисијата на училиштето<br>-Работа со вработените за прифаќање на вредностите кои се поставени со визијата |

| | |
|---|---|
| | -Примена на разни стилови на водство во работата во зависност од ситуацијата која се пројавува како проблем за решавање<br>-Изработка на соодветни процедури за водење на училиштето<br>-Идентификување на лидери од вработените и вложување во нивниот развој<br>-Формирање тимови за унапредување на ВОР<br>-Обезбедување ресурси за потребите на тимовите или вработените<br>-Јакнење на авторитетот на лидерите и тимовите и нивна поддршка<br>-Соработка со сите стручни органи и тела во училиштето |
| ***1.2.УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА*** | -Подршка на наставниците и стручните соработници за постигнување на резултати во нивната работа<br>-Активности за мотивирање на вработените<br>-Обезбедување позитивна клима во колективот<br>-Применување респект и почит кон сите вработени<br>-Обезбедување безбедна средина за учениците<br>-Изнаоѓање механизми за прифаќање на сите ученици во наставниот процес<br>-Обезбедување услови за работа на децата со ПОП<br>-Соработка со вработените,учениците и родителите при промовирање на постигањата на училиштето<br>-Примена на процедури на транспарентност и одговорност во училиштето<br>-Барање на достижни очекувања од вработените и учениците<br>-Соработка со сите структури во училиштето по хоризонтала и<br>вертикала<br>-Примена на принципот на ОТВОРЕНА ВРАТА за соработка со наставниците,родителите и локалната заедница<br>-Подршка на програмите на ученичките организации,СУА<br>-Примена на кодексите во училиштето и почитување на куќниот ред<br>-Подршка на вработените,учениците и родителите при почитувањето<br>на кодексите на однесување и етичките принципи и вредности<br>-Обезбедување услови за инклузија,мултикултурализам,меѓуетничка интеграција,екологија<br>-Следење на взаемните односи во колективот<br>-Преземање мерки за подобрување на училишната клима и култура<br>-Собирање информации за ранливата категорија ученици за нивно прифаќање и помош<br>-Поттикнување на учениците,вработените и родителите да се грижат |

| | |
|---|---|
| | за имиџот на училиштето |
| ***1.3.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЗАЕДНИЦА*** | -Планирање на активности меѓу училиштето и локалната заедница (посети,воннаставни активности и др.)<br><br>-Информирање на заедницата за потребите на училиштето<br><br>-Соработка со локалната заедница во кризни ситуации<br><br>-Формирање тела за решавање актуелни прашања заедно со родителите и заедницата<br><br>-Активности за промовирање интеркултурно образование<br><br>-Презентирање на работата на училиштето во локалната средина<br><br>-Организирање и реализирање хуманитарни и културни активностио<br><br>во локалната средина<br><br>-Соработка со релевантни институции во локалната средина<br><br>-Соработка со граѓанскиот сектор за вклучување во одредени проекти<br><br>-Соработка со невладини организации за подршка на младите<br><br>-Соработка со МОН,БРО,ДИЦ,ДПИ и др.<br><br>-Соработка со воспитно-образовни институции во и надвор од Државата<br><br>-Соработка со сите основни и средни училишта во градот и пошироко<br><br>-Изнаоѓање механизми за успешна соработка со семејствата на учениците<br><br>-Соработка со Советот на родители на училиштето<br><br>-Прибирање повратни информации од семејствата во насока на подобрување на квалитетот на наставата<br><br>-Вклучување на родителите во животот и работата на училиштето |
| ***Цели на подрачјето*** | *-Стратешко размислување и градење на визијата за развој на училиштето врз основа на најдобрите национални и светски практики,*<br><br>*-Применување соодветни стилови на водење на училиштето,*<br><br>*-Обезбедување соработка со органите и телата во училиштето,*<br><br>*-Усогласување со развојните приоритети на училиштето,*<br><br>*-Негување и стимулирање позитивни етички вредности кај вработените и учениците,*<br><br>*-Создавање безбедна и стимулативна атмосфера во работењето*<br><br>*на училиштето*<br><br>*-Промовирање на училиштето во локалната средина и пошироко*<br><br>*-Воспоставување мрежа за соработка со локалната заедница и градење партнерство*<br><br>*-Градење партнерство со семејствата на учениците* |
| | *Помошник директор,ППС,Претседател на СР,одделенски раководители,наставници,претседател на УО,* |

| | |
|---|---|
| ***Соработници*** | *Родители,претставници на здруженија и др.* |
| ***Форми,методи на работа*** | *Состаноци,инструкции,презентации,разговори,напатствија* |
| ***Време на реализација*** | *Континуирано* |
| ***Очекувани ефекти*** | *Воспоставена организациона култура,воспоставени етички кодекси,позитивна училишна клима,воспоставена поттикнувачка атмосфера,зајакната соработка со јавниот,деловниот и*<br><br>*граѓанскиот сектор,вклученост на семејството во работата на училиштето* |

***Подрачје 2.РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ***

| **Подподрачје** | **Активности** |
|---|---|
| **2.1.КОМУНИКАЦИЈА И**<br><br>**ОДНОСИ СО СО ЈАВНОСТА** | -Формирање тимови за односи со јавноста<br><br>-Континуирана комуникација со вработените<br><br>-Почитување на ставовите и интересите на вработените<br><br>-Примена на разни видови приоди на формална и неформална комуникација<br><br>-Користење позитивен пример за вработените<br><br>-Користење повратна информација за вработените<br><br>-Решавање на недоразбирања со приспособување на начинот на комуникација<br><br>-Планирање на состаноци во училиштето<br><br>-Навремено информирање на вработените за состаноците<br><br>-Почитување на мислењата на другите при планирање на состаноците<br><br>Конструктивно водење на состаноците и дискусиите<br><br>-Донесување заклучоци од дискусиите<br><br>-Поставување стратегија за одржување на угледот на училиштето<br><br>-Мотивирање на вработените во активности за промовирање на училиштето<br><br>-Изготвување план и програма за јавна и културна работа во училиштето |
| ***2.2.УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ*** | -Менаџирање ма меѓучовечките односи<br><br>-Разрешување конфликти во колективот преку примена на методи и техники за преговарање и посредување<br><br>-Распределба на работни задачи и ангажмани<br><br>-Мотивирање на вработените дополнително да се ангажираат во работата<br><br>-Организирање на ВОР земајки ги во предвид потребите на вработените<br><br>-Изготвување процедури за признанија на вработените и учениците |

| | |
|---|---|
| | -Следење на продуктивноста на вработените (професионално досие,<br><br>педагошки картон<br><br>-Вклучување на вработените во донесување одлуки од делокругот на ВОР |
| ***2.3.ПРОФЕСИОНАЛЕН И***<br><br>***КАРИЕРЕН РАЗВОЈ*** | -Изготвување извештај за сопственото работење<br><br>-Изготвување сопствен личен план за професионален развој<br><br>-Следење на стручна литература,форуми,веб страни,социјални мрежи и друг вид на стручно сопствено усовршување<br><br>-Примена на новините и промените во системот на образование<br><br>-Учество на разни семинари,конгреси,конференции и сл.<br><br>-Обезбедување услови за интерно стручно усовршување на наставниците преку работилници,предавања и сл.<br><br>-Правично распределување на потребните ресурси на вработените<br><br>-Менаџирање на активностите предвидени со училишниот план за професионален развој<br><br>-Создавање услови за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници<br><br>-Идентификување на приоритетите на училиштето<br><br>-Изготвување инструменри за евалвација на работењето на училиштето<br><br>-Учество во проекти,посети и размена на искуства со други институции во градот,државата и надвор од неа |
| ***2.4 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР,***<br><br>***РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ*** | -Навремено планирање на потребниот наставен кадар и други вработени<br><br>-Интервјуирање на кандидатите за вработување<br><br>-Избор на квалитетен и компетентен стручен кадар<br><br>-Назначување ментори на приправниците<br><br>-Следење на работата на приправникот<br><br>-Ангажирање на вработените во вонаставните  активности<br><br>-Изготвување на распрделба на часови по одделенија и предмети,одделенски раководства,одговорни на стручни активи и организации во училиштето<br><br>-Користење механизми за наградување на индивидуалните достигнувања на наставниците и учениците<br><br>-Следење на работата на наставниците,посета на часови,додатна,дополнителна,СУА,распределенија и др.<br><br>-Подршка на наставниците и стручните соработници во нивната работа |
| ***Цели на подрачјето*** | *-Активно слушање и примање идеи и информации од другите* |

| | |
|---|---|
| | *-Успешна комуникација во училиштето и одржување позитивни и коректни односи*<br>*-Успешно комуницирање во комплексни ситуации*<br>*-Ефикасно водење состаноци*<br>*-Градење на угледот на училиштето*<br>*-Донесување правилни одлуки*<br>*-Почитување на организациските вредности*<br>*-Излегување во пресрет на потребите на вработените*<br>*-Мотивирање на вработените за успех во работата и нивно признание за успехот*<br>*-Грижа за професионалниот развој на наставниците и*<br>*стручните соработници*<br>*-Следење и вреднување на работата на наставниците*<br>*-Унапредување на ВОР*<br>*-Делегирање на одговорности и раководење со вработените*<br>*-Правичност во распределбата на работните ангажмани* |
| ***Соработници*** | *Наставници,технички персонал,административен персонал, помошник директор,ППС,* |
| ***Форми,методи на работа*** | *Состаноци,инструкции,разговори,дебати,презентации,пишани материјали,евиденција* |
| ***Време на реализација*** | *Континуирано* |
| ***Очекувани ефекти*** | *Мотивирани вработени за работа,успешно превенирани конфликтни ситуации,успешност во работата,*<br>*Стручно оспособени наставници,* |

***Подрачје 3.ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО***

| **Подподрачје** | **Активности** |
|---|---|
| ***3.1.ПЛАНИРАЊЕ*** | -Планирање на сите активности во училиштето<br>-Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето<br>-Учество во изготвувањето на програма за МИО<br>-Изготвување на Годишен извештај за работата на училиштето<br>-Изготвување на програма за Наставнички совет |

| | |
|---|---|
| | -Изготвување на програми за изведување на екскурзии<br>-Учествива во изготвување самоевалуација и развоен план на училиштето<br>-Формирање тимови за изготвување на самоевалуација и<br>развоен план<br>-Изготвување сопствени оперативни планови<br>-Следење на распределенијата на наставниците (краткорочни, среднорочни, долгорочни, тематски, процесни и сл.)<br>-Презентирање на Годишната програма,извештаите, развојниот план пред органите и телата во училиштето<br>-Активности околу иновирање во наставата |
| ***3.2.ПОДРШКА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО*** | -Организирање на наставата и проширената програма<br>-Подршка на наставниците при нивното планирање на наставата<br>-Следење на наставата и предлози за подобрување<br>-Обезбедување услови за реализација на проекти кои се<br>спроведуваат во училиштето<br>-Изготвување инструменти за следење на наставата |
| ***3.3.ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ***<br>***(евалуација, самоевалуација и Развој)*** | -Следење на организацијата и квалитетот на наставата, распоредот<br>на часови,<br>-Следење на реализацијата на плановите и програмите<br>-Изработка на инструменти за следење на работата на наставниците и стручните соработници<br>-Подршка на наставниците за постигнување подобри резултати во наставата<br>-Анализа на постигнувањата на учениците по класификациони периоди<br>-Промовирање на постигањата на учениците<br>--Подршка на наставниците за примена на стандардите при оценување на учениците<br>-Советодавно-инструктивни разговори со наставници,родители и ученици<br>-Соработка со други училишта со цел размена на позитивни добри практики<br>-Набавување на потребни методско-дидактички средства,работни материјали и др. |
| ***3.4.СОЗДАВАЊЕ ЗДРАВА,*** | -Справување со вонредни ситуации |

| | |
|---|---|
| ***БЕЗБЕДНА И ДЕМОКРАТСКА***<br><br>***СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ***<br><br>***НА УЧЕНИКОТ*** | -Следење на почитувањето на куќниот ред во училиштето од сите чинители<br><br>-Обезбедување услови за бесбедна и чиста физичка средина<br><br>-Обезбедување услови за заштита на учениците од насилство и злоупотреба<br><br>-Пријавување на секакво насилство врз учениците до надлежни институции<br><br>-Формирање инклузивен тим<br><br>-Грижа за учениците од ранливата група и деца со ПОП<br><br>Следење на реализацијата на додатната и дополнителната настава<br><br>Подршка на наставниците во изготвувањето на ИОП<br><br>-Обезбедување услови за вклученост на учениците од разните етникуми во во наставните и воннаставните активности<br><br>-Подршка на активностите на Детската организација и ПЦК |
| ***Цели на подрачјето*** | *-Стратешки развој на училиштето*<br><br>*-Добро поставени мисија и визија врз база на самоевалуацијата и развојниот план*<br><br>*-Планирање и програмирање на ВОР*<br><br>*-Следење на сите планирања во училиштето*<br><br>*-Обезбедување услови за реализација на современа настава*<br><br>*-Унапредување на наставата и воннаставните активности*<br><br>*-Подржување на наставниците во сите сегменти од ВОР*<br><br>*-Следење на наставата*<br><br>*-Вреднување на работата на наставниците*<br><br>*-Развивање политика на училишно оценување*<br><br>*-Советодаво-инструктивна работа со наставниците,учениците*<br><br>*и родителите,* |
| ***Соработници*** | *Наставници.ППС,помошник директор,одделенски раководители,родители,СР,* |
| ***Форми,методи на работа*** | *Состаноци,планови и програми,евидентни листи,разговори,напатствија,инструкции,презентации* |
| ***Време на реализација*** | *Континуирано* |
| ***Очекувани ефекти*** | |

| | |
|---|---|
| 28. | Прослава на Велигден во светот | 4 недела април |
| 29. | Омилени оброци – рецепти | 5 недела април |
| 30. | Британското кралско семејство | 2 недела мај |
| 31/32. | На одмор во... – 2 часа | 3 недела мај |
| 33/34. | Ова сум јас – 2 часа | 4 недела мај |
| 35/36. | Мојата прва љубов – 2 часа | 5 недела мај |

Поради специфичноста на секцијата оставена е можност за флексибилна програма (додавање и менување на одделни содржини). Дел од содржините ќе бидат одржани во повеќе часови.

**Очекувани резултати:**

- да се прошират знаењата од областа на англискиот јазик;
- да се применат стекнатите знаења за англискиот јазик;
- со ентузијазам и енергија да учествуваат во натпревари;

**Забелешка:** Подготовката на планирањето е извршена без Календар за претстоечката учебна година, па следствено можни се отстапувања поради одбележување на државни и верски празници или потребите на училиштето / наставникот.

Наставникот го задржува правото да направи измени во планирањето доколку смета дека има потреба, со цел непречено и ефективно одвивање на наставата.

Секцијата по англиски јазик ќе се реализира доколку има поголема заинтересираност кај учениците за посета на истата.

Изработил:

Александра Касапинова

наставник по англиски јазик

## 1.13.8. ПЛАН ЗА РАБОТА НА МАТЕМАТИЧКАТА СЕКЦИЈА ЗА УЧЕБНАТА 2026/27ГОД

**Општи цели**: Учениците да ги прошират знаењата од математиката -Да ја развиваат својата логика -Да истражуваат

**Конкретни цели**: Изработки од учениците на нагледни средства од рециклиран материјал - Легенда за настанокот на шахот натпревар во шах -Изработка на математички крстоброеви - Натпревар во играње судоку

**Термин**: 1 час

**Време траење**: 36 часа

**Име и презиме на наставник одговорен за конкретната секција/клуб:**

Линкови, - Стручна литература

**Надворешни соработници:** Родители; Професори по математика - Веле мајстори во шах

**Број на ученици**: 10-15

**Паралелка** 6 и 8 одд

– Математика?? Што?? и Зошто?? --------------септември
– Математика на временска оска (2000 п.н.е – 2000н.е) ------септември
– Математика на временска оска (2000 п.н.е – 2000н.е) -----септември
– Математика на временска оска (2000 п.н.е – 2000н.е) ----септември
– Познати математичари Архимед живот и дело ------октомври
– Изработка на презентација за Архимед- ---------октомври
– Познати откритија на Архимед ---------октомври
– Евклид животот и делата ---------октомври
– Изработка на презентација за Евклид ---------ноември
– Разгледување на откритија од Евклид ---------ноември
– Питагора животот и дело --------ноември
– Изработка на презентација за Питагора --------- ноември

- Задачи поврзани со откриријата на Питагора -----------декември
- Блез Паскал животот и делата --------декември
- Животот и делата --------декември
- Познати откритија на Паскал --------декември
- Исак Њутн животот и делата -------јануари
- Изработка на презентација за Њутн ---------------------јануари
- Познати откритија на Њутн -------февруари
- Рене Декарт Животот и делата ------февруари
- Изработка на презентација за Декарт ------февруари
- Задачи поврзани со откритија на Декарт ------- февруари
- Изработки од учениците нагледни средства од рециклиран материјал ---------март
- Легенда за настанокот на шахот. ------март
- Натпревар во шах --------март
- Натпревар во шах --------март
- Натпревар во играње судуку --------април
- Полиндроми ( Што е полиндром?) ------април
- Изработка на полиндром -------април
- Математички игри -------април
- Математички игри -------мај
- Математички игри ---------мај
- Решавања крстозбори и ребуси ---------мај
- Решавања крстозбори и ребуси --------мај
- Изработка на крстозбори ---------јуни
- Решавање на крстозбори изработени од учениците --јуни

**Час бр. 1**

Математика?? Што?? и Зошто?/

Цел: Запознавање на учениците со Математиката како Кралица на науките

Исходи:Учениците го сватија значењето на математиката како наука

Активност

Учениците имаат за задача да приберат информации од Интернет за науката Математика, ги презентираат откритијата а потоа наставникот чита извадок поврзан со математика од Владимир Девиде

**Час бр., 2,3 и 4**

Математик на временската оска 2000 п.н.е.-2000н.е.

Цел на часот: Да се видат откритијата на математиката поврзани по години п.н.е и по н.е.

Исходи:Учениците се запознаа с откритијата на математиката поврзани по години п.н.е и по н.е.о

Активности: Пребарување по интернет, енциклопедии и книги. Изработка на презентации Презентирање на изработките

**Час бр. 5,6 и 7**

Познати математичари Архимед

Цел: Запознавање на учениците со познатите математичари Архимед

Исходи: Учениците се запознаа со делата на Архимед

Активности: Пребарување по интернет, енциклопедии и книги за Архимед. Изработка на презентации за Архимед. Решавање задачи поврзани со Архимед

**Час бр. 8,9 и 10**

Познати математичари   Евклид

Цел:  Запознавање на учениците со животот и откриријата на Евклид

Исходи:Учениците се запознаа со делата на Евклид

Активности:Пребарување по интернет, енциклопедии и книги за  Евклид. Изработка на презентации за Евклид. Решавање задачи поврзани со Евклид

**Час бр.11,12,и13**

Познати математичари   Питагора

Цел:  Запознавање на учениците со животот и откриријата на Питагора

Исходи:Учениците се запознаа со делата на Питагора

Активности:Пребарување по интернет, енциклопедии и книги за  Питагора. Изработка на презентации за Питагора. Решавање задачи поврзани со Питагора

**час бр.14,15 и 16**

Познати математичари   Блез Паскал

Цел:  Запознавање на учениците со животот и откриријата на Паскал

Исходи:Учениците се запознаа со делата на Паскал

Активности:Пребарување по интернет, енциклопедии и книги за  Паскал. Изработка на презентации за Паскал. Решавање задачи поврзани со Паскал

**час бр  17,18 и 19**

Познати математичари   Исак Њутн

Цел:  Запознавање на учениците со животот и откриријата на Њутн

Исходи: Учениците се запознаа со делата на Њутн

Активности:Пребарување по интернет, енциклопедии и книги за  Њутн. Изработка на презентации за Њутн. Решавање задачи поврзани со Њутн.

**Час бр 20, 21 и 22**

Познати математичари   Рене Декарт

Цел:  Запознавање на учениците со животот и откриријата на декарт

Исходи:Учениците се запознаа со делата на Рене Декарт

Активности:Пребарување по интернет, енциклопедии и книги за  Декарт. Изработка на презентации за Декарт. Решавање задачи поврзани со Декарт

**час бр 23**

Мудрости од  антички времиња

Цел: Учениците да се запознаат со мудрите изреки на нашите предци кои и ден денес  се популарни

Исходи: Учениците се запознаа со мудрите изреки на нашите предци

Активности: .Пребарување по интернет, енциклопедии и книги за мудрите изреки на нашите предци. Изработка на презентација за мудри изреки

**час бр 24**

Изработки од учениците нагледни средства од рециклиран материјал

Цел: Учениците да изработуваат предмети од рециклирани материјали

Исходи:Учениците изработија нагледни средства од рециклиран материјал

Активности: Изработување на предмети

**Час бр 25**

Легенда за настанокот на шахот

Цел:Да се запознаат како настанал шахот

Исходи:Учениците се запознаа со прикаската за постанокот на шахот

Активности:Истражување на интернет приказната за настанување на шахот

**Час бр 26**

Играње шах

Цел:Да се научат да играт шах

Исходи:Учениците научија да играат шах

Активности:Играње шах

**Час бр 27**

Играње шах

Цел:Да се научат да играт шах

Исходи:Развивање на натпреварувачки дух кај учениците

Активности:Играње шах

**Час бр 28**

Натпревар во играње судуку

Цел:Да научат да играт судудку

Исходи:Развивање на натпреварувачки дух кај учениците

Активност:Играње судуку

**час бр 29**

Полиндроми

Цел: Учениците да се запознаат со поимот полиндром

Исходи:Учениците се запознаа со поимот полиндром и запишаа неколку полиндроми

Активности: Пребарување по интернет за полиндроми, разгледување на полиндроми. Изработка на полиндроми

**час бр: 30,31,32**

Математичка игра: Погодување замислен број

Цел: Решавање на математики задачи преку игра

Исходи:Учениците стекнуваат знаења преку игра

Активност: Решавање задачи преку игра

**час бр 33,34**

Решавања крстозбори и ребуси

Цел: Запознавање на учениците со математички крстозбори и ребуси

Исходи:Учениците стекнуваат знаења преку игра

Активнсост: Изработка на крстозбори и нивно решавање. Решавање на ребуси

**час бр  35**

Решавања крстозбори изработени од учениците

Цел: Учениците сами да изработат крстозбор и со меѓусебна замена да си ги решат крстозборите

Исходи:Учениците стекнуваат знаења преку игра

Активнсост: Изработка на крстозбори и нивно решавање. Решавање на ребуси

**Час бр 36**

Одговарање на загатки поврзани со математички поими

Цел: Да се натераат учениците да размислуваат на математичките поими, сами да составуваат загатки и да ги решаваа

Исходи:Учениците стекнуваат знаења преку игра

Активности:Учениците сами смислуваат загатки со математички поими и ги решаваат меѓусебно.

Ресурси: Училница со компјутери, Хамери, фломастери, ножици, енциклопедиии, шахови, списанија.

Одговорни наставници: Малинка Пеливанова

## 1.13.9 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СЕКЦИЈАТА „МЛАДИ БИОЛОЗИ - ЕКОЛОЗИ“

**Учебна  год:  2026/2027**

**Наставник: *Јана Шепендиева***

**Учесници: Ученици од VI до IX**

**Подрачија, содржина и активност: Секцијата е од подрачјето на Биологија**

**Цели на програмата:** *Ученикот/ученичката да:*

-се оспособи за изведување на вежби и  практична работа;

-да се стекне со вештини за правилна примена на микроскопот и  приборот за работа;

-дава свое мислење и критички осврт на сработеното;

-се поттикне кон истражување и активно да учествува во истражувачки проекти;

-се оспособи да идентификува проблем /од одредена област и за истиот да умее да направи план за истражување;

-да се оспособи да ги сумира ,анализира и презентира податоците од истражувањето;

-ги примени стекнатите знаења во секојдневниот живот.

| Ред.бр. | Планирани активности - Наставни содржини | Период на реализација |
| --- | --- | --- |

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Формирање на секцијата, запознавање на учениците со целите и програмата за работа на секцијата во учебната 2026/2027година. | IX |
| 2 | Запознавање со микроскоп и ракување со микроскоп. | IX |
| 3 | Организација на активности со учениците од секцијата за реализација на Програмата за еколошка едукација во македонскиот образовен систем по одбраните точки за акција од понудените Еко-стандарди. | IX |
| 4 | Истражување растителна клетка – лушпа од Alium сера, лимон и калинка. | X |
| 5 | Истражување животинска клетка (епител од кожа на прст). | X |
| 6 | Осврт кон еко-активностите од Планот на активности. | X |
| 7 | Уредување на еколошки ѕидни весници. | X |
| 8 | Расејување на семе. | XI |
| 9 | Функција дигестивниот систем. | XI |
| 10 | Прошетка (излет) во училишниот двор - следење на сезонските промени на природата и застапеност на флора и фауна. | XI |
| 11 | Нервен систем - мозок. | XII |
| 12 | Спроводници и изолатори. | XII |
| 13 | Рециклирање хартија. | XII |
| 14 | Еко-патрола во училишната зграда. | XII |
| 15 | Презентација заштита на животната средина. | I |
| 16 | Дисекција/модел на срце од цицач. | I |
| 17 | Размена на гасовите во белите дробови. | II |
| 18 | Улогата на ензимите во варењето на храната. | II |
| 19 | Состав и функции на крвта. | II |

| | | |
|---|---|---|
| 20 | Пушење и болести - со ученици. | II |
| 21 | Фотосинтеза. | III |
| 22 | Видови на варијација. | III |
| 23 | Подигнување на еколошката свест кај учениците:изработка на еко-пораки,состави,цртежи на тема „Да ја заштитиме природата“. | III |
| 24 | Еко-акција во училишниот двор. | III |
| 25 | Класифицирање на р’бетниците. | IV |
| 26 | Класификација на без р’бетниците | IV |
| 27 | Синџири на исхрана. | IV |
| 28 | Посета на Природно- научен музеј и Зоолошката градина во Скопје. (во согласност со можностите и законите). | IV |
| 29 | Набљудување на растенија и учење за нивната класификација. | V |
| 30 | Наследување на особини. | V |
| 31 | Обновливи и необновливи извори на енергија. | V |
| 32 | Истражување за фосили. | V |
| 33 | Истражување за животот и работата на Чарлс Дарвин. | VI |
| 34 | Дискусија на тема: Здрава и чиста животна средина. | VI |

***Забелешка**:*

Содржините за часот може да се менуваат како резултат на проценка на наставникот за степенот на усвоени знаења и потребите на учениците за доучување на наставните содржини.

Бројот на часови и содржините може да бидат променети во зависност од потребите на учениците.

**Време и динамика на реализација:** во период од 01. Септември до 10 Јуни.

**Просторија:** кабинет по биологија

**Опрема и ресурси: компјутери, микроскоп и прибор за дисекција.**

*Предметен наставник: Јана Шепендиева*

## 1.13.10 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КЛУБОТ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ ВО ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ”-РОСОМАН УЧЕБНА 2026/27 ГОД.

Тргнувајќи од целта на програмата Млади- Подигање на свеста кај младите луѓе за хуманитарна активност, социјална одговорност како и нивното регрутирање во редовите на организацијата, преку младите на Црвен крст ќе бидат реализирани низа активности.

Хуманоста, поддршката кон различни целни групи и креативноста на младите ќе резултираат и со изготвување на посебна програма креирана токму од нив самите.Поддршката кон традиционалните (календарски) активности и програмата на клубот на млади ќе резултираат со:

- Будење на хуманоста и помош за ранливо население
- Стекнување на здрави животни навики, градење на самосвесни млади личност, пренесување на стекнатато знаење преку неформална едукација

- Надминување на предрасудите и дискриминација
- Едукација и дружење

**Активности:**

Младите и оваа година ќе реализира низа едукации, активности на терен и собирни акции со цел да допреме до што поголема целна група, да се опфтат што повеќе теми од интерес и да бидеме поблиску до лицата на кои помошта и поддршката им се неоходни.

**Во оваа насока планирани се:**

| Ред.бр. | АКТИВНОСТИ | Време/Месец на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Усвојување на програмата и избор на председател , секретар и благајник | СЕПТЕМВРИ |
| 2. | **Светски ден на Прва помош** (прва половина на месец Септември) -организација на едукации по Прва помош во училиштата и тоа прва помош за ученици и обука за Прва помош за наставниот кадар во случај на незгода во училиштето и правилно и навремено санирање на истата; | СЕПТЕМВРИ |
| 3. | **Кој е Анри Динан –** презентација и краток филм | |
| 4. | **Недела на солидарност и Кампања за борба против гладта**- истражување на потребите на заедницата (ранливи семејства), мобилизирање на локалната заедница, организација на собирни акции , јавни настани, делење флаери, сортирање и дистрибуција на собраната помош до крајните корисници | ОКТОМВРИ |
| 5. | Одбележување на“ Недела против шеќерната болест” (во соработка со Центар за јавно здравје) | НОЕМВРИ |
| 6. | **Недела на борба против зависности** (23-28 Ноември) – едукации во училиштата од страна на обучени врснички едукатори, подготовка и дистрибуција на флаери/едукативни материјали. | НОЕМВРИ |
| 7. | Одбележување на 1-ви Декември-ден за борба против СИДА – одржување на пригодни предавања , видео презентации и трибини. | ДЕКЕМВРИ |
| 8. | Одбележување на “Ден на хендикепираните лица” – 3-ти Декември- предавање од страна на наставниците од посебните паралелки. | ДЕКЕМВРИ |
| 9. | **Едукации на тема превенција од трговија со луѓе** (работилници во сите училишта). Дистрибуција на промотивни материјали | ФЕВРУАРИ |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Недела за борба против туберкулозата | ФЕВРУАРИ |
| 11. | ПХВ проекти – обука на ученици и реализација на ПХВ проекти | МАРТ |
| 12. | Подигање на свеста на граѓаните, посебно на младите и лицата со посебни потреби, општо за катастрофите,последиците од нив, нивна заштита и самозаштита.<br><br>-Крводарителство | МАРТ |
| 13. | 7 Април – Светски ден на здравјето<br><br>презентација, посета на стручно лице | АПРИЛ |
| 14. | Натпревари по прва помош за подмладокот на Црвен крст. | АПРИЛ |
| 15. | Евалуација, подготовка на завршен извештај | МАЈ |

**Одговорен наставник:**

Јана Шепендиева

Весна Окардова

## 1.13.11 ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ИНФОРМАТИЧКА СЕКЦИЈА ВО УЧЕБНАТА 2026-2027 ГОДИНА

Назив на секција: Информатичка секција

(секција за проширување/продлабочување на содржините од наставниот предмет информатика)

Одговорен наставник: Анита Колева - наставник по информатика

Одделение и вкупен број на ученици: 15-20 ученици од VI, VII и VIII одделение

Секцијата по информатика ја посетуваат најмногу ученици од VI, VII и VIII одделение, ученици кои самостојно појавиле интерес да доаѓаат на секција по информатика.

Тема/подрачја(со носечки содржини и активности):

| Ред.бр. | Планирани активности: Наставни содржини | Период на реализација |
|---|---|---|
| 1 | - Формирање на секцијата<br><br>- Запознавање со програмата за работа | X |
| 2, 3 | -Изработка на речник од информатички зборови | X |
| 4,5 | - Изработка на табели со кратенки од тастатурата | XI |
| 6,7 | - Запознавање со програмата M.Office Publisher | XI |

| | | |
|---|---|---|
| | -Креирање на брошура | |
| 8 | - Креирање на новогодишни и божиќни честитки | XII |
| 9,10 | Креирање мултимедијални презентации –асоцијации на тема по избор на учениците | XII |
| 11, 12 | (Активности по повод недела на информатиката)<br><br>-Ден на побезбеден интернет | I, II |
| 13, 14 | Активности по повод недела на кодирање | II |
| 15, 16 | -Креирање на флаери за нашето училиште<br><br>-Креирање на визит карти за учениците | III |
| 17 | - Онлајн конвертирање на текстуални фајлови во pdf. фајлови | III |
| 18,19 | - Работа со електронска пошта и прикачување на фајлови | III |
| 20,21 | - Работа со програмата YouTube Downloader | IV |
| 22, 23, 24 | - Изработка на Еко календар во програма за табеларни пресметувања (час од ЕКО) | IV |
| 25, 26 | - Работа во програма за креирање видео фајлови - Movie Maker | IV |
| 27-36 | -Примена на микробит во наставата | V |

Цели :

Вон-наставните активности на учениците се реализираат со цел да се задоволат индивидуалните интереси и развивање на способностите на учениците за заедничка работа која придонесува за зајакнување на меѓусебната доверба, дружењето во слободното време и слично.

Сите ученици да развијат верување дека нивните способности не се дадени еднаш засекогаш и можат да се развијат со труд и работа врз себе.

Слободните активности овозможуваат стекнување на знаење, умеење и навики најчесто поради внатрешна мотивација. Новите знаења, умеења и навики преку овој вид активности полесно и потрајно се усвојуваат, бидејќи произлгуваат од внатрешно слободно пројавениот интерес. Ученикот спонтано и самостојно се определува за свое ангажирање, колку и како сака. Училиштето преку СУА ги поврзува училиштето со семејството и со локалната самоуправа, учениците се докажуваат со своите знаења и умеења и го промовираат училиштето, општината и државата.

Преку информатичката секција учениците се вклучуваат во самостојни проекти, преку кои го потврдуваат своето знаење во одделни програми за работа како и на Интернет, стекнување на основни вештини за кодирање и програмирање за да се подготват за светот на модерната технологија. Учениците ќе научат вештини за критичко размислување и решавање проблеми, практични вештини за

кодирање, кодирање на забавен и интерактивен начин. Секое дете да ги запознае и максимално да ги развие своите способности, потенцијали и знаења од областа на информатиката.

Временска рамка и број на часови:
Во периодот од 15 октомври 2026 до 30 мај 2027 год, два пати месечно.

Потребни просторни услови:

Опремен кабинет по информатика.

Неопходни дидактички средства и материјали/ресурси

Компјутери за сите ученици, интернет-врска за компјутерите, ЛЦД проектор, печатени материјали за работа обезбедени и од наставникот и од учениците, микробит уреди од училиштето.

Предвиден начин на следење на учеството на учениците

Во текот на одвивањето на активностите во секцијата, учениците ќе добиваат повратни информации од наставникот за својот напредок и како да се подобрат.

Исто така учениците ќе имаат можност и сами да учествуваат во вреднување на сопствениот напредок, како и во напредокот на со учениците.

наставник

Анита Колева

## 1.13.12 ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ НА ЧАСОВИТЕ ЗА СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ **ПО ПРЕДМЕТОТ ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/27**





**Основно училиште:** „Пере Тошев“

**Место:**Росоман

**Одделение: VI,VII,VIII,IX**

**Број на часови:** 1 часа неделно, 36 часа годишно

**Предметен наставник:**

**Проф.Трајче Орешков**



**ПЛАН И ПОДГОТОВКА НА ТЕМАТА**

Тема: СПОРТСКИ ИГРИ – ФУДБАЛ

| Ред. број | Содржина | Број на часови на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Додавање и примање на топка со пар | 2 | IX |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Примање на топка со нога и гради | 2 | IX |
| 3 | Водење на топка | 2 | X |
| 4 | Шутирање на гол со разни делови од стопалото | 2 | X |
| 5 | Дриблинг и финти | 2 | XI |
| 6 | Дриблинг и финти со шут на гол | 2 | XI |
| 7 | Техника на слободни скратени удари,корнер и аут | 2 | XII |
| 8 | Игра на два гола со примена техничко тактички елементи | 2 | XII |
| **9** | **Игра на два гола- Меѓуетничка интерграција во образованието (МИО)** | **2** | **XII;V** |

•Цел на темата: Увежбување и усовршување на основните спортско-технички елементи од Фудбалот и примена во игра со основните правила

• Средства и форми и методи за реализација на темата: Фронтална, групна и индивидуална форма на работа; метод на вербално комуницирање, метод на демонстрација, метод на практично бежбање, постапки – обучување, увежбување, усовршување, повторување.

• Место на реализација на часовите: Спортска сала

**ПЛАН И ПОДГОТОВКА НА ТЕМАТА**

Тема: СПОРТСКИ ИГРИ – КОШАРКА

| Ред. број | Содржина | Број на часови на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Додавање и фаќање на топка | 2 | IX |
| 2 | Водење на топка со лева и десна рака | 2 | IX |
| 3 | Водење на топка со лева и десна рака | 2 | X |
| 4 | Водење,додавање ,фаќање и положување на топка со двочекор | 2 | X |
| 5 | Шут на кош од различни позиции со и без скок | 2 | XI |
| 6 | Дриблинг со водење на топка | 2 | XI |
| 7 | Одбрана (зонска и човек на човек) | 2 | XII |
| 8 | Игра на два коша | 2 | XII |

• Цел на темата: Увежбување и усовршување на основните спортско-технички елементи од кошарката и примена во игра со основните правила

• Средства и форми и методи за реализација на темата: Фронтален, групна и индивидуална форма на работа; метод на вербално комуницирање, метод на демонстрација, метод на практично бежбање, постапки – обучување, увежбување, усовршување, повторување

• Место на реализација на часовите: Спортска сала

**ПЛАН И ПОДГОТОВКА НА ТЕМАТА**

Тема: СПОРТСКИ ИГРИ – ОДБОЈКА

| Ред. број | Содржина | Број на часови на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Основен одбојкарски став | 2 | X |
| 2 | Примање и одбивање  на топка со прсти и чекан во место | 2 | X |
| 3 | Примање и одбивање  на топка со прсти и чекан во движење | 2 | XI |
| 4 | Примање и одбивање  на топка со прсти и чекан со пар | 2 | XI |
| 5 | Наизменично примање и одбивање на топка со прсти и чекан во пар на мрежа | 2 | XII |
| 6 | Сервис | 2 | XII |
| 7 | Блок на мрежа | 1 | II |
| 8 | Игра на мини игралиште во парови и тројки | 1 | II |
| 9 | Игра на мрежа | 2 | II |

- Цел на темата: Увежбување и усовршување на основните спортско-технички елементи од одбојката и примена во игра со основните правила
- Средства и форми и методи за реализација на темата: Фронтална, групна и индивидуална форма на работа; метод на вербално комуницирање, метод на демонстрација, метод на практично бежбање, постапки – обучување, увежбување, усовршување, повторување
- Место на реализација на часовите:Спортска сала

**ПЛАН И ПОДГОТОВКА НА ТЕМАТА**

Тема: СПОРТСКИ ИГРИ – РАКОМЕТ

| Ред. број | Содржина | Број на часови на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Примање и додавање на топка во место | 1 | III |
| 2 | Примање и додавање на топка во движење со пар | 1 | III |
| 3 | Водење на топка праволиниски | 1 | III |
| 4 | Водење на топка со промена на правец | 1 | III |
| 5 | Водење,додавање и примање на топка во движење со пар | 1 | IV |
| 6 | Шут на гол од место | 1 | IV |
| 7 | Шут на гол во движење  со и без скок | 2 | IV |
| 8 | Шут на гол во движење  со дриблинг и финта со и без скок | 1 | V |
| 9 | Шутирање на гол од различни позиции | 1 | V |
| 10 | Зонска одбрана (6:0  и  5:1) | 2 | V |
| 11 | Игра на еден гол | 2 | VI |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12 | Игра на два гола | 2 | VI |

- Цел на темата: Увежбување и усовршување на основните спортско-технички елементи од ракометот и примена во игра со основните правила
- Средства и форми и методи за реализација на темата: Фронтална, групна и индивидуална форма на работа; метод на вербално комуницирање, метод на демонстрација, метод на практично бежбање, постапки – обучување, увежбување, усовршување, повторување
- Место на реализација на часовите: Спортска сала

***Планирани часеви за Меѓуетничка интерграција во образованието(МИО) се по темата:**

**1.Ф У Д Б А Л ---време на реализација ---XII и V месец 4-недела(2 часа)**

## 1. 13.13 ПРОГРАМА ЗА СЕКЦИЈА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК

Стрилка Кузманова

| ***Глобално Планирање на слободните ученички активности по англиски јазик*** | |
|---|---|
| ***Цел на наставата:*** | Развој на надареноста на учениците за странски јазик преку изработка на покомплекси додатни вежби и активности во споредба со редовната настава |
| Најпрво учениците ќе се запознаат со програмата а потоа според планираните содржини ќе севодат дискусии на дадени теми, ќе слушаат и пеат песни од англиско говорно подрачје, да се воочуваат културолошки сличнисти и разлки меѓу македонската и англиската култура, ќе изработуваат украси кои го симболизираат празникот, гледаат филм и водат дискусија за него, изработуваат смешни маски и презентираат шеги на англиски јазик, ќе украсуваат велигденско јајце, подготвуваат драматизации, пишуваат писмо на англиски јазик и слично. | |
| ***Активности и медоти:*** | Вербална конверзација, драматизација, симулација на дијалози, изработка и презентација на проекти, опишување лица и предмети, пишување на кратки искази |
| ***Очекувани исходи:*** | Стекнување на понапредно ниво на знаења<br><br>во однос на планираните цели во на редовната настава по англиски јазик |
| ***Вреднување и евалуација на резултатите:*** | Учениците постепено ќе се обучуваат на процесот на самоевалуација и евалуација на соученикот со што се развива автономност во процесот на учење |
| ***Реализација:*** | Наставата ќе се реализира еднаш неделно во текот на учебната година,<br><br>редоследот и реализацијата ќе биде флексибилна според барањата на учениците |

***Планирање на слободните активности***

| по англиски јазик во учебната | | |
|---|---|---|
| *септември* | Запознавање на уч. со програмата | Дискусија за мојот летен распуст |
| | Ја слушаат и учат својата омилена песна | Ја пеат својата омилена песна |
| *октомври* | Дискусија за Денот на вештерките | Изработка на маски за денот на вештерките |
| | Правење проект: Празници во Англија | Проект: Знаменитости во Англија |
| *ноември* | Дискусија за денот на благодарноста | Изработка на украси за денот на благодарноста |
| | Презентација на украсите | Дискусија на тема Божик |
| *декември* | Изработка на украси за Божик | Изработка на картички за Нова година |
| | Пеење божикни песни | Дискусија за зимски распуст |
| *февруари* | Дискусија за св. Валентин | Изработка на Valentine card |
| | Читање љубовни пораки | Гледање филм |
| *март* | Дискусија за денот на жената | Изработка на картичка |
| | Изработка на подарок | Изработка на маски |
| *април* | Презентација на маските | Читање шеги |
| | Дискусија за Велигден | Изработка на картички |
| *мај* | Пишување писмо | Вечер на странски јазици (3 часа) |
| | Опис на слика | Дискусија летен распуст |

**3) Конкретни цели:**

– ***Лексички единици***

2. разбирање на значењето на лексичките единици од содржините на темите и нивна репродукци и употреба во соодветни говорни ситуации.

– ***Граматички структури***

.i.1. препознавање и правилна примена на значењето на Present Simple Tense во 3-то лице еднина;

.i.2. разбирање на значењето на показните заменки и нивната правилна употреба;

.i.3. препознавање на значењето на присвојните придавки за прво и второ лице множина и нивна правилна примена;

.i.4. разбирање, препознавање и правилна примена на множината кај именките (проширено);

.i.5. правилно разберање на значењето за искажување на присвојност со помош на присвојниот генитив (Saxon genitive);

.i.6. разбирање на значењето на личните објективни заменки;

.i.7. разбирање, препознавање и правилна примена на Present Continuous Tense;

.i.8. препознавање на разликата помеѓу Present Simple Tense и Present Continuous Tense;

.i.9. правилна употреба на WH – прашањата во усната комуникација;

.i.10. препознавање, разликување и правилно примена на безличната форма за еднина и множина;

.i.11. препознвање и разликување на бројни и неброjни именки;

.i.12. правилна употреба на some и any;

.i.13. разбирање на значењето на помошниот глагол can во контекст на искажување способност за вршење на одредено дејствие и правилна употреба во контекст на искажување способност.

–***Јазични функции***

- водење едноставна комуникација во соодветни говорни ситуации со примена на јазичните функции блиски на подготвителното ниво на изучување на јазикот, односно блиски на неговата / нејзината возраст, како што се:

1) претставување себеси и блиските роднинии другари и давање опис на себеси и членовите на семејството;
2) поставување едноставни прашање и давање одговор;
3) модели на културно однесување;
4) именување на училипни предмети;
5) именување и опишување на облека;
6) именување и опишување на делови од телото на животните;
7) именување и опишување на простории во домот и мебелот во него;
8) опишување на предмети во својата соба;
9) искажување на местоположба на дадени предмети;
10) именување на професии;
11) искажување наредби;
12) годишни времиња и искажување на временски прилики;
13) посакување пријатни празници;
14) искажување на молби со употреба на May I?;
15) поставување прашања со when, where, whose;
16) опишување активности во слободното време, хоби и интереси.

– ***Слушање со разбирање***

**8.** разбирање на значењето на лексичките единици и да разбира едноставни куси искази и фрази предвидени за оваа возраст.

– ***Говорење***

**9.** правилно изговарање и соодветно применување на лексичките единици во едноставни куси искази предвидени за подготвителното ниво за изучување на јазикот во рамките на предвидените јазични функции и граматички структури.

– ***Читање***

**10.** запознавање со спецификите на англиската азбука;

**11.** меморирање на графичката слика на зборови и изолирани реченици на ниво на претходно усвоени усни модели;

**12.** читање на многу куси дијалози, прашања и одговори и куси описи.

– ***Пишување***

**13.** правилно користење на англиското писмо на ниво на изолирани лексички единици;

**14.** пишување едноставни реченици, од аспект на спелување, структура и интерпункција.

– ***Култура***

- содржините од културата се инкорпорирани во сите компоненти на изужување на јазикот, односно не се изучуваат изолирано како посебна компонента. Целта е да се создаде чувство за воочување на културолошките разлики и сличности како основа за развивање на толеранција, емпатија кон другиот и различниот преку имињем празници, модели на културно однесување, храна, песни, бројалки, паралингвистички елементи и друго; организирање мали прослави за одбележување на празници како што се: Ден на вештерки, Божик, Априлијада, Велигден и сл.

– **Дидактика:**

– почитување на принципот на меѓупредметно поврзување по однос на целите и содржините со акцент на интегрирано поврзување со содржините со мајчиниот јазик;

– основа со интеграција на различни компоненти за успешно мултисензорно и холистичко учење со опфат на когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно интегрирање на различни компоненти од страна на наставникот со што јазикот би се изучувал на функционален начин;

– акцент се става на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури контекст и постепено воведување на граматичкиот метајазик;

1) посветување подеднакво внимание на сите јазични вештини: слушање и читање во рамките на компонентата разбирање, а пристап на говорот како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорната продукција т.е. пишувањето;
2) разновидност на активностите: игри, драматизации, одличен избор на песни и стихотворби, поттикнување на креативност и фантазија.
3) развивање на говорната и писмената комуникација;

**7. Наставни средства:**

8. пакет прирачен матријал: флеш карти и постери;
9. други извори на учење во непосредната околина: предмети во просторијата;

10. интернет пристап и образовни софтвери (доколку се достапни);
11. списанија и изработки на наставникот.

## 1.13.14 ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВОННАСТАВНА АКТИВНОСТ СЕКЦИЈА ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК (VI–IX ОДДЕЛЕНИЕ)

**Предметен наставник: Катерина Димеска**

**ЦЕЛИ**

Воннаставната активност по германски јазик има за цел учениците да ги прошират и продлабочат знаењата стекнати на редовната настава, да го применуваат јазикот во автентични, културни и практични ситуации и да развијат позитивен однос кон учењето германски јазик преку интерактивни и креативни форми на работа.

**ЗАДАЧИ**

- Развивање на комуникациски и презентациски вештини на германски јазик.
- Збогатување на вокабуларот преку тематски содржини и автентични извори.
- Развивање интеркултурна свесност и почит кон германското говорно подрачје.
- Поттикнување тимска работа, креативност и самодоверба во користење на јазикот.

**НАМЕНА**

Секцијата е наменета за ученици од VI до IX одделение кои покажуваат интерес за германскиот јазик и култура и сакаат да ги надградат своите знаења надвор од редовната настава.

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Активностите се реализираат самостојно, во групи и преку учество на настани, натпревари и посети, според годишна временска рамка која, во зависност од интересот на учениците, може да се менува.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

Разговор, набљудување, изработени продукти (постери, честитки, презентации), учество на натпревари и манифестации.

**Денови на германскиот јазик (септември)**

| **Активност / опис** | **Очекувани резултати** | **Компетенции** | **Време** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителна активност: Постери за јазиците на Европа – работа во групи, изработка на постери со информации за култура, економија и музика. | Учениците ќе научат факти за значењето на германскиот јазик во Европа и светот. | Истражувачки и презентациски вештини, културна свесност. | 1 час | Интернет, хартија, флипчартови, лаптопи |
| Реализација: Минипанорама на германскиот јазик – изложба со постери, квизови и кратки дијалози на германски јазик. | Учениците ќе презентираат и разменат знаење со другарите и наставниците. | Комуникативност, тимска работа, самодоверба во користење на јазикот. | 2 часа | Постери, звучници, проектор |

| Активност / опис | Очекувани резултати | Компетенции | Време | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Меѓуучилишен инклузивен натпревар „Јазична штафета” – штафетна игра со делови од германски поговорки и тимско составување. | Учениците ќе ги применат германските поговорки и ќе развиваат чувство за инклузија. | Јазична компетенција, социјални вештини, емпатија, мотивација. | 60–90 мин. | Пликови со поговорки, конуси, табла, двор/сала |

**Училишен Октоберфест (октомври)**

| Активност / опис | Очекувани резултати | Компетенции | Време | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителна активност: Традиции и симболи на Октоберфест – видео, текстови и изработка на мини-речник со вокабулар. | Учениците ќе се запознаат со историјата и традициите на Октоберфест. | Јазични вештини, интеркултурна компетенција, збогатување на вокабулар. | 1 час | Проектор, печатени материјали, видео |
| Реализација: Посета на Schulische Oktoberfest, организирана од Здружението за наставници по германски јазик. | Учениците ќе ја доживеат германската традиција и ќе учествуваат во креативни игри. | Културна свесност, јазична продукција, социјални и комуникациски вештини. | 2–3 часа | Транспорт, дозволи од родители, организациски материјали |

**Медиумска писменост преку креативни и едукативни работилници за филм (ноември)**

| Активност / опис | Очекувани резултати | Компетенции | Време | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителна активност: Јазикот на филмот – анализа на краток германски филмски исечок. | Учениците ќе се запознаат со филмски термини и техники. | Медиумска писменост, критичко мислење, јазично разбирање. | 1 час | Проектор, исечоци од филмови |
| Подготвителна активност: Филмот како приказна – групна работа со слики и составување мини сценарио. | Учениците ќе научат за структурата на филмска приказна. | Креативно пишување, тимска работа, јазична продукција. | 1 час | Слики, работни листови, маркери |
| Реализација: Посета на Кинотека на Македонија – снимање сцена или анализа на филм во рамки на проект со Гете институт. | Учениците ќе учествуваат во креативни работилници со експерти. | Медиумска писменост, интеркултурна компетенција, креативност, презентациски вештини. | Пол. ден | Опрема на Кинотеката, транспорт, поддршка од организаторите |

**Германски Божиќен Базар (декември)**

| Активност / опис | Очекувани резултати | Компетенции | Време | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителен час 1: Божиќни традиции во Германија – видео, слики и изработка на адвент календар со зборови. | Учениците ќе се запознаат со вокабулар и традиции. | Лексичка збогатеност, културна свесност. | 1 час | Видео, слики, работни листови |
| Подготвителен час 2: Креативна работилница за украси и честитки – групна работа, изработка на украси и честитки со пораки на германски. | Учениците ќе изработуваат украси и честитки со пораки на германски. | Креативност, јазична продукција, културна писменост. | 1 час | Хартија, боички, ножици, лепило |
| Подготвителен час 3: Германска кујна за Божиќ – работа со рецепти и презентирање. | Учениците ќе читаат едноставни рецепти и ќе подготват постери. | Јазична продукција, тимска работа, интеркултурна компетенција. | 1 час | Преведени рецепти, слики, постери |
| Реализација: Учество на Германски Божиќен Базар – продажба и изложување изработки, комуникација на германски со посетители. | Учениците ќе се претставуваат со сопствен штанд. | Јазична продукција, интеркултурна компетенција, социјални и комуникациски вештини. | 1 ден | Штанд, изработки, транспорт, поддршка од организаторите |

**Подготовка за регионален натпревар (февруари – март)**

| Активност / опис | Очекувани резултати | Компетенции | Време | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителна активност: Квизови и симулации – пробни тестови и квизови во училница. | Учениците ќе се запознаат со форматот на натпреварите. | Комуникација, писменост, проблемско решавање. | 3–4 сесии по 1 час | Пример-тестови, лаптопи, флипчарт |
| Реализација: Регионален и државен натпревар – учество со индивидуални и групни задачи. | Учениците ќе ги применат стекнатите знаења на натпревар. | Јазични компетенции, критичко мислење, конкурентност. | По агенда на организаторот | Организациски ресурси од МКДВ/МОН |

**„Со читање до лидерство" – одбележување на Месецот на книгата и посета на саемот за книги (април – мај)**

| Активност / опис | Очекувани резултати | Компетенции | Време | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Подготвителна активност: Книжевни кругови – читање извадоци и дискусија во групи. | Учениците ќе се запознаат со германски автори. | Читачка писменост, аналитичко мислење, интеркултурна свесност. | 1–2 часа | Извадоци од книги, работни листови |

| Активност / опис | Очекувани резултати | Компетенции | Време | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Реализација: Посета на Саемот за книга – посета на штандови, средба со издавачи и автори. | Учениците ќе стекнат искуство со германски изданија. | Интерес за читање, културна писменост, самостојност. | Пол. ден | Транспорт, влезници, прирачници |

## 1.13.15. ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЛИКОВНА СЕКЦИЈА (ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ)

**ЦЕЛИ**

Слободната активност како посебен вид треба да ги постигне целите со кои учениците ќе ги прошират и продлабочат знаењата стекнати на редовната настава по ликовно образование. Преку формите и содржините на работа кај учениците се поттикнуваат и развиваат творечките и креативните способности, се формира навика слободното време да го користат во пријатна атмосфера исполнета со можности за нови сознанија, доживување радост и создавање креативна ученичка личност.

**ЗАДАЧИ**

- Формирање работна култура.
- Развивање креативни и творечки способности.
- Развивање креативност и творечки способности преку ликовното изразување.

**НАМЕНА**

Секцијата е наменета за ученици кои покажуваат особен интерес кон творечките и креативните способности.

**НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Самостојно и групно творење и други активности предвидени во временска рамка, која според интересот на учениците може да се менува.

**НАЧИН НА ВРЕДНУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ**

Разговор, објаснување, творење и ликовни натпревари.

**ГЛОБАЛНО-ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ**

| Активност / техника | Цели | Реализатор / форма | Време | Извори | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на секцијата и запознавање на учениците со програмата за работа | Запознавање на учениците со содржините на ликовниот клуб и потребните материјали. | Наставник, ученик | Септември | Каталози од изложби | Поголем интерес за ликовната уметност |
| Моите доживувања од летниот | Пренесување на импресии. | Ученик, фронтална/индивидуална | Септември | Репродукции | Успешно изработени творби |

| Активност / техника | Цели | Реализатор / форма | Време | Извори | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| распуст (Сликање, акварел) | | | | | |
| Слободен цртеж – Доживување од мојот прв училишен ден | Пренесување на импресии. | Ученик, фронтална | Септември | Репродукции | Успешно изработени творби |
| Сликање Водопад (темпера) | Да умее да ја нагласи вертикалната насока. | Ученик, фронтална/индивидуална | Октомври | Репродукции | Успешно изработени творби |
| Вајање – Слободен избор (глина) | Да го усовршуваат тридимензионалното изразување. | Ученик, фронтална/индивидуална | Октомври | Репродукции | Изработуваат тридимензионална форма |
| Цртање Старо стебло (молив) | Да знаат да прикажат различни текстури. | Ученик, фронтална/индивидуална | Октомври | Репродукции | Да постигнат илузија на текстура |
| Мотиви за Росоман | Да стекнат познавање за родниот град. | Ученик, наставник, фронтална/индивидуална | Ноември | Репродукции | Стекнати знаења за културните споменици на родниот град |
| Мотив Флора и фауна (акварел) | Да ги согледаат убавините на растителниот и животинскиот свет. | Ученик, фронтална/индивидуална | Ноември | Репродукции | Изработени творби за конкурс флора и фауна |
| Дизајн Автомобил на иднината (компјутерска програма Paint) | Иновирање нови модели автомобили со помош на фантазијата на ученикот. | Ученик, фронтална/индивидуална | Декември | Репродукции | Да умеат да применат синтеза на реалното и нереалното како клуч за нови иновации |
| Изработка на честитки за Нова година (колаж, бои) | Изработка на уникатни предмети. | Ученик, фронтална/индивидуална | Декември | Честитки | Подобар изглед на училницата и училишниот хол |

| Активност / техника | Цели | Реализатор / форма | Време | Извори | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Сликање Вазна (темперни бои) | Усовршување на вештината на мешање на боите. | Ученик, фронтална/индивидуална | Јануари | Ученички творби | Успешно изработени творби |
| Сликање Зимски пејзаж (акварел) | Да ја увидат специфичноста на сликарската техника акварел. | Ученик, фронтална/индивидуална | Февруари | Репродукции | Совладување на сликарската техника акварел |
| Монотипија – пеперутка / графика (стакло, хартија, темперни бои) | Примена на хармонични бои во монотипијата. | Ученик, фронтална/индивидуална | Февруари | Репродукции | Совладување на графичката техника монотипија |
| Изработка на честитка по повод 8-ми март (Ден на жената) | Развивање на креативноста. | Ученик, фронтална/индивидуална | Март | Честитки | Успешно изработени честитки |
| Компир печат (дезен на текстил) | Креирање различни шари. | Ученик, фронтална/индивидуална | Март | Ученички творби | Креирање сопствен критериум за естетски изглед |
| Бојадисување јајца | Запознавање со христијанскиот обичај. | Ученик, фронтална/индивидуална | Април | Репродукции | Успешно украсени велигденски јајца |
| Сликање Пејзаж со виножито (комбинирана техника) | Забележување на впечатокот кој го оставаат хроматските бои при будењето на природата. | Ученик, фронтална/индивидуална | Април | Репродукции | Успешно изработени творби |
| Полн и празен волумен – Моделирање со глина (чаша, топка) | Запознавање со поимите полн и празен волумен, развој на креативно мислење и фантазија, усовршување на техниката на | Ученик, фронтална/индивидуална | Мај | Репродукции | Креативност во моделирањето форми со карактеристични полни и празни волумени |

| Активност / техника | Цели | Реализатор / форма | Време | Извори | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| | моделирање со глина. | | | | |
| Сликање Тонска градација | Забележување тонска градација во природата, развивање умешност за спонтано создавање тонови на боја. | Ученик, фронтална/индивидуална | Мај | Репродукции | Успешно создавање ликовна композиција |
| Сликање Летен пејзаж (акварел) | Да ја увидат специфичноста на сликарската техника акварел. | Наставник, ученик, фронтална/индивидуална | Јуни | Ученички творби | Совладување на сликарската техника акварел |
| Естетско проценување | Да умеат да разликуваат кич од вредно уметничко дело. | Ученик, фронтална/индивидуална | Јуни | Репродукции | Изграден критички став кон ликовното творештво |

## 1.13.16. ГОДИШЕН ПЛАГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА СЕКЦИЈАТАПО ГЕОГРАФИЈА

**ООУ “ПЕРЕ ТОШЕВ ” – Росоман учебна 2026/27 год.**

**Наставник: Марија Николова**

**Цели на планот:**

**Учениците да стекнат повеќе знаење и желба за докажување во областа на географијата. Сето тоа ќе го постигнат преку програмата предвидена во овој годишен план за работа на секцијата.**

**Преку својата креативност, ангажираност, ќе ги постигнат целите и задачите на оваа програма.**

| Наставна содржина | Активности | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1.Разгледување на програмата за работа на секцијатаи запознавање со членовите; | План за работа | **Септември** |
| 2.Р.Македонија- Име, географска положба и големина; | Изработка на карта на хамер | **Септември** |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Планини и низини во Р.Македонија | Внесување во картата на хамер | **Септември** |
| 4. Климата во Р.Македонија, Европа и светот; | Презентација на карта | **Октомври** |
| 5. Хидрографија во Р.Македонија- реки и езера | Изработка во немите карти | **Октомври** |
| 6. Педолошки состав на земјиштето во Р.Македонија | Изработка на слики за составот на почвите | **Октомври** |
| 7. Населението во Р.Македонија (демографски состав) | Изработка на графикони | **Октомври** |
| 8. Структура на населението според (полот, староста и активност) | Графикони | **Ноември** |
| 9. Населението и населбите во Р.Македонија (градски и селски населби) | Табела со градски и селски населби | **Ноември** |
| 10. Изработка на шеми и графикони за миграциони движења | Шеми и графикони | **Ноември** |
| 11. ТИКВЕШКО ЕЗЕРО – (проект за неговата изградба, постоење, функција и производен капацитет на електрична енергија) | Проект | **Ноември** |
| 12. Подготовки за посета на Тиквешкото Езеро | Прашалници подготвени од учениците | **Декември** |
| 13. Посета на Тиквешко Езеро | Пополнување на прашалник подготвен од учениците | **Декември** |
| 14. Изготвување на проектот после извршеното истражување; | Сумирање на истражувачката дејност и изработка на податоците на хамер; | **Декември** |
| 15.Презентација на проектот | Демонстративен приказ | **Јануари** |
| 16. Стопанството и стопанските гранки во Р.Македонија и Европа; | Прикажување со помош на табели и графикони; | **Јануари** |
| 17. Примарни дејности во Р.Македонија | Изработка на шеми | **Јануари** |
| 18. Земјоделството и сточарството во мојот крај; | Текстуален и табеларен приказ | **Февруари** |

| | | |
|---|---|---|
| 19. Секндарни дејности во Р.Македонија; | Изработка на шема за секундарните дејности | **Февруари** |
| 20. Источна Европа; | Изработка на карта на хамер | **Февруари** |
| 21. Африка<br>(земја на робовите) | Изработка на писмени состави (Колибата на чичко Том) | **Февруари** |
| 22. Викториини водопади | Изработка на фото албум за водопадите | **Март** |
| 23. Австралија<br>(континент на колонисти) | Писмени состави | **Март** |
| 24. Северен Пол<br>(АРКТИК) | Опис на климата и населението во него; | **Март** |
| 25. Антарктик<br>(Јужен Пол) | Карактеристики | **Март** |
| 26. ХИМАЛАИТЕ<br>(највисоките планини) | МОНТ ЕВЕРЕСТ<br>(Опис на највисокиот врв) | **Април** |
| 27. АЗИЈА – (земја на најстарите цивилизации) | Состави и албуми за најстарите народи во Азија | **Април** |
| 28. Форма и големина на Земјата | Читање на текстови за формата и големината на Земјата | **Април** |
| 29. Колумбо и откривање на Америка | Користење интернет за патувањето на Колумбо | **Април** |
| 30. Охрид – град на УНЕСКО | Изработка на фото албум за ОХРИД | **Мај** |
| 31. Планински, туристички и индустриски места во Р.Македонија- (ПОСЕТА НА ТУРИСТИЧКО МЕСТО КРУШЕВО ИЛИ ИНДУСТРИСКИ ОБЈЕКТ ВО Р.С.МАКЕДОНИЈА | Посета на индустриски објект, пополнување на прашалници од учениците и прошетка низ Крушево | **Мај** |
| 32. Изготвување на проектот после извршеното истражување и посета на индустриски објект; | Сумирање на истражувачката дејност и изработка на хамер; | **Мај** |
| 33. Занаетчиството во Република Македонија | Собирање на стари предмети -рачно изработени; | **Мај** |

| | | |
|---|---|---|
| 34. Туризам и сообраќај во Р.Македонија | Изработка на шеми и приказ на карта на туризмот и сообраќајот и нивниот развој во Р.Македонија | **Мај** |
| 35. Република Македонија денес; | Опис на државните граници и соседни земји; | **Јуни** |
| 36. Годишна анализа на работата на секцијата; | Оценка на самите ученици членови на секцијата; | **Јуни** |

**Наставник: Марија Николова**

## ПРИЛОГ 2.1 ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ

Ученичкиот парламент е формиран од претставници на ученици од 4 до 9 одделенеие во училиштето од одделенска и предметна настава и има вкуоно 38 ученици Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките од 4то до 9то одделение, составен о од 38 ученици и ги има следните надлежности:

- активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите научениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и
- организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности иопштествено корисна работа.

За заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето се грижи Ученичкиот правобранител кој се избира со мнозинство гласови на учениците од седмо до деветто одделение.

Како и претходните учебни години и оваа учебна година ќе биде формиран ученички парламент на ниво на училиште.

За таа цел изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година. Како координатор на работата на учениците на ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош е одредена наставничката по Историја и Граѓанско образование која заедно со стручната служба ќе ги координира состаноците на Ученичката заедница.

### ПРИЛОГ - ДЕТАЛЕН ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

*Ученичко организирање и учество – учебна 2026/2027 година*

### 1. Ученички парламент – детален план по активности

| Период | Активност | Чекори за реализација | Носители | Ресурси | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Септември | Конститутивна седница на УП | 1. Свикување прв состанок на претставниците на паралелките (I недела)<br>2. Информирање за улогата и надлежностите на УП и Правобранителот<br>3. Тајно гласање: претседател на УП, ученички правобранител и двајца заменици, претставници во УО<br>4. Изготвување и потпишување записник | Координатор-наставник, стручна служба, ученици IV–IX одд. | Гласачки ливчиња, кутија за гласање, записник | Формирано раководство; потпишан записник; резултати објавени на огласна табла |
| Октомври | Прифаќање различности и инклузија | 1. Работилница „Различни, но еднакви“ (координатор, специјален едукатор и рехабилитатор)<br>2. Изработка паноа/ѕидни весници на тема инклузија<br>3. По желба – споделување искуство на ученик со посебни образовни потреби | Координатор, специјален едукатор и рехабилитатор, одд. раководители | Материјал за паноа, простории | Одржана работилница; изработени најмалку 2 паноа |
| Ноември | Светски ден на детето – права и одговорности | 1. Презентација за правата на детето (Конвенција на ОН)<br>2. Квиз/работилница за права и одговорности<br>3. Изработка на постери по паралелки | УП, координатор, одд. раководители | Едукативен материјал, хамер-хартија | Одржана презентација; бр. изработени постери |
| Ноември | Еко акција | 1. Чистење училишен двор во соработка со Еко-одбор<br>2. Собирање и селектирање отпад за рециклирање | УП, Еко-одбор, координатор | Ракавици, вреќи за отпад | Бр. вклучени ученици; количество собран отпад |

| Период | Активност | Чекори за реализација | Носители | Ресурси | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. Кратка едукативна сесија за одржливост | | | |
| Декември | Хуманитарна акција | 1. Идентификување ученик/семејство во потреба (со стручна служба)<br>2. Собирачка акција – облека, играчки, средства<br>3. Организирана новогодишна донација | УП, стручна служба, родители | Кутии за донации | Реализирана донација; краток извештај |
| Јануари | Дебата: „Кои прашања не засегаат?“ | 1. Избор на тема од УП (распоред, оценување, воннаставни активности)<br>2. Подготовка аргументи по групи<br>3. Спроведување дебата со модератор (координатор)<br>4. Синтеза и предлози до Наставнички совет | УП, координатор | Простор, тајмер, критериуми | Одржана дебата; доставени писмени предлози |
| Февруари | Меѓународен ден на жената | 1. Дискусија/презентација за родова еднаквост<br>2. Изработка честитки и постери | УП, наставници | Материјал за изработка | Одржана активност; изработени материјали |
| Март | Еко акција | 1. Пролетна акција – уредување двор/садење<br>2. Работилница за рециклирање/компостирање со Еко-одбор | УП, Еко-одбор | Садници, алат | Озеленета површина; бр. вклучени ученици |
| Април | Светски ден на книгата | 1. Саем „Донирај книга – земи книга“<br>2. Читателски маратон/промоција омилена книга | УП, библиотекар | Простор, книги | Бр. разменети книги; бр. учесници |

| Период | Активност | Чекори за реализација | Носители | Ресурси | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. По можност – гостување автор/библиотекар | | | |
| Мај | Дискусија за ученичкиот стандард | 1. Анкета меѓу учениците (исхрана, простории, опрема)<br>2. Дискусија и синтеза на предлози<br>3. Писмен документ со предлози до директор/УО | УП, координатор, стручна служба | Анкетни прашалници (хартиени/онлајн) | Спроведена анкета; изготвен документ со предлози |
| Јуни | Годишен извештај на УП | 1. Собирање податоци/фотодокументација за реализираните активности<br>2. Изготвување писмен извештај<br>3. Презентација пред Наставнички совет | Координатор, УП, стручна служба | Фотодокументација, записници | Изготвен и усвоен извештај |
| Континуирано | Учество на седници на Училишен одбор | 1. Присуство на претставник на УП на секоја седница<br>2. Известување до УП по секоја седница | Претставници на УП | — | Бр. присуства; редовно известување |

## 2. Ученички правобранител – детален план по компоненти

| Период | Активност | Чекори за реализација | Носители | Ресурси | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Септември – Декември (I тримесечие) | А) Промовирање на детските права | 1. Промотивна сесија по паралелки за улогата на правобранителот<br>2. Изработка кутија за поплаки (физичка) и анонимен | Правобранител, заменици, стручна служба | Кутија, пано, Google Form | Поставена кутија/формулар; информирани сите паралелки |

| Период | Активност | Чекори за реализација | Носители | Ресурси | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| | | онлајн-формулар<br>3. Поставување инфо-пано со контакт и постапка за пријавување | | | |
| Јануари – Март (II тримесечие) | А) Промовирањ е на детските права | 1. Работилница за детски права (со стручна служба)<br>2. Изготвување полугодишен извештај за примени/решен и случаи | Правобраните л, стручна служба | Едукативе н материјал | Одржана работилница; изготвен полугодишен извештај |
| Април – Јуни (III тримесечие) | А) Промовирањ е на детските права | 1. Инфо-ден „Ги знам моите права“<br>2. Изготвување годишен извештај за состојбата со правата | Правобраните л, стручна служба, УП | Материјал за инфо-денот | Одржан инфо-ден; изготвен годишен извештај |
| Континуиран о | Б) Заштита на детските права | 1. Прием и евидентирање пријави/поплаки<br>2. Консултација со стручна служба во рок од 3 работни дена<br>3. Посредување и предлог на мерки<br>4. Доставување приговор до директор/УО при потешки случаи | Правобраните л, заменици, стручна служба | Книга за евиденција / онлајн формулар, доверлива е-пошта | Бр. примени пријави; бр. решени во рок; повратна информација од ученици |

| Период | Активност | Чекори за реализација | Носители | Ресурси | Индикатори за успех |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 5. Следење на реализацијата на превземените мерки | | | |

*Финансирање: буџет на општината, донации од бизнис заедницата и родители, во согласност со Годишната програма за работа на училиштето.*

## ПРИЛОГ 2.2. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЗАЕДНИЦАТА НА ПАРАЛЕЛКАТА

Согласно член 68 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) сите ученици во училиштето ја сочинуваат ученичката заедница. Учениците имаат право на организирање на ниво на паралелка. Ученичкото организирање служи за да се овозможи активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесувањето одлуки во училиштето во однос на прашањата што се од нивен непосреден интерес. Со оглед на тоа дека мисијата и визијата на нашето училиште се во духот на демократијата и еднаквоста, им се допушта и воедно се поддржува донесувањето на одлуки од страна на учениците и слободата на изразување на своето мислење. Учениците се вклучени на различни начини и на различни нивоа на одлучување за сите нешта кои нив ги засегаат во училиштето, во скоро сите домени од училишното живеење поврзани со: наставата, воннаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните и физичките услови во училиштето. Заедницата на паралелка ја сочинуваат учениците од одделна паралелка со демократски избран претседател и свој заменик претседател, додека пак ученичкиот парламент го сочинуват претседателите и потпретседателите на заедниците на паралелките.

Учениците преку заедниците на паралелките работат спред План и Програма заработа која може да се проширува и менува во склад со нивните потреби.Преку Заедницата на паралелката учениците ја користат можностадаучествуваат во донесувањето одлуки во училиштето за работи кои ги засегаатнив, но со поставување на одредени неминовни ограничувања кои произлегувааткако од нивната возраст, така и од различните одговорности на различните учесници во животот на училиштето.

**План за работа на заедницата на паралелката**

| Активности | Реализација | Одговорни лица | Критериуми заускпех | ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Запознавање со Програмата и планот за работа на ученичката заедница (улогите на членовите на ученичката заедница, избор на раководство) | септември | Одд./класен раководител, учениците | Конституирање на ученичката заедница | Листови за гласање<br>План и Програма за работа на заедницата на паралелката, |
| Одбележување на светскиот дел на учителот | Октомври | Одд./класен раководител, учениците | Почит кон професијата наставник | Текстови |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| и детска недела | | | | |
| Учество во кампањата Да ги заштитиме децата во сообраќајот | Ноември | Одд./класен раководител, учениците | Предавачи од РСБСП | Предавање Компјутер, прожектор записници |
| Работилници за изработување на украси за украсување на училиштето | Континуирано | Одд./класен раководител, учениците | Изработка на украси за училиштето | Хамери, боици, лепак, |
| Учество во настани со локалната средина, Општествено-корисна работа, Здравствена грижа, Натпревари и квизови, | Континуирано | Одд/класен раководител, учениците, Локалната средина, Стручната служба, Здравствени установи, НВО и др. | Вклученост на учениците во општествениот живот во и надвор од училиштето | Известувања и согласности од родителите |
| Организирање на новогодишна забава | Декември | Одд./класен раководител, учениците | Забава и дружење | Лцд-плеер |
| Посета на институции | По договор | Одд./класен раководител, учениците | Запознавање со работата на одделни институции | Известувања и согласности од родителите |
| Учество во патрониот празник на училиштето | Мај | Одд./класен раководител, учениците | Промоција на талентите од заедницата на паралелката, | Известувања и согласности од родителите |

## ПРИЛОГ 3 : РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ

## **ПРИЛОГ 4:** ПРОГРАМИ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

| цели | содржини и активности | реализатори | Време | очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Ангажирање на учениците во секции/клубови со цел продлабочување на знаењата и/или | Според програмите за изведување на секции | Наставници | Септември-јуни | Учениците имаат зголемен интерес кон |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| вештините во одредена област | | | | одредени области/хобија |
| Развивање на хуманост и желба за помагање | спроведување активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето | Ученички парламент, Стручни соработници; наставници | декември | Успешна реализација на планираните активности |
| Вклучување на сите вработени и ученици во активностите за одржување и уредување на просторот во училиштето и училишниот двор | Садење садници; Отстранување на сметот; Собирање стара хартија, пластика... | Директор; Одд. Наставници; Одд.раководители; Стручни соработници; Ученици | Во тек на годината | Чиста и здрава околина; Поголем интерес за собирање на материјали за рециклирање |
| Одбележување на значајни денови, патрониот празник, ден на Општината | Учество на локалната заедница, компаниите и родителите во активностите од општествен и хуманитарен карактер | Директор; Стручни соработници; Ученици, Наставници | Во тек на годината | Развој на креативноста и естетските вредности, Развиени чувства за одговорност и солидарност |
| Анализа | Изготвување анализа за успешноста, опфатот и ефектите и изготвување полугодишни и годишни извештаи | наставници | Јануари јуни | Воочување на интересите, ефектите и подобрување на воннаставните активности |

## ПРИЛОГ 4.1 .ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на | -Директор | -Анализа на состојбата | -Прашалник за наставниците од ефектите од | Септември | -Увид во досегашната состојба при |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| планирањето на дополнителна настава во училиштето | -Стручни соработници<br>-Наставници | -Стручни материјали од БРО (наставни планови и програми) | реализација на дополнителната настава | | реализација на дополнителната настава |
| Следење на реализацијата на дополнителна настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во дополнителна настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на дополнителна настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на дополнителната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на ученици со потешкотии во учењето |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците<br>-Посета на час | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часови – пополнети инструменти | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои имаат потешкотии во учењето |

## ПРИЛОГ 4.2. ПРОГРАМА ЗА ДОДАТНА НАСТАВА

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТ | РЕСУРСИ | ИНСТРУМЕНТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за поддршка на планирањето на додатната настава во училиштето | -Директор<br>-Наставници<br>-Стручни соработници | -Анализа на состојбата<br>-Стручни материјали од БРО (наставни планови и програми) | -Прашалник за наставниците од ефектите од реализација на додатна настава | Септември | -Увид во досегашната состојба при реализација на додатната настава |
| Следење на реализацијата на додатната настава | -Директор<br>-Стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Следење на постигањата на учениците вклучени во додатна настава | -Посета на часови<br>-Евидентен лист за реализација на додатна настава<br>-Работни листови за учениците | Во тек на годината | -Подобар квалитет при реализација на додатната настава<br>-Обезбедување поддршка во редовната настава на надарените ученици |
| Евалуација | -Директор<br>-Стручни соработници | -Програми и подготовки на наставниците<br>-Посета на час | -Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците | Јуни | -Зголемени постигања на учениците кои покажуваат значителни резултати во определени области |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од увид на часови – пополнети инструменти | | |

## ПРИЛОГ 5. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

ООУ „Пере Тошев„ Росоман, учебна 2026/2027 година

1. ПОИМНО РАЗГРАНИЧУВАЊЕ: НАДАРЕНОСТ И ТАЛЕНТИРАНОСТ

Иако во секојдневниот говор овие два поима честопати се употребуваат наизменично, во стручната психолошка литература меѓу нив постои јасна и суштинска разлика.

Надареноста подразбира висока општа интелектуална способност — натпросечен когнитивен потенцијал кој се манифестира во повеќе области истовремено. Таа се идентификува врз основа на веќе постигнати натпросечни резултати и претставува целовита супериорност на личноста во интелектуалната сфера. Во оваа смисла, надареноста е блиска до поимот генијалност — исклучителна и ретка особина.

Талентираноста, пак, е поврзана со специфични способности во една потесна област — математика, музика, ликовна уметност, спорт, јазици, лидерство и др. Таа не претпоставува општа интелектуална супериорност, туку изразена диспозиција во конкретна сфера, која допрва треба да се развива со упорна работа, вежба и поддршка од средината. Талентот не е само природна дарба — тој е и резултат на труд и постојан личен развој (Озимец, според Арнаудова и Ачковска Лешковска, 2007).

| | НАДАРЕНОСТ | ТАЛЕНТИРАНОСТ |
|---|---|---|
| Опсег | Општа, повеќеобласна — манифестира се во повеќе области истовремено | Специфична, теснопрофилна — изразена во една конкретна област |
| Основа | Висока општа интелектуална способност (блиска до генијалност) | Специфична способност/диспозиција во одредена сфера |
| Состојба | Веќе манифестирана — идентификува се преку постигнати натпросечни резултати | Потенцијал кој допрва треба да се развива со труд и поддршка |
| Фрекфенција | Многу ретка | Релативно почеста |
| Пристап во училиште | Посебен диференциран пристап во повеќе области | Збогатување и поддршка токму во областа на талентот |

2. ВИДОВИ НАДАРЕНОСТ И ТАЛЕНТИРАНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во ООУ Пере Тошев се препознаваат и следат следните видови:

| ВИД | МАНИФЕСТАЦИЈА |
|---|---|
| Интелектуална / логичко-математичка | Брзо и длабоко разбирање на апстрактни поими; истражувачки пристап; самостојно решавање сложени проблеми |
| Јазично-вербална | Богат вокабулар, изразитост, склоност кон читање, пишување и јазици |
| Ликовна | Развиена визуелна перцепција, оригиналност, мануелна спретност и естетска чувствителност |
| Музичка | Развиен слух, памтење на мелодии, ритмичност, склоност кон музичка репродукција или создавање |
| Лидерска / социјална | Самоиницијативност, харизматичност, организаторски способности, влијание врз врсниците |
| Спортска / кинестетичка | Моторна координација, издржливост, брзо совладување технички елементи |

3. ИНДИКАТОРИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ

3.1 Когнитивни индикатори

Брзо усвојување на нови поими, далеку пред врсниците

Самостојно поврзување на знаења од различни области и предмети

Поставување комплексни прашања кои излегуваат надвор од наставната програма

Решавање проблеми на нестандарден, оригинален начин

Исклучително добра меморија и способност за концентрација

Развиено апстрактно мислење и логичко расудување

3.2 Мотивациски индикатори

Силна и трајна внатрешна мотивација, независна од оценките

Истрајност и упорност при работа на теми кои го интересираат

Самоиницијативност — бара дополнителни информации без поттик

Поставување на високи стандарди за сопствената работа

Перфекционизам и критичност кон сопствените резултати

3.3 Социо-емоционални индикатори

Висока чувствителност и развиена смисла за правда

Понекогаш тешкотии во односите со врсниците (чувство на различност)

Можно здодевно или нарушено однесување поради недостиг на предизвик во редовната настава — ова НЕ треба да се толкува како недисциплина

Склоност кон самостојни активности (читање, истражување, мечтаење)

Емоционална интензивност и пречувствителност

3.4 Важна напомена за идентификацијата

Надарен или талентиран ученик не мора да има висок успех. Надареноста/талентираноста може да биде прикриена поради: незаинтересираност за рутинска настава, воспитно-образовна запуштеност, интровертност или припадност на маргинализирани групи. Истражувањата покажуваат дека 10-55% од надарените ученици не се идентификувани (Терман; Пењат и Бирч). Затоа идентификацијата не смее да се сведе само на оценки и резултати од натпревари.

4. ИНДИКАТОРИ ВО СПОРЕДБА: НАДАРЕНИ VS. ТАЛЕНТИРАНИ

| ГРУПА | НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ | ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ |
|---|---|---|
| Когнитивни | Исклучително брзо усвојување на нови поими; поврзување на знаења од различни области; самостојно поставување на комплексни прашања; натпросечна апстрактна мисла | Брзо совладување на специфични вештини во областа на интерес; забележителен напредок во споредба со врсниците во таа конкретна сфера |
| Мотивациски | Широка, интензивна и трајна љубопитност; самомотивација независна од наставникот; перфекционизам; критичност кон сопствената работа | Силна внатрешна мотивација специфично во областа на талентот; упорност и истрајност при вежбање/усовршување |
| Социо-емоционални | Висока чувствителност и смисла за правда; понекогаш тешкотии во односите со врсниците; можно здодевно однесување или повлекување поради | Задоволство и самодоверба во областа на талентот; можна поголема мотивираност отколку во останатите наставни области |

| | | |
|---|---|---|
| | недостиг на предизвик; ризик од изолација и перфекционизам | |
| Важна напомена | Надарен ученик НЕ мора да има висок успех — надареноста може да биде прикриена поради здодевност, интровертност или неповолна средина | Талентиран ученик може да има слаби резултати надвор од областа на талентот — тоа не ја намалува вредноста на неговата специфична способност |

5. ИНСТРУМЕНТ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА: ПРОНАЛ СКАЛА

Во ООУ „Пере Тошев“ се применува ПРОНАЛ Скалата (Корен, 1989) — стандардизиран инструмент за идентификација на надарени и талентирани ученици. Скалата ја пополнува психологот, во соработка со наставниците и родителите а врз основа на систематско набљудување на однесувањето на ученикот во наставниот и воннаставниот процес. За ученик да биде подложен на проценка со инструментот и да биде идентификуван како талентиран или надарен, информацијата односно номинацијата неопходно е да дојде од наставник или родител.

ПРОНАЛ Скалата содржи четири подскали:

| ПОДСКАЛА | ШТО МЕРИ |
|---|---|
| Особини на учење | Брзина на усвојување, меморија, разбирање, генерализација, критичко мислење |
| Мотивациони особини | Истрајност, самоиницијативност, перфекционизам, посветеност на задачата |
| Креативни особини | Оригиналност, флуентност на идеи, флексибилност, склоност кон ризик и иновации |
| Особини за водство | Самодоверба, комуникативност, организаторски способности, влијание врз групата |

Резултатите од ПРОНАЛ Скалата се интерпретираат во комбинација со другите извори на информации (наставничка номинација, родителски разговор, постигања) и не претставуваат единствен критериум за идентификација.

6. ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

| АКТИВНОСТ | ПЕРИОД | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ИНСТРУМЕНТИ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Формирање на Училишен тим за работа со надарени и талентирани ученици; изготвување на годишна програма за работа на тимот | Август | Психолог, специјален едукатор и рехабилитатор, педагог, одделенски раководители | Состанок, договор за поделба на задачи | Функционален тим со јасни улоги и одговорности |
| Идентификација — I фаза: Номинација од наставници и родители; прибирање информации за ученици кои покажуваат исклучителен интерес/успех | Септември / Октомври | Психолог, наставници, родители | Разговори со наставници и одделенски раководители; прашалник за родители; педагошка документација | Прелиминарна листа на кандидати по области |
| Идентификација — II фаза: Стандардизирано тестирање со ПРОНАЛ Скала (Корен, 1989) — четири подскали: Особини на учење, Мотивациони особини, Креативни особини, Особини за водство | Октомври / Ноември | Училишен психолог | ПРОНАЛ Скала; опсервација на однесувањето во наставата и воннаставните активности | Потврда или отфрлање на номинираните ученици; диференцијација: надарен vs. талентиран |
| Идентификација — III фаза: Индивидуален разговор со идентификуваните ученици и нивните родители за интересите, | Ноември / Декември | Училишен психолог | Полуструктурирано интервју со ученик; разговор со родител | Комплетна слика за ученикот; согласност на родителот за понатамошна работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| мотивацијата и потребите | | | | |
| Изработка на Индивидуален план за развој (ИПР) за секој идентификуван ученик — со конкретни цели по области, форми на работа и временска рамка | Декември | Психолог + предметен наставник-ментор | Консултации, педагошка документација; образец за ИПР | Персонализиран пристап; јасни очекувања за ученикот, наставникот и родителот |
| Вклучување во додатна настава и збогатување на наставата: диференцирани задачи, истражувачки проекти, напредна литература, менторска работа со наставникот | Континуирано (јануари – јуни) | Предметни наставници / ментори | Современи наставни методи; проектна работа; диференцирани материјали; натпревари и конкурси | Развиен потенцијал; видливи постигања; учество на натпревари |
| Следење на редовноста, мотивираноста и напредокот на идентификуваните ученици; советување при потреба | Февруари и Април | Психолог | Увид во педагошка документација; разговор со наставник и ученик; ажурирање на ИПР | Навремено забележување на промени во мотивацијата; корекција на пристапот |
| Советодавна работа со родителите на идентификуваните ученици — информирање, поддршка, насоки за работа дома | Континуирано | Психолог | Индивидуални разговори; отворени денови; писмени информации | Вклучен и информиран родител; поддржувачка домашна средина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Евиденција на постигањата: учество на натпревари, конкурси, изложби, настапи и сл.; портфолио на ученикот | Мај / Јуни | Психолог + наставник-ментор | Преглед на педагошка документација; портфолио; разговор со наставник | Документирани резултати; основа за планирање во следната учебна година |
| Евалуација на програмата: анализа на постигнатото — колку ученици идентификувани, во кои области, какви резултати, препораки за наредната учебна година | Јуни | Психолог + тим | Анализа на документација; тимски состанок; пишан извештај | Подобрена програма за следната учебна година; видлив напредок на учениците |

7. НАПОМЕНА

Програмата може да претрпи измени и дополнувања во текот на учебната година во зависност од бројот на идентификувани ученици, нивните специфични потреби и можностите на училиштето за реализација на планираните активности.

Изготвил: Училишен психолог

Анита Јованова – Петрова

## ПРИЛОГ 6. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО УЧЕНИЦИ СО ПОТЕШКОТИИ

| **Конкретна цел** | **активности** | **Вклучени субјекти** | **Инструменти и техники кои се користат** | **Временска рамка** | **Индикатори на успех** |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за работа со деца со потешкотии во учењето | - формирање на тим за соработка, | Стручни соработници<br>Одд. наставници<br>Одд.раководители | / | Септември/ октомври | Создадена јасна и остварлива цел на училиштето |
| Да се идентификуват учениците со посебни образовни потреби /потешкоти во учењето | - одредување на временски период за соработка со наставници,<br>- одредување на начин и временски период за | - ученици,<br>- стручни соработници (психолог, педагог),<br>- наставници (одд.раководител, други наставници),<br>- родители, | -укажувања од опсервација на наставници<br>-Идентификациски лист за ученици со ПОП<br>- Тестови за општи интелектуални способности *(доколку* | - континуирано во текот на целата учебна година | - формиран е тимот за соработка<br>- откриени се |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | соработка со родители,<br>- одредување на институцијата со која ќе се соработува за одреден проблем,<br>- одредување на начин и временска рамка за соработка со други институции | -стручни лица од други институции,<br>- директор | *истите бидат обезбедени од страна на училиштето)*<br>- Проективни техники,<br>- Стручна литература,<br>- Наставни средства и помагала | | учениците со посебни потреби, |
| Да се открие потешкотијата кај конкретен ученик | - одредување на начин и временски период за соработка со родители,<br>- одредување на институцијата со која ќе соработуваме за одреден проблем,<br>- одредување на начин и временска рамка за соработка со други институции,<br>- водење на ученичко досие,<br>- одредување на постапки на работа. | - ученици,<br>- стручни соработници (психолог, педагог),<br>- наставници (одд.раководител, други наставници),<br>-родители,<br>-стручни лица од други институции,<br>- директор | - Тестови за општи интелектуални способности (*доколку истите бидат обезбедени од страна на училиштето)*<br>- Стручна литература,<br>- Наставни средства и помагала | - континуирано во текот на целата учебна година | - откриени се проблемите кај учениците,<br>- остварена е соработка со сите вклучени субјекти,<br>- користени се планираните инструменти , техники, наставни средства и помагала<br>- документирана е работата, водено е ученичко досие. |
| Да се постигне соодветен успех кај ученикот | - следење на постапките за работа,<br>- одредување на методи на работа,<br>- континуирано соработување со сите вклучени субјекти,<br>- редовно изведување на | - ученик,<br>- наставници,<br>- стручни соработници,<br>- родители | - наставни средства и помагала | - континуирано, додека има потреба | - вклучени се сите субјекти,<br>- изведени се планираните активности, |

- одредување на начин и временски период за соработка со родители, - одредување на институцијата со која ќе соработуваме за одреден проблем. - ученици, - стручни соработници (психолог, педагог), - наставници (одд. раководител, други наставници), - родители, - стручни лица од други институции, - директор - Тестови за општи интелектуални способности - Проективни техники, - Стручна литература, - Наставни средства - континуирано во текот на целата учебна година

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | сите претходни активности планирани за работа со конкретниот ученик,<br>- проверување на ученикот со соодветни методи,<br>- информирање на родителите. | | | | -ученикот е проверен со соодветни методи,<br>-информирани се родителите. |

## 6.1 ПРОГРАМА НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

**За учебната 2026/27 година**

Во согласност со Програмата за работа со ученици со посебни потреби и ученици со потешкотии во учењето, инклузивниот тим во училиштето разработи свој план за работа во оваа учебна година, преку кој ќе се следи, ќе се поддржуваат и евалуираат постигањата на учениците со посебни потреби, како и работата на училиштето во сегментот на работа со учениците со посебни потреби и потешкотии во учењето.

Во прилог следи оперативен план за учебната 2026/27 година:

| ***Задача*** | ***Активност*** | ***Временска рамка*** | ***Реализира*** | ***Очекувани резултати*** | ***Одговорни лица*** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Известување на наставниците за ученици со различни специфичности, како и подготовка на наставниците за премин од одделенска во предметна настава за работа на ученици со сите специфичности** | За сите програмски подрачја, по наставните предмети планираме користење и нужно комбинирање на сите интерактивни, актуелнии современи методи, формии средства на наставна работа, со акцент врз: учење преку игра, учење преку решавање проблеми и истражување, на ниво соодветно на учењето кај учениците на актуелната возраст | Септември | ИТ | Во планирањата, наставната програма е приспособена кон развојните, заедничките и индивидуалните потреби за напредок на учениците.Се планираат разновидни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа | ИТ |
| **Идентификација на ученици со сите специфичности** | Опсервација и разговори со децата со сите специфичности | Септември -октомври | ИТ Наставници | Навремено идентификувани децата со сите специфичности | ИТ Наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Да ги процениме способностите на децата со посебни образовни потреби** | Опсервација,разговори и тестирање на децата со сите специфичности | Континуирано | ИТ Специјализирани лица од други инстит. | Навремено проценети способностите и слабостите на децата со сите специфичности | ИТ |
| **Да разговараме со родителите на децата со сите специфичности** | Разговор со децата со сите специфичности | Септември - Јуни | ИТ | Поддршка на родителите на децате со сите специфичности | ИТ |
| **Да им дадеме инструкции на наставниците за карактеристиките на учениците со сите специфичности кои се запишани во оваа учебна година** | Инструктивна работа преку разговор,прирачници | Октомври - Ноември | ИТ | Навремено и соодветно упатување на наставниците,запознавање со потребите и карактеристиките на децата со сите специфичности | ИТ |
| **Да ги процениме способностите на учениците со посебни образовни потреби со цел да изработиме ИОП** | Опсервација,следење, разговори | Октомври - Ноември | УИТ ИТ Родители | Навремено проценување на способностите на децата со ПОП со цел да се подготви и изработи ИОП | УИТ |
| **Да изградиме стратегии за учење со примена на диференциран пристап** | Работилници за обука на наставниците за примена на диференциран пристап | Октомври | ИТ Наставници | Формирање на соодветни стратегии за учење кај децата со сите специфичности кои ќе бидат применети на дифер. начин | ИТ Наставници |
| **Да направиме ревизија на ИОП** | Направен увид во реалзицација на целите од ИОП | На секое тримесечије | УИТ | Целите кои се планирани со ИОП реално да се остварени | УИТ |
| **Да ги процениме ефектите на ИОП-оценување** | Примена на соодветни искази во описот на постигањата на учениците со ПОП | Декември-Јануари | УИТ | Објективна проценка на напредокот во учењето на ПОП | УИТ |
| **Да ги следиме децата со сите специфичности и инструктивни работилници со наставници и родители** | Следење,разговори и работилници | Март | ИТ Специјализирани лица | Напредок во учењето и реален пристап и адекватна помош од страна на родителите | ИТ Специјализирани лица |
| **Да ги процениме ефектите од севкупните работи** | Евалуација на работата на инклузивниот тим | Јуни | УИТ | Дефинирање на следните чекори и активности на инклузивниот тим | УИТ |
| **Организирање на отворени часови во училница во која што има деца со различни специфичности** | Следење на адаптацијата,климата во одделението и напредокот на учењето | Континуирано | УИТ | Размена на искуства и примена на интерактивни методи,пристапи на работа | УИТ Стручен актив на наставници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Идентификација на надарени и талентирани ученици (наставниците изготвуваат програма за додатна настава)** | Идентификување на творечките карактеристики. Препознавање на мотивационите карактеристики. Идентификувањена социјалнитекарактеристики | Континуирано | ИТ Наставници | Идентификувани се учениците со општа надареност за одделни области. Идентификувани сеучениците што се талентирани за одделни области | ИТ |
| **Извештај за работа на инклузивниот тим** | Да се сумира реализацијата на активностите и ефектите од работата на УИТ и на инклузивното образование во училиштето | На крај на прво полугодие и на крај на година | ИТ | Документирана е работата на УИТ. Направена е анализа на работата на УИТ. | ИТ |

**Инклузивен тим во училиштето:**
**Трајанка Ризова – Директор**

**Стојанче Саздов – стручен соработник- дефектолог**

**Анита Јованова Петрова – стручен соработник-психолог**

**-одд. Наставник**

**Сања Панарин-пред.наставник**

**Данча Давчева – пред.наставник**

**Алкета Златевска – родител**

**Виолета Најдоска - родител**

## 6.2 Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии Учебна 2026/27 година

Емоционалното здравје претставува основа за успешен психофизички развој, учење и социјална интеграција на учениците. Во современото училиште сѐ почесто се среќаваат ученици кои се соочуваат со анксиозност, стравови, тага, намалена самодоверба, проблеми во однесувањето, потешкотии во адаптацијата, семејни кризи и други емоционални состојби кои можат значително да влијаат врз нивното учење, однесување и квалитетот на живот.

Навременото препознавање на емоционалните потешкотии и обезбедувањето соодветна психолошка и педагошка поддршка овозможуваат превенција на посериозни проблеми, јакнење на отпорноста кај учениците и создавање позитивна и безбедна училишна клима.

Оваа програма претставува составен дел од Годишната програма за работа на училиштето и ги дефинира активностите за идентификација, следење и поддршка на учениците кои покажуваат емоционални потешкотии

| Цели | Содржини и активности | Реализатор и | Време | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Идентификација на ученици со емоционални потешкотии | Набљудување на учениците, разговори со наставници, анализа на педагошка документација | Стручни соработници, одделенски наставници, одделенски раководители | Септември и континуирано | Навремено препознаени ученици на кои им е потребна поддршка |
| Следење на адаптацијата | Следење на учениците од прво одделение и новозапишаните ученици | Стручни соработници, одделенски наставници | Септември–октомври | Полесна адаптација и навремена интервенција |
| Индивидуална проценка | Интервјуа, разговори, психолошки проценки, педагошки согледувања | Стручни соработници | Континуирано | Подетално согледување на потребите |
| Советодавна работа | Индивидуални советувања со ученици | Стручни соработници | Континуирано | Подобрување на емоционалната стабилност |
| Работа со родители | Индивидуални средби, советување, насоки за домашна поддршка | Стручни соработници, одделенски раководители | Континуирано | Подобрена соработка со семејството |
| Поддршка на наставниците | Консултации за пристап кон учениците | Стручни соработници | Континуирано | Усогласени воспитно-образовни постапки |
| Развој на емоционални компетенции | Работилници за препознавање и изразување емоции, самоконтрола, самодоверба, емпатија | Стручни соработници, одделенски наставници | Во текот на годината | Развиени социјални и емоционални вештини |
| Превенција на стрес и анксиозност | Работилници, техники за релаксација, разговори | Стручни соработници | Континуирано | Намалено чувство на анксиозност |
| Поддршка при кризна состојба | Индивидуална интервенција, соработка со семејството и институции | Стручни соработници | По потреба | Брза и соодветна реакција |
| Упатување до надворешни институции | Соработка со здравствени и социјални установи | Стручни соработници | По потреба | Обезбедена дополнителна стручна поддршка |
| Следење на напредокот | Евиденција, разговори, проценка на постигнатите промени | Стручни соработници | Континуирано | Видлив напредок кај учениците |
| Евалуација | Анализа на реализираните | Стручни соработници | Јуни | Податоци за планирање на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **активности и нивната успешност** | | | **идни активности** |

Тим за поддршка: директор, педагог, психолог, дефектолог, наставници

## ПРИЛОГ 7. ПРОГРАМИ ЗА ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Ученичките екскурзии и излети се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување, рекреација и други видови на педагошко организирање на слободното време на учениците.

Целта на наставните екскурзии и излети е проширување на ученичките знаења и умеења од природните, општествените и другите наставно научни дисциплини како и развивање на љубов и почит кон татковината, запознавање на духовните и материјалните богатства.

Наставните екскурзии и излети се изведуваат во задолжителни наставни денови што треба да ги исполни училиштето во текот на учебната година.

На ниво на училиште оваа учебна година ќе бидат организирани наставно-научни екскурзии во III, VI и завршното одделение според „Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта“, излети и настава во природа.

Сите програми се изработени врз основа на член 42 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” број 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Концепција за вонаставни активности во основното образование и Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 04.08.2025 година.

ВОВЕД

Согласно Годишната програма за работа на училиштето, како и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта , од страна на Стручен тим донесена е Програма за изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности за учебната 2026/2027 год.

Во Програмата се опфатени:

Воспитно-образовни цели,

Задачи;

Содржина на активности;

Раководител, наставници,ученици;

Времетраење;

Локации за посета и правци на патување

Техничката организација и

Начин на финансирање.

За подготовките од стручно-педагошки и техничко-организационен и безбедносен карактер и изведување на екскурзиите и другите слободни активности во училиштето се грижи стручниот тим формиран со Одлука од Училишен одбор.

Согласно Правилникот по добивање на согласност за реализација на екскурзијата од Советот на родители, БРО и Советот на Општината, програмата се презентира пред Училишниот одбор кој дава своја согласност и има целосен увид во организацијата, избор на агенција и реализацијата на екскурзијата.

Учениците кои нема да учествуваат во екскурзијата и другите слободни ученички активности, согласно Правилникот училиштето ќе им организира настава.

**ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД III ОДДЕЛЕНИЕ ВО УЧЕБНАТА 2026/27 г.**

**1. Воспитно - Образовни цели:**

- проширување на знаењата од повеќе наставни предмети;
- примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со општествената средина и културно историските знаменитости, индустриски и други капацитети;
- да се развие љубовта кон татковината и
- да го развијат почитувањето кон културните традиции културно-историските знаменитости природни убавини и реткости

**2. Задачи:**

- изучување и истражување на објекти и појави во природата и односите во општествениот живот;
- да ги откријат и сватат односите во општествениот живот;
- градење на чувството за патриотизам, толеранција и соживот;
- создавање навики за здраво живеење и рекреација;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- да изградат еколошки навики и интерес за природата и
- градење позитивен однос кон природата и човековата околината

**3. Содржини и активности:**

- Посета на градот Скопје, при што ќе се продлабочуваат стекнатите знаења за сообраќајот, животните и културно – историското минато на нашиот народ.

-Локации кои е планирано е да се посетат : Скопско кале, црквата Св. Спас – гробот на Гоце Делчев, Стара чаршија, зоолошката градина, Аеродром Скопје

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Одговорни наставници:

Мирјана Димова одделенски раководител на IIIа-одд. во Росоман;

Лидија Филипова одделенски раководител на IIIб-одд. во Росоман;

Татјана Ичев одделенски раководител на III одд во ПУ с. Трстеник

Симона Кареова Соколова одделенски раководител на III одд во ПУ с. Паликура;

Анета Колева одделенски раководител на III одд во ПУ с.Сирково.

Ориентационен број на ученици по паралелки:

- III а одд .- Росоман околу 18 ученици
- III б одд. - Росоман околу 18 ученици
- III одд. - ПУ с. Сирково - околу 2 ученици
- III одд. ПУ с. Паликура околу 1 ученици
-III одд. ПУ с.Трстеник околу 1 ученик

Вкупно: околу 40 ученика односно повеќе од 90% од вкупниот број на ученици во трето одд.

**5. Времетраење:** 1(еден) ден

Време на реализација: мај 2027 година

**6. Локации за посета и правци на патување:**

Росоман - Скопје – Росоман

**7. Техничка организација:**

Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди

**8. Начин на финансирање:** Екскурзијата ја финансираат родителите во целост.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ**

**ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ**

**Воспитни образовни цели:**

-проширување на знаењата од повеќе наставни предмети;

-примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со општествената средина и културно -историските знаменитости.

-да се развие љубовта кон татковината;

-да го развијат почитувањето кон културните традиции, културно-историските знаменитости и реткости.

**Задачи:**

-Изучување и истражување на објекти и појави во природата и односите во општествениот живот;

-градење на чувството за патриотизам, толеранција и соживот;

-стекнување социјални вештини;

-социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

-да изградат еколошки навики;

-градење позитивен однос кон природата и човековата околината.

**Раководител, наставници, ученици:**

Одговорни наставници:

Анита Колева, Стрилка Кузманова.

Ориентационен број на ученици по паралелки: околу 40 ученици во VI одд.

**Времетраење: 2** (два) работни дена

**Време на реализација**: мај 2027 година

**Локации за посета и правци на патување:**

Прв ден:

Росоман – Радовиш - манастир „Успение на Пресвета Богородица“ с.Вељуса - манастир„ Св.Леонтиј“ Водоча – Струмица

Содржини и активности:

Тргнување од Росоман во претпладневните часови (од 8.00 ч.); Пристигнивање во Радовиш, разгладување на градот и знаменитостите. Упатување кон манастирите во с.Вељуса и с.Водоча близу Струмица (Успение на Пресвета Богородица и св.Леонтиј — учениците ќе имаат можност да се запознаат со историјата на овие манастири од монахињите кои се дел од овие манастири). Во попладневните часови пристигнување во Струмица и сместување во хотел. Вечера и ноќевање.

Втор ден:

Струмица – Колешински Водопади – Дојран - Росоман

Содржини и активности:

По појадокот во хотелот - упатување кон Колешинските Водопади, разгледување на природните убавини и богатата флора и фауна. Ручек. По ручекот упатување кон Дојран, Разгледување на Дојранското Езеро, запознавање со специфичниот начин на ловење риби, набљудување на наколните живеалишта и околната флора и фауна. Прошетка низ Дојран, по која учениците се упатуваат кон Росоман во попладневните часови.

**Техничка организација:**

Ќе се изведува согласно на член 42 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година ), Концепција за воннаставни активности во основното образование и Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 19.11.2019 г.

Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.

**Начин на финансирање:** Екскурзијата ја финансираат родителите.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРИДНЕВНА УЧЕНИЧКА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ – РОСОМАН ВО УЧЕБНАТА 2026/ 27 г.**

**РЕЛАЦИЈА: РОСОМАН-СКОПЈЕ-ДЕБАР-ОХРИД-РОСОМАН**

**1.Воспитно- образовни цели:**

Проширување на знаењата од повеќе наставни предмети;

Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со општествената средина

и културно-историските знаменитости.

Да се развие љубовта кон татковината;

Да го развијат почитувањето кон културните традиции, културно-историските знаменитости и реткости.

**2.Задачи:**

Изучување и истражување на објекти и појави во природата и односите во општествениот живот;

Градење на чувството за патриотизам, толеранција и соживот;

Стекнување социјални вештини; социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

Градење еколошки навики и позитивен однос кон природата и човековата околината.

**3.Раководител, наставници, ученици:**

Одговорни наставници:

Име и презиме: Мирјана Јошева - одделенски раководител на IX а - одд.;

Малинка Пеливанова - одделенски раководител на IX б - одд.;

Бетка Ристова - одделенски раководител на IX- одд. ПУ Сирково;

Ориентационен број на ученици по паралелки:

IX а – 11 ученици; IX б – 12 ученици; IX Сирково – 2 ученици;
Вкупно: 25 ученици во IX одд.

**4. Времетраење:** 3 (три) работни дена

**5.Време на реализација:** мај / јуни 2027 година

**6.Локации за посета и правци на патување**

**Прв ден: Росоман – Скопје – манастир Св.Јован Бигорски - Охрид :**

**Скопско Кале, црква св. Спас и гробот на Гоце Делчев ; Музејски комплекс Македонска борба и Музеј на Холокаустот.**

**Содржини и активности:**

- Посета на Скопското Кале, запознавање со неговото датирање, стратешката местоположба, археолошки истражувања, како и важноста денес како туристичка локација и културен центар во летнот период;
- Разгледување на црквата Св. Спас и оддавање почит на Гоце Делчев како еден од најистакнатите револуцинери, борци, мислители од илинденскиот период;
- Посета на Музејски комплекс Македонска борба, запознавање со историјата на македонскиот народ во повеќе периоди, запознавање на восочните фигури на личности од македонската историја, примероци од оружја, мебел документи и други експонати;
- Разгледување на Спомен куќата на холокаустот или прошетка во центарот на Скопје (по избор на учениците);
- По ова учениците се упатуваат кон манастирите Св. Јован Бигорски и манастирот Св. Георгиј Победоносец - Рајчица каде имаат можност да ги погледнат познатите иконостаси, изработка на старите галички мајстори.

  По ова учениците се упатуваат кон хотел во Охрид на вечера ( со полуматурска забава) и ноќевање.

**<u>Втор ден</u>**

**Охрид - Струга-Охрид**

**Струга*:* Вевчански Извори; Природно - научен музеј;**

**Мостот на поезијата, прошетка низ Струга , прошетка низ Охрид (Антички музеј-Самуиловата тврдина ; Плаушник и Св. Јован Канео).**

**Содржини и активности:**

- Посета на Вевчанските Извори;

  Посета на природно-научниот музеј во Струга и запознавање со растителниот и животинскиот свет, со експонатите од историското , археолошкото, етнолошкото и ликовното одделение на музејот.

  Посета на Мостот на поезијата;

  Прошетка и разгледување на убавините на Струга , а потоа упатување кон Охрид.

- Охрид : Посета на Античкиот театар, запознавање со неговиот историјат, културната важност во времето кога функционирал, но и денес кога тој претставува своевидна археолошка атракција каде и се одвиваат значајни културни настани.

  Посета на средновековната Самоилова тврдина, запознавање на нејзината функција за безбедноста на Самоиловото царство, нејзините разурнувања и обнови, археолошките истражувања и нејзината важност како туристичка атракција денес.

  Посета на Плаушник и Св.Јован Канео;

  После планираните посети учениците имаат прошетка низ градот Охрид;

  По ова учениците се упатуваат кон хотелот во Охрид на вечера и ноќевање во хотелот.

**<u>Трет ден:</u>**

**Охрид –Заливот на коските- Св.Наум - Битола - Росоман**

**Содржини и активности:**

- Посета на Св. Наум, запознавање со неговиот историјат, културна и религиозна важност.
- Посета на Заливот на коските; запознавање со неговата културна вредност и упатување кон Битола;
- Прошетка низ Битола , посета на Музејот на Кемал Ататурк;
- Посета на древниот град Хераклеа, запознавање со неговата стратешка местоположба, цивилизациски развој, црковниот и културниот живот на градот.
- По ова учениците се упатуваат кон Росоман во попладневните часови.

**7. Техничка организација:**

Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.

**8. Начин на финансирање:** Екскурзијата ја финансираат родителите.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТ**

**ООУ„ПЕРЕ ТОШЕВ“- РОСОМАН НАМЕНЕТА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I, II, IV И V ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ – РОСОМАН**

**Релација РОСОМАН– СТОБИ – НЕГОТИНО - ДЕМИР КАПИЈА - РОСОМАН**

Учесници: учениците од I, II, IV и V одделение и одделенските раководители од ООУ „Пере Тошев“-Росоман , ПУ с. Манастирец, ПУ с. Трстеник, ПУ с. Сирково и ПУ с.Паликура

1. Воспитно-образовни цели:

- Непосредно запознавање на учениците со природните убавини во блиската околина ;

- Запознавање со културно историските споменици и стопанските објекти во нашиот крај ;

- Да се подигне свеста на учениците за постоењето на природните богатства и нивната заштита;

- Да развијат и негуваат еколошки навики за однесување во група, при престој во природа.

2. Задачи:

- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;

- Развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности во поблиската околина;

- Градење чувство на патриотизам, толеранција и соживот;

- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;

- Социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

- Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење.

3.Содржина на активности: Посета на археолошки локалитет Стоби, посета на манастир Св.Ѓорѓи -Неготино, фабриката за производство на прехрабени производи „ Ким “ Неготино, Акватика парк- Демир Капија и посета на винарија „Квин Марија“ Демир Капија.

4. Раководител, наставници, ученици:

Одговорни наставници: одделенските раководители на паралелките од I,II,IV и V одд од ООУ „Пере Тошев“- Росоман , ПУ с. Манастирец, ПУ с. Трстеник, ПУ с. Сирково и ПУ с.Паликура

Опфат на ученици: I,II,IV и V (опфат на ученици околу 150 )

5. Времетраење: еден работен ден во месец мај/јуни 2027 година

Време на реализација: мај/јуни 2027

6. Локации за посета и правци на патување: Росоман – Стоби – Неготино - Демир Капија - Росоман (Учениците до локацијата за излет ќе пристигнат со автобус).

7. Техничка организација: Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и излети и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.

8.Начин на финансирање: Излетот го финансираат родителите.
Одделенски раководители: Жаклина В. Ѓорѓиева, Весна Настовска, Анита Пешова, Лидија Јовановска, Анета Јоновска Љубенова, Наталија Мициќ, Катарина Димова, Блажо Тасев, Драгана Темова Славов, Гордана Димитриева, Македонка Јанева, Татјана Ичев, Анета Колева, Симона Кареова-Соколова.

**ПРЕДЛОГ ПЛАН ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ИЗЛЕТ**

**наменета за учениците од VII и VIII одделение при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман**

1. **Релација: Росоман - Моклиште - Росоман**
2. **Учесници:** Учениците од VII и VIII одделение и одделенските раководители.
3. **Времетраење:** 1- работен ден во месец мај 2027 година
4. **Цел:** Проширување на знаењата преку непосредно запознавање на природната и општествената средина, културно историски знаменитости, во согласност со воспитно - образовната работа на училиштето.
5. **Задачи:**

- Изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот,
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности во поблиската околина
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за

здраво живеење.

6. **Содржини и активности:**

**Проллетен излет**: Посета на Моклиште - Меморијален центар Дванаесетте другари и разгледување на неговата непосредна околина, градот Кавадарци.

Поаѓање од Росоман во 8.00 часот
Пристигнување во Моклиште во 8.30 часот
Посета на Меморијален центар Дванаесетте другари
Враќање во Росоман

7. **Техничка организација:** ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

8. **Начин на финансирање:** Излетот ќе биде изведен со средства од родителите.

Одделенски раководители на VII и VIII одделение во централното и подрачното училиште.

**ПРОГРАМА НА ВОНУЧИЛИШНА АКТИВНОСТ**

**ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I, II, III, IV и V ОДДЕЛЕНИЕ**

(Посета на Детски театар-Скопје)

1. Воспитно-образовни цели:

Подигање на нивото на медиумска култура и едукација кај учениците од основните училишта, за која возраст и е наменета претставата во согласност со воспитно - образовната работа на училиштето.

2.Задачи:

- подигање на нивото на медиумска култура и културно едуцирање;

- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;

-социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

- развивање интерес за театар ;

3.Содржини и активности:

Планирана е посета на Детски театар

Поаѓање од Росоман во 10.00 часот

Пристигнување во Скопје во 11.00 часот

Посета на Детскиот театар

Враќање во Росоман

4. Раководител, наставници, ученици:

Одговорни наставници: одделенските раководители на паралелките од I, II, III, IV и V одд од ООУ „Пере Тошев“ - Росоман, ПУ с. Манастирец, ПУ с. Трстеник, ПУ с. Сирково и ПУ с.Паликура.

Опфат на ученици: I, II, III, IV и V одд. (опфат на ученици околу 180 односно повеќе од 90% )

5. Времетраење: еден ден

Време на реализација: октомври/ноември 2026 год.

6. Локации за посета и правци на патување: Росоман - Скопје - Росоман (Учениците до локацијата ќе пристигнат со автобус)

7. Техничка организација: Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современи автобуси кои ги исполнуваат потребните стандарди.

8.Начин на финансирање: вонучилишната активност ја финансираат родителите

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ВОНУЧИЛИШНА АКТИВНОСТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД VI , VII, VIII ОДДЕЛЕНИЕ (посета на театар)**

**НА РЕЛАЦИЈА: РОСОМАН-ВЕЛЕС-РОСОМАН**

Воспитно-образовни цели:

Подигање на нивото на медиумска култура и едукација кај учениците од основните училишта, во согласност со воспитно -образовната работа на училиштето.

Задачи:

-подигање на нивото на медиумска култура и културно едуцирање;

-поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;

-социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

-развивање интерес за театар ;

Содржини и активности:

Поаѓање од Росоман во 10.00 часот ; пристигнување во Велес 10.30 часот ;

Планирана е посета на куќата на Кочо Рацин (големиот македонски поет), посета на куќата на Џинот (зачетник на македонското драмско творештво), следење на театарска претстава во театарот „Јордан Хаџи Константинов-Џинот" во Велес, како и посета на градскиот парк (во непосредна близина на театарот).

Враќање во Росоман во попладневните часови.

Раководител, наставници, ученици:

Одговорни наставници:

- Мирјана Јошева - наставник по македонски јазик

- Данча Давчева - наставник по македонски јазик

- Андриана Николова - наставник по македонски јазик

- Александра Касапинова - наставник по англиски јазик

- Стрилка Кузманова - наставник по англиски јазик

- Сања Панарин-Малинков - наставник по англиски јазик

- Силвија Крстиќ-Велков- наставник по англиски јазик

- Тања Сами - наставник по француски јазик

-Катерина Димеска – наставник по германски јазик

Опфат на ученици: VI , VII, VIII одд. (околу 99 ученици)

Локации за посета и правци на патување: Росоман - Велес - Росоман (Учениците до локацијата ќе пристигнат со автобус)

Времетраење: еден работен ден во првото полугодие.

Време на реализација: ноември/декември, според програмата на театарот 2026/2027 год.

Техничка организација: Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта.

Начин на финансирање: вонучилишната активност ја финансираат родителите.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ВОНУЧИЛИШНА АКТИВНОСТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ**

(посета на саемот на книгата)

НА РЕЛАЦИЈА РОСОМАН-СКОПЈЕ-РОСОМАН

Воспитно-образовни цели:

Проширување на знаењата преку непосредно запознавање на општествената средина во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Задачи:

-развивање интерес кон книгата;

-градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;

-развивање позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности во поблиската околина

-поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;

-социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

Содржина на активности:

Посета на саемот на книгата, разгледување штандови на издавачки куќи, разгледување на центарот на Скопје.

Раководител, наставници, ученици:

Одговорни наставници:

- Мирјана Јошева - наставник по македонски јазик

- Данча Давчева - наставник по македонски јазик

- Андриана Николова - наставник по македонски јазик

- Александра Касапинова - наставник по англиски јазик

- Стрилка Кузманова - наставник по англиски јазик

- Сања Панарин-Малинков - наставник по англиски јазик

- Силвија Крстиќ-Велков- наставник по англиски јазик

- Тања Сами - наставник по француски јазик

-Катерина Димеска – наставник по германски јазик

Ученици:

Учениците од IX одд. при ООУ „Пере Тошев" - Росоман и

ПОУ„Пере Тошев" - Сирково (опфат од околу 40 ученици)

Времетраење: Еден работен ден во месец мај 2027 година

Локации за посета и правци на патување: Росоман - Скопје – Росоман

Техничката организација: Ќе се изведува согласно Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги превземе сите потребни постапки за реализација на истата. Патувањето ќе биде со современ автобус кој ги исполнува потребните стандарди.

Начин на финансирање: Вонучилишната активност ја финансираат родителите во целост.

**ПРЕДЛОГ ПЛАН ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ВОННАСТАВНА АКТИВНОСТ**

**( посета на Планетариум и Природно- научен музеј наменета за учениците од VIII одд. )**

НА РЕЛАЦИЈА РОСОМАН-СКОПЈЕ-РОСОМАН

Воспитно-образовни цели: Проширување на знаењата преку непосредно запознавање на општествената средина во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Задачи: - развивање интерес за вселената и небеските тела;
- развивање интерес за растителниот и животинскиот свет;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- развивање позитивен однос кон природата и природните феномени;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
-социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

Содржина на активности:
-Едукативна посета на планетариумот, обсервација на ѕвездено небо и разговор со одговорно лице од планетариумот.
- Едукативна посета на прородно научниот музеј, разгледување на растителниот и животинскиот свет и разговор со одговорно лице од музејот.

Раководител, наставници, ученици:

Одговорни наставници: Маноелка Панарин- наставник по физика ;
Бетка Ристова - наставник по физика ;
Малинка Пеливанова - наставник по физика ;
Јана Шепендиева- наставник по биологија .

Опфат на ученици: Учениците од VIII одд. при ООУ „Пере Тошев“-Росоман и ПОУ„Пере Тошев“- Сирково;

Вкупно: 30 ученици

Времетраење: Еден работен ден во месец мај 2027 година

Локации за посета и правци на патување: Росоман - Скопје – Росоман

Техничка организација: ќе се изведува согласно член 42 од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Концепција за вонnаставни активности во основното образование и Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта од 04.08.2025г.

Начин на финансирање: Вонаставната активност ќе биде изведена со средства од родителите.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ПРОЛЕТЕН ДЕН**

**ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ – РОСОМАН**

**НАМЕНЕТА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ – РОСОМАН**

**Локација: Брегот на река Црна / Фудбалско игралиште на ФК Росоман**

Учесници: сите ученици од I до IX одделение и одделенските раководители на паралелките од I до IX одделение од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман

**1. Воспитно-образовни цели:**

- Непосредно запознавање на учениците со пролетното разбудување на природата во непосредната околина на училиштето;
- Развивање љубов и почит кон природата и следење на нејзините промени во пролетниот период;
- Подигнување на свеста кај учениците за значењето на природните ресурси и потребата од нивна заштита;
- Развивање и негување еколошки навики за однесување во група при престој на отворено;
- Поттикнување на дружење, соработка и социјализација меѓу учениците од различни одделенија.

**2. Задачи:**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Согледување на пролетните промени (цветање, зазеленување, повраток на птиците) преку непосредно набљудување;
- Поттикнување на позитивни емоции и чувство на припадност кон училишната заедница;
- Социјализација, колективна заштита и грижа за себе и за другите;

- Развивање интерес за спортско-рекреативни активности и создавање навики за здраво живеење.

**3. Содржина на активности:**

Прошетка до брегот на реката Црна и посета на фудбалското игралиште на ФК Росоман. На локацијата се предвидени: набљудување и разговор за пролетните промени во природата, кратки спортско-рекреативни игри и активности на игралиштето, дружење и заеднички активности на учениците од сите одделенија.

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Одговорни наставници: одделенските раководители на паралелките од I до IX одделение од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман.

Опфат на ученици: сите ученици од I до IX одделение.

**5. Времетраење:**

Еден училишен ден во март 2027 година.

Време на реализација: март 2027 година.

**6. Локации за посета и правци на движење:**

Училиштен двор – брегот на реката Црна – фудбалско игралиште на ФК Росоман – училиштен двор (движење пеш, во непосредна близина на училиштето).

**7. Техничка организација:**

Активноста ќе се изведува согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и излети и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги преземе сите потребни постапки за реализација на истата, вклучувајќи организација на превентивни мерки за безбедност на учениците при движењето и престојот на отворено.

**8. Начин на финансирање:**

Активноста се реализира во непосредна близина на училиштето, без потреба од организиран превоз, поради што не предизвикува дополнителни финансиски трошоци за родителите.

Одделенски раководители: одделенските раководители на паралелките од I до IX одделение при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕСЕНСКИ ДЕН**

**ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ – РОСОМАН**

**НАМЕНЕТА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД I ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ – РОСОМАН**

**Локација: Брегот на река Црна / Фудбалско игралиште на ФК Росоман**

Учесници: сите ученици од I до IX одделение и одделенските раководители на паралелките од I до IX одделение од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман

**1. Воспитно-образовни цели:**

- Непосредно запознавање на учениците со есенските промени во природата во непосредната околина на училиштето;

- Развивање љубов и почит кон природата и нејзините убавини во есенскиот период;

- Подигнување на свеста кај учениците за значењето на природните ресурси и потребата од нивна заштита;

- Развивање и негување еколошки навики за однесување во група при престој на отворено;

- Поттикнување на дружење, соработка и социјализација меѓу учениците од различни одделенија.

**2. Задачи:**

- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Согледување на есенските промени (лисја, плодови, температурни промени) преку непосредно набљудување;
- Поттикнување на позитивни емоции и чувство на припадност кон училишната заедница;
- Социјализација, колективна заштита и грижа за себе и за другите;
- Развивање интерес за спортско-рекреативни активности и создавање навики за здраво живеење.

**3. Содржина на активности:**

Прошетка до брегот на реката Црна и посета на фудбалското игралиште на ФК Росоман. На локацијата се предвидени: набљудување и разговор за есенските промени во природата, собирање природни материјали (лисја, плодови) за понатамошна ликовна/creativna изработка во училиштето, кратки спортско-рекреативни игри на игралиштето и дружење на учениците од сите одделенија.

**4. Раководител, наставници, ученици:**

Одговорни наставници: одделенските раководители на паралелките од I до IX одделение од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман.

Опфат на ученици: сите ученици од I до IX одделение.

**5. Времетраење:**

Еден училишен ден во ноември 2026 година.

Време на реализација: ноември 2026 година.

**6. Локации за посета и правци на движење:**

Училиштен двор – брегот на реката Црна – фудбалско игралиште на ФК Росоман – училиштен двор (движење пеш, во непосредна близина на училиштето).

**7. Техничка организација:**

Активноста ќе се изведува согласно Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и излети и другите слободни активности на учениците од основните училишта. Училишната комисија за спроведување на екскурзии и други слободни активности ќе ги преземе сите потребни постапки за реализација на истата, вклучувајќи организација на превентивни мерки за безбедност на учениците при движењето и престојот на отворено.

**8. Начин на финансирање:**

Активноста се реализира во непосредна близина на училиштето, без потреба од организиран превоз, поради што не предизвикува дополнителни финансиски трошоци за родителите.

Одделенски раководители: одделенските раководители на паралелките од I до IX одделение при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман.

Изработка на програмски прилог:

Стручен тим за подготовка на

Програма за екскурзии

и други слободни активности

## Кодекс на однесување за вонучилишни активности

### 1. Цел

Овој кодекс има за цел да обезбеди безбедно, одговорно и кооперативно однесување на сите учесници (ученици, вработени, родители/старатели) за време на екскурзии, излети и други активности надвор од училиштето.

### 2. Учесници

- Учениците кои присуствуваат на активноста.
- Вработените во училиштето (наставници, стручни соработници, образовни асистенти или други вработени во училиштето).
- Родители/старатели кои ја даваат согласност и поддршка.
- Надворешни придружници и превозници, ако има.

### 3. Основни правила за учениците

- Да се придржуваат до насоките и инструкциите наставниците, стручните соработници и/или придружниците на патувањето.
- Да се однесуваат со почит кон сите учесници: ученици, наставници и останати лица со кои ќе бидат во контакт.
- Да се однесуваат со почит кон средината, да одржуваат хигиена и да не се загадува со отпадоци.
- Да се однесуваат одговорно и со почит кон имотот, да не се оштетува инвентар во превозно средство (автобус, комбе и сл) и во сместувањето.
- Да се движат и користат простор само со дозвола и надзор, особено при превоз, престој и активности на јавни или приватни површини.
- Да не користат опасни предмети, да не ја загрозуваат својата и туѓата безбедност.
- Да го почитуваат распоредот, време за собирање, време за оброк, време за одмор.
- Да ги почитуваат правилата за однесување и употреба на мобилен телефон (при фотографирање, соодветен звук итн).
- Да се придржуваат до правилата за групата – да не се издвојуваат сами без дозвола, да бидат достапни за повик.
- Да пријават веднаш секоја незгодна, опасна или непредвидена ситуација на придружник или вработен.

### 4. Обврски на вработените

- Пред активноста: да обезбедат информираност на учениците и родителите/старателите за програмата, правила, ризици и очекувања, да се обезбеди писмена согласност дека родителот/старателот е запознат и согласен со правилата на однесување.
- Да ги определат и јасно претставaт придружниците, распоредот, начините за однесување, превоз, состојбата на безбедност.
- За време на активноста: да обезбедат надзор, редовна информација до групата, контрола на движење, да интервенираат при непристојно или ризично однесување.

- По завршетокот: да направат евалуација, да пријават евентуални инциденти, да го известат училиштето и родителите/старателите, да изготвуваат и доставуваат извештаи до Тимот за екскурзии, излети и други вонаставни активности

**5. Улоги на родителите/старателите**

- Да го прочитаат и да ги прифатат правилата и програмата на активноста.
- Да обезбедат дека ученикот е во добра општа здравствена состојба и подготвен за учество и дека ги има потребните лични работи (облека, средства за хигиена, евентуално лекови).
- Да ги поттикнуваат учениците да ги почитуваат правилата и да соработуваат.
- Да обезбедат контактна достапност за време на активноста, во случај на итна потреба.

**6. Санкции и последици**

- Во случај на непочитување на правилата: ученикот може да биде опоменат усно, писмено; придружникот да го информира директорот; можни се исклучување од делови од програмата или рано враќање дома (во консултација со родител/старател).
- Родителот во целост ја надоместува причинетата штета, доколку се случи во текот на вонаставната активност
- Вработените ја имаат обврската да посочат неприфатливо однесување и во согласност со училиштниот правилник да го известат Совет за превенција и/или директорот.
- Родител/старател може да биде повикан за состанок ако однесувањето го загрозува безбедноста или ја нарушува програмата.

**7. Безбедносни мерки**

- Пред почетокот: целосни информации од учениците учесници во вонаставната активност, проверка на превозното средство од страна на наставниците реализатори на активноста, одредување број на придружници, прва помош и заштита, контакт информации од родители.
- За време на активноста: учениците се движат во групи под водство и надзор од одговорниот наставник.
- Јасен план за итни состојби (изгубен ученик, повреда, непогода) и комуникација меѓу придружници, училиштето и родителите/старателите.
- Одредено време за враќање, собирање, јавување по трансфер.

**8. Принципи**

- Одговорност: секој учесник (ученик, вработен, родител) ја има својата улога.
- Почит: кон себе, кон другите, кон просторот и ресурсите.
- Соработка: групата функционира заедно, секој е поддршка.
- Безбедност: приоритет е здравјето и безбедноста на сите.
- Забава и учење: активноста има цел образовна, развојна и социјална цел.

**СОГЛАСНОСТ – ИЗЈАВА**
**од родител**

Јас ________________________________________ со ЕМБГ _________________________ и

со адреса на живеење ____________________________________________, родител на малолетниот син/ќерка ___________________________________, ученик во ООУ „Пере Тошев“ Росоман _____одд. со потпишувањето на ова изјава СЕ СОГЛАСУВАМ за време на реализација на ученичката екскурзија/излет/друга воннаставна активност на релација __________________ во период од _____________ г. во присуство на одговорните наставници:

1. **Да го почитува Кодексот на однесување за вонучилишни активности особено делот кој се однесува н аучениците: Основни правила за учениците**

- Да се придржуваат до насоките и инструкциите наставниците, стручните соработници и/или придружниците на патувањето.
- Да се однесуваат со почит кон сите учесници: ученици, наставници и останати лица со кои ќе бидат во контакт.
- Да се однесуваат со почит кон средината, да одржуваат хигиена и да не се загадува со отпадоци.
- Да се однесуваат одговорно и со почит кон имотот, да не се оштетува инвентар во превозно средство (автобус, комбе и сл) и во сместувањето.
- Да се движат и користат простор само со дозвола и надзор, особено при превоз, престој и активности на јавни или приватни површини.
- Да не користат опасни предмети, да не ја загрозуваат својата и туѓата безбедност.
- Да го почитуваат распоредот, време за собирање, време за оброк, време за одмор.
- Да ги почитуваат правилата за однесување и употреба на мобилен телефон (при фотографирање, соодветен звук итн).
- Да се придржуваат до правилата за групата – да не се издвојуваат сами без дозвола, да бидат достапни за повик.
- Да пријават веднаш секоја незгодна, опасна или непредвидена ситуација на придружник или вработен.

Со потпишувањето на оваа изјава, се согласувам со предвидените санкции и последици и да ја поднесам евентуално причинетата материјална штета од моето дете за време на траењето на активноста. Преземената обврска се однесува за подмирување на евентуална штета која би била причинета од непочитување на куќниот ред во хотелот, нанесена со намера, невнимание или со недолично однесување.

Воедно, изјавувам дека се согласувам да бидам повикан од страна на одделенскиот раководител за да го прекинам неговиот престој на воннаставната активност во случај доколку ученикот:

- покажува недисциплина и не ги слуша одговорните наставници;

- вербално ги навредува соучениците, наставниците и други возрасни;

- е насилен, предизвикува и учествува во тепачки;

- се двои од групата и самоволно оди на други места;

- не го почитува куќниот ред на хотелот;

- не внимава на инвентарот и го оштетува (што подлежи на лична одговорност на родителот).

Се согласувам заради евентуално непочитување на правилата за однесување за време на екскурзијата/излет/друга вonнаставна активност, како и заради непочитување на одговорните наставници, детето да биде вратено дома на трошок на родителите.

Дата: _______________ Изјавил:(родител/старател):

_____________________________

## ПРИЛОГ 8. ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ

Во ООУ „Пере Тошев“ - Росоман во текот на учебната 2026/27 год. ќе се организират и ќе се учествува на училишни, регионални и државни натпревари по следните наставни предмети: македонски јазик, математика, англиски јазик, географија, историја, физичко и здравствено образование, биологија и природни науки, математика во одделенска настава, информатика. Начинот на организирање и изведување на натпреварите е прикажан во табелата:

| Ре дбр. | Наставен Предмет и одговорен наставник | Училишен натпревар и<br><br>Ориентационо временски | Општински натпревар и ориентационо временски | Државен натпревар и ориентационо временски |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Македонски јазик :<br><br>Данча Давчева<br><br>Мирјана Јошева<br><br>Андриана Николова | Март 2027 | Април 2027 | Мај 2027 |
| 2. | Математика:<br><br>Малинка Пеливанова<br><br>Бетка Ристова | Од VI до IX одд.<br><br>февруари 2027 | Март/ април 2027- општински<br><br>Април 2027 - регионален | Мај 2027 |
| 3. | Англиски јазик:<br><br>Александра Касапинова<br><br>Стрилка Кузманова<br><br>Сања Панарин - Малинков | Од V до IX одд,<br><br>февруари 2027 | Март 2027 - општински<br><br>Април 2027 - регионален | Мај 2027 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Географија:<br><br>Марија Николова | Од V – IX<br><br>Март 2027 | Април 2027 | Април/мај 2027 |
| 5. | Историја:<br><br>Елена Петкова | Од VI – IX | | прва половина на мај 2027 |
| 6. | Физичко и здравствено образование:<br><br>Трајче Орешков<br><br>Душко Јошев<br><br>Душко Миловановиќ<br><br>Марко Миловановиќ | Футсал- машки<br><br>Мај 2027<br><br>Кошарка-машки и женски<br><br>Април/мај 2027 | Футсал – машки и женски во октомври/ноември 2026<br><br>Фудбал - машки април 2027г.<br><br>Кошарка - машки и женски Април 2027<br><br>Ракомет – машки и женски март 2027<br><br>Истите дисциплини учествуваат<br><br>регионални натпревари но во градови во зона – запад | Пинх-понг –м.ж<br><br>Ноември 2026<br><br>Спортска сала<br><br>Карате м.и ж.<br><br>Декември – спортска сала<br><br>Сите спортови машки и женски<br><br>Мај месец 2027 – ДСИ – град во Р.Македонија – Државни спортски Игри |
| 7. | Музичко образование<br><br>(хор и оркестар):<br><br>Јасмина Симоновиќ | Од VI,VII,VIII, IX<br><br>Февруари 2027 | | Ако се освои прво место |
| 8. | Информатика:<br><br>Анита Колева | Дабар меѓународен натпревар Ученици од VI до IX одделение – ноември 2026 | / | / |
| 9. | Биологија и природни науки:<br><br>Јана Шепендиева<br><br>Весна Окардова<br><br>Марија Николов<br><br>-одделенски наставници во IV одд.(природни науки) | Јануари 2027 | Март 2027 | Мај 2027 |
| 10. | Наставници од одделенска настава | Ученици од I до V одделение | | Меѓународен натпревар по Кенгур |

## ПРИЛОГ 9. ПРОГРАМА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ/ ИНТЕРКУРТУЛАРИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА ИНТЕГРАЦИЈА

**ПРАВНА ОСНОВА**

Програмата се заснова врз следните законски и подзаконски акти:

- Закон за основното образование – консолидиран текст (Сл. весник на РСМ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) – член 2 (начела: мултикултурализам, интеркултурализам и мултикултурност), член 3 (забрана на дискриминација), член 5 (цели на основното образование)
- Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020 – член 12, 13, 14 и 15
- Национална стратегија за образование 2018–2025
- Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам со акциски план 2020–2022
- Стандарди за интеркултурно образование во основното образование (БРО / МЦГО / УСАИД)
- Конкурс на МОН за доделување грантови за унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата (е-услуги на МОН: e-uslugi.mon.gov.mk)
- Статут на ООУ „Пере Тошев“ – Росоман; Годишна програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година

**ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма ООУ „Пере Тошев“ – Росоман се стреми кон:

- Промовирање на толеранцијата, почитувањето на различностите и градење на кохезивно мулти/интеркултурно општество преку образованието
- Воспоставување и одржување на формализирана меѓуучилишна соработка со партнерско училиште со настава на друг наставен јазик
- Реализација на заеднички активности со ученици, наставници и родители од партнерското училиште
- Сензитивизација на учениците, наставниците и родителите за вредностите на мултикултурното живеење
- Интеграција на МИО содржини во редовната и воннаставната работа
- Документирање на резултатите и подготовка за аплицирање на МОН-конкурсот за МИО грантови

ПАРТНЕРСКО УЧИЛИШТЕ

Во учебната 2026/2027 година, за прв пат, ООУ „Пере Тошев“ – Росоман ќе воспостави формализирана партнерска соработка со ООУ „Гоце Делчев“ – Тетово, училиште со настава на албански јазик. Соработката ќе биде воспоставена со потпишување на Меморандум за соработка и ќе се спроведе согласно заеднички акционен план изработен на состанок на директорите и стручните служби на двете училишта.

ПРОГРАМА НА АКТИВНОСТИ

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **ФАЗА 1: Воспоставување на партнерство** | | | | |
| Потпишување меморандум за соработка со партнерското училиште – дефинирање на заеднички цели, активности и обврски за учебната 2026/27 година | Септември 2026 | Директор, стручна служба | Подготовка на нацрт-меморандум; состанок на директорите и стручните служби; потпишување на меморандумот | Формализирана соработка; јасно дефинирани улоги и обврски; план за реализација |
| **ФАЗА 2: Сензитивизација и планирање** | | | | |
| Имплементација на работилници од Образованието за животни вештини (ОЖВ) во годишните планирања на одделенскиот раководител | Септември–јуни | Одделенски/класни раководители | Индивидуално планирање; тематски часови интегрирани во редовна настава | Сензитивизација на учениците за концептот на МИО; развивање на интеркултурни компетенции |
| Воведна дружба со ученици и наставници од партнерското училиште – запознавање и размена на добри практики | Октомври 2026 | Директор, стручна служба, одделенски раководители | Тимски; посета и заеднички неформални активности (игри, претставување на училиштата) | Воспоставување на лично познанство и меѓусебна доверба помеѓу учениците и наставниците |
| **ФАЗА 3: Одбележување значајни датуми и размена** | | | | |
| Активности по повод 21 февруари – меѓународен ден на мајчиниот јазик во Росоман (посета од страна на партнерското училиште и заеднички активности) | 21 февруари 2027 | Наставници од одделенска настава | Тимски; запознавање со основите на двете азбуки, дружење, интерактивни игри и размена на традиции | Запознавање со основните елементи на двете азбуки; градење на пријателства преку заедничко учење |
| Посета на учениците од партнерското училиште во ООУ „Пере Тошев“ Росоман – реципрочна размена | Февруари 2027 | Наставници од одделенска настава | Тимски; претставување на македонски традиции, заеднички работилници | Запознавање со македонски традиции и обичаи; развивање на взаемно почитување |
| Заедничко одбележување: 21 февруари – Меѓународен ден на мајчиниот јазик; 21 март – Меѓународен ден | Февруари–Март 2027 | Наставници, ученици | Тимски; онлајн или во живо заеднички содржини, изложби, кратки презентации | Јакнење на свеста за правото на мајчин јазик и рамноправност на сите етникуми |

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| за елиминација на расна дискриминација | | | | |
| **ФАЗА 4: Заеднички активности со партнерското училиште** | | | | |
| Заеднички спортски натпревари (фудбал, кошарка, одбојка, атлетика) – Игри без граници: мешани екипи од двете училишта | мај 2027 | Наставници по физичко и здравствено образование, ученици, родители | Тимски; мешани екипи составени од ученици од двете училишта | Развивање на тимска работа, фер-плеј и меѓуетничко пријателство преку спорт |
| Ликовна работилница и конкурс на тема Нашиот заеднички свет – изложба на трудови во двете училишта | Мај 2027 | Наставници по ликовна уметност, ученици | Тимски; заедничко создавање и изложување на ликовни трудови | Развивање на креативноста и уметничкото изразување во мултикултурен контекст; видлив резултат на соработката |
| Заедничка литературна/рецитаторска манифестација: рецитации и приказни на двата јазика | Јуни 2027 | Наставници по македонски јазик и албански јазик, ученици | Тимски; наизменично претставување на текстови на македонски и албански јазик | Почитување на јазичната разновидност; подобрување на меѓуетничката комуникација |
| Заедничка еколошка акција: чистење на природа, садење дрвца во локалната средина | Април 2027 | Наставници, ученици, родители од двете училишта | Тимски; волонтерска акција во локалната заедница | Развивање на еколошката одговорност и граѓанскиот активизам преку заедничко дејствување |
| Заеднички проект – подготовка на дигитална/печатена публикација или видео: Нашите традиции и обичаи (двојазично) | Март–Мај 2027 | Наставници по ИКТ, македонски и албански јазик, ученици | Тимски; истражување, снимање, уредување на содржини на двата јазика | Развивање на дигитални вештини; документирање на традиции; создавање на трајна заедничка вредност |
| Завршна манифестација и Ден на отворени врати: презентација на резултатите пред родители и локална заедница | Мај–Јуни 2027 | Наставници, ученици, родители, локална заедница | Тимски; јавна презентација, изложба, сценска програма | Видлива демонстрација на постигнатите резултати; вклучување на родителите и заедницата |

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **ФАЗА 5: Вклучување на родителите и локалната заедница** | | | | |
| Работилница за родители: Ние сме различни, ние сме исти – информирање за целите на МИО | Ноември 2026 | Стручна служба (психолог), директор | Предавање и дискусија; интерактивни вежби | Зголемена свест на родителите за важноста на меѓуетничката толеранција и соработка |
| Вклучување на родители-волонтери од двете училишта во организација на заеднички активности | Јануари–Јуни 2027 | Совет на родители, стручна служба | Тимски; координација преку Совет на родители | Активно учество на родителите; градење на партнерски односи помеѓу семејствата |
| **ФАЗА 6: Мониторинг и евалуација** | | | | |
| Следење и евалуација на реализираните МИО активности – изготвување на извештај за реализација | Јуни 2027 | Директор, стручна служба (психолог) | Анализа на реализирани активности; анкети со ученици и наставници; квалитативна евалуација | Документирани резултати; основа за планирање на следната учебна година; подготовка за МОН конкурс за МИО грант |

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

### помеѓу ООУ „Пере Тошев“ – Росоман и ООУ „Гоце Делчев“ – Тетово

за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието | Учебна 2026/2027

### ДОГОВОРНИ СТРАНИ

ООУ „Пере Тошев“ – Росоман, ул. Пере Тошев бр.2, Росоман, застапувано од директорот Трајанка Ризова (во натамошниот текст: Училиште 1)

**и**

ООУ „Гоце Делчев“ Тетово, застапувано од директорот ______________________ (во натамошниот текст: Училиште 2)

врз основа на член 2 и член 5 од Законот за основното образование (Сл. весник на РСМ бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), Националната стратегија за образование 2018–2025 и Стандардите за интеркултурно образование на БРО, го склучуваат следниот:

### МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Член 1 – Предмет**

Со овој меморандум договорните страни утврдуваат рамка за меѓуучилишна соработка во областа на меѓуетничката интеграција во образованието (МИО) за учебната 2026/2027 година, во согласност со МОН-политиките за унапредување на мултикултурализмот и толеранцијата.

**Член 2 – Цели на соработката**

- Промовирање на меѓуетничкиот дијалог, разбирање и почитување помеѓу учениците, наставниците и родителите
- Реализација на заеднички вонnаставни и вонучилишни активности (спортски, ликовни, литературни, еколошки)
- Развивање на интеркултурните компетенции на учениците
- Размена на добри практики помеѓу стручните служби и наставниот кадар

**Член 3 – Обврски на Училиште 1 (ООУ „Пере Тошев“)**

- Именување на координатор за МИО соработка
- Подготовка на акционен план за заеднички активности
- Организирање на реципрочна посета на учениците од партнерското училиште
- Учество во заеднички манифестации и проекти согласно акциониот план

**Член 4 – Обврски на Училиште 2 (ООУ „Гоце Делчев“ Тетово)**

- Именување на координатор за МИО соработка
- Учество во изработката на акциониот план
- Организирање на посета/дочек на учениците
- Активно учество во сите договорени заеднички активности

**Член 5 – Начин на соработка**

Страните се обврзуваат да одржат најмалку три заеднички состаноци на координаторите (септември, јануари, мај) за усогласување и следење на реализацијата. Комуникацијата ќе се одвива по е-пошта и телефон, а по потреба и преку онлајн платформи.

**Член 6 – Траење**

Меморандумот се склучува за учебната 2026/2027 година (1 септември 2026 – 31 август 2027), со можност за продолжување со анекс по заедничка согласност на страните.

**Член 7 – Финансирање**

Активностите ќе се финансираат од буџетите на двете училишта, донации, родителски придонеси и евентуални МОН-грантови за МИО активности. Страните можат заеднички да аплицираат на конкурси на МОН и други донатори.

**Член 8 – Завршни одредби**

Меморандумот стапува во сила со денот на потпишувањето. Изготвен е во два еднакви примероци, по еден за секоја договорна страна.

Росоман / Тетово , ___________ 2026 година

| **За ООУ „Пере Тошев“ – Росоман**<br>Директор: | **За ООУ „Гоце Делчев“ – Тетово**<br>Директор: |
|---|---|
| ______________________________<br>(потпис и печат) | ______________________________<br>(потпис и печат) |

---

Забелешка: Конкретните активности и термини ќе бидат прецизирани во Акциониот план, кој ќе биде изработен на состанокот на координаторите на двете училишта во септември 2026 година и ќе биде составен дел на оваа програма.

Изготвил:

Стручен соработник психолог: ______________________________

Директор: ______________________________

## **ПРИЛОГ 10.** ПЛАН ЗА ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ И ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

| **Активности/З адачи** | **Реализат ори** | **Целна група** | **Ресурси** | **Инструме нти** | **Следење повратна информа ц.** | **Временска рамка** | **Критериуми за успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Следење на оценувањето | Тим за следење, анализа и поддршка на учениците | ученици, | педагошк а документ ација и евиденциј а | -наставни програми, стандард и и критериум и за оценувањ е | анализа на активност и на учениците (усни и писмени одговори, евиденциј | Септември-јуни | Подобри резултати |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | а за вештини) | | |
| Следење на наставни часови | директор, педагог, психолог | ученици, наставници | Евидентен лист за следење | евидентен лист за посета на час | разговор по посетениот час, извештај од извршениот увид на час | (4 пати годишно) и по потреба | Утврдување на потребите за пружање на индивидуална или групна подршка |
| Анализа на постигањата на учениците | Тим за следење, анализа и поддршка на учениците | ученици, наставници | педагошка документација и евиденција, стандарди за оценување | Евиеднција за посета на час, критериуми за оценување, разговор со одд./предметен наставник, | Следење на постигањата на ученикот, писмени евиденции, консултација со наставници | Септември-јуни | Изработка на индивидуален план за поддршка на ученикот |
| Реализација на индивидуален план за поддршка на ученикот | Наставник/ци , Тим за следење, анализа и поддршка на учениците, Стручна служба | ученици, | индивидуален план за поддршка на ученикот | Евиденцијата за постигањата на учениците | Извештај од посетен час кај наставник почетник | По потреба | Повисоки резултати и постигања |

## **ПРИЛОГ 11**. ПЛАН ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на учебната 2026/2027 година, во училиштето „Пере Тошев“ – Росоман, ќе се преземаат повеќе активности со цел правилно насочување на учениците кон остварување на своите потенцијали. Професионалната ориентација, односно кариерното советување, е дел од Реформската агенда на Западен Балкан 2025–2027 за РСМ, што обезбедува поголема примена на планот и подигнување на квалитетот на кариерното насочување и правилниот избор на професија преку образованиот систем. На ниво на училиште, координатор на активностите за професионална ориентација на учениците е училишниот психолог, а стручната служба и наставниците се вклучуваат по потреба во реализација на активностите.

| Планирана активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Прибирање на информации за запишувањето на учениците кои завршиле IX одд. во средно образование | Септември | Стручна служба | Аналитичка метода; евиденција | Увид во бројната состојба и видот на средно образование кое го избрале учениците; водење на евиденција и доставување до надлежните институции |
| Индивидуални разговори со ученици за нивните интереси, вредности и планови; водење на досие за ученик | Октомври | Училишен психолог | Интервју; евиденција | Почеток на социјални досиеа; увид во почетниот интерес и планови на учениците |
| Тестирање за откривање на надареност / талентираност во посебни области; водење досие со постигнувања и препораки | Октомври – Февруари | Училишен психолог | Тестови (ПРОНАЛ скала, интереси); опсервација | Идентификување на надарени/талентирани ученици; отворено досие со постигнувања и препораки од наставниците |
| Анкетирање на учениците — интроспективен увид за интереси, желби, критичка самопроценка | Март | Училишен психолог | Анкета | Добивање информација за желбите; увид во препознавањето на потребните карактеристики за успешност во професијата; критичко самоувидување |
| Информирање на учениците и родителите за конкурсот за запишување во средно, слободни места, насоки, | Март/Април | Стручна служба | Индивидуален и групен разговор; писмени материјали | Учениците и родителите информирани за процедурата и документацијата; намалено број на неинформирани ученици |

| Планирана активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| потребна документација | | | | |
| Тестирање за способности и интереси | Април | Училишен психолог | Тестирање; индивидуално советување | Чист преглед на желбите и способностите; препорака заснована на резултатите за избор на средно училиште во склад со карактеристиките на ученикот |
| Поддршка на неодлучните ученици | Мај | Стручна служба | Индивидуален разговор; евиденција | Намален број на ученици без избор; секој ученик да е насочен во склад со своите карактеристики |
| Разговори и консултации со ученици/родители за реалните способности и постигнувања | Континуирано | Стручна служба / предметни наставници | Интервју; консултација | Обезбедени сите потребни информации за реалните способности на ученикот манифестирани во наставата и вонnаставните активности |
| Посета на професионалци на локално ниво од професии од интерес на учениците (доколку има интерес) | По потреба | Стручна служба | Посета; разговор | Учениците добиваат увид во вршењето на професијата од прва рака; мотивиран избор врз основа на прво искуство |
| Анализа на резултатите и подготвување извештај за спроведената професионална ориентација | Јуни | Училишен психолог | Аналитичка метода | Документирана слика на реализацијата; основа за планирање на наредната учебна година |

**Напомена:**

*На учениците од завршното IX одделение постојано им се на располагање стручните служби во училиштето. Доколку постои интерес, може да се организираат посети на професионалци на локално ниво. Почетокот на досието за секој ученик се води од октомври и се чува во стручната служба.*

## ПРИЛОГ 12. ПЛАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДОБРОСОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ, ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ОД ЗЛОУПОРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ, СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА

### 12.1 ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

**Акционен план за превенција од насилно однесување во училиштето**

| Задачи | Активности | Одговорни лица | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| Утврдување на постапки и процедури во случаи на насилно однесување | Запознавање на Наставничкиот совет , одделенските совети, Советот на родители, Училишниот одбор и Ученичката заедница со утврдените постапки процедури<br><br>Изготвување на обрасци за евиденција на појавите на насилно однесување<br><br>Одржување на состаноци на лидерите на тимот за превенција од појави на насилно однесување | Директор<br><br>Стручни соработници<br><br>Членови на советот на родители<br><br>Психолог<br><br>Педагог<br><br>Директор<br><br>Стручни соработници | Септември |
| Соработка со релевантни установи | Соработка со МВР ; Центарот за социјална работа ; Здравствени установи<br><br>Поднесување писмени пријави до надлежните служби | Директор<br><br>Тим<br><br>Стручни соработници | Во тек на годината<br><br>Во тек на годината |
| Континуирано следење и евидентирање на појавите на насилно однесување во училиштето | Доследно спроведување на постапките и процедурите во случаи на насилно однесување и заштита од насилство<br><br>Евидентирање на случаите на насилство во училиштето и изготвување на извештаи за спроведените активности | Директор<br><br>Наставници<br><br>Стручни соработници<br><br>Ученици | Во тек на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Поддршка на учениците кои трпат насилство | Советодавна работа со учениците и евиденција | Одд.наставници и раководители и стручни соработници | Во тек на годината |
| Работа со учениците кои манифестираат насилно однесување | Советодавна работа со учениците и евиденција<br><br>Соработка со релевантни установи<br><br>(Центар за социјална работа) и нивно вклучување во работата со овие ученици | Одд.наставници и раководители и стручни соработници<br><br>Стручни лица од ЦСР | Во тек на годината |
| Соодветна работа со родителите | Советодавна работа со родителите на учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување | Одд.наставници и раководители и стручни соработници | Во тек на годината |

**За успешно реализирање на овие активности е најважно:** постојано следење на однесувањето на учениците од одделенските наставници и раководители, посебно на учениците со несоодветно однесување, одговорно дежурство од страна на наставниците и учениците, добра меѓусебна соработка помеѓу одд. наставници и раководители и брзо и адекватно реагирање при појави на насилство.

**П О Л И Т И К А на училиштето**

**против насилството**

**I.Вовед**

Според Светската здравствена организација **насилството** е намерна употреба на физичка сила или моќ против себе или некое друго лице, или против група или заедница, која резултира или може да резултура со повреда, смрт, психолошка повреда или депривација. Насилното однесување може да се случува во различни релации возрасен – дете, дете-дете, возрасен –возрасен.

**Обилици на насилство:**

**ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО**

Облици на однесување преку кои на други лица им се нанесува физичка болка или повреда. Може да доведе до полесни и потешки повреди, но и до усмртување на жртвата.

**ПСИХИЧКО НАСИЛСТВО**

Психичко насилство претставува насилно однесување при кое се повредуваат чувствата и достоинството на жртвата, а се манифестира низ: Заканување; Навредување и исмевање; Изнудување и принудување; Замолчување; Изолација

**МАЛТРЕТИРАЊЕ**

Се смета дека еден ученик е малтретиран кога подолго време е изложен на агресивно однесување коешто намерно предизвикува повреда или непријатност преку физички контакт, вербални напади, тепачки или психолошка манипулација. Во малтретирањето спаѓа нерамноправната сила која вклучува задевање, исмејување, употреба на навредувачки прекари, физичко насилство или социјално исклучување.

**НАСИЛСТВО ПРЕКУ ИНТЕРНЕТ И МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ**

Сајбер- малтретирањето претставува вознемирување преку и-меил, мобилни телефони, текст пораки и погрдни веб-страници

**ВАНДАЛИЗАМ**

Вандалско однесување - кога злонамерно се оштетуваат предмети или објекти во туѓа сопственост.

**СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО**

Постојат три типа сексуално насилство кои се разликуваат според интензитетот:

*Сексуалното вознемирување*; *Сексуалното злоставување;.Сексуална експлоатација*

**II. Цели и принципи на политиката за креирање на училиште без насилство**

*ООУ „Пере Тошев“ е училиштето во кое „преку современа и квалитетна настава до здрави индивидуи кои ги почитуваат различностите.“*

Повикувајќи се на мисијата на *ООУ „Пере Тошев“* целите на политиката за креирање на Училиште без насилство се:

Општа цел:

Училиштето да биде место каде секое дете се чувствува безбедно и слободно и има разбирање за социјална правда и еднаквост.

**Конкретни цели на политиката:**

- Да се развива ненасилна етика во училиштето
- Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување
- Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување
- Да се намали насилното однесување во училиштето
- Зголемување на свеста кај учениците за негативнитее ефекти од насилството
- Да се воведе интервентен протколол за справување со насилни инциденти

***Принципи на кои се темели политиката:***

- Безбедноста и добросостојбата се една од главните одговорности на нашата училишна заедница
- Почитувањето е основна вредност која овозможува ненасилна комуникација и разрешување на конфликтите
- Ненасилството е единствен одговор кој го прекинува кругот на насилство
- Еднаквост и недискриминација – во нашето училиште сите ученици и вработени се еднакви и не смее да бидат подложени на било каков облик на дискриминација по ниту една основа.

**III.Акционен план за реализација на политиката за креирање на Училиште без насилство**

| **1.Намалување на инцидентите со вандализам во училиштето** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Цел на активноста | Целна група | Одговорно лице | Време на реализација |
| Активирање на училишната заедница за донесување на правило во секоја паралелка | Превземање на одговорност од страна на секој ученик и целата паралелка за надоместување на штетата направена при уништување на училишниот инвентар. | Секоја училишна заедница | Одговорни наставници за уч.заедница<br><br>Одделенски раководител | Септември Октомври |
| Информирање на родителите за одлуката | Запознавање и прифаќање на одлуката и од страна на родителите | Совет на родители | Одделенски раководител | Септамври Октомври |
| Спортски натпревар | Промовирање на здравите животни стилови | Ученици од 1 до 9 одд. | Одделенски раководител | Мај |

| 2. **Намалување на инцидентите со вербално и физчко насилство помеѓу учениците** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Цел на активноста | Целна група | Одговорно лице | Време на реализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активирање на училишната заедница за донесување на правило во секоја паралелка | Превземање на индивидуална и групна одговорност при случаите на насилство врз соученик. | Секоја училишна заедница | Стручна служба Одделенски раководители | Септември – октомври |
| Информирање на родителите за одлуката | Запознавање и прифаќање на одлуката и од страна на родителите | Родители на ученици од секоја училишна заедница | Класен раководител | Септември – октомври |
| **3.Зголемување на свеста кај учениците за негативните ефекти од насилството** | | | | |
| Активност | Цел на активноста | Целна група | Одговорно лице | Време на реализација |
| 1. Работилница за ненасилно решавање на конфликти | Запознавање со ефектите од насилството и усвојување на техники за постапување во конфликтни ситуации. | Ученици од 3 до 9 одд. | Одделенски раководител Стручна служба | Октомври Ноември |
| 2. Работилница за детски права | Запознавање со спецификите на Детските права, принципите и причините за нивното постоење | Ученици од 1 до 9 одд. | Класен раководител Стручна служба | Декември / Февруари |
| 3. Работилница за комуникација и соработка | Запознавање со начините на позитивна комуникација и ефектите од неа. Промовирање на соработката како начин за успевање во заедницата. | Ученици од 6 до 9 одд. | Класен раководител Стручна служба | Март / Април |
| 4. Литературно творење | Промовирање на соживотот, другарството и мирот. | Ученици од 6 до 9 одд. | Наставници по македонски јазик | Ноември |
| 5. Ликовно творење | Промовирање на соживотот, другарството и мирот. | Ученици од 1 до 9 одд. | Одд.наставници Наставник по ликовно образование | Април |
| 6. Пишување на пораки на странски јазици | Промовирање на соживотот, другарството и мирот. | Ученици од 6 до 9 одд. | Наставници по англиски јазик | Март |
| 7. Етика | Осознавање на учениците за важноста од свеста и покајувањето | Ученици од 6 – 9 одд. | Наставник по етика-февруари | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. Едукација за родители | Подигање на свеста кај родителите за ефектите на родителските стилови врз правилно формирање на однесување на децата. | Родители на деца од :<br>• 1 до 3 одд<br>• 4 до 5 одд<br>• 6 до 9 одд | Стручни служби на училиштето психолог<br>Класни раководители | Септември<br>Октомври<br>Ноември |

| 4.Прифаќање на заеднички практики и процедури при постапување со инцидентите на насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Цел на активноста** | **Целна група** | **Одговорно лице** | **Време на реализација** |
| 1. Донесување на протокол за постапување со инцидентите на насилство | Постигнување на јасни правила и процедури за постапување со инцидентите на насилство | Родители<br>Наставници<br>Ученици | Директор на училиштето<br>-Заменик директор<br>Тимот за училиште без насилство | Август |
| 2. Едукација за одделенски наставници | Подигање на свеста кај наставниците за бројот и степенот на насилни инциденти во училиштето. Давање на насоки за постапување. | Наставници од одделенска настава | Тимот за училиште без насилство<br>Стручна служба – психолог | Ноември |
| 3. Едукација за предметни наставници | Подигање на свеста кај наставниците за бројот и степенот на насилни инциденти во училиштето. Давање на насоки за постапување. | Наставници од предметна настава | Тимот за училиште без насилство<br>Стручна служба – психолог | Ноември |
| 4. Едукација за ученици | Подигање на свеста кај учениците за бројот и степенот на насилство во училиштето и давање на насоки за постапување. | Сите ученици во училиштето | Тимот на училиште без насилство<br>Одделенски наставници | Ноември |

## IV.Политика за спроведување на казни и награди

***Награди кои се користат за да се поттикне намалување на насилството***

Во нашето училиште награди освен за училишните постигнувања може да се доделуваат и на учениците кои најмногу придонесуваат за почитување и примена на принципите и вредностите на политиката во своето однесување. Овие ученици и наставници ќе бидат избирани преку тајно гласање со кутии поставени во холот на училиштето. За наградите за учениците и наставниците ќе биде одлучено на состанок на органите на училиштето – ученичката заедница, наставнички совет, совет на родители.

Одделенските раководители воведуваат свои начини на наградување и поттикнување на ненасилството во своите класови во договор со учениците и родителите.

***Мерки кои се користат за да се намали насилството***

Училиштето има веќе изготвени Кодекси за однесување на ученици, наставници, родители и други вработени.

Санкциите се изрекуваат во согласност со Правилникот за изрекување на педагошки мерки. Освен тоа во нашето училиште предвидуваме дополнителни корективни механизми за поттикнување на одговорноста кај учениците. Како корективни механизми во нашето училиште се сметаат вклучувањето на ученици во вршење на одредени општо корисни работи за училиштето (уредувањето на дворот, чистењето на училниците, подготовки за одредени манифестации, организација на презентации и сл.) Која дополнителна активност ќе биде применета зависи од договорот со стручното лице, родителот и ученикот како дел од разрешувањето на насилното однесување.

***Поддршка за учениците***

Поддршката на учениците е еден од најважните сегменти во превенцијата на насилното однесување. Поддршката на учениците во нашето училиште ја дава класниот раководител преку континуирано следење на однесувањето на ученикот, потоа во соработка со стручната служба и тимот за намалување на насилство во училиштата се одлучува за дополнителна поддршка на учениците преку вклучување во одредени активности или проекти за стекнување и развивање на социјални и комуникациски вештини, вештини за разрешување на конфликти и емоционална писменост.

Нашето училиште има соработка со Советувалиштето за млади на Црвениот крст на град Кавадарци, како и со СОС Детско село и во одредени случаи може да ги упати учениците и родителите на советување во овие советувалишта.

***Поддршка на наставниците***

Поддршката на наставниците ја овозможуваме преку систем на споделување на добри практики во самото училиште. Системот на споделување добри практики подразбира две средби на наставничкиот совет во текот на годината на кои се разговара за позитивните искуства и постигнатите резултати во справувањето со насилството, агресијата и други проблеми поврзани со однесувањето. На овие средби стручните соработници може да презентираат методи на справување со емоциите или други ефикасни примери за справување со насилството, техники на опуштање, емоционална писменост и сл. или наставници кои поминале слични обуки да ги пренесат на колегите. Оние наставници кои имаат проблеми во справувањето со насилството имаат задача да ги посетат часовите и класните часови на наставниците кои успешно се справуваат со насилствтото и да изработат план за вклучување на искуствата на колегите во својата работа.

Како дополнителна поддршка на наставниците училиштето бара обуки за наставниците кои може да помогнат во справувањето на насилството.

***Соработка и вклучување на родителите***

Родителите се најважните соработници во заложбата за намалување на насилството во училиштата. Затоа сите сме насочени кон воспоставување, одржување и подобрување на соработката со родителите. Родителите редовно се информираат за сите активности и приоцеси кои се реализираат во училиштето, се бара нивното мислење и учество.

Пристапот кон родителите е пристап како кон соработници и насочен кон разрешување на проблемите со цел да се надмине завземањето страни и јазот помеѓу училиштето и родителите. Родителите се вклучени во процес на советување доколку директорот и стручната служба одлучат дека тоа е потребно за да се овозможи напредување на постигнувањата и однесувањето на ученикот.

Родителите во текот на годината минимум два пати на родителските состаноци реализираат работилници поврзани со родителството, воспитувањето и превензијата на насилното однесување во училиштето.

Родителите исто така учествуваат во донесувањето одлуки за воспоставување на сите мерки на безбедност и планирањето на активностите за превенција односно во изработката на акционите планови на училиштето.

***Следење и евалуација на политиката***

Следењето и евалуацијата на оваа политика е составен дел на процесот за самоевалуација. Сите политики се евалуирани и ревидирани со целосна вклученост на вработените, учениците, родителите и старателите. Се води документација и евиденција за сите активности кои се реализираат во текот на учебната година и два пати во текот на годината се организираат состаноци на тимот за намалување на насилството за следење на имплементацијата на политиката.

## V. ПРОТОКОЛ ЗА РЕАГИРАЊЕ ПРИ ПОЈАВА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Протоколот ги дефинира одговорностите и улогите на членовите на училишната заедница во однос на регулирањето појавата на насилно однесување во училиштето.

| Однесување | Активност – Мерка | Лица кои се вклучени |
|---|---|---|
| Сознание за насилството | · Набљудување и собирање на информации кога ќе се појави било кој облик на насилство во училиште<br>· Сомнеавње дека насилството се случува на некое дете врз основа на неговото надворешно однесување или преку добиени индиректни информации на различни релации (ученик-ученик; возрасен – ученик; ученик- возрасен; возрасен – возрасен)<br>· Охрабување за пријава на насилно однесување, директно (до возрсаните (училиштен кадар, родители) или индиректно и анонимно (преку кутии за пријавување на насилното однесување).<br>· Евидентирање на насилството | Наставник, ученик/ци, родители<br><br>Наставник, ученик, класен раковидител<br><br>Наставник, класен раководител, стручни соработници, родители, ученици<br>Класен раководител, стручен соработник |
| Прекинување на насилството | · Наставникот, класниот раководител или било кој друг возрасен треба веднаш да реагира за да го прекине насилството<br><br>· Доколку наставникот процени дека нема да може самоиот да ја прекине ситуацијата потребно е да побара помош од училишното обезбедување, полиција или друг возрасен или стручен сорботник<br>·Ги раздвојува учениците доколку се работи за физика пресметка<br>·Повикува или пружа прва помош при повреди<br>·Доколку се работи за малтретирање се бара прекин на интеракција помеѓу вклучените страни<br>·Во случај на сајбер насилство може да се побара отстранување на содржини објавени на | Класен раководител, стручен соработник<br><br>Класен раководител, родител/старател, полиција |

| | | |
|---|---|---|
| | интернет или запирање на понатамошно споделување на содржини (слики, пораки и сл.) | |
| Смирување на ситуацијата | · Наставникот обезбедува сигурност за ученикот/учениците<br>·Користење на техники за емоционална контрола – техники на дишење и сл. | Класен раководител, стручен соработник, наставник |
| Разрешување на ситуацијата | ·Консултации за тоа кој пристап или постапка за разрешување на ситуацијата ќе се примени<br>·Примена на вештини за разрешување конфликт<br>· Советодавни разговори<br>·Репаративни пристапи<br>·Изрекување на педагошки мерки<br>·Изрекување на други методи за санкционирање (дополнителен ангажман во училиштето и сл.)<br>·Постигнување/потпишување на договор за подобрување на однесувањето, неповторување на делото<br>· Советување и соработка со родителите<br>·Вклучување, соработка и/или препрапаќање во други институции | Директор, класен раководител, стручен соработник<br><br>Класен раководител, стручна служба и родител, ученик/ци<br><br>Стручна служба и родител, ученик/ци<br><br>Стручен соработник, класен раководител<br>Класен раководител<br>Стручен соработник и директор<br>Класен раководител<br>Стручен соработник и директор, родител<br>Центри за социјална работа, сос телефони, НВО, ценрти за ментално здравје, други здравствени установи и сл. |
| Пишување извештај | · Извештај за целиот процес на реагирање на насилството<br>· Во извештајот се предлагаат други превентивни мерки (организирање на дебати, проекции на филмови и сл,) | Стручен соработиник, класен раководител, |

1. УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО КОЈ КОГА И НА КОЈ НАЧИН ИНТЕРВЕНИРА

***Дежурниот наставник***

- дежура
- воочува и пријавува случај на насилство
- реагира во случај на насилство
- го известува раководителот на паралелката
- го евидентира случајот, соработува со Тимот

***Раководителот на паралелката***

- го воочува случајот на насилно однесување и реагира веднаш
- го спречува насилството
- разговара со учесниците
- ги информира родителите и обавува разговор со нив
- по потреба соработува со службата и Тимот
- ги следи резултатите од преземените мерки
- го евидентира случајот и води документација

***Стручна служба***

- ги воочува случаите на насилно однесување и реагира веднаш
- го известува раководителот на паралелката и соработува со него
- по потреба разговара со родителот
- предлага мерки за заштита
- ги следи ефектите
- по потреба соработува со други установи
- го евидентира случајот

***Технички персонал***

- дежура
- го прекинува насилството и го пријавува

***Учениците***

- воочуваат случаи на насилно однесување
- бараат помош од наставниците
- пријавуваат на раководителот на паралелката или на друг наставник

## 2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА НАСИЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

Датум на случување на насилство _______________

Место на случување на насилство

- во двор
- училница
- во ходник
- тоалет
- во училишниот двор

Време на случување на насилство

- пред часови
- по часови
- за време на одморот
- за време на 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 час

Начин на откривање

- лично видено
- со известување од сведок
- со известување од родител
- со известување од жртвата

Лицето кое е жртва _____________________________________________

Лицето кое врши насилство _______________________________________

Насилството се случува

- прв пат
- се повторува

Краток опис на насилството

_____________________________________________________________________________________

______________________________________________

Видот на интервенција _________________________________________________________________

Предложени мерки

___________________________________________________________________________________

Вреднување и процена на ефикасноста од преземените мерки ______________________________________________________________

Евидентирал ________________________

## ПРИЛОГ 13. ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ СО ОЦЕНУВАЊЕТО

Оценувањето е процес на добивање на информации за тоа како ученикот учи, а тие можат да користат за разновидни одлуки за планирање на цели и активности. Заради обезбедување на поголема објективност се формираат комисии од ученици кои вршат оценување во рамките на работна група, пар или индивидуално.

Со планирањето се предвидува подобрување на квалитетот на оценувањето и наставниците имаат за цел да допринесат за повисоки постигања во учењето на учениците.

Во рамките на основното образование постојат три развојни периоди, врз чија основа се темели начинот на оценување на постигнувањата на учениците и тоа :

-Од I до III одделение се применува описно оценување;

-Од IV до VI одделение – комбинирано и

-Од VII до IX одделение бројчано оценување на постигнувањата на учениците.

При оценувањето се земаат во предвид писмените и усните одговори на учениците согласно со законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

Врз основа на приложените стандарди од страна на БРО и МОН, наставниот кадар ги изработува и имплементира критериумите за оценување на постигнувањата на учениците и преку истите добива повратна информација за стекнатите знаења. Очекуваните резултати здобиени преку соодветните индикатори кај секој предметен наставник се во корелација со поставените цели и дадените задачи за секој од горе споменатите класифициони периоди.

Заради обезбедување на навремени и релевантни показатели за учењето и постигањата на учениците се врши континуирано формативно и сумативно оценување во текот на целата учебна година.

Сумативното оценување е сложен и одговорен процес на критичко-синтетичко проценување на постигнувањата на учениците од страна на наставникот и се врши на крајот од одредена тема или полугодие.

Формативното оценување подразбира прибирање и интерпретирање на информации со цел да се влијае на подучувањето и учењето.

Со цел за подобрување на континуитетот и објективноста во оценувањето во рамките на училиштето е формиран тим за следење,анализа и подршка со индикаторите прикажани во табелата подолу

**План на тимот за следење, анализа и поддршка на наставници кои покажуваат послаби резултати во работењето**

| Задачи Активности | Реализатори | Целна група | Ресурси | Инструменти | Следење повратна информац. | Временска рамка | Критериуми за успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на оценувањето на сите нивоа | Директор стручна служба наставници | ученици родители, наставници | стручни материјали | наставни програми и стандарди за оценување | анализа на сите видови планирања | октомври | Подобрен квалитет на планирањата |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Увид во дневните планирања | директор, педагог, помошник директор, психолог | наставници | дневно оперативни планирања | извештај од увидот | консултација со наставници | континуирано | подобрени дневни планирања |
| Следење на наставни часови | директор, педагог, психолог | ученици наставници | дневно оперативни планирања | евидентен лист за посета на час, | разговор по посетениот час, извештај од извршениот увид | континуирано | реализирани часови со примена на новите методи и форми за оценување |
| Обука на наставници и почетници во врска со оценувањето | Наставници ментори | Наставници што не посетувале семинар за оценување | Материјали од семинарите | Консултативни разговори и нагледни часови | Извештај од посетен час кај наставник почетник | По потреба | Обучени наставници почетници |

## ПРИЛОГ 14. ПЛАН ЗА СТРУЧНИ ПОСЕТИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА РАБОТАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

| | Активност | Носител | Време на реализација | Критериум за успех |
|---|---|---|---|---|
| **1** | Изготвување на распоред за посета на часови | Стручен соработник директор | септември | Изготвен распоред |
| 2 | Посета на часови по различни предмети | Стручен соработник директор | Ноември - март | Успешност во реализација на наставните цели |
| 3 | Посета на часови | Стручен соработник директор | Ноември- март | Примена на современи методи и форми на работа |
| 4 | Посета на часови за дополнителна и додатна настава | Стручен соработник директор | октомври/април | Примена на индивидуализиран/ диференциран пристап |
| **5** | Обезбедување индивидуална повратна информација до наставниот кадар | Стручен соработник директор | Октомври - април | Евиденција во портфолиото на наставникот |
| **6** | Анализа на посетени часови со акцентна очекувани исходи на часот | стручен соработник директор | април | Утврдување на недостатоци во реализацијата на очекуваните исходи |
| 7 | Презентација на добиените сознанија Наставнички совет | Стручен соработник директор | мај | Објективни сознанија за актуелната состојба во наставниот процес |

## ПРИЛОГ 15. ПРОГРАМА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Според член 129 од Законот за основно образование, по завршувањето на секоја втора учебна година, од месец октомври, основното училиште врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. ) Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција.

Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор. Во процесот на самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во училиштето, распоредени во тимови поделени по подрачја. Самоевалуацијата се спроведува во четири фази: (1) подготовка, (2) собирање податоци, (3) анализа на податоците и (4) пишување извештај.

Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува Програма за развој. Последната смоевалуација е спроведена во јуни 2023 год. Врз основа на анализите од самоевалуацијата се темелат и приоритетите и целите кои се содржат во оваа Годишна програма, изнесени во главниот дел од Гошишната програма за работа на училиштето за оваа учебна година.

Самоевалуацијата опфаќа 4 подрачја, а податоците кои се содржат во неа се добиваат од различни извори: главни книги, годишни, полугодишни извештаи, годишна програма за работа на училиштето, одделенски дневници, записници од Училишен одбор, наставнички совети, разговори, интервјуа, анкети за учениците, наставниците и родителите, набљудување и сл.

За секое подрачје се формира и тим за изработка кој детално го обработува своето поле и изнесува слаби и јаки страни, како и анализа на резултатите и идни активности кои ќе бидат спроведени.

Извештајот од самоевалуацијата се разгледува на Наставнички совет и се изнесуваат забелешки, доколку има, и се внесуваат во извештајот. Потоа истата се разгледува и прифаќа на Совет на родители и училишен одбор.

Резултатите од самоевалуацијата на основните училишта се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината.

Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата.

| Цели | Активности | Временска рамка | Носители | Резултати |
|---|---|---|---|---|
| Подготовка за спроведување на самоевалуација на училиштето | Формирање училишна комисија за самоевалуација | март | Директор/ УО | Формирана комисија |
| | Формирање на тимови за секое подрачје | март | Наставнички совет | Формирани тимови |
| Определеување на методи, техники и инструменти за спроведување на самоевалуација | Истражување, анализа | Април-јуни | Тимови по подрачја | Добивање на валидни показатели за работата на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Согледување на јаките и слабите страни во работењето на училиштето | Анализа на податоците и документацијата од спроведената самоевалуација | септември | Тимови по подрачја | Изготвен извештај од самоевалуација |
| Презентација на извештајот пред наставнички совет, совет на родители и УО | Презентација | септември | Училишна комисија за самоевалуација | Добивање на забелешки и усвојување на извештај од самоевалуација |
| Објавување на извештајот од самоевалуација на веб-страната на училиштето и достава до ДИЦ | / | Октомври 2027 | Училишна комисија за самоевалуација | Обезбедување транспарентност во работата на училиштето |

# ПРИЛОГ 16. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ

## ВОВЕД

Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди на ООУ „Пере Тошев" Росоман претставува составен дел (прилог) на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година. Со неа се операционализираат, во форма на конкретни годишни активности, обврските и мерките утврдени со Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи и со Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на училиштето, донесени во 2026 година.

Целта на Програмата е учениците, вработените и другите лица кои престојуваат во училиштето да бидат заштитени и навремено евакуирани, згрижени и безбедни во случај на природна непогода (земјотрес, поплава, снежни врнежи и слично) или друга несреќа (пожар, техничко-технолошки инцидент и слично), преку планирани, редовни и проверливи активности во текот на целата учебна година.

## ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Оспособување на вработените и на учениците за препознавање опасности и за правилно постапување при природни непогоди и други несреќи;
- Одржување на постојана подготвеност на силите за заштита и спасување формирани во училиштето;
- Редовна проверка и одржување на техничките средства и опремата (противпожарни апарати, хидрантска мрежа, средства за прва помош, ознаки за евакуација);
- Спроведување најмалку по две пробни вежби за евакуација во текот на учебната година (есенски и пролетен период);
- Соработка со Општина Росоман, Дирекцијата за заштита и спасување, Териоријалната противпожарна единица и другите надлежни субјекти;
- Редовно ажурирање на документите (Процена на загрозеност, План за заштита и спасување, списоци на обучени лица) согласно промените во училиштето.

## ПРАВНА И НОРМАТИВНА ОСНОВА

Програмата се изработува врз основа на следните закони и подзаконски акти:

**1.** Закон за заштита и спасување („Службен весник на РМ" бр. 93/12 – пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 215/21) – напомена: Собранието на РСМ на 29.06.2026 година донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување по скратена постапка; до изработката на оваа програма истиот сè уште не е објавен во „Службен весник", поради што при следното ажурирање на програмата бројот на службениот весник треба да се провери и усогласи;

**2.** Закон за основно образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 49;

**3.** Правилник за формата и содржината на Развојната и Годишната програма за работа на основното училиште;

**4.** Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето („Службен весник на РМ“ бр. 76/06);

**5.** Процена на загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на РМ“ бр. 117/07);

**6.** Уредба за спроведување на мерката за заштита и спасување – евакуација на населението („Службен весник на РМ“ бр. 101/10);

**7.** Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување од урнатини („Службен весник на РМ“ бр. 100/10);

**8.** Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на РМ“ бр. 100/10);

**9.** Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи („Службен весник на РМ“ бр. 91/10);

**10.** Уредба за спроведување на мерката радиолошка, хемиска и биолошка заштита („Службен весник на РМ“ бр. 91/10);

**11.** Уредба за спроведување на мерката заштита и спасување од поплави („Службен весник на РМ“ бр. 91/10);

**12.** Уредба за спроведување на мерката заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства („Службен весник на РМ“ бр. 101/10);

**13.** Уредба за спроведување на мерката за заштита и спасување – прва медицинска помош („Службен весник на РМ“ бр. 101/10);

**14.** Уредба за спроведување на мерката асанација на теренот („Службен весник на РМ“ бр. 101/10);

**15.** Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на ООУ „Пере Тошев“ Росоман (2025) и Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на ООУ „Пере Тошев“ Росоман (2025), донесени од Училишниот одбор.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧИЛИШТЕТО

ООУ „Пере Тошев“ Росоман се наоѓа во централното градско подрачје на Росоман, во непосредна близина на општинската зграда, источно од магистралниот пат Градско–Прилеп. Училишната зграда е составена од постар дел граден во 1971 година, доградба од 2010 година и спортска сала изградена во 2011/2012 година, со вкупна внатрешна површина од 1.780 м², училишен двор од 12.400 м² и спортски терени од 2.580 м².

Училиштето брои вкупно 63 вработени и 232 ученици во централното училиште (бројката варира во текот на учебната година), а работата се одвива во една смена, со организиран продолжен престој за учениците од понизок училиштен период.

Според Процената на загрозеност, подрачјето на Општина Росоман е сеизмички активно подрачје изложено на потенцијална загрозеност од земјотреси, а како дополнителни ризици се идентификувани поплавите (близина на реката Црна), пожарите и експлозиите, техничко-

технолошките несреќи и, во помал обем, неексплодираните убојни средства. Детална анализа на секој вид загрозеност е содржана во Процената на загрозеност и во Планот за заштита и спасување на училиштето.

## НОСИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Реализацијата на Програмата ја координира координаторот за заштита и спасување, определен со одлука на Училишниот одбор, во соработка со директорот, работната група формирана за изработка на Процената и Планот, и со силите за заштита и спасување формирани во училиштето.

Согласно Одлуката за определување на лица за ракување со документите од Планот за заштита и спасување, за стручни лица – ракувачи се определени:

- Анета Јоновска-Љубенова, наставник во одделенска настава;
- Анита Јованова-Петрова, училишен психолог;
- Цветан Саздов, хаусмајстор.

## СОСТАВ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Одлуката за формирање сили за заштита и спасување во ООУ „Пере Тошев“ Росоман, во училиштето е формирана сила во големина на одделение, составена од две екипи:

| **Име и презиме** | **Улога во силите за заштита и спасување** |
|---|---|
| Цветан Саздов | Командир на одделение |
| Јана Шепендиева | Водител на прва екипа – заштита и спасување од пожари и експлозии |
| Атанас Стојанов | Водител на втора екипа – заштита и спасување од урнатини |
| Гоце Саздов | Извршител |
| Анета Јоновска-Љубенова | Извршител |
| Анита Јованова-Петрова | Извршител |
| Душко Јошев | Извршител |
| Милован Андонов | Извршител |
| Оливер Петров | Извршител |

Обврската на именуваните лица да членуваат во силите за заштита и спасување трае додека трае нивниот работен однос во училиштето; при престанок на работен однос, Училишниот одбор донесува нова одлука за определување нов член.

## МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ПО ВИДОВИ НА ЗАГРОЗЕНОСТ

Во согласност со Планот за заштита и спасување, во текот на учебната година се спроведуваат следните групи мерки:

| Мерка | Опис на активностите |
|---|---|
| **Евакуација** | Навремено и организирано напуштање на училишната зграда преку двата главни и еден споредни излез, до утврдените збирни места во училишниот двор, согласно означените патишта за евакуација. |
| **Засолнување** | Насочување на учениците и вработените кон најбезбедните делови на објектот (внатрешни ѕидови, подалеку од стакло) во случаите кога евакуацијата не е веднаш можна или соодветна (на пр. во првите секунди од земјотрес). |
| **Згрижување** | Организирање привремено прифаќање и грижа за учениците на збирното место до пристигнување на родителите/старателите, односно до добивање понатамошни упатства од надлежните служби. |
| **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита** | Основни постапки за заштита при контаминација (затворање простории, исклучување вентилација, информирање на надлежните органи), согласно упатствата на Дирекцијата за заштита и спасување. |
| **Заштита и спасување од урнатини** | Активирање на екипата задолжена за заштита од урнатини, проверка на пристапност на излезите и известување на надлежните служби. |
| **Заштита и спасување од поплави** | Следење на хидролошката состојба на реката Црна и соработка со Општина Росоман и Центарот за управување со кризи; при потреба – прекин на настава и евакуација. |
| **Заштита и спасување од пожари** | Активирање на екипата за заштита од пожари, употреба на противпожарните апарати и хидрантската мрежа и повикување на противпожарната единица. |
| **Заштита од неексплодирани убојни средства (НУС)** | Забрана за допирање и приближување, оградување на местото и итно известување на Дирекцијата за заштита и спасување/МВР. |
| **Прва медицинска помош** | Укажување основна прва помош од страна на обучените вработени до пристигнување на итна медицинска помош. |

## ОБУКА, ОСПОСОБУВАЊЕ И ВЕЖБИ

Училиштето води и редовно ажурира список на вработени лица оспособени за прва медицинска помош и список на вработени оспособени за заштита од пожари, евакуација и спасување. Во текот на учебната година се организираат најмалку две пробни вежби за евакуација (есенски и пролетен термин), едукативни работилници за учениците според возраста, како и обука/освежување на знаењата на членовите на силите за заштита и спасување.

# ГОДИШЕН ПЛАН НА АКТИВНОСТИ

| Период | Активност | Носители |
|---|---|---|
| IX.2026 | Формирање/потврдување на составот на силите за заштита и спасување и на координаторот за оваа учебна година; ажурирање на списоците на вработени и ученици. | Директор, координатор |
| IX.2026 | Запознавање на вработените и на учениците со Планот за евакуација и со местата за собирање (збирни места) во училишниот двор. | Координатор, одделенски/предметни наставници |
| X.2026 | Спроведување на прва пробна вежба за евакуација при пожар/земјотрес (сценарио 1). | Координатор, командир на одделение, наставници |
| X.2026 | Проверка на состојбата на противпожарните апарати, хидрантската мрежа и означувањето на евакуационите патишта. | Хаусмајстор, координатор |
| XI.2026 | Работилница/час на одделенска заедница на тема препознавање опасност и постапување при пожар. | Одделенски наставници |
| XI.2026 | Проверка и надополнување на средствата и опремата за прва медицинска помош. | Лица обучени за прва помош |
| XII.2026 | Едукативна работилница за учениците на тема постапување при земјотрес (собирање под клупа, безбедни излези). | Одделенски наставници |
| I.2027 | Анализа на реализираните активности во првото полугодие и извештај до Наставнички совет. | Координатор |
| II.2027 | Проверка на подготвеноста на училиштето за постапување при снежни врнежи/поледица (пристапни патеки, огрев/парно). | Хаусмајстор, координатор |
| III.2027 | Обука/освежување на знаењата на членовите на екипите за заштита и спасување од пожари и урнатини. | Водители на екипи |
| IV.2027 | Проверка на подготвеност за постапување при поплава (соработка со Општина Росоман и ЦУК). | Директор, координатор |
| IV.2027 | Работилница за учениците на тема прва помош – основни постапки. | Лица обучени за прва помош, |

| Период | Активност | Носители |
|---|---|---|
| V.2027 | Соработка со ТППЕ Кавадарци/подрачна противпожарна единица – едукативна посета или демонстрација (доколку е возможно). | Директор, координатор |
| V.2027 | Пробна вежба за евакуација и засолнување – комбинирано сценарио. | Координатор, сите вработени |
| VI.2027 | Анализа на реализацијата на Програмата за учебната година и подготовка на извештај. | Координатор, директор |
| VI.2027 | Ажурирање на Проценката на загрозеност и на Планот за заштита и спасување доколку има промени. | Работна група |
| Континуирано | Дежурства на наставници согласно распоредот; следење на објекти/инсталации; известување на Дирекцијата за заштита и спасување за секоја значајна промена. | Дежурни наставници, директор |

## СЛЕДЕЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И АЖУРИРАЊЕ

По секоја пробна вежба се изработува кратка белешка/записник со времето на евакуација, забележаните недостатоци и превземените мерки за нивно отстранување. На крајот на учебната година координаторот подготвува извештај за реализацијата на Програмата, кој се презентира пред Наставничкиот совет, се доставува до директорот и се вклучува во Годиќниот извештај за работата на училиштето. Измени и дополнувања на Проценатa на загрозеност и на Планот за заштита и спасување се вршат согласно со промените во условите, бројот на вработени/ученици или расположивите сили, по претходно добиено мислење од Дирекцијата за заштита и спасување, со одлука на Училишниот одбор.

## ЗАКЛУЧОК

Оваа програма ги операционализира во форма на годишен план мерките и активностите утврдени со Проценатa на загрозеност и Планот за заштита и спасување на ООУ „Пере Тошев“ Росоман, со цел зголемување на безбедноста на учениците и на вработените и зајакнување на подготвеноста на училиштето за навремено и координирано постапување при природни непогоди и други несреќи.

**Изготвил:**

Координатор за заштита и спасување

Директор:

**1.1. План за заштита и спасување од пожари на карта 1 : 1000**




**1.2. ПРИЛОЗИ НА ПЛАНОТ**

**УПАТСТВО**

**за постапување во случај на пожар**

1.Право и обврска на вработените е да се вклучат активно во акција за локализирање и гасење на пожарот како и спасување на имотот и лица загрозени од пожар**.**

2.За гасење на настанат пожар во погоните и просториите на компанијата се користи претходно поставена опрема, алат, апарати за почетно гасење пожар, противпожарер хидрант и друга опрема.

3.Се вклучуваат системите за алармирање и узбунување и се воведува вонредна состојба.

4. Веднаш се прекинува со работа, се исклучуваат машините, доводот на струја проток на запалливи течности и гасови.

5.Се известуваат службите за обезбедување, дговорните лица, противпожарните служби, полицијата, брзата помош и други служби.

6.Се затвараат сите отвори, врати, прозорци, за да се спречи прилив на свеж воздух кој го ефектуира горењето.

7.Се пристапува прво кон спасување на загрозени лица и имот, вработените кои не се ангажираат во акцијата за гасење и спасување се евакуираат на безбедно место.

8.Се користат претходно одбележаните противпожарни патеки, одбележаните излези и правци на евакуација.

9.Се оддалечуваат и отстрануваат од местото на пожарот опасните материјали, боци со дисогас и други гасови под притисок, материјали кои при горење создаваат отровни и други штетни гасови.

10.При гасење на пожарот задолжително е користење на лична заштитна опрема, заштитни маски, шлемови, нараквици и друга колективна опрема за заштита.

11.Приоритет при спасувањетоо на имотот му се дава на евакуацијата на важни документи и вредносни хартии, опрема која е неопходна за понатамошното работење и производство.

12.Се известува сопственикот на компанијата, директорот како и одговорните лица, стручните служби и сите вработени кои се должни да се јават на повикот.

13.Се активираат претходно формираните обучени екипи за гасење, спасување и евакуација на луѓе и имот.

14.Се обезбедуваат соседните простории и објекти, се известуваат соседните компании, сопствениците кои имаат имот во непосредна близина на компанијата.

15.После локализирањето и гасењето на пожарот се врши увид на настанот, се обезбедуваат потребните докази за утврдувањето на причината на настанот и се проценува настанатата штета.

16.Се изготвува извештај за настанатиот пожар, се пополнуваат статистички листови од стручните служби и се известува Дирекцијата за заштита и спасување во Кавадарци.

17.Постапувањето по ова упатство е задолжително за сите вработени во компанијата и непридружувањето кон истото повлекува одговорност.

## ПРИЛОГ 17. РАСПОРЕД НА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ

**Неделен распоред на дежурни наставници во ООУ „*Пере Тошев“ росоман за* учебната 2026/27 година**

| ПОНЕДЕЛНИК | ВТОРНИК | СРЕДА | ЧЕТВРТОК | ПЕТОК |
|---|---|---|---|---|
| I СПРАТ | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| II СПРАТ | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

*ДЕЖУРСТВАТА СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ОД ПРВИ ДО СЕДМИ ЧАС.

* ОТСУТНИОТ ДЕЖУРЕН НАСТАВНИК ЗАДОЛЖИТЕЛНО ДА СИ НАЈДЕ ЗАМЕНА.

*ДОКОЛКУ НЕ СЕ ПОЧИТУВА РАСПОРЕДОТ ЗА ДЕЖУРНИ НАСТАВНИЦИ ЌЕ СЛЕДАТ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ.

**Директор;**

______________________

**Трајанка Ризова**

## ПРИЛОГ 18. ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО

| Цели | Содржини/активности | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Развивање позитивен став кон трудот и чувство за одговорност при работата | Одржување и уредување на училишната зграда и училиниот двор одржување на хигиената во училницата, училишната зграда, училишниот двор и непосредната околина на училиштето и естетско обликување на просториите во училиштето | Наставници и ученици | Во текот на годината | Почиста и поуредна работна средина |
| Постигнување истрајност во работата, уредно и навремено извршување на задачите | Уредување на непосредната околина на училиштето (еколошки акции, кампањи, редовни еколошки патроли) | Наставници и ученици Еко одбор Ученички парламент | Октомври, Март и Мај | Истрајност во работата и навремено извршување на задачите |
| Развивање основни работни навики и умеења при ракување со алатот и приборот со кој се извршуваат работните задачи | Одржување и уредување на културно-историските споменици и одбележување на значајни историски датуми (уредување на околината на споменикот на паднатите борци, одржување на историски часови) | Наставници и ученици | Октомври, Декември, Мај | Стекнати работни навики и умеење при ракување со алатот и приборот со кој се извршуваат работните задачи |
| Стекнување основни знаења за организација на работата, почитување на туѓиот и сопствениот труд и соработка во процесот на работата | Организирање на собирни акции- собирање на материјални средства од хуманитарен карактер | Одговорни наставници и ученици | Во текот на годината | Развиена свест кај учениците за почитување на туѓиот и сопствениот труд |
| Развивање љубов кон природата и | Организирање на акции на разни изработки од учениците (најмалку две | Наставници и ученици | Ноември,Април и Мај | Развиена свест и љубов кон природата и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| природните убавини | во текот на учебната година | | | природните убавини |
| Негување здрава и чиста околина и развивање работни навики | Пошумување на голини во непосредната околина (активно учество во организирани акции) | Наставници и ученици Еко одбор | Ноември и Март | Стекнати работни навики за одржување здрава и чиста околина |

## ПРИЛОГ 19. ПРАВИЛНИК ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ, НАСТАВНИЦИ И РОДИТЕЛИ (ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР)

Врз основа на чл.67 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) директорот на ООУ „Пере Тошев" донесе

**П Р А В И Л Н И К**

За правила на однесување на учениците во ООУ „Пере Тошев" Росоман

**Општи одредби:**

чл.1

Со овој правилник се регулираат правилата на однесување на учениците во ООУ „Пере Тошев" Росоман, во понатамошниот текст Училиштето.

чл.2

Учениците не треба да ги прекршуваат правилата на однесување, правилата на училишниот живот во училиштето со цел да се постигне чуство на одговорност и спречување на негативни појави.

чл.3

Учениците треба да доаѓаат редовно и навреме во училиштето на настава и правилно да се однесуваат према другите ученици и према наставниците и другите вработени

чл.4

**Конкретни правила на однесување на учениците**

- Учениците треба да доаѓаат 15 минути пред почетокот на наставата;
- Пред влезот се редат по одделенија, а под раководство на дежурниот наставник влегуваат на првиот час по звонење на училишното звонче;
- Треба да се на час 5 минути пред почетокот на часот;
- Нивната облека треба да биде пристојна;
- Недоаѓање на час на ученикот треба да биде евидентиран од наставникот;
- За време на часот не треба да се движат по ходниците и/или училишниот двор;
- За време на одморите не е дозволено трчање во училиштето и/или во училишниот двор, влегување во туѓи училници;
- Должни се да одржуваат ред;
- За време на час да се дисциплинирани и работно ангажирани;
- Да имаат пристоен однос и комуникација со наставниците и своите соученици;
- Да не бегаатод час;
- Да не пушат цигари. Домаќински да се однесуваат кон имотот на училиштето, а направената штета да ја надоместат;
- Да ги уредуваат своите училници;
- Да ја развиваат еколошката свест и да ја зачувуваат средината во која се поголем дел од денот;

чл.5

**Норми на однесување и работа во училиштето, семејството и пошироката заедница**

- Воспитанието и образованието да му претставуваат највисок императив во неговото однесување
- Да ја почитуваат личноста на сите ученици, наставници и родителите и да ја ценат меѓусебната зависност на индивидуите и групите
- Постојано да се ангажираат во постигнувањето на резултати во наставата и вонннаставните активности, со коректност, одговорност, објективност и доследност во однесувањето
- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко
- Секогаш да служат за пример со својот изглед и однесување и да формираат културни и естетски навики
- Да имаат одговорен однос ко средствата и условите со кои или во кои работат и учат
- Навреме и редовно да доаѓаат на секој наставен час
- Секогаш треба да бидат подготвени за работа – настава
- Да допринесуваат и овозможуваат позитивна работна атмосвера со активно ангажирање на часот
- Да не ја пореметуваат планираната работа на часот со задоцнето влегување, разговори, излегување, предизвикување конфликтни ситуации и друго
- Да ги почитуваат сите субјекти за време на часот и другите воспитно-образовни активности
- Да ги почитуваат своите соученици врз основа на другарство, искреност и отвореност
- Да им помагаат на другите ученици пренесувајќи им го своето знаење и искуство
- Да ја почитуваат личноста на сите вработени во училиштето, родителите и другите
- Да избегнуваат стил на комуницирање и појави на недолични за ликот на ученикот и да не користат навредлив и непристоен говор
- да не ги омаловажуваат и навредуваат другите во училиштето и надвор од него и не смеат да пројавуваат агресивност, нетолерантност, желба за доминација, болна самоувереност и амбициозност, ослабени позитивни механизми на однесување и слично;
- да имаат одговорен однос према средствата, инвентарот во училиштето, во спротивно секоја направена штета од ученик или ученици се надокнадува со вредност на цена на чинење;
- навремено и облективно ги информираат родителите за својата работа и однесување во училиштето и надвор од него;
- се придржуваат на законската одредба за забрана на секакво политичко и верско организирање и дејствување во училиштето.

**Педагошки мерки**

Чл.6

Секој ученик се обврзува да го почитува овој Правилник.

Во случај на непочитување се превземаат соодветни педагошки мерки во согласност со соодветниот закон и со статутот на училиштето.

**Преодни и завршни одредби**

Чл.7

Директорот на училиштето е должен да ги запознае вработените наставници кои имаат должност да ги запознаат учениците со правилата за однесување на учениците во училиштето согласно овој Правилник како и со одговорноста која следува за нивно непочитување.

Чл.8

Правилникот влегува во сила 8 дена по неговото објавување на огласна табла во просториите на училиштето.

Д и р е к т о р;

__________________________

Трајанка Ризова

Врз основа на чл.67 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) директорот на ООУ „Пере Тошев“ донесе

**П Р А В И Л Н И К**

За однесување на наставниците и стручните работници во ООУ „Пере Тошев“ Росоман

**Општи одредби:**

чл.1

Со овој Правилник се регулираат правилата на однесување на наставниците и стручните соработници во ОУ„Пере Тошев“-Росоман, во понатамошниот текст училиштето.

чл.2

Наставниците и стручните работници ја остваруваат воспитно-образовната работа во основното училиште.

чл.3

Самата дејност на училиштето е организирање и остварување на целите и задачите во основното образование за унапредување во повисоки степени на образование, а се во согласност со Годишната програма на училиштето и согласност со закон и други прописи.

За наставник, стручен соработник може да се вработи лице кое што ги исполнува општите критериуми за однесување кој се битни услови за еден наставник и стручен работник, како и посебни услови во согласност со закон.

чл.4

Наставниците, стручните работници треба да исполнуваат критериуми на однесување и да поседуваат морални квалитети, како во извршувањето на своите работни задачи така и во однесувањето надвор од училиштето.

**Основни норми и начела**

Чл.5

Определувајќи се за професијата просветен работник наставникот и стручниот работник треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството да ги знае своите права и одговорности и разноликоста на задачите, да биде флексибилна личност која ќе знае да работи со поединци и група, да се прилагодува на новите барања и да го користи сето свое професионално знаење и умеење.

чл.6

Во својата професионална работа наставникот односно стручниот работник се обврзува:

- Својата професија да ја врши совесно, одговорно и хумано;
- Воспитанието и образованието да му претставува највисок императив во неговото професионално однесување;
- Да ја чува честа и благородните традиции на професијата просветен работник;
- При вршење на својата професија не смее да прави дискриминација согласно ЗРО;
- Да ја почитува личноста на своите ученици, нивните родители и своите колеги;
- Не смее да врши психичко малтретирање на ученикот со погрдни зборови, изрази, реченици, изживување, инаетење, условување на учениците и родителите итн.;
- Не смее да врши физичко малтретирање на ученикот, стоење простум, тргање за коса, за уво, удирање по рака, удирање по глава, лице, со клоца, со стап итн.

чл.7

**Наставникот односно стручниот работник треба:**

- Да ги почитува законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко;
- Да служи за пример со својот изглед, пред се пристојно облекување, однесување и да гради културни и естетски навики кај своите ученици;
- Да внимава на својот морален лик;
- Својата работа во образовната дејност да не ја злоупотребува за лична корист при што не смее да прифаќа подароци, бесплатни услуги или награди кои можат да ја доведат во прашање неговата автономност, професионалност, кредибилитет и достоинство;
- Да биде личност во кој може да се има доверба со нејзината непосредност, авторитативност, колегијалност, тактичност, хуманост и разбирање на другите и која во училиштето и пошироката средина има углед како работник и човек;
- Да го мобилизира севкупниот свој потенцијал и ангажман за афирмација на својот предмет преку развивање на чувство на зборатеност со нови сознанија кај учениците и предизвикување почит кон предметот кај колегите, родителите и пошироката јавност,
- Да го започне часот навреме;

- Треба редовно да го евидентира часот како и отсутните ученици.

чл.8

Наставникот односно стручниот работник спрема учениците се однесува како кон субјекти и соработници со примена на постапки кои се во духот на современите педагошки норми, при што прво и најважно е:

- Да ја почитува личноста на секој ученик;
- Професионално и чесно да се однесува кон секој ученик;
- Да е праведен, хуман, објективен и непристрасен, одмерен и доследен без оглед на возраста, полот, верата, националноста, расата и општествено економската положба;
- Со учениците да избегнува стил на комуницирање и појави недолични за професијата што ја обавува;
- Верува дека секој ученик може да научи и должен е на секој ученик тоа да му го овозможи;
- Не смее да има догматски пристап кон наставните содржини и секогаш да ја почитува и негува самостојноста, критичноста и индивидуалноста на ученикот преку методи на активна настава;
- Ги познава стиловите на учење и ги оспособува учениците за самостојно учење;
- Ги учи учениците како да ги самооценуваат сопствените постигања;
- Го оценува реално знаењето на ученикот со изградени критериуми при што се труди да го открие степенот на учениковото знаење, а не да бара празнини односно незнаење и при тоа редовно го информира ученикот;
- Бара ученикот навремено, редовно и квалитетно да ги своите задачи;
- Не смее да ги омаловажува и навредува учениците;
- Со учениците не смее да агресивност, нетолератност, желба за доминација, плашливост, апатичност, депресивност, некомуникативност, болна самоувереност, болна амбициозност, ослабени позитивни механизми на однесување и сл;
- Никогаш да не го казнува ученикот телесно, да не го малтретира психички и да не се служи со заплачување, уцена, заканување и други форми на негативно однесување;
- Избира и води воннаставна активност во која се смета за најинвентивен и преку која ќе им овозможи на учениците да ги задоволат своите интереси и да ги развиват своите таленти;
- Ги познава социјално економските и други услови во кои учениците живеат и учат;
- Да ги помага учениците кои заостануваат во совладување на наставата, бара од учениците пристојно и дисциплинирано однесување и на секој вид на девијантно однесување реагира со укажување;
- Должен е да го сослуша секој ученик кога ќе му се обрати за совет или помош во решавање на лични проблеми и да му помогне со упатување на стручна помош кај компетентни лица или надвор од училиштето
- Во работата со учениците не ги искажува своите политички уверувања, определувања и не дозволува пропагирањена било какви тесно политички или тесно партиски идеологии од политичката, националистичката, верската или друга природа
- Со личен пример и со сите средства се бори против причинителите на болестите на зависност и други негативни појави, дрога, алкохол пушење, криминал и слично
- Меѓу учениците постојано гради односи на другарство, меѓусебно разбирање, соработка и почитување

**Казнени мерки**

чл.9

Секој наставник односно стручен работник се обврзува да го почитува и спроведува овој Правилник.

**Преодни и завршни одредби**

чл.10

Директорот на училиштето е должен да ги запознае вработените со овој Правилник.

чл.11

Правилникот влегува во сила 8 дена по неговото објавување на огласна табла во просториите на училиштето.

Д и р е к т о р

__________________________

Трајанка Ризова

## ПРИЛОГ 20.

**ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР**

Улогата на училишниот тим за професионален развој е: да се почитуваат принципите за работа; континуирана соработка и поддршка; создавање на култура и подигнување на свесноста за потребата од континуиран професионален развој; поттикнување на доживотното учење и креирање на можност за тимска работа и меѓусебна соработка на наставниците. Сето ова ќе биде рализирано преку активностите планирани во годишната програма за работа на училишниот тим за професионален развој. Планот за професионален развој е фокусиран за подобрување на наставната практика од страна на наставниците со крајна цел подобрување на постигањата на учениците.

Овој план е интерен и изработен од тимот за професионален развој. Главна и основна цел на овој план е подобрување на пренесување на одредени искуства од наставници кои посетувале семинари. Со професионалниот развој треба да се опфатат сите наставници од предметна и одделенска настава.

Со програмата се опфатени 5 подрачја, од кои произлегуваат главните цели кои се детално разработени подолу:

1. Планирање и реализација на наставата

2. Излегување во пресрет на потребите и оценување на учениците

3. Создавање безбедна и стимулативна средина и клима за учење

4. Социјална и образовна инклузија на учениците и родителите

5. Професионален развој и соработка

| Конкретна цел | активности | Вклучени субјекти | Инструменти и техники кои се користат | Временска рамка | Индикатори на успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Прибирање информација за потребите на наставниците и стручните соработници | Изработување на професионален план од страна на сите наставници и стручни соработници | Стручни соработници, наставници | Чек листа за самопроцена, Анализа по скалата за самопроценка, Личен план за професионален развој, | Септември/ октомври | Доставени инструменти од 90% од наставниците |
| Анализа на потребите на наставниците и стручните соработници | Анализа на доставените Лични планови за професионален развој од наставниците и стручните соработници | Директор, стручни соработници | Венов дијаграм | Октомври/ ноември | Определена насока за професионален развој на наставниците и стручните соработници за тековната учебна година |
| Обезбедување на обуки/ работилници за задоволување на детектираните потреби за професионален развој на наставниците/ стручните соработници | избор на обука на тема која им е потребна на наставниците и стручните соработници | Директор, тим за професионален развој | / | Ноември/ декември | / |
| Реализација на обука во подрачје кое го навеле наставниците и стручните соработници | Обука на наставниот кадар и стручната служба | Наставници, стручни соработници, директор | / | Јануари или јуни | / |
| Прибирање на извештаи од наставници | Изработување на индивидуален извешта од страна на сите наставници и стручни соработници | Стручни соработници, наставници | Извештај за реализација на личниот план за професионален развој | Јуни/ јули | Доставени инструменти од 90% од наставниците |
| Анализа на извештаите од наставниците и стручните соработници и изготвување на извештај кој ќе биде вклучен во Годишниот извештај од работата на училиштето | Анализа | Директор, тим за професионален развој | Извештај за реализација на личниот план за професионален развој | Јуни/ јули | Изготвен извештај од тимот за професионален развој на ниво на училиште |

# ПРИЛОГ 21. ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Родителите се многу важен фактор во животот и работата на училиштето и како такви во ООУ „Пере Тошев“ се вклучени во сите нивоа на одлучување преку Училишен одбор и Совет на родители.

Со посебно изготвена програма за работа се наведува како да се зајакнат капацитетите на дејствување на родителите; се детектираат состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условитеза работа; се нудат идејни планови за организација на активности во училиштето; се предвидува како родителите да учествуваат во донесување на одлуки и решенија во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите; се организирараспоред за средби со родителите и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на огласната табла во училиштето.

- Во процесот на учење

Подобрувањето на вклученоста на родителите е ветувачка стратегија за подобри резултати на учениците и надминување на образовните слабости. Со имплементацијата на деветгодишното основно образование улогата на родителите станува се поголема во насока на активен фактор во воспитно – образовниот процес. Воведувањето на електронскиот дневник е со цел да се зголеми информираноста и вклученоста на родителите во процесот на учење. Наставниците во ООУ „Пере Тошев“ ќе продолжат со истакнувањето на важноста родителите да го совладаат и да го користат системот за информирање на родители кој го нуди електронскиот дневник.

Преку Советот на родители, секој родител може да придонесе со сопствени сугестии за дополни и измени на секаков вид планирања и активности кои имаат едукативни цели и се важни за развојот на учениците. ООУ „Пере Тошев“ ќе продолжи да го информира Советот на родители за наставниот процес преку континуирана соработка, како и за работата и постигнувањата на учениците, наставниот кадар, стручната служба и директорот на училиштето

Со примена на проектот Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, кој е предложен од МОН, родителите имаат можност да се вклучат директно во процесот на учење, земајќи ја улогата на предавач/едукатор во теми од својата област. Во ООУ „Пере Тошев“ и оваа учебна година активно ќе се реализира овој проект со цел поголема вклученост на родителите во процесот на учење.

- Во активностите во училиштето

ООУ „Пере Тошев“ е отворено за соработка и проширување на идеите со помош на родителската партиципација во сите активности. Претседателот на Советот на родители одржува средби со директорот на училиштето заради планирање иимплементирање на родителските активности кои треба да се во согласност со училишните програми. Училиштето може да ја охрабри вклученоста на родители со:

развивање план за подобрување на партнерството со родителите;

дизајнирање прашалник за родители со што ќе се осознаат можностите и ставовите за нивно вклучување;

Родителите преку Совет на родители можат да дадат иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, промоции и други активности и да учествуваат во планирањето на други манифестации во кои училиштето и учениците ќе бидат вклучени.

- Во донесување одлуки

Во поглед на носењето одлуки во училиштето, родителите се претставени на сите нивоа: преку Совет на родители, се до Училишниот одбор, како орган на управување кој има 3 претставници од редот на родителите. Ова им дава можност на родителите да бидат вклучени и да влијаат врз многу аспекти во образовниот процес. Одлуките на Училишниот одбор се носат со мнозинство гласови од сите присутни, а се однесуваат на голем број прашања почнувајќи од планирањето на воспитно – наставниот процес, активностите во училиштето, до донесување Статут на училиштето.

- Едукација на семејството

Соработката со родителите е една од најважните задачи на училиштето, како нераскинлив дел од триаголникот училиште - ученици - родители. Во ООУ „Пере Тошев“ и оваа година ќе се реализира програмата за советување на родители, за учениците кои се опфатени со правилникот за реализација на истата, како и програмата за подобрување на менталното здравје на учениците преку отворени денови и работилници и предавања за родителите. За оние теми кои стручната служба и директорот на училиштето ќе увидат дека е потребен третман - ќе се реализираат со родителите на учениците кои се засегнати.

Во тој поглед, училиштето ќе организира едукативни, советодавно-консултативни работилници и предавања за родителите или ќе обработува некои од темите преку соопштенија, флаери или брошури.

## Прилог 21.1 – Програма за советување на родители

Советувањето на родителите се реализира согласно Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија” број 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25).

Се повикуваат родители на ученици кои:

- направиле повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани изостаноци
- имаат повеќе од 3 слаби оцени
- имаат проблематично однесување

Целта на советувањето на родителите е нивно насочување за поефикасно воспитување на децата, поголема свесност за семејните вредности, како да се влијае врз развивање на емоционалната интелигенција кај децата за да можат успешно да се справат со предизвиците и потешкотиите со кои се среќаваат во училиштето и во животот воопшто.

Успешното делување на „триаголникот“ училиште - ученик - родител , од досегашното искуство се покажува како влијателен фактор за успешно прилагодување на ученикот во училиштето, негово социјализирање, подобрување на успехот на учениците, подготвеност да се прифатат предизвиците и превенција од различни видови на несоодветно однесување.

**Програма за советување на родители**

| Активност | Време на реализација | Соработници | Прва средба | Втора средба |
|---|---|---|---|---|
| Прибирање информации за доставени покани од класни раководители | После наставнички совет (8дена пред советување) | Наставници | / | / |
| Изготвување распоред за советување | / | Наставници, директор | / | / |
| Советување – нередовно посетување на наставата | Ноември, февруари, мај | Родители Наставници | Континуирано | Две недели по првата средба |
| Советување – Намален успех во учењето | Ноември, февруари, мај | Родители Наставници | Континуирано | Две недели по првата средба |
| Советување – Несоодветно однесување | Ноември, февруари, мај | Родители Наставници | Континуирано | Две недели по првата средба |
| Советување – Намален успех во учењето | Ноември, февруари, мај | Родители Наставници | Континуирано | Две недели по првата средба |

Реализатор на програмата за советување на родители: Училишен психолог-Анита Јованова-Петрова

## ПРИЛОГ 22. ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА СРЕДИНА И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

| Планирана активност | Цели | Реализатор | Време на реализација | Очекувани ефекти (евалуација) |
|---|---|---|---|---|
| Соработка на стручен план меѓу училиштата | Размена на знаења,мислења и изскуства | Наставници,директор | Септември - јуни | Подобрување на работата во училиштата |
| Соработка со средни училишта и нивна промоција | Соработка и размена на знаења, мислења и презентирање | Ученици,наставници, директор | Мај | Подобро информирање на учениците кое ќе им помогне во одлукатаза продолжување на нивното образование |
| Вклучување на училиштето во активностите во локалната средина | Создавање на позитивна клима и чувство на припадност и одговорност кон локалната заедница | Директор наставници ученици | По потреба | Зголемување на интересот за соработка |
| Посета на институциите во Општина Росоман | Запознавање со институционалното уредување во општината | Прво одделение | Октомври | Запознавање со институциите, создавање почит и одговорност кон истите |
| Учество во одбележување на денот на општината | Унапредување на соработката | Директор,наставен кадар и ученици | декември | Успешно претставување на училиштето |
| Соработка со невладиниот сектор | Унапредување на одредени вредности и вештини | Директор,наставен кадар и ученици | По потреба | Претставување на концептот за граѓански активизам и волонтерство меѓу учениците |

## ПРИЛОГ 23. ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Во оваа програма се изнесени содржини што се поврзани со здравјето на учениците. Се реализираат преку превентивни активности, предавања, преку содржини во редовната настава и сл.

Поконкретно, планираните активности се содржани во следните подрачја:

1.Лекарска превентива – се организира во соработка со здравствен дом (вакцинирања, систематски прегледи, предавања и сл.)

2.Наставата – содржините за здравствено образование во одделенска настава ќе се реализираат интегрирано во повеќе наставни предмети, а во предметна настава на часовите по биологија, опфатени на часовите по физичко и здравствено образование, природни науки и на одделенскиот час. Одделенската соработка со стручната служба на училиштето исто така ќе продолжи со содржини кои кај учениците ќе ја јакнат самодоверба и ќе ги учат на животни вештини.

3.Излети, екскурзии и настава во природа – се организираат според планирањата во наставните содржини со што ќе се запознаат со предели од блиската околина и од татковината.

4. Спортски натпревари и игри – се организираат во текот на школската година помеѓу ученици и подрачни училишта. Ќе се вклучиме и во други организирани спортски натпревари кои овозможуваат здрав начин на живот, запознавање со правилата на однесување на спортски натпревари во улога на натпреварувачи.

| **Програмска активност** | **Време на реакизација** | **реализатор** | **форма** | **За кого или пред кого се реализира** | **Очекувани цели и ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | Септември | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Надомест при евентуални повреди |
| Недела на борба против туберколозата | Септември | Наставник | тимска | 1-9 одделение | Мерки за заштита и превенција |
| Систематски стоматолошки прегледи | октомври | Детска и превентивна стоматологиј а | тимска | 1-9 одделение | Мерки за заштита и превенција |
| Одржување на хигиената во домот и училиштето | Октомври | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Подобрување на хигиената во домот и училиштето |
| Умерена и разновидна исхрана-важна за здравјето на учениците | Октомври | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Колку е важна разнодивната исхрана и како да ја подобриме |
| Пушењето, алкохолот и дрогата се штетни по здравјето | Ноември | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Заштита и превенција, оттргнување на учениците од овие пороци |
| Едукативни стоматолошки работилници и предавања | октомври | Детска и превентивна стоматологиј а | тимска | 1-3 одделение | Мерки за заштита и превенција |
| 1 Декември – Светски ден на борба против сидата | Декември | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Едукација за болеста, како да се заштитиме од оваа болест |
| Витамините – дополнителни и заштитни материи по човековото здравје | Декември | Наставник | Фронтална | 1-9 одделени | Подобрување на здравјето на учениците преку внесување на витамините во |
| Безбедност и прва помош | Февруари | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Поголема безбедност за учениците во секакви ситуации и помош на лицата на кои им е потребна |
| Недела на борба против срцевите заболувања 21-28 февруари | Февруари | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Превенција и заштита |
| Недела на борба против ракот 01-08 март | Март | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Како да се заштитиме од оваа болест |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Чиста и здрава околина работна акција | Март | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Подигање на еколошката свест кај учениците |
| Ден на екологијата | Март | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Чистење на училишниот двор |
| Одбележување на 24 март- денот на борба против туберколозата | Март | Училиште | Фронтална | 1-9 одделение | Како да се заштитиме и одбраниме од оваа болест |
| Учество на кошаркарски и фудбалси натпревари | Март | Наставник | Групна | 7-9 одделение | Развој на натпреварувачкиот дух кај учениците |
| Одбележување на 7 април- светскиот ден на здравјето | Април | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Како да го чуваме и негуваме здравјето кај учениците |
| Учество на еколошкиот хепенинг по повод 22.04 – Денот на планетата Земја | Април | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Како да ја сочуваме и да се грижиме за чистата животна средина |
| Никотинот алкохолот и дрогата се штетни за човековиот организам | Април | Училиште | Фронтална | 1-9 одделение | Мерки за превенција и заштита од овие пороци |
| Предавање од програмата ALWAYS | Април | Училиште | Групна | 5 одделение | Запознавање на ученичките со карактеристиките и фазите на пубертетот, за првиот менструален циклус и водењето на лична хигиена |
| Систематски преглед | Мај | Амбуланта | Фронтална | I, II, V, VII | Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Вакцинации | мај | Амбуланта | Фронтална | 1-9 одделение | Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Еднодневна екскурзија од наставно научен карактер | Мај | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Запознавање на учениците со културно – историските споменици развој на другарството и социјализацијата |
| Ден на борба против пушењето 31.05 | Мај | Училиште | Фронтална | 1-9 одделение | Мерки за заштита и превенција од пушењето |

Одговорни лица: Директор,  наставници, стручна служба

## ПРИЛОГ 24. ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Согласно член 66 став (1), (2), (3), (4), (5) и (6) од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) и Правилникот за начинот на остварување на програмите за заштита од насилството, злоупотреба и запуштање на ученици со и без попреченост, програми за спречување дискриминација и програми за превенција од злоупотреба на алкохол и тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанции, учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција, ООУ „Пере Тошев" во учебната 2026/2027 година ги реализира следните четири превентивни програми, како составен дел на проширената програма на училиштето.

Програмите произлегуваат од ист правен основ и се меѓусебно поврзани, но се планираат и реализираат одделно заради полесно следење, поконкретна распределба на активностите во текот на годината и појасна евиденција на резултатите. Реализацијата на активностите претежно е задача на одделенските и предметните наставници, додека стручните соработници (психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор) имаат координативна, советодавна и супервизорска улога, како и непосредно учество во активностите што бараат стручна експертиза (проценка на ризик, работа со ученици во ризик, обуки).

### ПРОГРАМА 1: ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПУШТАЊЕ НА УЧЕНИЦИ (СО И БЕЗ ПОПРЕЧЕНОСТ)

Цел: Рано препознавање, превенција и соодветно постапување при насилство, злоупотреба и занемарување на ученици, согласно Правилникот на МОН од 07.07.2025 г.

| Бр. | Активност | Опис на активноста | Носители | Време на реализација | Очекувани резултати / индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Запознавање со контакт-лице и канали за пријавување | Информирање на учениците, наставниците и родителите за контакт-лицето, заменикот и каналите за пријавување (тел., е-пошта, писмена пријава, prijavinasilstvo@mon.gov.mk). | Одделенски раководители (наставници); координација – директор, психолог | Септември | Информираност на учениците и родителите за начинот на пријавување |
| 2 | Работилници за препознавање и пријавување насилство | Работилници по одделенија за форми на физичко, психичко и вербално насилство и начин на пријавување. | Одделенски и предметни наставници; поддршка – психолог/педагог | Октомври–ноември | Бр. реализирани работилници; бр. вклучени паралелки |
| 3 | Обука за проценка на ризик | Обука за примена на алатка/чек-листа за проценка на ризик при пријавени случаи. | Психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор | Декември | Обучени лица; воспоставена процедура за проценка |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Работилници за ненасилна комуникација | Работилници за учениците за решавање конфликти и ненасилна комуникација. | Одделенски раководители, наставници по ОЖВ/ОЧ | Февруари–март | Бр. реализирани часови; набљудувани промени во однесувањето |
| 5 | Соработка со ЦСР/МВР | Средба за координирано постапување и размена на информации при потреба. | Директор, психолог, педагог | Април | Воспоставена соработка; бр. реализирани средби |
| 6 | Родителска средба | Средба за препознавање знаци на семејно насилство и негов пренос во училишна средина. | Одделенски раководители; водство – психолог | Мај | Бр. вклучени родители |
| 7 | Годишна евалуација | Извештај со статистика за пријавени случаи и преземени мерки. | Психолог, педагог; училишен тим | Јуни | Изготвен извештај; намалување на бројот на повторени инциденти |

**ПРОГРАМА 2: СПРЕЧУВАЊЕ ДИСКРИМИНАЦИЈА**

Цел: Градење инклузивна и толерантна училишна клима и спречување дискриминација по кој било основ (етничка, верска, полова, попреченост, социјален статус).

| Бр. | Активност | Опис на активноста | Носители | Време на реализација | Очекувани резултати / индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Работилница за различности | Работилница за учениците на тема разлики и почитување различности, по одделенија. | Одделенски и предметни наставници | Октомври | Бр. реализирани работилници; бр. вклучени ученици |
| 2 | Ден на толеранцијата | Обележување на 16 Ноември со ученички проекти и изложба. | Наставници; координација – педагог | Ноември | Реализиран настан; бр. вклучени ученици |
| 3 | МИО активност | Заеднички настан/размена со партнерско училиште во рамки на МИО-програмата. | Одделенски раководители; координација – психолог | Декември–јануари | Реализирана заедничка активност |
| 4 | Родителска средба | Средба за препознавање и адресирање дискриминациско однесување. | Одделенски раководители | Март | Бр. вклучени родители |
| 5 | Ученичка кампања | Дебата, ликовен или литературен конкурс на | Наставници по мајчин јазик/ликовно; | Април–мај | Бр. вклучени ученици; бр. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | тема толеранција и недискриминација. | поддршка – педагог | | изработени трудови |
| 6 | Годишна евалуација | Анализа на регистрирани случаи на дискриминација (доколку ги има) и преземени мерки. | Психолог, педагог | Јуни | Изготвен извештај; ниво на свесност преку кратка анкета |

## ПРОГРАМА 3: ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗЛОУПОТРЕБА НА АЛКОХОЛ, ТУТУН, ДРОГИ И ДРУГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

Цел: Зголемување на свеста кај учениците за штетните последици од употреба на тутун, алкохол и дроги и развивање вештини за одбивање притисок од врсници.

| Бр. | Активност | Опис на активноста | Носители | Време на реализација | Очекувани резултати / индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Едукативно предавање (VII–IX) | Предавање со здравствен работник за штетни последици од тутун и алкохол. | Одделенски раководители; надворешен соработник (здравствен работник) | Октомври | Реализирано предавање; бр. вклучени ученици |
| 2 | Работилница за помлади одделенија (IV–VI) | Работилница фокусирана на здрави животни навики. | Одделенски наставници | Ноември | Бр. реализирани работилници |
| 3 | Ученичка изработка на пораки | Изработка на плакати/пораки на тема „Живот без зависности" и изложба во училиштето. | Наставници по ликовно образование | Декември | Бр. изработени трудови; реализирана изложба |
| 4 | Дебата/квиз | Дебата или квиз на тема вештини за одбивање притисок од врсници. | Одделенски раководители | Февруари | Реализирана активност; бр. вклучени ученици |
| 5 | Родителска средба | Средба за препознавање знаци на ризично однесување кај децата. | Одделенски раководители; поддршка – психолог | Март–април | Бр. вклучени родители |
| 6 | Обележување Светски ден без тутун | Активност поврзана со 31 мај, доколку се вклопува во распоредот. | Наставници | Мај | Реализирана активност |
| 7 | Годишна евалуација | Извештај и евалуација на реализираните активности. | Психолог, педагог | Јуни | Изготвен извештај; зголемена свест преку кратка анкета |

**ПРОГРАМА 4: ПРЕВЕНЦИЈА ОД УЧЕСТВО ВО ИГРИ НА СРЕЌА И МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА**

Цел: Заштита на малолетниците од вклученост во игри на среќа (вклучително онлајн облици) и превенција на ризично/деликвентно однесување.

| Бр. | Активност | Опис на активноста | Носители | Време на реализација | Очекувани резултати / индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Финансиска писменост и ризици | Работилница за финансиска писменост и ризици од игри на среќа за постари одделенија. | Одделенски раководители, наставник по математика | Ноември | Бр. реализирани работилници; бр. вклучени ученици |
| 2 | Средба со МВР | Предавање/средба со претставник на МВР за превентивна работа со малолетници (по достапност на локалната СВР). | Директор; координација – психолог | Декември | Реализирана средба (доколку е достапна) |
| 3 | Онлајн облици на коцкање | Работилница за ризиците од онлајн коцкање и апликации за обложување кај малолетници. | Одделенски раководители, наставник по информатика | Февруари | Бр. реализирани работилници |
| 4 | Родителска средба | Средба за препознавање знаци на вклученост во игри на среќа кај децата. | Одделенски раководители | Март | Бр. вклучени родители |
| 5 | Ученичка кампања | Кампања/пораки во училиштето на тема одговорно однесување и последици од малолетничка деликвенција. | Наставници | Април–мај | Реализирана кампања; бр. вклучени ученици |
| 6 | Годишна евалуација | Извештај и евалуација на реализираните активности. | Психолог, педагог | Јуни | Изготвен извештај; воспоставена соработка со СВР (да/не) |

Напомена: Сите четири програми се засноваат на ист правен основ (член 66 од Законот за основното образование и Правилникот на МОН) и претставуваат основа за аплицирање на годишниот јавен повик на МОН за доделување финансиски средства за реализација на активности од овие програми (до 60.000 денари по училиште).

## ПРИЛОГ 25. ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

Цели:

- Создавање пријатна атмосфера во училиштето;
- Развивање креативност и фантазија кај учениците;

- Одбележување на празници;
- Организирање приредби за различни поводи;
- Организирање на хепенинзи;
- Организирање активности преку кои учениците соработуваат, креативно се изразуваат и другаруваат.

Согласно својата воспитно-образовна функција училиштето организира активности кои се општествено значајни и хумани, а во кои активно учество имаат учениците, наставниците, родителите и пошироката заедница.

Во ООУ „Пере Тошев" секоја учебна година е исполнета со многу содржини и настани, кои се организираат по повод значајни празници, патрониот празник, собирни акции, еколошки акции, базари, отворени денови и сл.

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|
| Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња | септември | Наставниците од I-V Одделение | Развој на позитивна училишна клима и срдечно добредојде за првачињата |
| Одбележување на денот на учителот учителот | октомври | Одговорни наставници | Одбележување на оваа благородна Професија |
| Детска недела и прием на првачиња во ,,Детската организација,, | октомври | Одговорни наставници и Ученици | Развивање позитивни карактерни особини, развој на чувство за припадност во Детската Организација |
| Посета на детски фестивали и културни манифестации | октомври | Одговорни наставници и ученици | Развивање на културната свест кај учениците |
| Вклучување во прозлава на Денот на општина Росоман | Декември | Директор, наставници, ученици | Развој на позитивна училишна клима и припадност кон заедницата |
| Новогодишна програма | декември | Одговорни наставници и ученици | Развој на позитивно расположение по повод Нова година и собирање финансиски средства за потребите на ученици од слабо ранливите категории |
| Хуманитарна акција | декември | Ученички парламент | Развивање емпатија и алтруизам, превземање акција |
| Посета на кино и театар за нова година | декември | Одговорни наставници и ученици | Развивање на културната свест кај учениците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување на денот на пролетта | март | одговорни наставници | Развивање на уметничките таленти кај учениците и промоција на вештините на учениците |
| 1 Април ден на шегата Априлијада | април | Одговорни наставници и ученици | Будење на креативоста кај учениците |
| Велигденски базар | април | Одговорни наставници и ученици | Развој на позитивно расположение по повод Велигден и собирање финансиски средства за потребите на учениците од |
| Патронен празник на училиштето | мај | Одговорни наставници и ученици | Културно-забавна програма по повод патрониот празник на училиштето. |
| Посета на кино претстави, театри, | Континуирано | Одговорни наставници | Развивање на интерес кон уметноста,издигање на културната свест кај |
| Одбележување на 24 Мај ,,Ден на сесловенските просветители св.Кирил и Методиј,, | мај | Одговорни наставници и ученици | Значењето на сесловенските просветители св.Кирил и Методиј и нивната учога во развојот на македонскиот јазик |

*Забелешка:* Училиштето ќе организира и дополнителни активности, хуманитарни акции и акции од еколошки карактер во зависност од потребите на училиштето, активности во соработка со општината, активности од областа на спортот и сл. (Реализатори: наставниците и учениците, еколошките друштва, општината, родитеи и др.).

Координатор: Мирјана Јошева

Членови на тимот: Митко Дамјановски, Данча Давчева, Јасмина Симоновиќ, Жаклина Василевска-Ѓорѓиева

# ПРИЛОГ 26. ПРОГРАМА НА ЕКО ОДБОР

## 26.1 Вовед

Развојот на еколошката свест, на позитивни ставови кон животната средина и на навики што влијаат позитивно врз неа, е предуслов учениците да пораснат во одговорни и активни граѓани кои во својот секојдневен и професионален живот ќе се грижат за зачувување на животната средина. Еколошкото образование поради тоа претставува важна компонента на воспитно-образовниот процес во основното училиште.

Училиштето, како институција што ги обликува вредностите на идните генерации, има значајна улога во градењето на еколошката свест и одговорното однесување на учениците. Оваа Програма е замислена така што содржините и активностите да ги поттикнат учениците критички да ги согледаат и преиспитаат сопствените навики со влијание врз животната средина, да станат едукатори на своите соученици и активни учесници во животот на училиштето и на пошироката заедница.

Програмата ја продолжува и надградува повеќегодишната работа на Еко-одборот на ООУ „Пере Тошев" – Росоман, и претставува составен, ажуриран прилог кон Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2026/2027 година.

## 26.2. Правна и програмска основа

Оваа Програма се темели на следната законска и подзаконска рамка, како и на националните и меѓународните еколошко-образовни иницијативи во кои е вклучено училиштето:

- Закон за основно образование („Сл. весник на РСМ" бр. 161/19, 229/20, 3/25 и 74/25) – член 4, каде „унапредувањето на здравиот начин на живеење и воспитувањето за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина" е утврдено како една од целите на основното воспитание и образование.
- Закон за животна средина („Сл. весник на РМ" бр. 53/05, со последователни измени и дополнувања) – со кој се уредуваат правата и должностите во обезбедувањето услови за заштита и унапредување на животната средина.
- Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска конвенција), ратификувана од Република Северна Македонија, која ја промовира еколошката едукација и учеството на граѓаните, вклучително и на училиштата, во заштитата на животната средина.
- Годишната програма за работа на училиштето за 2026/2027 година, во чии рамки оваа Програма е составен прилог.
- Методологијата „Како да се стане еко-училиште" на Здружението за едукација, комуникација и консалтинг „ОХО", во рамки на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" (поранешна „Немаме резервна планета"), спроведувана во соработка со Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, а поврзана со меѓународната мрежа на Фондацијата за еколошка едукација (FEE/Eco-Schools).

# 26.3. ШТО Е ЕКО-УЧИЛИШТЕ

Статусот „еко-училиште" се стекнува преку методологија од седум чекори, применлива во сите училишта вклучени во проектот, независно од годината на реализација:

- Чекор 1 – Формирање на Еко-одбор
- Чекор 2 – Анализа на состојбата на животната средина во училиштето
- Чекор 3 – Изработка на план на активности
- Чекор 4 – Следење и евалуација на напредокот
- Чекор 5 – Поврзување на заштитата на животната средина со редовната настава
- Чекор 6 – Информирање и вклучување на пошироката заедница
- Чекор 7 – Изработка на Еко-кодекс

Активностите се организираат околу четири еко-стандарди: енергија, вода, отпад и уреден/еколошки училишен двор, со надополнителна грижа за квалитетот на внатрешната средина на училишната зграда. ООУ „Пере Тошев" – Росоман има статус на еко-училиште и се стреми да го задржи преку целосна реализација на чекорите од оваа Програма.

Училиштата кои успешно ги реализираат точките на акција за учебната година можат да аплицираат за бронзен сертификат, сребрен сертификат или највисокото признание – Зелено знаме, доделувано преку годишен конкурс на Здружението ОХО, во соработка со Министерството за образование и наука.

## 26.4. Еко-одбор – состав и надлежности

### 26.4.1 СОСТАВ

Еко-одборот е составен од претставници на сите засегнати страни во училишната заедница: директор, координатор на Програмата, наставници, ученици од повеќе одделенија, технички персонал, родители, претставник на локалната самоуправа и претставник на невладина организација или бизнис-секторот. Целосниот именски состав за учебната 2026/2027 година се внесува во образецот Прилог 26.1 (Формулар за членови на Еко-одбор), кој е дел од оваа Програма.

### 26.4.2 НАДЛЕЖНОСТИ НА КООРДИНАТОРОТ

- Ја свикува и раководи со работата на Еко-одборот;
- Ги координира еко-патролите и наставниците вклучени во активностите;
- Ја следи реализацијата на планот на активности и изготвува квартални извештаи;
- Комуницира со Здружението ОХО и со Министерството за образование и наука во врска со аплицирањето за еко-сертификати;
- Ја информира училишната и локалната заедница за постигнатите резултати.

### 26.4.3 ЗАДАЧИ НА ЕКО-ОДБОРОТ

- Спроведува едукативни активности на темите енергија, вода, отпад и училишен двор за целото училиште;
- Изработува материјали за едукативни кампањи (постери, налепници, упатства);
- Организира настани по повод одбележување на значајни еколошки датуми;
- Врши почетна и периодична анализа на состојбата во училиштето по секој еко-стандард;
- Креира и спроведува конкретни активности (проекти) насочени кон подобрување на состојбата;
- Го следи изведувањето на активностите и известува за постигнатиот напредок.

## 26.5. Еко-патрола

Еко-патролата е оперативно тело составено од ученици и наставници, формирано веднаш по конституирањето на Еко-одборот. Со цел рамномерна покриеност на училишниот простор, Еко-патролата е поделена на три тима: тим за прв кат, тим за втор кат и тим за училишниот двор. Секое одделение определува по еден до двајца претставници – ученици со лидерски, организациски и комуникациски способности и желба за учество.

Еко-патролата се состанува еднаш неделно, во времетраење од еден училишен час, по договорен термин. Нејзините активности вклучуваат набљудување и бележење на состојбата, спроведување куси едукативни акции и известување до Еко-одборот преку дневник за работа. Наставниците определени за менторство на еко-патролите (по препорака, наставници по македонски

јазик или одделенски наставници) им помагаат на учениците во правилно пополнување на дневникот и извештаите, без да ја преземаат самата реализација на задачите.

Родителите, локалните организации и претставниците на општината се канат да учествуваат во конкретни акции на еко-патролата (на пример, акции за садење или уредување двор), а нивното учество се заведува во дневникот за работа.

## 26.6. Цели на Програмата

Основна цел на Програмата е развивање свесност и одговорност за проблемите на животната средина кај учениците, наставниците и пошироката заедница, преку разбирање на клучните проблеми поврзани со енергијата, водата и отпадот, препознавање на сопственото влијание врз животната средина и преземање конкретни, мерливи активности за негово намалување.

Специфични цели:

- Намалување на потрошувачката на електрична енергија и вода во училиштето во однос на претходната учебна година;
- Воспоставување трајна пракса на селекција и рециклирање на отпад;
- Одржување уреден, безбеден и еколошки функционален училишен двор;
- Интегрирање на еколошки содржини во редовната настава на сите наставни предмети;
- Јакнење на партнерството училиште – родители – локална самоуправа – НВО сектор во заштитата на животната средина.

## 26.7. План на активности за учебната 2026/2027 година

Табелата подолу го содржи хронолошки подредениот план на активности, со определени носители и рокови. Колоната „Постигнати резултати” се пополнува тековно од страна на координаторот, по завршување на секоја активност.

## Табела 1: План на активности

| Бр. | Еко-стандард | Активност | Одговорен | Време на реализација | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Организациски** | Конституирање на Еко-одборот и потврдување на составот (наставници, ученици, родител, технички персонал, претставник на Ioсална самоуправа и НВО) | Директор, координатор | Септември 2026 | |
| 2 | **Организациски** | Формирање на трите тима на Еко-патролата (кат 1, кат 2, училишен двор) и избор на ученици-претставници по паралелки | Еко-одбор, одделенски наставници | Септември 2026 | |
| 3 | **Организациски** | Изработка на годишен план на активности со временска рамка и индикатори за секој еко-стандард | Еко-одбор | Септември 2026 | |
| 4 | **Анализа** | Почетна анализа/еколошка самоевалуација на состојбата: енергија, вода, отпад и училишен двор | Еко-одбор, технички персонал | Септември – Октомври 2026 | |
| 5 | **Енергија** | Изработка и поставување упатства за рационално користење на електричната енергија (гасење светло, компјутери, апарати) | Еко-одбор | Октомври 2026 | |
| 6 | **Вода** | Проверка на водоводната инсталација и итна санација на дефекти (капење чешми, вентили) | Технички персонал | Октомври 2026 | |
| 7 | **Вода** | Изработка и поставување упатства за рационално користење на водата | Еко-одбор | Октомври – Ноември 2026 | |
| 8 | **Отпад** | Едукативна работилница за учениците на тема селекција и рециклирање на отпад | Еко-одбор, одделенски наставници | Ноември 2026 | |
| 9 | **Внатрешна средина** | Поставување упатства за одржување на хигиената во училишната зграда | Еко-одбор, технички персонал | Ноември – Декември 2026 | |
| 10 | **Кампања** | Изработка на плакати и налепници за еко-кампањата (штедење енергија и вода) | Наставници, ученици | Ноември – Декември 2026 | |
| 11 | **Отпад** | Поставување корпи за селекција на отпад (хартија/пластика/органски) во училниците и ходниците | Технички персонал, Еко-одбор | Декември 2026 – Јануари 2027 | |
| 12 | **Следење** | Прв квартален извештај за реализираните активности и потрошувачка на енергија/вода | Еко-одбор | Јануари 2027 | |

| Бр. | Еко-стандард | Активност | Одговорен | Време на реализација | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|
| 13 | **Еко-кодекс** | Изработка и официјализирање на Еко-кодекс на училиштето (заверен со печат), истакнување на Еко-огласна табла | Еко-одбор, наставници, родители | Јануари – Февруари 2027 | |
| 14 | **Одржување** | Отстранување/рециклирање на неупотребливи предмети (искршени клупи, столчиња) и ослободување на простор | Директор, технички персонал | Февруари 2027 | |
| 15 | **Отпад** | Проширување на местата за селекција на отпад во училишниот двор и поставување надворешни корпи | Технички персонал, Еко-одбор | Февруари – Март 2027 | |
| 16 | **Настава** | Интегрирање на еко-содржините во годишните тематски планирања на сите наставници (одделенска и предметна настава) | Сите наставници | Континуирано, Септември 2026 – Јуни 2027 | |
| 17 | **Одбележување** | Одбележување на Светски ден за заштеда на енергија (5 март) и Светски ден за заштеда на водите (22 март) | Наставници, ученици | Март 2027 | |
| 18 | **Двор** | Уредување на дворот: садење дрвја, украсни грмушки и цвеќиња на однапред определени локации | Технички персонал, Еко-одбор, ученици | Март – Април 2027 | |
| 19 | **Двор** | Изработка и поставување патокази и информативни табли во дворот (место за игра, за одмор, зона за заштита на насади) | Наставник по техничко образование, ученици | Април 2027 | |
| 20 | **Внатрешна средина** | Разубавување на ходници, канцеларии и училници со саксиски растенија | Еко-одбор, наставници, ученици | Април 2027 | |
| 21 | **Одбележување** | Одбележување на Светски ден на планетата Земја (22 април) и Меѓународен ден за биолошка разновидност (22 мај) | Наставници, ученици | Април – Мај 2027 | |
| 22 | **Следење** | Втор квартален извештај и споредбена анализа на потрошувачка на енергија/вода наспроти претходната година | Еко-одбор | Мај 2027 | |
| 23 | **Информирање** | Ажурирање на училишната веб-страница/социјални мрежи со работата на Еко-одборот; известување на локалната заедница и родителите | Еко-одбор, лице задолжено за веб-страница | Мај 2027 | |

| Бр. | Еко-стандард | Активност | Одговорен | Време на реализација | Резултат |
|---|---|---|---|---|---|
| 24 | **Промоција** | Учество на „Ден на акции на еко-училиштата“ и подготовка на документација за годишна апликација (бронзен/сребрен сертификат или Зелено знаме) | Еко-одбор, директор | Мај – Јуни 2027 | |
| 25 | **Евалуација** | Завршна евалуација на годишната програма, изработка на извештај и препораки за наредната учебна година | Еко-одбор | Јуни 2027 | |

## 26.8. Финансирање и ресурси

Реализацијата на активностите се обезбедува преку: буџетски средства на училиштето наменети за одржување и хигиена; донации во материјали (садници, канти за отпад, боја) од локалната самоуправа, родители или бизнис-секторот; сопствени средства прибрани преку училишни еко-акции (на пр. собирање стар хартија/PET-амбалажа); и волонтерски труд на вработените, учениците и родителите. Секоја поголема набавка или донација се заведува во годишниот извештај на Еко-одборот.

## 26.9. Следење, евалуација и известување

Еко-одборот поднесува квартален извештај до директорот за реализираните активности, потрошувачката на енергија и вода и статусот на еко-стандардите. На крајот на учебната година се изготвува збирен годишен извештај, кој содржи анализа на постигнатите резултати, споредба со претходната учебна година и препораки за наредниот период. Врз основа на овој извештај, училиштето поднесува апликација за годишниот конкурс на Здружението ОХО за доделување еко-сертификат/Зелено знаме.

## 26.10. Еколошки календар на значајни датуми (учебна 2026/2027)

Календарот е подреден по хронологија на учебната година (септември–јуни) и служи како основа за планирање на настани за одбележување.

| Месец | Значаен датум | Значаен датум |
|---|---|---|
| **Септември** | 16 септември – Меѓународен ден за заштита на озонскиот слој | 22 септември – Европски ден без автомобили |
| **Октомври** | 8 октомври – Меѓународен ден за намалување на природните катастрофи | 15–16 октомври – Ден на пешаците / Светски ден на храната |
| **Ноември** | 6 ноември – Меѓународен ден за спречување на експлоатација на животната средина во војна/конфликт | |
| **Декември** | 11 декември – Меѓународен ден на планините | |
| **Март** | 5 март – Светски ден за заштеда на енергија | 22 март – Светски ден на водата |
| **Април** | 7 април – Светски ден на здравјето | 22 април – Светски ден на планетата Земја |
| **Мај** | 15 мај – Светски ден за заштита на климата | 22 мај – Меѓународен ден на биолошката разновидност · 31 мај – Светски ден без тутун |
| **Јуни** | 5 јуни – Светски ден за заштита на животната средина | 8 јуни – Светски ден на океаните |

## ПРИЛОГ 26.1 – ФОРМУЛАР ЗА ЧЛЕНОВИ НА ЕКО-ОДБОР

**Учебна година 2026/2027**

### Податоци за училиштето

| | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Пере Тошев” |
| **Општина** | Росоман |
| **Адреса** | ул. „Пере Тошев” бб, Росоман |
| **Директор** | |
| **Телефон** | |
| **Е-пошта** | |
| **Координатор на Програмата** | |

### Членови на Еко-одбор

| Бр. | Име и презиме | Позиција | Институција |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |
| 6 | | | |
| 7 | | | |
| 8 | | | |
| 9 | | | |
| 10 | | | |
| 11 | | | |
| 12 | | | |

Изјава: Јас, _______________________________, директор на ООУ „Пере Тошев” – Росоман, со целосна морална и деловна одговорност изјавувам дека сите наведени податоци во овој формулар се точни и одобрени од страна на Училишниот одбор. За сите промени во горенаведените податоци навремено ќе ја известиме Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем” при Министерството за образование и наука.

Росоман, септември 2026 година

Директор: ________________________

# Прилог 26.2 – Дневник за работа на Еко-патролата

Датум: ______________________

## Еко-патрола 1 (прв кат)

Активности: ______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________________________

## Еко-патрола 2 (втор кат)

Активности: ______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________________________

## Еко-патрола 3 (училишен двор)

Активности: ______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________________________

## Прилог 26.3 – Извештај за реализирана еко-акција

Акција: ______________________________________________________________________________

Цел на акцијата: _____________________________________________________________________

Опис: ________________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________________

| Бр. | Активност | Време на реализација | Одговорен |
|---|---|---|---|
| 1 | | | |
| 2 | | | |
| 3 | | | |
| 4 | | | |
| 5 | | | |
| 6 | | | |

Изготвил: _________________________

## ПРИЛОГ 27. ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 Г.

**Програмата за антикорупциска едукација на учениците ќе опфати:**
а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;
б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;
в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;
г) запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;
д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;
ѓ) антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;
е) покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата.
**Целите** се разработени преку т.н. „Блумова таксономија“, односно при одвивањето на програмата ќе бидат развиени три нивоа на планирање, реализирање и повратен одговор.

**Цели на проектот**

Ученикот/ученичката е потребно:
- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;

- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

| Ред. бр | Активности | Цели | Соработници | Време | Очекуван и исходи | Докази |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Дефинирање на целна група и формирање тим за да се одреди содржината и методот на антикорупциските предавања | Да се запознае тимот со активностите што следуваат | Наставник по граѓанско образование, предметни наставници, педагог | Август/ септември 2026год. | Формирање тим и изработка на програма за антикорупциска едукација за ученици од VIII-IX одделение | Програма за антикорупциска едукација |
| 2. | Донесување и усвојување на програмата за активностите на тимот | Да се доделат задолженија на членовите на тимот | наставник по граѓанско образование, предметни наставници, педагог | Ноември/ јуни 26 | Успешна реализација на програмата | Изработена програма за антикорупциска едукација |
| 3. | Поим за корупција, антикорупцијаинтегритет, социјален притисок, етичност | Учениците да се запознаат со основните знаења за наведените поими | наставник по граѓанско образование | декември 2026 | Поголем број на ученици имаат јасна претстава за наведените поими | Анкетен прашалник фотографии |
| 4. | Покана и учество на личности поврзани со борбата против корупцијата | Да се пронајдат начини и модули како да се справиме со корупцијата | ДКСК наставници и ученици | јануари 2027 | Совладување на материјата која ќе даде придонес кон развојот на | Покана, фотографии од предавање |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | модерното демократско општество | |
| 5. | Борба против корупција - работилница | Да се пронајдат начини и модули како да се справиме со корупцијата | наставник по граѓанско | февруари 2027 год. | Развивање на култура на нетолеранција кон корупцијата | Изработки, фотографии |
| 6. | Ликовен и литературен конкурс на тема: „Корупција- ја сечеш гранката на која што седиш„ | Литературно и ликовно изразување на стекнатите знаења | Наставници по македонски јазик и ликовно образование | март 2027 год. | Развивање на ликовни и литературни потенцијали и на учениците | Ликовни и литреатурни творби |
| 7. | Доделување награди од конкурсите | Оддавање признание за активно учество на конкурсот | Наставници по македонски јазик, ликовно образование и граѓанско образование | Април/мај 2027 год. | Подобрена мотивација за учество во Програмата | Дипломи и пофалници за ученици |
| 8. | Евалуација и извештај за реализирани активности на Програмата за антикорупција | Да се согледаат ефектите од изученото | наставник по граѓанско | мај 2027 год | Сумирање на ефектите од Програмата и предлог акционен план за подобрување и идни активности | Извештај |

**Тим за програмата за антикорупциска едукација**

1. **Елена Петкова**
2. **Трајанка Ризова**
3. **Данча Давчева**

## ПРИЛОГ 28. ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

СЗО го дефинира менталното здравје холистички, како „добросостојба во која единката ги реализира своите потенцијали, може да се справува со нормалните животни стресови, работи продуктивно и придонесува во заедницата". Менталното здравје е многу повеќе од недостаток на болест; тоа е и добросостојба којашто вклучува капацитет за формирање и одржување на релации, учење, работа, одмор и разонода, како и можност и право на лични одлуки и избори. Вака дефинирано, менталното

здравје е базичен личен и социјален ресурс – тоа придонесува за хуманиот, физичкиот и социјалниот капитал во заедницата. Од друга страна, нарушеното ментално здравје се поврзува со низа социјални неповолности, злоупотреба на основните човекови права, влошено физичко здравје, намалена продуктивност и зголемен ризик од сериозни психијатриски заболувања. Во светот, повеќе од 450 милиони лица страдаат од ментални нарушувања. Со оглед на трендот на продолжување на животниот век и стареењето на популацијата, бројот на лица со ментални растројства континуирано расте на глобално ниво. Препорака на СЗО е при адресирање на менталното здравје на национално ниво да се применат следниве пристапи:

1) здравствено осигурување за сите граѓани во област на менталното здравје;

2) заштита и промоција на човековите права;

3) практика заснована на докази;

4) менталното здравје низ целиот животен циклус и во сите возрасни доби;

5) мултисекторски пристап; и

6) зајакнување на поединецот и заедницата.

Најмладото население е особено ранлива популациска категорија и според Стратешките развојни цели, потребно е да се стави посебен фокус на менталното здравје кај децата и младите.

Поаѓајќи од фактот што 5% од сите деца имаат потреба од ментално здравствени услуги, 50% од сите случаи на нарушување на менталното здравје почнуваат во детството до 14 година, а 75% до 24 година од животот, говори за тоа дека најважната превенција и рана интервенција треба да се одвива во детството (Comprehensive Mental Health Action Plan 2013-2030. WHO, 2013. (http://apps.who.int/iris/bitstream/10665/89966/1/9789241506021_eng.pdf). Ако се има предвид дека аутизмот, растројствата со хиперактивност и дефицит на внимание почнуваат многу рано во детството, на нив се надоврзуваат бихејвиоралните, анксиозните и депресивните растројства, а потоа и шизофренијата и биполарните растројства, тогаш нарушениот развој, прекинатото образование и високата стапка на инвалидитетот, т.е. години на живот прилагодени кон попреченоста се сериозна закана за благосостојбата и напредокот на децата и младите со засегнато ментално здравје.

Од друга страна пак, негативните животни настани, злоупотребата и занемарувањето на децата исто така преставуваат фактори на ризик за нарушување на развојот и остварување на целосните потенцијали на индивидуата, бидејќи значително ја зголемуваат веројатноста за стекнување однесувања негативни по здравјето, суицидалност или засегање на менталното и физичкото здравје подоцна во животот.

За подобрување на третманот на менталното здравје на оваа популација неопходно е превентивно и инклузивно делување на ниво на предучилишните и училишните установи со цел инклузија на деца со разни видови на попреченост и хиперактивност во образовниот процес, рана превенција и интервенција во кризни ситуации и превенција на насилството и суицидалноста меѓу децата и младите.

Основна стратешка цел на Програмата е промоција, превенција, и одржување на менталното здравје на учениците, како дел од општото здравје, преку соодветен одговор на потребите на учениците и особено ранливите групи. Програмата има за цел промоција, резилиентност и унапредување на менталното здравје кај учениците кои се базирани исклучиво на медицина заснована на докази.

Програмата го застапува и позитивното родителство како еден од најважните протективни фактори во однос на здравјето на идните поколенија, земајќи го предвид и менталното и физичкото здравје.

Обуката на родителите (особено на оние под социјален ризик) во однос на родителските вештини и дисциплинирањето на децата е значаен протективен фактор во однос на злоупотребата на децата и во однос на бихејвиоралните нарушувања кај децата, која треба да се спроведува во заедницата во соработка со социјалните служби и ЦМЗ за деца и млади.

**Протокол за постапување во случај на детектиран висок ризик**

Доколку во текот на работилниците, тестирањата или индивидуалните разговори психологот детектира кај ученик знаци на висок ризик (изразена анксиозност, депресивна симптоматологија, самоповредување или суицидални идеации), се применува следнава постапка:

1. Итна проценка – психологот врши краток разговор со ученикот за проценка на непосредниот ризик и безбедност.
2. Информирање на родителот/старателот – истиот ден или најдоцна во рок од 24 часа, психологот контактира родител/старател и го информира за состојбата, без да навлегува во детали што бараат дополнителна дискреција.
3. Упатување кон надлежна установа – во согласност со родителот, ученикот се упатува кон Центарот за ментално здравје (ЦМЗ) или друга надлежна здравствена установа за понатамошна проценка и третман.
4. Координација со раководството на училиштето – директорот и одделенскиот раководител се информираат за преземените чекори (без непотребно споделување чувствителни детали), заради обезбедување соодветна поддршка во училишна средина.
5. Документирање – секој случај се документира во досието на ученикот кај психологот, со датум, преземени чекори и препораки за понатамошно следење.
6. Континуирано следење – по упатувањето, психологот одржува редовен контакт со семејството и, доколку е потребно, со надлежната установа, заради следење на состојбата на ученикот.

Доверливоста на податоците се обезбедува во согласност со важечките прописи за заштита на личните податоци, при што информациите се споделуваат само со лицата непосредно вклучени во заштитата на доброто на ученикот.

| бр. | Фаза | Релизатори на активностите | Период | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Спроведување на работилници за добросостојба во рамки на одделенски час и по потреба | Одделенски раководители | Септември – јуни | Континуирано искуствено учење за начини на зачувување на добросостојбата, градење соработка и резилиентност кај учениците |
| 2 | Спроведување на тестови за скенирање на актуелната состојба | Психолог | Октомври | По прибирање на согласности од родителите, да се тестираат околу 80% од учениците на возраст од 10 до 15 години |
| 3 | Анализа на состојбата | Стручна служба | Ноември | Увид во актуелната состојба, детектирање на нарушувањата кај учениците |
| 4 | Предавање пред родители за важноста на менталното здравје | Психолог | Ноември | Зголемена свест за важноста на менталното здравје и можности за детекција на нарушувања на менталното здравје кај децата |
| 5 | Работа на запознавање на учениците со важноста на менталното здравје | Психолог | Декември | Реализирано предавање во 4 групи (една неделно) со ученици од VI-IX одд. |
| 6 | Емоции – здрав и прифатлив начин на искажување | Психолог | Јануари | Предавање/ работилница во 4 групи (една неделно) со ученици од VI-IX одд. |
| 7 | Стрес | Психолог | Февруари | Реализирано предавање во 4 групи (една неделно) со ученици од VI-IX одд. |
| 8 | Анксиозност и панични напади | Психолог | Март | Реализирано предавање во 4 групи (една неделно) со ученици од VI-IX одд. |
| 9 | Депресија | Психолог | Април | Реализирано предавање во 4 групи (една неделно) со ученици од VI-IX одд. |
| 10 | Предавање со родители – Позитивно родителство | Психолог | Мај | Давање на информации и советодавна работа со родители во врска со позитивни родителски стилови |
| 11 | Работа со ученици кои се детектирани и/или имаат потреба од советодавна работа | Психолог | Континуирано | / |
| 12 | Работа со родители чии деца имаат нарушувања на менталното здравје и/или имаат потреба од советодавна работа | Психолог | Континуирано | / |

# ПРИЛОГ 29. ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

| Содржини | **Индикатори за квалитет/критериуми за успех** | **Докази** | **Заклучоци Препораки** |
|---|---|---|---|
| **-Табела со општи податоци**<br>**-Податоци за условите за работа на основните училишта** | Услови за изведувањена настава според Нормативот,<br>Максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности,<br>Разновидна стручна литература и наставни средства и помагала согласно со нормативите по сите наставни предмети,<br>Утврдување на потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема, и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Користење на ИКТ | -Мапа на основното училиште<br>Податоци за училиштниот простор | |
| **Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** | Број на вработени и соодветност на наставниоткадар<br>Ефективност и распоредување на кадарот<br>Стручната служба како поддршка на наставниот кадар | Податоци за: вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа, за раководните лица, за воспитувачите, за вработените административни работници, вработените помошно-технички лица,<br>Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар | |
| **Материјално-финансиско работење на основното училиште** | Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива зафинансиско работење<br>Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет | Годишната програма за работа,<br>Планот за развој на училиштето,<br>Непосредниот увид,<br>Записниците од просветната и санитарната инспекција,<br>Распоредотна часови; Полугодишниоти годишниот извештај,<br>Записниците од работата на стручните активи,<br>Интервјуа со наставниците | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Мисија и визија** | Приспособување на наставните програмина децата со посебни образовни потреби<br><br>Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми,<br><br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето; | |
| **LESSONS LEARNED„– Веќе научено/стекнати искуства** | | | |
| **Подрачја на промени, приоритети и цели** | Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br><br>Приспособување на наставните програмина децата со посебни образовни потреби<br><br>Избор на наставни предмети | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми,<br><br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците, родителите и учениците, Интервјуа со директорот, стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | стручните органи на училиштето,<br><br>Брошурите и интернет страницата на училиштето Програмата за работа на ученичката заедница,<br><br>Записниците од претходните инспекциски увиди | |
| **Програми и организација на работата во основното училиште** | Применувани наставни планови и програми<br><br>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br><br>Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br><br>Избор на наставни предмети<br><br>Планирањена активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето | Наставните планови и програми од МОН, Годишната програма за работа на училиштето, Тематските планирања на наставниците, Нормативните акти на училиштето, Стручните упатства и насокиза операционализација на наставните планови и програми,<br><br>Педагошката евиденција и документација, Анкети со наставниците,родителитеи учениците, Интервјуа со директорот,стручните соработници, наставниците, родителите и со учениците; Записниците од Училишниот одбор, Советот на родители и стручните органи на училиштето, Поднесени барања, Брошурите и интернет страницата на училиштето<br><br>Програмата за работа на ученичкиот парламент | |
| **Вoннаставни активности** | Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br><br>Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br><br>Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности | Записници, извештаи, листи за присуство/учество, пофалници, благодарници и фотографии и сл. | |
| **Ученичко организирање и искуство** | Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | Записници од состаноци на ученичка заедница и | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Соработка со локалната заедница<br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор<br>Учество на натпревари<br>Избор на екскурзии, на изборни предмети и сл. | ученички парламент, согласности | |
| **Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција** | Познавање на правата на децата<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот | Анкетите/интервјуата со наставниците, родителите и со учениците<br>Записници од состаноци на ученичка заедница и ученички парламент, согласности | |
| **Проекти што се реализираат во основните училишта** | Соработка на училиштето со родителите<br>Соработка со локалната заедница<br>Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор | Извештаи, фотографии, изветувања и сл. | |
| **Поддршка на учениците**<br><br>**Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување на дискриминација** | Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>Превенција од насилство<br>Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>Квалитет на достапна храна<br>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование,<br>Грижа за учениците со емоционални потешкотии<br>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки | Годишната програма за работа на училиштето, Куќниот ред, Правилникот за организација и систематизација на работата и работните места,<br>Записниците од органите на училиштето, надлежните органи за контрола на хигиената и здравјето на децата, Увидот во педагошката евиденција и документација, Увидот во училишниот простор | |
| **Оценување** | Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациони периоди и мерки за подобрување во редовната и дополнителната настава | Извештаи од: Тим за следење, анализа и поддршка<br>Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>Следење на постигањата на учениципри премин од еден водруг циклусиод едно до друго ниво на образование, следење на хоризонталнои вертикално движење на учениците | воспитно-образовниот кадар<br>Самоевалуација на училиштето | |
| **Безбедност во училиштето**<br><br>**Грижа за здравјето** | Реализација на превентивни програми и работилници,<br>Хигиена во училиштето и дворот,<br>Ангажирање на лице за обезбедување на просторото во и околу училиштето<br>Систематски прегледи<br>Вакцинирање<br>Едукација за здрава исхрана –оброк во училиштата<br>Училишна клима<br>Дисциплина<br>Естетско и функционално уредување на<br>во училиштето<br>Етички кодекси | Извештаи од: работилници, Увиди во состојбата | |
| **Односи меѓу сите структури во училиштето** | Углед/имиџ на училиштето<br>Кодекс на однесување<br>Училишна клима<br>Поведение и дисциплина во училиштето<br>Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки | Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Евиденција за: Соработка на училиштето со родителите, со локалната заедница,<br>со деловната заедница и невладиниот сектор | |
| **Професионален и кариерен развој на вспитно-образовниот кадар** | Детектирање на потребите и приоритетите<br>Активности за професионален развој<br>Личен професионален развој<br>Хоризонтално учење<br>Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар | Анкетите/интервјуатасо наставниците, родителите и со учениците,<br>Педагошката евиденција за изречени педагошки мерки, Правилникот за оценување, напредувањето, полагањето испити, видовите пофалби, наградите и педагошките мерки за учениците, Статутотна училиштето, Куќниот ред на училиштето, пофалбите, | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | наградите, признанијата и др | |
| **Соработка на основното училиште со родителите/старателите** | Соработка на училиштето со родителите,<br>Вклучување на родителите во давањето предлози и донесувањето на одлуки,<br>Учество во воспитно образовната работа на училиштето на сите нивоа (наставни, воннаставни)<br>Индивидуаплни и групни средби<br>Едукација на родителите/старателите | Извештаи од родителски средби, советувања, заеднички активности, анкети од Самоевалуација, прашалници, фотографии и сл. | |
| **Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште** | Промовирање на личните постигања на учениците<br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>Информирање и соработка со медиуми, владини и невладини организации и сл. | Годишен извештај за работа на училиштето<br>Изложените трудови на учениците<br>Паноата со пофалби, награди<br>Медиумското промовирање на постигањата на учениците<br>Интервјуата со наставниците и со стручните соработници, учениците, родителите | |
| **Следење на на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште** | Редовно евидентирање и увид во реализацијата на сите подрачјаи содржини предвидени со Програмата за работа на училиштето | Извештаи: Полугодишен, Годишен, извештаи за реализирани активности | |
| **Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште** | Извештај за спроведена евалуација на Годишната програма | Евалуација и извештај од Комисија/тим за следење на реализацијата | |